# ПРЕМРЕЖИЈАТА НА ЕДНО СУДБОНОСНО ВРЕМЕ ЗА МАКЕДОНИЈА

**-политички статии, колумни и интервјуа**
**за едно време и иднината-**

Оливер Андонов

Скопје 2018

Вонреден професор д-р Оливер Андонов
**Премрежијата на едно судбоносно време за Македонија**
*(политички статии, колумни и интервјуа за едно време и иднината)*

*Рецензенти:*
**Професор д-р Тања Каракамишева-Јовановска**
**Професор д-р Константин Миновски**

*Печати:*
НОВИТЕТ-ГРАФОПАК, Скудриње – Маврово и Ростуше

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

323.1(=163.3)(045)
304.4(497.7)"2016/17"(045)

АНДОНОВ, Оливер
Премрежијата на едно судбоносно време за Македонија : политички
статии, колумни и интервјуа за едно време и иднината / Оливер Андонов. -
Скопје : О. Андонов, 2018. - 235 стр. ; 25 см

Поговор: стр. 212-214

ISBN 978-608-65457-2-7

а) Македонци - Национален идентитет - Статии б) Македонија - Општествено-политички прилики - 2016-2017 - Статии
COBISS.MK-ID 108400394
Премрежијата на едно судбоносно време за Македонија : политички статии, колумни и интервјуа за едно време и иднината / Оливер Андонов. –

**СОДРЖИНА**

1. За методите и начините на функционирање на СЈО ........................ 1

2. Злоупотреби на православната етика и философскиот ум (утопија во сметките на политичката прагматичност) ........................................... 7

3. Конкретните резултати од работата на СЈО (живот во пеколот) .. 14

4. В лице светци в срце в'лци................................................................ 18

5. Фирмилијан втори ............................................................................. 22

6. Озлобеност на интелектуалното дно или мрачни души ................ 29

7. Неинвентивност ................................................................................. 34

8. Сеачи на магла или цртачи на веѓи .................................................. 39

9. Злобници ............................................................................................ 44

10. Пировиот банкет на Орав ................................................................ 51

11. Игри без граници или немање на мерка ......................................... 55

12. Раскинување на телото на Светата Православна црква и ругање на Христа ............................................................................................... 59

13. Некрофилија ...................................................................................... 67

14. Будење на Франкештајнот со политичка инекција ........................ 71

15. Оставка или . . . ................................................................................. 73

16. Тривијалности на болните умови ..................................................... 77

17. СЈО и „Пуч“ ....................................................................................... 82

18. ДУИ, СЈО и другите против ВМРО-ДПМНЕ .............................. 87

19. Кој ќе му суди на Заев, а кој на Катица? ........................................ 91

20. Лагата на современиот Коте од Руља .............................................. 96

21. Транспарентните лаги и извртени тези на СДСМ...................... 102

22. Тепачиште ....................................................................................... 106

23. Заевата бескрајна приказна од лаги .............................................. 110

24. Медиумската хипокризија на СЈО ................................................ 115

25. Негативисти кои создаваат општествена криза ......................... 118

26. Мизантропија .................................................................................. 121

27. Пучисти и силеџии ......................................................................... 125

28. Измамник .......................................................................... 128
29. Лажливост за патот кон НАТО ................................................ 133
30. Повторување на историјата (или кратка ретроспектива и современа регионална геополитичка анализа) ..................................... 137
31. Дебатите на Заев ................................................................... 141
32. План за потполна деструкција на Македонија во девет чекори 145
33. Ѓон ........................................................................................ 150
34. Беззаконици ........................................................................... 154
35. Безбедносни кирации .............................................................. 161
36. Демографска бомба ................................................................ 164
37. Северни ветришта од Јужната земја ........................................ 167
38. Кутри Ѓорѓи и жален Борјан .................................................... 172
39. Лаги, спинови и ругање врз Македонецот ................................ 176
40. Замагленниот историски поглед на (не)интересниот човек ........ 179
41. Регионални лажговци и манипуланти ...................................... 182
42. Државен и завршен удар против Македонците и Македонија .. 186
43. Стратегии во една стратегија или каде одиш Македонче -quo vadis Macedoniense? (Есеј – анализа на една збирна стратегија со регионални влијанија) ........................................................................ 189

**Вовед**

Вообичаено монографиите од ваков карактер каде што се опишуваат политички, општествени, безбедносни, идентитески, религиски, економски и други значајни прашања кои во едно време – невреме исклучително силно ќе влијаат врз иднината на нацијата и државата, немаат потреба од дел кои се нарекува вовед.

Сепак, и по сугестија на почитуваните колеги рецензенти, оваа монографија содржи вовед како составен дел на истата. Целта поради која се започнува со вовед во овој случај е исклучително прагматична во насока на појаснување на терминте и детерминација на употребените поими и нивните кратенки во самата содржина на текстовите поместени во монографијата. Логиката за давање на ваков тип на вовед во една монографија е многу едноставна. Имено, оваа монографија токму како што е и нејзината цел ги претставува општествените собития во Република Македонија во еден исклучително турболентен период кои ќе остави длабока историска трага врз Македонската нација и држава. Во исто време монографијата претставува сведоштво за едно време и историски пишан доказ за случувањата кои можеби некои идни генерации Македонци или можеби странски истражувачи ќе го употребуваат во иднина како историографски, политички, безбедносен или воопшто општествен феномен, истражувајќи ја генезата на кризата и нејзините ефекти како и методологијата за убивањето на една нација и држава. Со оглед на тоа дека токму овие лица и личности кои би се занимавале со истражување на Македонскиот феномен во иднина, немаат живеано во опишаното време или можеби некој странски читател нема доволно јасни информации за тоа што се случувало во Македонија, особено во контекст на институционалната поставеност, воведувањето на двовластие и уставно-правните промашувања и против уставни и противзаконски хибриди во судската власт во Македонија, сметавме дека е неопходно оваа монографија да ја започнеме со вовед.

Воведот во овој контекст го завршуваме со поимовно и терминолошко определување и појаснување на кратенките и функцијата на поедини политички партии, институции и органи во Република Македонија и странство, како и меѓународни сојузи и држави кои суштествуваа и пред се активно учествуваа во собитијата на нашата грда реалност во опишаниот период.

**ВМРО-ДПМНЕ** – Внатрешна Македонска Револуционерна Организација-Демократска партија за Македонско национално единство, политичка партија основана во 1990 година, со десна-конзервативна политичка ориентација, идеолошки наследник на историското ВМРО, со основна идеја за независна и самостојна

Македонска држава (Република Македонија) и Македонска нација. Во времето на опишаните случувањавладеачка политичка партија на чело со Никола Груевски.

**СДСМ** – Социјал демократски сојуз на Македонија, полиитчка партија со левичарски и нео-либерална идеологија која се преттставува како идеолошки наследник на Комуниситичката партија на Македонија, но со изразени нео-либерални и анационални ставови во однос на традиционалните вредности. Во времето на опишаните случувањаопозициона политичка партија на чело со Зоран Заев. Во монографијата намерно е напишана и како СДС (без придавката Македонија).

**ДУИ** – Демократска унија за интеграција, политичка партија на Албанското малцинство во Република Македонија, создадена како политичко крило на ОНА (Ослободителна Национална Армија – терористичка организација од 2001 година), а идеолошки се заснова врз Марксистичко-Ленинистички основи, додека во пракса делува нео-либералистички и националистички. Во времето на опишаните случувања дел од Владата на Република Македонија како коалиционен партнер на ВМРО-ДПМНЕ, на чело на ДУИ беше Али Ахмети.

**ДПА** – Демократска партија на Албанците, автохтона политичка партија на Албанското малцинство во Република Македонија идеолошки заснована на десничарски основи потпирајќи се на традиционалните вредности, поранешен коалиционен партнер на ВМРО-ДПМНЕ, на чело на ДПА беше Мендух Тачи.

**НАТО** – Северноатлантска сигурносна организација, воено-политички сојуз на земјите од Северна Америка и Европа со тенденција за проширување кон Источна Европа и на Блискиот и Среден Исток. Република Македонија уште во 2008 година на самитот во Букурешт доби покана да се приклучи кон НАТО, но поради противењето на Грција поради спорот кој таа го води против Р.Македонија за нејзиното име и Македонскиот идентитет, поканата не се реализира.

**ЕУ** –Европска унија, политичко-економски сојуз на Европските држави заснован не меѓувладината поврзаност и соработка со определени заеднички наднационални структури за политичко, економско и безбедносно влијание на глобално ниво и европска монетарна унија со тенденција за зедничка фискална политика на државите – членки. Во времето на опишаните случувања амбасадор на ЕУ во Македонија беше Аиво Орав.

**СЈО** – Специјално јавно обвинителство, противуставен орган на обвинителството наметнат под политички притисок и формиран како резултат на политичките преговори помеѓу ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ и ДПА под менторство на САД и ЕУ, познати како Пржински

договор, а со кој СЈО се воспоставува како орган и се дерогира постојното со устав утврдено јавно обвинителство на Република Македонија. На СЈО му се доделуваат ингеренции кои иако има огреничено времетраење на работа го претвораат во алатка за притисок врз политичките партии и лидери. Во времето на опишаните случувања на чело на СЈО е Катица Јанева.

**МПЦ-ОА** – Македонска Православна Црква-Охридска Архиепископија, помесна Православна Црква на Република Македонија и Македонскиот народ наследничка на Охридската Архиепископија, тенденциозно непризнаена од другите помесни Православни Цркви со видлива намера на Српската Православна Црква да воспостави фактичка јурисдикција над неа заснована на политичко-идентитески мотиви. Во времето на опишаните случувањана чело на МПЦ-ОА е неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г.г.Стефан.

**ИВЗ** – Исламска верска заедница, верска организација на Муслиманите во Република Македонија. Во времето на опишаните случувањана чело на ИВЗ е Рејсот Хаџи Сулејман ефенди Реџепи.

**ПОА** – Православна Охридска Архиепископија, паралелна црковна организација во Република Македонија формирана од страна на Српската Православна Црква врз основ на неприфатениот од Македонска страна „Нишки договор“ од 2002 година. Во времето на опишаните случувањана чело на ПОА е Јован Вранишковски.

**СПЦ** – Српска Православна Црква, помесна Православна Црква на Србија и Српскиот народ, наследничка на Печката Патријаршија која делува на територијата на Србија, Хрватска, Словенија и Босна и Херцеговина со континуирани обиди во последниве педесет години да ја врати де фактио и де јуре контролата и делувањето и во Македонија и за која цел врз основ на неприфатениот „Нишки договор“ од 2002 година ја формираше ПОА со минимален број на верници и свештенство. Во времето на опишаните случувања на чело на СПЦ е Митрополитот Београдско-Карловачки, Архиепископот Печки и Птаријархот Српски Иринеј.

**БПЦ** – Бугарска Православна Црква, помесна Православна Црква на Бугарија и Бугарскиот народ, наследничка на Трновската Птријаршија, која во исто време тврди дека Охридската Архиепископија е втора Бугарска црква и во историски контекст поврзана со Македонија и Македонските епархии во времето на создавањето на Бугарската егзархија од која подоцна настанува БПЦ, а кога во формирањето на Егзархијата Македонскиот народ дал целосна поддршка и деиректна помош, а како резултат на борбата против влијанието на Константинополската патријаршија (борбата против

Фанариотите-Грцизирање на Македонскиот народ и земја). Во времето на опишаните случувањана чело на БПЦ е Патријархот Трновски и на цела Бугарија Неофит.

**МВР** – Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, дел од Владата на Република Македонија составено од две основни дирекции и тоа: Бирото за јавна безбедност и Управата за безбедност и контраразузнавање. Во времето на опишаните случувања на чело на МВР беа повеќе министри: Гордана Јанкуловска, Митко Чавков, Оливер Спасовски и Оливер Андонов.

**УБК** – Управа за безбедност и контраразузнавање, дирекција како дел од МВР чии директор го именува Владата на Република Македонија. Во времето на опишаните случувања на чело на УБК беа неколку директори: Сашо Мијалков, Љупчо Андоновски, Владимир Атанасовски и Горан Николовски.

**БЈБ** – Биро за јавна безбедност, дирекција како дел од МВР чии директор го именува Владата на Република Македонија на предлог на Министерот за внатрешни работи. Во времето на опишаните случувања на чело на БЈБ беа: Митко Чавков, Горан Савовски и Лазе Велковски.

**АРМ** – Армија на Република Македонија, воен дел од одбранбениот систем на Република Македонија чии врховен командант е Претседателот на Републиката. Во времето на опишаните случувања Началник на Генералштабот на АРМ беше генерал-потполковникот Методија Величковски.

**САД** – Соединетите Американски држави, глобален актер и велесила. Во време на опишаните случувања амбасадор на САД во Република Македонија беше Џес Бејли.

**ММФ** – Меѓународен Монетарен Фонд, меѓународна монетарна институција со силно финансиско – фискално влијание врз земјите во кои пенетрира со сопствен капитал, кредити и обврзници за домицилната влада. Финансиското влијание директно продуцира и политичко и економско влијание врз развојот на земјата.

**ЛГБТ** – Македонски транскрипт (акроним) од Lesbian, Gay, Bisexsual and Travestit Organization, односно организација на женоложништвото, мужеложништвото, бисексуализмот и травеститната сексуална ориентација. Во времето на опишаните случувања, опозициската СДСМ исклучително силно се потпираше на оваа групација во однос на своите општествени и „шарено револуционерни“ активности во Македонија, но и во поддршката на некои политички кругови надвор од Македонија блиски до ЛГБТ заедницата и со таква сексуална ориентација.

**Предговор**

Секој народ во својата историја, особено во периодите на создавањето на нацијата и државата поминува низ многу премрежија и катарзи. Тие премрежија се резултат на меѓународните односи, влијанијата на големите сили и секако влијанијата и интересите на соседите кои тешко дека би посакувале уште еден сосед и уште една нација во своето непосредно регионално опкружување. Тоа се должи на нивните сопствени национални интереси за кои се подготвени на секој начин да се борат, до степен на оспорување на правото на нација и државност на било кој од соседите, а со крајна цел владеење на туѓите територии како свои и отстранување на „опасноста“ од улогата на националното малцинство на тој меѓународно правен субјект на сопствената териотрија во остварувањето на националните интереси.

Во ваквите премрежија во изминативе два века се наоѓа и Македонскиот народ и држава. Почнувајќи од задоцнувањето во јасно искажаната национална определба или формирање на Македонската нација како резултат на пропагандите и влијанијата (образовни, црковни, културни, политички, економски и воени) на сите соседни држави, преку интересите на големите сили, самостојните востанија и буни, воени поделби на територијата на Македонија, се до формирањето на АСНОМ-ска Македонија на само еден дел од етничата и географската територија на Македонија и накрајот во последниве три години, постојано се присутни премрежија и искушенија врз Македонскиот народ. Оваа катарза и премрежија која ја доживуваат генерации Македонци требаше да го сплоти и засили македонското национално ткиво на сите страни во светот. За жал како и многупати во историјата се докажа дек Македонецот најмногу страдал од Македончето.

Продадените души желни за лична власт, злобни и нечовечни, изгубени души од кои е откорната Православната Христијанска етика и им е насадена псевдо етичност, лицемерие и саможивност искомбинирана со квази космополитизам и апатритност и сега повторно кренаа рака врз сопствената држава и народ.

Прашањето кое си го поставуваме и на кое ќе треба секој од нас пред сопствената совест, сопствените поколенија и пред своите сонародници да одговори, а за кое историјата и идните генерации ќе судат според делата и крајните резултати чии плодови токму тие идни генерации ќе ги уживаат е: „Дали ја предадовме Македонија и идеалот за кој се бореа плеада борци со генерации пред нас за да имаме држава“? Токму на ова прашање секој од нас од оваа генерација ќе

треба да одговори. Дали доволно силно и посветено се бореше за татковината и државата Република Македонија? Дали доволно посветено работеше за делото на вечноста, бидејќи татковината е вечна, а не минлива категорија. Дали дозволи да биде измамен со шарени лаги на „демократија“, на НАТО и ЕУ подобар живот? Дали не дадовме макар и мал придонес да ја загубиме сопствената нација (идентитет Македонски) и татковина и да станеме кирации на татковата земја? Што им оставаме во наследство на идните генерации? Дали се самоуништивме и покажавме несвесност за државотворност и се самоукинавме разурнувајќи го сопствениот национален идентитет во кои генерации пред нас го вложија и својот живот?

Одговорот на сите овие прашање секого од нас поединечно ќе го одведат до одговорот на првото и клучно прашање. Доколку сакаме да бидеме барем со малку чиста совест пред самите себеси, потребно е одговорите на овие прашања да ги побараме пред самите себеси и во самите себеси. Да си одговори секој оној кој му даде доверба на лицето под маска Зоран Заев, аболициран криминалец, митаџија, уценувач, лажго, узурпатор, што тоа гледаше кога во Декември 2016 година гласаше за измамникот и дали размислуваше со факти или имаше шарен поглед на светот.

Ова е за нас, Македонците и за нашите идни генерации за да знаеме и да знаат како ја изгубивме татковината. Но, оваа збирка на статии, колумни и интервјуа е наменета и за странски читатели. Наменета е пред се за да се научат на туѓ пример на случај. Да се научат на примерот на Македонија како за две-три години се губи држава, но и како и нивните влади и амбасадори во Македонија без совест и човечност потикнуваа преседани во Македонија за кои никогаш не би се согласиле да бидат применети во нивните држави.

Во книгава која е пред вас ќе најдете статии и колумни кои во оваа турбулентно време од 2015 година па се до крајот на 2017 година, односно завршувањето на локалните ибори во 2017 година, ги објаснуваат дневнополитичките случувања со долгорочно влијание. Притоа, опфатени се многу аспекти од општественото живеење, етички прашања, политички, правни, безбедносни, религиски и други области врз кои темелно се удираше во овие три години, а се со цел да се поткопаат и урнат темелите на Македонската нација и држава. Завршувајќи ја оваа активност и инсталирајќи марионетски и предавнички режим, многу лесно се презема редефинирање на Македонската држава во бинационална држава во која ќе постои Албански народ како малцинство, малцинства од други народи и мнозинство недефинирана аморфна маса која до скоро се нарекуваше Македонски народ и нација.

Поентата на сите статии и колумни дадени во оваа книга беше токму објаснување со кого си имаме работа и со кое чудовиште Македнскиот народ треба да се справи заради сочувување на својата самобитност и опстанок на нацијата и Македонската држава. Очигледно е дека самосвеста за сопственото битисување и државност кај нашиот народ е сеуште многу слаба кога се дозволи да се биде изманипулиран и да се остане зачаурен во сопствениот микро свет. Очигледно едека сеуште „Македончето“ се придржува до старата поговорка: „наведната глава сабја не ја сече“, ама заборава и дека „наведната глава сонце не гледа“, а ние Македонците за разлика од Македончето го сакаме сонцето, нашето, Македонското сонце на слободата.

Се надевам дека идните наши генерации поучени од неспособноста на оваа генерација или поточно на еден дел од неа и поучени од историската неминовност и факти за една предавничка гарнитура која себеси се нарекува Социјалдемократски сојуз (СДС) ќе ја научат историската лекција и ќе ја возобноват Македонската национална држава. Со надеж дека идните генерации нема да ја заборават предавничката улога во укинувањето на Македонската национална држава која ја имаат во ова невреме Заев и неговите „космополити“, анационални и „демократски“ другари на кои не им прилега да бидат националисти, оваа книга им ја посветувам токму ним „НА ИДНИТЕ МАКЕДОНСКИ ПАТРИОТИ“ како извор на сознанија за едно време на премрежија кои оваа генерација гледано низ призмата на показателите и донесувајќи го СДСМ со Заев на власт очигледно не го разбра и не го издржа.

Скопје 08.10. 2018 година

Авторот

**Збор на рецензентите**

Книгата-Монографијата, која е пред Вас претставува збир на политички погледи, ставови и анализи дадени од авторот д-р Оливер Андонов во едно тешко време и судбоносни вриежи во Република Македонија и особено во Македонското национално и политичко битие.

За жал оваа време сеуште не е завршено и продолжува со несмалена жестина да удира врз Македонската држава, Македонскиот народ и неговата култура, историја, самосвест, а особено врз јазикот и идентитетот на Македонецот.

Низ оваа дело кое е збир на поединечни колумни и јавно изнесени ставови, објавени или необјавени во медиумите во Република Македонија, авторот ја отсликува општествената и политичката состојба во Македонија во периодот од почетокот на 2016 до крајот на 2017 година или цели две години во периодот на турбулентна и уривачка политичка криза која траеше повеќе од три години и ја девастираше Република Македонија пред се на политички и национално-идентитетски план, а потоа и економски. Токму отсликувањето на оваа општествено-политичка стварност во државата ги допира општествените области кои имаат директно влијание врз националниот идентитет на Македонскиот народ, неговото поткопување во пракса и предавствата на поедини политички групации, политички партии, поединци калкуланти кои од тривијални и лукративни причини се свртеа против сопствениот народ и држава.

Во книгата која е пред вас, опишани се и случувањата поврзани со нападите врз Македонската Православна Црква како идентитетски (од аспект на дополнителното креирање и зацврстување на Македонската нација преку религискиот идентитет) столб на нацијата кој гарантира нејзино преживување и во најтешки времиња или во времиња кога сме соочени со буквалното преживување на ниво на минимален биолошки супстрат потребен за опстанок на нацијата и Македонскиот идентитет.

Авторот поместува голем број актуелни настани, оставајќи силен впечаток на мултидисциплинарен пристап кон проблемите кои го допираат Македонскиот граѓанин, но во исто време алудирајќи на етичките, психолошките, демократските, политичко-прагматичните, геополитичките и патриотските пристапи на воспоставениот дискурс на кризата во Република Македонија. Во оваа своја намера, хронолошкиот поредок на настаните дава одлична можност за согледување на еден навистина еклатантен пример на разурнување на една нација и држава,

што авторот д-р Андонов ни го претставува преку неговиот оригинален начин на пишување.

Вредноста на овој збир на ставови и анализи содржани во колумните на д-р Андонов ќе го согледате токму преку последниот есеј-анализа насловен како „Стратегии во една стратегија“, а кои се однесува на потребата за создавање на една нова, современа и адаптирана **национална стратегија на Македонската нација**. Една ваква стратегија, како што вели авторот треба да избликне од академската зедница, интелектуалната заедница, МПЦ и политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, како единствена национална политичка партија на Македонците и на сите граѓани на Република Македонија кои Македонија ја сметаат за своја единствена држава и со тоа се сметаат за дел од Македонската нација. Токму затоа, авторот на крајот ќе каже: *„Македонска национална стратегија втмелена на идеите на ВМРО, а преточена низ политичкото национално обединување и практичен политички активизам на Македонскиот народ во ВМРО-ДПМНЕ“.*

Одтука, станува многу јасна и поракатa која преку оваа книга-монографија, се испраќа пред се кон Македонскиот народ, но во исто време и до меѓународната заедница, а истата е преточена во дескриптивниот опис кои треба да го даде токму академската и интелектуалната јавност во Мкаедонија во однос на емпириските-општествените и над се политичко-прагматичните собитија за делување и опстанок на Македонската нација. Таа порака мора да биде многу силна, содржана во силна и современа, но врз традициите на Македонскиот народ втемелена Македонска национална стратегија.

Оваа е последната сублимирана порака која ја извлековме од оваа книга на авторот д-р Оливер Андонов, а која можеме да ја преточиме во еден крик кој во овој миг како и изминативе години излегува од душата на секој Македонец и истиот е јасно искажан во зборовите: *„Да ја сочуваме независна и самостојна Република Македонија, национална држава на Македонскиот народ и да го сочуваме нашиот Македонски идентитет и опстој на Македонската нација“.*

Тоа е повикот, бремето, крстот кој треба да го изнесе на своите плеќи токму оваа генерација на самосвесни Македонци, колку и да не попречуваат разни предавници, одроденици, профитери, конформисти и опортунисти инсталирани во власта, опозицијата, академската јавност, МАНУ, МПЦ или било каде во Република Македонија и надвор. Бидејќи како што вели авторот, употребувајќи ги во парафраза зборовите на големиот Блаже Конески: „Невозможно е да се затне Стерна, ниту да се направи историски дисконтинуитет на Македонската

борба за национална и државна самобитност, таа борба е втемелена во идеалите на ВМРО, а осовременета во ВМРО-ДПМНЕ како одек на Божјата правда за Македонскиот народ“.

На крајот, ја препорачуваме оваа книга-монографија, како одлично учебно помагало за студентите на безбедност и одбрана, политички науки, правни науки, историја, како и социологија и психологија, а со цел да идните генерации Македонци учат на грешките на своите претходници во сите област на општеството, но во исто време и да ги осознаат предизвиците, ризиците и заканите кои постојано ја дебнат Македонија и Македонскиот народ и нивниот опстанок.

Искуството содржано како знаење и историска поука е ненадоместлив и непресушен извор за идните генерации, а во исто време и показател за тоа зошто, поради што, некои работи се случуваат денес како резултат на минати влијанија. За да не ги повторуваме грешките добро е да останувaат вакви видови на пишани сведоштва изразени во оригинален наратив на авторот.

Во Скопје
10.10. 2018 година

**Рецензенти**

Професор д-р Тања Каракамишева – Јовановска

Професор д-р Константин Миновски

## 1. за методите и начините на функционирање на сјо - 22.04.2016

Она што доаѓа до мене како информација чуствувам должност да го споделам со останатите, онака како што е и како што пристигнуваат информациите, а се однесува на работата на СЈО. Еве како јас ги нумерирам и подредувам методите и начините, но и целите поради кои СЈО вака функционира:

1.Отворено и директно заплашување на секој сведок кој го „поканувaат" на разговор. Цитирам: „знаеме се, од тебе зависи дали ќе останеш само сведок (заштитен сведок) или обвинет; имаш фамилија, деца..., размисли..., те чека затвор преку 5 години ако не соработуваш," се најчестите реченици како вовед во „испрашувањето", кое многу потсетува на некои други времиња и служби. Впрочем недостасува уште електрична ламба за вперување во лицето на лицето кое го испрашуваат. Притоа често ја користат истата финта кај сите, кажувајки им дека другите сведоци веќе тајно се согласиле за соработка, дале добра изјава, потпишале и тие ќе се извлечат, а тој/таа ќе заглави.

СЈО тргнуваат од замислена нивна фикција дека некој направил некаков криминал, а во исто време заборавaат на уставната категорија на презумцијата на невиност и најчесто таа фикција е идентична со тврдењата на Заев на неговите прес конференции кога ги објавуваше бомбите и подоцна најавувајќи ги активностите на СЈО притоа однапред знаејќи го крајниот исход. Потоа, почнуваат притисок кон сите соработници на таргетот, партнери или на било кој начин лица кои биле околу него, да го потврдат она кое тие го наумиле. Всушност, во недостаток на цврсти материјални докази тоа се остварува преку закана и втерување страв со крајна цел да принудат некој да се согласи лажно да сведочи против оној кој е крајната политичка цел на СЈО. Доколку сведокот од прв пат не прифати да го потпише тоа што тие ќе бараат од него, најчесто излегува преплашен, на излегување му кажуваат дека тој не им е целта туку го посочуваат лицето кое им е цел, и уште еднаш го предупредуваат дека може многу лесно да се извлече доколку даде изјава која му ја наметнуваат тие и го потпише тоа што од него го бараат.

Најчесто оставаат неколку дена до следното повикување на сослушување и уште посилната и подиректна закана. Сето ова, за луѓе кои во минатото немале работа со обвинители, полиција, судии и

слично е крајно шокантно, и истите стануваат крајно вознемирени, преплашени, дезориентирани.

И покрај тоа, најголем дел успеваат да го издржат притисокот, а поретко поткленуваат, неможејќи да го издржат психолошкиот притисок или физички-здравствено паѓајќи принудно стануваат соработници преку невистинито сведочење, само од страв тие да не станат жртвата и обидувајќи се да си ги „скратат" психолошките тортури во надеж дека ќе бидат оставени „нормално" да живеат.

2. Откако со принуда, заплашување или уцена ќе обезбедат еден или двајца вакви сведоци, следува прес конференција, на која се трудат да ја убедат јавноста дека имаат цврсти докази за незаконитост или криминал. На прес конференцијата е присутна тетралност, демонстрација на ефтини актерски способности и предизвикување драматичност, а се со цел да се анимираат широките народни маси. Ова се нарекува популизам на СЈО во политички цели, а не предкривична истрага. Вокабуларот на прес конференциите е крајно партиски, еднострам, а жртвите се исклучиво од партијата на власт или нивни соработници во институциите, впрочем не видовме ниту една прес конференција која се однесуваше на случајот Пуч кој патем го одложуваа од крајно тривијалнио причини. Вообичаено највисокиот во хиреархија, најчесто познат политичар од партијата на власт им е главната цел, а сите други ги обвинуваат како соработници и сето тоа без докази со цел да ги условат и принудат подоцна да им станат соработници против главната цел, повторно заканувајќи се сега на друг отворен но многу перфиден начин.

Прес конференцијата или ефтината драмска изведба има за цел да се изврши влијание и врз судиите, и не случајно на овие прес конференции седат и повеќе амбасадори кои со своето присуство испраќаат сигнал до судиите дека стојат зад СЈО и неговите намери. Вокабуларот на прес конференциите продолжува со жестина како осомничените да се осудени до последна судска инстанца, притоа покажувајќи омраза кон истите преку фацијални експресии и говор на телото. СЈО ја заборави пресумцијата на невиност, а ја воведе тетралноста и говорот на омраза дури и преку фацијални експресии и говор на телото. Притоа се трудат да бидат максимално самоуверени за јавноста да им поверува. За сето тоа имаат поминато тренинзи се разбира од искусни меѓународни експерти.

3.Следната постапка на СЈО е потпишување наредба за истрага и најчесто барање притвор и претрес. Во таква ситуација жртвата се повикува во суд на една формална 5 -10 минутна расправа пред судијата и обвинителот, за која најчесто оној против кого се отвора истрага, е принуден да седи во чекалната цел ден, а ако се повеќемина и

плус цела ноќ на пример 15-16 часа, а доколку жртвата не е во Македонија или не и биде доставена уредна покана, тогаш оваа ситуација се користи за обид за приведување и дополнително сензационалистичко подигање на тензиите. За време на тие првични 10 тина минути обвинителот најчесто многу дрско и арогантно тврди дека е неопходен притвор за лицето да не избега, да не влијае на сведоците или да не го повтори делото. Најчесто наведуваат лажни и непостоечки причини за да го издејствуваат тоа. На пример, дека имаат сознанија дека лицето има бугарски пасош па може да избега, или дека имаат сознанија дека веќе се обидел да влијае на сведоците, за што вообичаено лажат, како и други слични работи. За жал од доставените материјали судијата нема можност да ја провери вистинитоста на оваа тврдење на СЈО, пред се затоа што веднаш или во рок од еден час треба да донесе одлука. При тоа, не ретко низ судот се шетаат преставници на една или две странски амбасади укажувајки дека се дојдени да видат дали се е во ред и дали некој врши влијание на судијата, а всушност со нивното присуство, имајќи ја предвид силата и меѓународната позиција на земјата која ја преставуваат, самиот тој сака да извршат влијание. За ова зборуваше и претседателот Иванов во своето обраќање до нацијата.

Неретко, откако ќе заврши краткиот распит, СЈО влегува сам во собата на судијата и долго го убедува со сите можни средства дека е многу важно да даде притвор. Дека сето ова го следи меѓународната заедница и дека ќе бидат разочарани од судијата доколку не даде притвор. Дека ќе го сметаат за соработник на "режимот", нема никогаш да го праќаат на оние бесплатни патувања за обуки во странство и дека на некој начин ќе си ги навлече на врат нив, а тоа ќе влијае врз неговата кариера, а можеби и семејство. Важно е да се напомене дека во тој момент истражниот дежурен судија нема целосен увид во поднесените докази, ниту доволно време да ги проучи, а во исто време треба да донесе одлука за притвор врз основ на лична перцепција и проценка во целата оваа исконструирана атмосфера на притисок. Во овој контекст никој не се прашува за правото, човековите права, влијанието врз животите и здравјето на луѓето кои се осомничени вклучително и на судиите. Само накусо да се потсетиме на колабирањата на судиите и медицинските интервенции. Толку и за хуманоста на СЈО.

Неретко, во оваа наметната состојба за да се заштити од притисоците на СЈО судијата станува груб и арогантен кон одбраната, адвокатите и жртвата, воедно сакајќи да изрази наклоност кон СЈО, за која се надева дека ќе биде пренесена таму каде треба.

На крајот, оние судии кои се со послаб интегритет, или психолошки помалку стабилни и отпорни на притисоци, или сакаат да покажат сплотеност кај набљудувачите кои шетаат низ судот

одредуваат мерка притвор. Ниту виделе и прочитале докази, кои најчесто намерно се носат на огромен број страници кои се во основа несуштински за да не му падне на ум на судијата да чита и проучува во тој момент, туку само да слуша онаа што селективно сакаат од СЈО да му го соопштат без доказ. Значи што би рекла Катица Јанева во нејзин стил, независно што жртвата 15 часа седи во судските ходници, распитот е многу краток, 10 тина минути, и многу општ, основни работи се прибележуваат, како лични податоци и статус семеен и работен. Останатото се сведува на убедувања, влијанија, изготвување на одлуките и слични технички работи и психолошки активности на обвинителите и нивните поддржувачи.

Сепак, голем дел од судиите досега покажаа итегритет, цврстина и не подлегнаа на оваа атмосфера, притисок и влијание. Тоа е за почит. Покажаа самосвесност и проценка дека се свесни за тоа дека се прави прогон кој нема вечно да трае, и еден ден со бистар ум ќе се анализира и дискутира за секој чекор. Притворите и судењата ќе поминат, ќе дојде време за сумирање кој направил исправни, законски и совесни чекори, а кој не. На крајот на краиштата има и судии на кои сите овие работи, наместо да ги исплашат и присилат на непринципиелна и противзаконита соработка им создаваат револт и со индигнација одбиваат да станат дел од оваа валкана игра.

Информациите говорат дека по добиениот прв притвор СЈО се собрале на прослава, и имало многу многу пиење. Шишиња и шишиња алкохол се испиле од радост дека успеале во конструкцијата. Многу често, СЈО по изречениот притвор, а пред да се однесе жртвата во притворот, се приближува и насамо му вели нешто од типот: оди сега таму каде ќе одиш, па ќе контактираме на некој начин, за да ми кажеш се што треба и се што знаеш. Тоа е најава за жртвата во притворот да размислува и да „се скрши„ да стане соработник кој ќе намести некој друг, за него да го пуштат.

4. Некои од судиите се повикувани во една или неколку амбасади на укор и превоспитување, кое дипломатски се нарекува охрабрување, да бидат повеќе сервили кон СЈО. Дел од нив пресреќни што воопшто влегле во амбасадата се менуваат како личности и стануваат сервилни, но голем дел го задржуваат достоинството, затоа што повеќе си ја сакаат својата земја и нејзиното добро, ..отколу добродојденоста или милосрдието на некој дипломат кој денес е тука, а по година две ќе замине и никогаш повеќе нема да се врати.

5. Претресите на СЈО им се клише. Еве зошто. Иако во најголем број случаи немаат никаква логика (на пример некој е осомничен за изборна нерегуларност пред три години, што ли би криел дома), сепак се бараат

претреси на неговиот стан и други негови и на негови блиски простории со следните цели:

-да се влее страв кај него, кај сите сведоци и осомничени кој би водел кон непринципиелна изнудена соработка за лажно кодошење и местење на главната жртва;
-да се најде случајно нешто незаконско или лично компромитирачко кон жртвата, па да се користи за негова уцена. Од типот пиштол без дозвола, или некој финансиски документ, или некои белешки во тевтери или пак некои приватни работи кои потоа можат да се злоупотребат за уцена во правец претресуваните да им станат соработници против главната цел. Се разбира со лажен исказ, онаков каков СЈО посакува. Во духот на онаа легендарна реплика од среќна нова 49та: „извини Пиги, морално беше“.
-доколку пак неприфати да стане соработник да го обвинуваат и него, за пример за другите.
-и на крајот со самиот претрес да се дополни јавната осуда кај соседите и целата јавност дека жртвата е виновна и веже осудена.

Отприлика вака работи македонското СЈО. Како во старите времиња на УДБА од 1949 година и полошо од тоа. Ова се методите на „големите професионалци на Катица„. Во сето ова нема ништо професионално. Се е обратно од тоа. Се е недозволиво. И тие тоа го знаат. Но, ги мотивираат три фактора:
1.политичката омрза кон ВМРО-ДПМНЕ и неговите експоненти, и силната наклонетост кон СДСМ;
2.чадорот и неговото охрабрување и ветување дека тие се базата на идното ново јавно обвинителство во Македонија;
3.и замислете, верувале или не месечните примања на секој обвинител во СЈО кој според неофицијалните информации се движат и достигнуваат неверојатни суми несвојствени за просекот на работата што ја вршат. Доколку не примаат толкави вкупни износи, нека демантираат јавно, односно нека ги обелоденат своите приходи.

Енормно високи суми земаат и истражителите, и другите вработени во СЈО, вклучително и експертските соработници кои имаат и медиумска улога. Така се купуваат обвинителите да работат на ваков начин. Од буџетски народни пари особено успешно и добро се плаќаат и нивните јавни стручни подржувачи, чија задача многу малку е да стручно им помагаат, а многу повеќе да настапуваат секоја вечер во разни информативни и дебатни емисии и да ги бранат пред јавноста нивните постапки, да шират лажна пропаганда во корист на СЈО, а против жртвите кои се малтретираат, а тоа го прават како што реков за

добри пари и неуморно. Адвокати, професори, академици, поранешни судии и обвинители се наоѓаат на нивниот платен список за пропаганда.

Ете затоа, во наредните недели и месеци, овие луѓе ќе направат се што е во нивна моќ, да обвинат и на тој начин во јавноста денунцираат и практично заглават што повеќе луѓе од ВМРО-ДПМНЕ и нивни соработници и поддржувачи. Тоа е СЈО во Македонија. Тоа е ова т.н. независно тело под странска поддршка што сака да донесе нивна дефиниција на демократија. Овие луѓе денес се правдата. Тие и обвинуваат и судат. Но, Македонија ќе се справи и со нив, колку и во моментот да се чуствуваат силни, недопирливи и самоуверени. Македонија е вечна колу и да се обидуваат да го уништат нејзиниот дух и гордост овие продадени сатрапи.

## 2. Злоупотреби на православната етика и философскиот ум (утопија во сметките на политичката прагматичност) - 29.04.2016

Реторичко прашање за почеток и одговор за појаснување.
„Зошто го пишувам овој текст“?

Причината е многу едноставна, но задира длабоко во секојдневните меѓуперсонални односи и социјални релации на сите граѓани на Македонија.

Поводот е последната емисија на Оливера Трајковска на 24 вести (Вин-Вин) каде што гостуваа мојот возљубен во Христа брат и колега професорот Ристо Солунчев и онаа младо поетско момче помалку феминизирано кое е далеку од реалноста и вистината.

Всушност ова е обраќање кон мојот брат во Христа, Ристо, и тоа обраќање во православен дух, денес на Велики Петок на денот кога човекот падна, не отпадна само од Бога според прародителскиот Адамов грев, туку го отстапи местото Господово на кнезот на овој свет, созданието убивајќи го создателот падна во темнина. Ова е обраќање за нашето меѓусебно убивање, убивањето на нашата татковина како единствен наш рај за овоземски опстанок на нашата Света Црква и нашата нација. Како луѓе од Црквата, се што правиме треба да правиме Христа ради и во Слава на Бога.

Токму затоа што сме спортивни во поимањето на Православниот пристап во животот, несакам воопшто да полемизирам со Трајковска која свесно во заштита на своите ментори и извртени идеолошки и непостоечките за неа духовни (Православни) перцепции највулгарно манипулира со православната етика и во тој контекст со авторитетот на колегата Солунчев, а се заради постигнување на тривијални политички цели.

Брате мој Ристо, ние сме Македонци, сите ние, и ти и јас и сите граѓани на Македонија. Немора да сме по род Македонци, но ние живееме тука на оваа парче Македонска земја кое единствено ни остана и на кое според сите констелации на регионални и геополитички случувања ние можеме да опстанеме како нација и Македонска Православна Црква единствено тука за да можеме слободно да битисуваме чекајќи го второто и славно Христово пришествие да се спасуваме во мир и неподјармени и невозмутени од туѓи пропаганди и директни влијанија.

Токму затоа и овие денови во Великиот пост беа едно тешко искушение и распнување на нашата татковина и на нашиот народ и токму затоа за многу работи кои во емисијата на Трајковска беа

изнесени и злоупотребени нема да се согласам и ќе си дозволам да коментирам.

Најпрво, имам едно многу директно прашање. Дали брате мој не ја виде тенденцијата на нејзината новинарска констатација или поточно конструкција уште на смиот почеток, дека доаѓаш директно од црква како псалт, односно доаѓаш од Богослужба?

Јас ќе ја кажам перцепцијата која сакаше да се постигне кај аудиториумот со оваа констатација-конструкција. Тоа беше крајно мизерен обид за злоупотреба на Светата Православна вера и нашата Црква во контекст дека во борбата против „режимот“ учествуваат луѓе православни, универзитетски професори, образовани, црковни певци, познавачи на православната музика и византиско пеење, луѓе со кредибилитет, интегритет и етика за каков впрочем те сметам познавајќи те во црквата. Во исто време ете тие луѓе се на страната на опозицијата заедно со ЛГБТ заедницата, разни белосветски невладини организации, отпораши, левичари, анархисти, исламски радикали, федерализатори на Македонија, вработени во некои амбасади и други безлични збирштини. На овој начин во контекст на пишувањата и изјавите на Митрополитот Европски Пимен дека меѓу овие има и православни, јавни или тајни кои му барале благослов, ти брате мој влегуваш во играта за чистење – измивање на сите отпаднички па дури и Богоборни поединци и групи кои се наоѓаат на тие шашави протести. Во нивната пропагандистичка и рушечка идеологија ти и некои други браќа и сестри треба да бидете солта.

Ова ми создава болка, болка за тебе и за сите оние кои искрено ја исповедаат светата Православна вера, а во исто време се ставени во ист собир на луѓе кои исповедаат дијаметрално спротивни вредности од оние на православната етика и морал или пак како што вели Псламо писателот „во собир на безбожници“.

Токму затоа и се решив да го напишам овој текст. Да се обидам пред Македонската јавност да ја доловам и опишам внатрешната болка која ја имаме. Болката за тебе за татковината за сите браќа и сестри за индиректниот обид за раскинување на единственото тело на Црквата Христова во која заедно пристапуваме кон светите тајни. Болката за татковината која ја распнавме за туѓински - странски интереси.

Како нели докажан евроскептик би требало да се запрашаш чии интереси штитат демонстрантите поддржани од Канвас „Ајмо звиждаљке сви“-„Валтер брани Сарајево...“ итн. и да не наседнуваш на ефтини медиумски манипулации на Трајковска која нема храброст да повика некој кој има спротивно мислење од нејзиното, во исто време навредувајќи го дека е безвредно тоа и такво мислење. Но, всушност алудирајќи на безвредноста на луѓето кои застапуваат такво мислење.

Тоа ја покажува нејзината демократичност, нејзиниот капацитет за разговор со личности кои имаат спротивставени мислења од нејзиното. Во меѓувреме се обидува, за жал доста успешно да во оваа своја констатација и јавно изнесена пред се лична дисквалификација, го искористи твојот авторитет. Ова се видливите манипулации со православната етика и вера.

Сега за некои намерно измешани пристапи на политичка прагма, геополитика и филисофски погледи на светот кои се некаде помеѓу утопијата и реализмот на политиката, а со цел да се замати сликата и да не се гледа она што треба да се види.

Впрочем, основната идеја за ослободување на умот во духовен и творечки аспект (не за ослободување од умот, иако тоа на мнозина им се случува денес), претставува персонален пристап на перцепциите за нашето битисување, општеството во кое живееме, нашиот светоглед и на почетокот и крајот од се нашата смисла за постоењето и животот, која ние Православните ја наоѓаме во Христа и никаде на друго место.

Ова ослободување не претставува борба за природното право на анархистичко делување заради менување на општеството според моите лични убедувања кои сакам да ги наметнам. Како што впрочем ги повторуваше зборовите или поточно идеологијата која се обиде да ми ја пласира еден друг анархист обвинувајќи ме за фашизам.

Во една држава мора да постои закон и правила на однесување. Тој закон е донесен врз основ на волјата на мнозинството граѓани и само врз иста таква волја може да се промени, но не како резултат на нечија лична фрустрираност, желба, потреба или замисла од само нему познати побуди. Туку единствено и само на избори што е право на секој граѓанин. Дури и таа мнозинска волја на граѓаните да биде федерализација или недај Боже укинување на Македонија како држава. Токму затоа и постои Собранието или во архаичен дискурс соборот на луѓе кои избрани од народот ги донесуваат тие општествени норми кои се нарекуваат закони. Секое собрание има своја цел и ако зборуваме за собранието, и Светите отци имале собранија, но крајно регулирани и со определена цел незатскриена и јавно позната со векови. Во тој контекст прашувам која е целта на ова собрание на непознатите протестирачи, левичари, анархисти, ЛГБТ членови и друга недефинирана безлична маса која се затскрива зад излитени флоскули и наводен „народ“ кој спонтано се собира. Впрочем, и Евреите имаа собрание на кое одлучија да го убијат создателот Господ Иисус Христос, да дигнат рака на Бога, но во исто време си ја зедоа и клетвата врз себе „крвта негова да падне на нас и на нашите деца“, како што и самите побараа. Во овој контекст за кого се проли крвта на нашите предци кои се бореа за нашата татковина и на кого ќе падне нивната крв и гревот за возмутување на

народот и насочување на Македонецот против Македонец, но врз кого ќе падне и крвта на идните Македонски генерации на кои им се подготвува страдание во името на некакви нови изопачени вредности?

Тие закони воспоставени од мнозинството граѓани на Македонија и втемелени на традицијата, науката, емпиријата, обичаите во нашата земја и поднебје и секако наследената Православна етика, мора да се штитат, во спротивно ќе завладее хаос и правилото на силата.

И Божјиот закон е хиерархиски поставен во триипостатичноста на Светатат едносушна и неразделна тројца, и во ангелските чинови и во поредокот на Црквата и во правилата на постот, литургијата и се друго што е уредено во Црквата. И покрај нашата грешност со целото срце и разум и душа го подражаваме тој закон и неговото исполнување. Па зошто тогаш брату мој, не се спротивставиш на Божјиот закон и како Православен не влезеш во реформистичкиот дух на Протестантизмот? Затоа што со тоа ќе излезеш против Бога за што си потполно свесен за разлика од твоите соговорници во емисијата. Но, секако дека тоа не е оправдување за настапување против поредокот на државата. Ова е аналогија на анархистичкото толкување во кое моето природно право е над законот. Прости, но како што реков, законот го прави мнозинството во државата и државата мора да се брани бидејќи таа е над исфрустрираните перцепции на поединците кои не секогаш се исправни (неверувам дека ќе се согласиш со брањата на ЛГБТ заедницата на пример).

Токму онаа демократија која здушно сакате да ја поддржувате и постапките кои ги применувате како симболички чин како што впрочем љубите да кажете, а има основ во западната либерална политичка насока која во современата базичност има неолиберален милитаристички дискурс, е демократијата која ни ја презентираа при растурањето на некои протести во западните демократии и „човечкот“ однесување кон протестантите. Тоа се нарекува прагматична политика на дејствувањето со репресивниот апарат на државата заради нејзина заштита. Зарем и против „Гемиџиите“ кои водителката толку самозадоволно ги навредуваше не истапуваше тогашната Отоманска држава. Секако, со таа разлика што во тоа време тие луѓе се бореа за оваа држава која денес ја создадовме и ја живееме барем на оваа парче земја кое ни остана, а Отоманската држава беше поробувачот и кон сите кои и пречеа се однесуваше крајно репресивно, секако заштитувајќи го својот државен поредок. И овде се појавуваат различните гледишта за нашето чувство како Македонци, како можеме да и помогнеме на татковината, а да не ја распнуваме.

Прашањето за тоа кои се Македонци, а кои не се, не се поставува во тој контекст во кој го толкувате, туку во контекст на разбирањето на целите кои сакаат да се постигнат низ анархистичките активности на терен, а ќе бидат со последици врз сите идни генерации.

Се прашувам, кои се вашите цели? За каков режим зборувате?

Нејасни цели и флоскули зад кој се затскриени конкретните цели за разнебитување на Македонија и Македонскиот народ. За „режим“ во кој слободно се протиестира и во кој се уништува општествен имот и во кој се расправа на јавни дебати. Да беше режим никој од нас немаше да може да напише ниту збор, а да не почувствува директни, брутални и репресивни последици. Впрочем, ќе мора тоа да го опишам на мојот пример. Имено, кога „ректорот“ и сопственикот на МИТ Универзитет, донесоа одлука за забрана на наставниот и соработничкиот кадар за јавни настапи (што е противуставно), сопственикот на МИТ Универзитет директно ми се закани дека земам плата од кај неа и дека нема да го искажувам мојот став против политиките на опозицијата (Заев и Спасовски-цитирано) во Македонија. Замисли Ристо, тебе да ти го кажеше тоа Деканот на Философскиот факултет или Ректорот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ или пак Министерот за образование од каде што земаш плата. Каква ли ќе беше твојата реакција, за чувствата несакам да зборувам. Ова беше само за пример да видиш што е тортура и малтретирање, забрана на говор, изнесување на став, цензура, притисок, психолошки и економски, не само низ зборови туку и во пракса за што понатаму несакам да зборувам и подготвено прифатив да го носам тој крст и да се спротивставан на тоталитаристичкото и недемократско и над се неакадемско однесување од страна на еден сопственик и „ректор“ на универзитет. Но, иако ова беше и публикувано, дали некој дигна глас за оваа политичка прагма на опозицијата? Дали Трајковска е подготвена и за тоа да зборува или и ова вреди еден денар во нејзината „демократска“ перцепција.

Особено е проблематично искажувањето на ставот за тоа кој може да предизвика војна и жртви? Повторно со спин вовед на Трајковска која се обидува да ги одбрани ставовите на Заев кој јавно кажа дека е возможно „Украинско“ сценарио.

Зарем веруваш во тоа дека во Македонија оружје има единствено полицијата и армијата? Ова е област која веројатно со твојот философски ум тешко може да ја перцепираш во прагматичноста, а тоа е дека зад вакви протести стојат тие кои се подготвени на секаков чекор заради остварување на своите цели. Во тој контекст, сте се запрашале ли колку оружје (легално или нелегално) поседуваат граѓаните. Одтука е многу јасно дека државата – полицијата, ако поради ништо друго, тогаш поради самите полициски

службеници и нивните животи нема да реагира насилно односно да предизвика вооружен судир. Токму тука е опасноста од предизвикување провокации заради остварување на крајната цел на организаторот на овие шашави протести.

Јас го разбирам твојот анархистички дух и твојата философска мисла, но зарем годините в црква и живото православно живеење не те променија во однос на перцепциите кон насилството и провокациите, а да не зборуваме кон идеологијата на анархизмот. Јас кој за жал учествував не по своја вина во два воени конфликта и слава на Бога преживеав, многу добро знам како изгледа анархијата и хаосот во пракса.

Во овој момент во Македонија е во тек операција за внесување во хаос и анархија на целата држава. Провокациите со испишувањето на графити на спомениците (она за фасадите нема да го коментирам) ги засегаат сите граѓани. Но, и тука имам едно прашање. „Зошто колегите протестанти од Беса и на Села не го исшараа споменикот на Скендер бег со оглед дека и тој е дел од Скопје 2014“? Или можеби никако да се сетиш ни ти ни твоите соговорници за скврнавењето на споменикот на Карев, Самуил и АСНОМ. Скврнавењето на споменик е пред се нецивилизациско дело. Замисли како онака по природно право анархистички би требало да се оправда некое скврнавење на нечии надгробен споменик само затоа што е наше право да не се согласуваме со неговите ставови додека бил жив.

Имам едно клучно прашање брате мој во Христа, а тоа е: „Дали знаеш кој се учествува во овие опозициони протести и кој стои зад сето ова, односно кои и чии се крајните цели“? Како колега универзитетски професор очекувам барем да го препознаваш тоа поради интелектот и светогледот кој го имаш.

Трајковска го кажа ставот за навивачко новинарство, дали сега 24 вести ќе бидат санкционирани според законот кој го љуби СДСМ за небалансирано и некоректно известување?

Ете ги сите реторички прашања кои ги има и премногу и за кои би требало да дискутираме. Но, ќе застанам тука, со една констатација за геополитичкиот дискурс кој никако да се допре во својата суштина.

Македонија денес е жртва на геополитички пресметки на една суперсила и една голема сила која сака да се врати на меѓународната сцена како суперсила. Во таа пресметка и борба за зони на влијание ние сме колатерална штета. Ние не сме фактор кој е толку значаен, сами по себе сме толку мали што може да бидеме занемарливи доколку бевме некаде на југот на Африка или како Исланд на северот од Европа. За наша жал или среќа ние сме во центарот на Балканот со потполна комуникација со сите соседни држави. На оваа парче Македонска земја

се вкрстуваат неколку значајни интереси, ние сме дел и од Црноморскиот и Каспискиот поширок регион. Имаме основни природни ресурси кои овозможуваат долгорочна одржлива стабилност и пред се преживување на населението како основен национален интерес. Сите овие факти укажуваат дека интересот за Македонија е голем. Во тој интерес влегуваат сите соседи и големи сили со својата пресметка. Нам ни останува нашата пресметка и нашиот интерес, нашиот опстанок. Не е во прашање ниту демократското владеење, ниту некои криминали, ниту естетиката или невкусот, допаѓањето или недопаѓањто на спомениците и фасадите од Скопје 2014. Тоа се само намерно претставени перцепции кои треба да послужат како тригери. Акцелераторите се на друго место, а структурните мотиви се вткаени во стратешките геополитички интереси и тоа не се Македонски интереси.

Токму поради сето ова, брате мој во Христа те замолувам да си ги одговориш прашањата кои ти ги поставив и како Православна личност (токму личност не лице, бидејќи те сметам и доживувам за личност) направиш целосна ретроспектива на тоа што ни се случува и за чии интерес, а согласно тоа и каква е потребата да се дозволи злоупотреба на твојата православна етика и чист философски ум.

Доколку ти е за утеха или мотивација, оние со кои заедно протестираш и чии „ставови“ ги подржуваш, од заскриени профили и портали, јавно зборуваат дека јас имам земено приближно 2 или 3 милиони евра за да го бранам „режимот“.

Моето обраќање кое е јавно, не е насочено кон твое омаловажување, впрочем ниту кон било чие, напротив, сакам да покажам како можеме смирено и аргументирано да расправаме за своите спротивставени ставови и тоа во јавноста, недозволувајќи новинарски спинови и злоупотреби на православната етика. Вака избегнуваме тривијални расправи во нашата мала црковна зедница каде што се собираме Христа ради за спасение и вечен живот. Целта на творците на оваа лудило и длабока поделеност кај Македонците е поддржана од непријателот на човечкиот род и токму затоа јас и ти, браќа во Христа Бога сме најеклатантен пример за тоа како се делува во Македонија и дека меѓудругото цел е и Светата Православа Црква и ние како нејзини членови кои не сме поштедени од оваа разнебитување.

Да не ја распнуваме татковината и да не се распнуваме меѓусебе, и со радост да се поклониме на Светотот Христово Воскресение возљубувајќи се како што Христос не возљуби.

Христос Воскресе, Навистина Воскресе!

## 3. Конкретните резултати од работата на сјо (живот во пеколот) - 01.05.2016

Ова лудило кое таканаречениот опозиционен лидер Заев Аболициран Зоран ни го наметна и во кое Специјалното Јавно Обвинителство на специјалката Катица Јанева претставува инструмент за спроведување на разнебитувачките политики на СДСМ, почна да ги дава првите „резултати“. Резултати кои одат на душа директно на Катица и нејзината актерска група, но посредно се на душа на Заев-човекојадецот и неговата антидржавна клика во СДСМ. Одговорот за своето антидржавно делување ќе треба еден ден да го дадат пред народот, а се надевам и пред судовите на Македонија, но најголемиот одговор за уништените животи и души испратени во вечноста ќе треба да го дадат на вечниот суд.

Знаејќи ја нивната комунистичка и богоборна духовна состојба знам дека со овие мои зборови ќе ме земат на подбив, бидејќи не веруваат во бесмртноста и во Христа, па така и не веруваат во тоа дека треба да дадат „добар одговор“. За нив (Заев, Спасовски, Катица, Фатиме и другите) добар одговор е одговорот пред нивните налогодавци за чии интереси го распнуваат сопствениот народ. Тие дури не планираат да одговараат и пред сопствениот народ, впрочем затоа несакаат да одат на избори, бидејќи однапред го знаат одговорот на народот.

Истурањето на омраза, фрустрираност, нечовечност и над се нељубов кон сопствениот народ и татковината ја достигнуваат својата кулминација. Човекојадецот со својата свита на канибали оди по душите на своите сонародници. Ова е борба меѓу злото (СДСМ) и доброто (народот Македонски). Во оваа борба пред се се уништува психата на поединци, нивните семејства и на крајот животите на луѓето, но воедно резултатите од работата на СЈО се видливи и во создавањето раздор и трауми во колективната меморија на Македонската нација.

Методите на работата на СЈО ги даваат конкретните резултати. Тоа се оние резултати кои требаше да ги постигне, а не правдината и докажувањето на вина на сите кои на разни начини беа вклучени во аферата „Пуч“.

Трагичниот развој на настаните, СЈО го стимулира да продолжи со својата крвава работа, сесрдно потпомогнато од разно-разни невладини организации, радикални елементи финансирани од нејасни исламистички фондови, ЛГБТ заедницата, таканаречени левичари и други сподоби. Продолжува со своите методи на работа, својствени за некое време познато како Сталинизам. Впрочем, на секој начин треба

да се испорача резултат кај своите налогодавци. Во спротивно Заев и Катица во прв ред ќе треба да ја платат сметката и потрошените пари на налогодавачот и тоа со камата. Во тој контекст, и двајцата немаат намера да ја платат сопствената сметка, туку истата сакаат да му ја испорачаат на Македонскиот народ, на граѓаните на Република Македонија.

Злобата која уште пред некоја година на своите партиски настапи ја искажуваше Заев сега е олицетворена во СЈО преку неговите методи на работа и резултатите кои можеме да ги видиме и кои допрва ќе ги гледаме. Бесрамното самозадоволство од животните трагедии на жртвите на СЈО кои подлегнаа на психичкиот притисок претставува монструозна креација на умови кои експлицитно се хранат со туѓата несреќа и ликуваат над човечката трагедија. Наместо во овој период, во овие денови на славењето на животот над смртта и Христовото Воскресение за вечен живот да се зарадуваат на животот, тие како докажани некрофили се радуваат на смртта, на владеението на кнезот на овој свет.

Токму тоа е разликата помеѓу „режимот“ како што го нарекуваат и нив. Разликата во пристапот, разликата во посветеноста кон својот народ и видливите позитивни чекори на ВМРО-ДПМНЕ и деструкцијата на СДСМ со сесрдна поддршка на СЈО и чадорот за добивање резултати еднакви на живот во пеколот.

Заканите од Заев за масовен протест и претходно објавување на некакви си бомби за Смилковско езеро, за трагичната смрт на Никола Младенов и за името на Република Македонија во преговорите за спорот со Грција, само покажува дека аболицираниот по секоја цена работи на создавање дополнителен хаос во државата и тоа врз основ на славење на смртта. Притоа си игра со чувствата на луѓето директно засегнати од првите два случаи. Во последниот случај си играше и со чувствата на сите граѓани на Македонија. Токму затоа и сега на Велигден, се покажа сета бесчувствителност на Заев и друштвото му, најавувајќи масовни протести и таканаречени бомби, а се со цел да предизвика дополнително вознемирување кај граѓаните. Ова е еклатантен доказ за деструктивното делување на Заев и неговите пријатели од чадорот особено на СЈО, кога дури и пред и за време на Велигден не им оставаат на граѓаните Православни Христијани во мир да го дочекаат светото Христово Воскресение и да се радуваат на животот. Впрочем, оние кои се радуваат над смртта неможат да се радуваат над животот и од дното на душата се обидуваат да ги спречат здраворазумните македонски граѓани да се радуваат на животот и вечноста.

Резултатите кои во овој момент ги конкретизира СЈО се видливи и во однос на делувањето на Заев. Наместо да добие притвор и заедно со другар му Верушевски да биде спречен да нанесува штета врз државата, тие како помилувани си тераат со деструктивната приказна. Тоа е резултатот на СЈО од досегашните нивни методи на работа во кои се обидуваа со закани, уцени, притисоци и јавни пресуди пред обвинителните акти воопшто да бидат поднесени да одработат за чадорот и да му помогнат на Заев. Му помогнаа оставајќи го на слобода и не спроведувајќи го случајот Пуч, а продолжуваат да му помагаат со секој свој чекор зачинет со актерските настапи на Фатиме при јавната сценска претстава на измислените и со докази непоткрепени сомненија.

Резултатот од работата на СЈО е длабока деструкција на државата, поделеност на народот, ослабување на институциите на државата и воведување во длабока криза, криза која не е само безбедносна, туку уште повеќе психолошка, етичка и национална пред се. Тоа е резултат кој ги поттикнува непријателите на Македонија да делуваат отворено и дрско против државата и нејзините граѓани, да го претворат животот во Македонија во пекол.

Токму затоа последниве денови по самоубиството на Крпач (Бог да го прости) можевме да ги видиме морничавите и над се нечовечни фејсбук статуси и изјави. Понекогаш се прашувам, што ли јадат и пијат овие луѓе кои ликуваат над смртта на еден човек и се радуваат над канибалистичките апетити на Заев. За да биде поголема трагедијата, тие не јадат живи луѓе во буквална смисла, тие ги јадат душите на луѓето.
Какво ли потценување кон сопствениот народ имаат Заев и СЈО кога може со мирна душа да испраќаат соопштенија во кои самите велат дека некој доброволно им се понудил за соработка и одлично соработувал со нив, а од друга страна му вршеле претреси по дома пред неговата сопруга и дете. Кога со оружје упаѓаш во сред ноќ и вознемируваш нечие семејство, кога се закануваш, а тврдиш дека тој бил одличен соработник, се поставува прашањето како се однесуваш кон некој кој не е доброволен сведок или не соработува според очекувањата. Надлежниот Јавен обвинител ќе мора да ги расчисти овие дилеми и секој што си терал сопствена, нарачана правда надвор од законот, да одговора. Јавноста чека одговор, зошто по налог на Катица Јанева во ноќно време биле испраќани АЛФИ да упаѓаат кај Крпач? Зошто доколку имале сознанија дека наводно постоеле притисоци врз Крпач, тоа го криеле, а правеа десетици театрални прес конференции? Дали тоа е навремено пријавено било каде? Одговорот овој пат не се очекува од СЈО. Јавноста виде дека СЈО лаже и манипулира. Овој пат одговорот се очекува од надлежниот Јавен обвинител кој треба да ги утврди околностите за смртта на Коста Крпач. Се зборува дека кога

побарал стручна помош , Крпач кажал се што го мачи. Овој пат тие белешки не смеат да исчезнат или да бидат сменети, кој и да е чадорот. Колкава и да е неговата моќ, таа не е поголема и повредна од човечкиот живот.

Ова јадење на души е конкретниот резултат кој го постигна СЈО и Катица по налог на чадорот. Притоа се манипулира со информациите, односно се пласираат двосмислени информации. Прво, дека Катица е борец против корумпираните политичари во Македонија, при што се генерализираат сосотојбите и така воопштени создаваат слика дека во Република Македонија сите политичари се корумпирани. На овој начин се постигнува еден од резултатите, односно целите на СЈО, а тоа е уривање на кредибилитетот на македонските политички и економско-финансиски институции на подолг период. Второ, со бласфемичната и крајно двосмислена констатација во врска со трагедијата на Коста Крпач, „умре застрелан во градите", се поттикнува имагинацијата за претставата за Македонија како држава во која се случуваат чудни умирања и земја во која е опасно да се живее.

СЈО ги постигнува своите резултати, а тоа се резултати од интерес на своите надворешни ментори и нивниот пулен во Македонија, аболицираниот Заев. По примената на методите засновани врз тортура, уцена и заплашување, а заради принуда кон изнудување лажни сведочења против главната жртва која во измислените случаеви покрај јавната пресуда изречена од СЈО треба да биде по секоја цена осудена, доаѓаат резултатите. Резултати кои се против Македонија и нејзините граѓани, против правото и владеењето на правото, против демократијата и демократското владеење, против развојот и напредокот на државата. Овие резултати имаат за цел продолжен хаос, агонија, безвластие и безредие во Македонија. Внесување на страв, несигурност и трауматичност кај граѓаните во секој поглед, создавање на живот во пекол во сопствената татковина е резултатот кој Катица и нејзиното СЈО го постигнаа.

Сепак, како и да е и ова ќе заврши, Македонскиот народ имал многу тешки мигови и овие ќе ги надмине. Нечовечните специјални обвинители и нвините озлобени партенери од СДСМ ќе се засрамат и ќе потонат како Јуда предавникот.

На крајот од се, животот ја победи смртта и за тоа е доказ Христос. Да се радуваме на животот мој народе Македонски, граѓани на Македонија, да ја презреме смртта и нејзините промотори поттикнати од кнезот на темнината. Да се зарадуваме на вечниот живот на вечната светлина на Велигден, како наш пркос кон „резултатите" на СЈО.

## 4. В лице светци в срце в'лци- 03.05.2016

*Хритос Воскресе – Навистина Воскресе!*

Јоване, што правиш во друштво на безбожници? Што правиш во друштво на Тричковски кој богохули? И тоа го прави во исто време заедно со тебе на Велики Петок. Што правиш во друштво со ЛГБТ активисти, невладини отпораши финансирани од исламистички фондови, левичари, анархисти и незнам се какви богоборни групи и поединци? Дали го проповедаш словото Христово пред нив и ги повикуваш на покајание и живот вечен, или можеби ги користиш за свои овоземски и тривиални политички цели?

Ти Јоване како Православен владика, треба да се засрамиш од збирштината во која си влегол, не со крстот Христов за нивно спасение, туку за добивање поддршка за своите неправославни цели. На овој начин ли подржувајќи го богоборството се бориш за своето „право"?

Многу прашања се упатени за тебе и за твоето однесување, а кое однесување не му доликува на еден владика. За чиви било интереси да се застапуваш во Република Македонија, ти како Православен би требало да се воздржиш од поддржување на тие интереси барем во деновите на страстната седмица, Велигден и светлата седмица. Кога впрочем неможеш да се воздржиш од нападите врз сопствениот народ што го правиш во текот на целата година.

Но, да не ме разбереш дека истурам критика или недај Боже омраза врз тебе, и тоа како што љуби да каже твојот нов пријател Тричковски и твоите анархистичко-левичарски пријатели да го претстават како говор на омраза, ќе се обидам најсмирено да полемизирам со тебе.

Само да напоменам, заради читателите, дека е јасно како петнаестина години наназад се обидуваш да испорачаш резултат кај твоите работодавачи, впрочем исто така како што тоа се обидува да го направи и Зоки од Муртино. Но, белким нема да успеете да ги остварите вашите намери и да се молиме Бога да не допушти такво искушение врз Македонскиот народ.

Сепак немам омраза кон тебе Јоване, впрочем како ни кон сите оние кои ти ги наброив. Едноставно, Православно, Христијански, го мразам гревот во братот свој, а не братот свој.

Наместо ти да не поучиш во љубовта во Христа, во простувањето и во исто време да повлијаеш врз нашите браќа во Христа во Србија, а особено врз ставовите на епископите од Српската Православна Црква, ти во истото тоа друштво кое погоре ти го набројав

бараш поткрепа за своите овоземски политички и длабоко антидржавни ставови. Нели мислиш дека е подобро меѓу тоа богохулно друштво да проповедаш за гревовноста на богоотпадништвото, мужеложништвото, анархизмот, побуната против Бога, противприродниот блуд и сите можни погубни влијанија на непријателот на човечкиот род? Многу подобро отколку да ги поддржуваш во нивните разурнувачки намери.

Можеби идејата ти е да го вклучиш и Тричковски во своите борци за остварување на твојата цел, бидејќи нај вулгарно го напаѓа Архиепископот Стефан. Но, веројатно го пренебрегнуваш отвореното негирање на Бога или можеби тоа не си го разбрал. Во ова второто не верувам, бидејќи те знам како многу интелигентен, а и како владика такво нешто неможе да ти помине незабележано. Како ќе го објасниш тоа не пред Македонскиот народ и сите ние грешните и недостојните, туку на Страшниот Христов суд е болка која е драматична за секоја човечка душа.

Борбата која се води против Македонската Православна Црква-Охридска Архиепископија, очигледно е безпоштедна и покрај тоа што е крајно тривијална, во таа борба очигледно се употребува и богохулност, но зачудувачки е кога во тоа ќе учествуваат луѓе кои сакаат пред Православната екумена себеси да се претстават како маченици за исповедание на Светата Православна вера.

Со колку бои се исшарани овие луѓе, па нека е тоа и Јован Вранишковски. Тој е жив доказ дека епископството не гарантира светост. Да се зборува за обезбожено општество во Македонија и во исто време да се поддржуваат богохулници и апостати претставува лицемерие. Зарем без словото Христово, без Логосот може да има „превреднување“ на вредностите? Како изгледа да се превреднуваат вредностите во едно општество и тоа да се прави без Христа, туку напротив се прави со отворено богохулие. Тричковски, очигледно себеси се замислува за Бог или најмалку за негов секретар поставувајќи прашања во негово име и одговарајќи во исто време дека „Господ мора да подржи немири, ако сака да го има“.

Ова е врвот на лицемерието против Бога. Зарем Христос кој се саможртвуваше зради нашето спасение и простување на гревовите, за обновување на нашата падната природа, е Бог на насилието? Зарем во своето страдање не ја покажа својата благост, своето смирение, своето неизмерно човекољубие? На Господа не му треба да сака да го има, тој постои вечен, безвремен и ист некогаш, сега и во иднината до крајот на светот. Ова особено не треба да се докажува на луѓе од профилот на Тричковски бидејќи, преку своето пишување и јавно обраќање покажуваат крајно неверие, но Јован сигурно го знае ова.

„Зачудува“ како во ист контекст пишува и се обраќа Јован кој воопшто не е неук во верата Христова, впрочем доктор на теолошки науки е и епископ во СПЦ. Ја разбирам неговата човечка исфрустрираност од личните му релации со Архиепископот Стефан, но не можам да ја разберам потрагата по истомисленици во учесниците на таканаречената „шарена револуција“ и истиот генерален став со Тричковски кој незнае што е. Дали е агностик, атеист или нешто налик на троглаво чудовиште кое повикува на немири и насилство и тоа како доказ за постоењето или непостоењето на Бога во највулгарен пристап. Каква ли бласфемичност, какво ли богохулие и тоа на Велики Петок, а сето тоа само со една единствена цел да се има одек на Велигден, да се создаде мачнина, немир и да се возмути радоста на секоја Христијанска душа, исконската радост за живот во Христа Бога. На ова ќе ги додадеме и атеистите кои во Република Македонија се организирани во свое здружение и се дел од луѓето кои според Јован ги „превреднуваат вредностите“. Според ова аналогија, Јоване веројатно и тие во името на Христа во кого отворено и организирано не веруваат ги превреднуваат вредностите кои ти Јоване „ги воспостави во своите перцепции како вистински“, војувајќи против МПЦ-ОА и својот народ и во овие тешки мигови.

Да, Македонија е во криза и тоа криза која трае приближно година и половина, а предизвикана од Зоки аболицираниот од Муртино. Истата се продлабочува, бидејќи Зоки неможе да испорача резултати на чадорот, па затоа сега и Јован влезе во играта. Влезе токму на Велики Петок за да припомогне во распнувањето на народот од кој отпадна по сопствена волја.

Се прашувате ли зошто Јован не дава коментари за последните случувања во Србија или можеби тоа не е превреднување на вредностите или пак за таму е неповикан да коментира, бидејќи е нивен (на СПЦ) производ па да не си го наруши мирот со нив. Затоа нашиот мир со радост ќе го нарушува и нема да ги препознава истите сценарија кои во Србија се само на почеток. Многу ме интересира какви ли ставови ќе изнесе Јован кога за извесно време Србија ќе се најде во иста состојба на криза како Македонија денес и кога тамошниот чадор ќе побара ли можеби од него да одработи.

Длабоко сум убеден дека наводното маченииштво на Јован во последниве четиринаесет години како што љуби да говори, донесе плод во превреднување на вредностите. Впрочем Јоване, види кој тоа ги превреднува вредностите или можеби имаш шарен (во боите на ЛГБТ) поглед на нивните вредности за кои се борат? Виножитото кое го земаа за свое знаме е директно ругање на заветот кој Бог им го даде на луѓето по потопот. Зарем во тоа ругање е превреднувањето?

Сериозно се прашувам што ли се случува во главата на еден владика кога може да изгради ваков поглед на светот, вредностите или нивно превреднување како што љуби да пишува.

Можеби во прашање е токму насловот на овој текст. Историското искуство на грчко-србските ментори за тоа како треба да се однесуваат со Православните во Македонија. За нивна жал, ние не сме неграмотен народ, добро паметиме, имаме историска меморија, се препознаваме себеси, го познаваме Бога, не ги мразиме луѓето и различните од нас, но во исто време низ љубовта кон Христа не го сакаме гревот, во исто време си ја сакаме татковината и не се срамиме од нашиот јазик и историја, не се срамиме што сме Македонци, колку и да се обидува Јован да не навредува на високо схоластичен пристап.

Македонскиот народ иако распнуван низ историјата, иако распнат и денес, знае да простува и да љуби. Свештенството, чесното монаштво и Епископатот на Македонската Православна црква-Охридска Архиепископија и Архиепископот Стефан со полнота во Христа Бога се грижат за правилното исповедање на Светата Православна вера (затоа и нема основ за неканонско признавање на МПЦ-ОА, туку во основа се наоѓаат само политички цели), а на тој начин и за духовното здравје на сите чеда на МПЦ-ОА. Оваа грижа вклучува духовна борба и за зачувување на мирот на сите граѓани на Република Македонија.

Наместо политички памфлети заради угодување на налогодавците, многу подобро ќе беше Јован да се погрижеше за евангелизирање на најголемиот дел на оние кои се замислуваат револуционери и тоа шарени, а кои сакаат да ги поддржиш заради свои интереси, а не заради Христа и вистината. Потребно е да ги поддржиш во борбата за нивно спасение и покајание, а не за соучесништво во богохулните ставови и практичното дејствување на Тричковски и другите апостаси.

За што и за кого се грижиш Јоване? Реторичко прашање кое ќе треба самиот на себе да си го одговориш.

Како мислиш да застанеш пред светиот престол да ги принесеш на осветување Светите страшни и животворни Христови тајни повикувајќи го да слезе невидливо Светиот Дух и да повикаш на љубов во Христа Бога на најголемиот ден кога Христос ја победи смртта за да ни дари живот вечен?

Христос Воскресе,
Јас грешниот, но со длабока надеж во спасителната жртва на Христа Бога,

## 5. Фирмилијан втори - 05.05.2016

За да се разбере насловот на оваа колумна, неопходно е накратко да се осврнам на тоа кој е тој Фирмилијан. Поточно се работи за архимандритот Фирмилијан Дражиќ, а од 22 јуни 1902 година хиротинисан за прв српски митрополит во Скопје, на местото на дотогашниот патријаршиски митрополит Амвросиј. Тој, Фирмилијан, е само еден обичен човек, експонент на големосрбската политика кон Македонија, кој остана запаметен во историјата како негативна и омразена личност, која успеала насила, преку симонија во најтривијален облик и со помош на световните власти и големодржавните политики на Србија и Русија, да седне на патријаршискиот митрополитски трон во Скопје.

Фирмилијан Втори е всушност нашиот современик, Јован Вранишковски, кој љуби да се нарекува Јован Шести, сè со цел да покаже дека е еден во низата на архиепископите на тронот на Светата Охридска Архиепископија, но всушност тој е втор Фирмилијан.

По овој краток тематски вовед и појаснување кој е кој, да објасниме некои од поимите и практиките преку што се создава можност за една квалитетна компаративна анализа на суштинската улога на Фирмилијан Дражиќ и Фирмилијан Втори, алијас Јован.

Заради вистината, потребно е да напоменеме дека, во историски услови кога патријаршистите (или Грците) ги губат позициите во Македонија, затоа што македонскиот народ застанал зад Егзархијата како словенска Православна Црква, искажувајќи јасна тенденција за обновување на Охридската Архиепископија, овој Фирмилијан Дражиќ, како експонент на српската црковна и големодржавна пропаганда во Македонија, доаѓа за митрополит во Скопје, прифатен (со исплата во злато, а што подоцна ќе стане практика во црковните односи помеѓу СПЦ и Цариградската патријаршија) од Цариградскиот патријарх. Неговото поставување на испразнетиот митрополитски престол на Цариградската Патријаршија во Скопје е резултат на интересот на Србија за навлегување во Македонија, преку делувањето на рускиот претставник во Цариград, Зиновјев. Целта е јасна, а методите се класични за световната политика на големите сили, додека употребата на религискиот фактор, и тогаш како и сега, е во иста насока. Тоа е насоката за однародување на Македонскиот народ, уривање на нацијата и на Македонската Православна Црква, како исконски чувар на идентитетот на Македонците, а на тој начин и уривање на државата. Впрочем, потсетете се на едно интервју на Јован кај Миленко Неделковски, од пред неколку години, во кое самиот Јован зборува дека

се чувствува како Ромеј. Искажување на националните или етнички чувства е негово неприкосновено право, но Ромеите како етнос одамна се претопени во рамките на другите современи нации од деветнаесетиот и дваесетиот век. Поради тоа, оваа изјава на Јован ја сметам како флоскула за покривање на неговата дејност. Всушност, токму Грците со својот национализам го укинаа ромејството како граѓанство и припадност кон Вториот Рим, Константинопол, и тоа почнувајќи уште во 14-от век, а резултат на тоа беше распадот на Византиската империја и падот под Османлиите. Во истата таа Византиска империја, како автокефална православна црква, цели 8 века, до 1767 година, опстојуваше Охридската Архиепископија како автохтона црква со потполно и полно апостолско преемство на епископатот и клирот. Истата беше укината со „Ираде" од турскиот Султан и тоа како резултат на Мегали Идејата, која грчките патријарси од Фанар ја спроведуваа во период од 200 години.

Токму поради фактот што тоа беше политичка игра за грчки интерес, еден век подоцна, патријаршистите не можеа да се одржат во Македонија, па веќе кон крајот на 19-от век, со формирањето на Егзархијата, улогата на патријаршискиот митрополит во Скопје, но и во другите епархии во Македонија опадна до тој степен, што едвај можеа да останат самоодржливи и опстојуваа благодарение на помошта од Цариград и турските власти. Оваа состојба им беше јасна во Цариград, но и на тогашната руска дипломатија, а секако и на Србите, кои, придржувајќи се кон стратешкиот план на Гарашанин, „Начертание", требаше да навлезат во Македонија (историски неосновано наречена „Стара Србија") и да ја поделат со Грците.

Класична регионална геополитика, во која Русите се вклучија од страна на Србија, а на наша штета. Само да појаснам дека немам ништо против Русите, но ова го напоменувам од сосема прагматични соображенија, а се однесува на сегашната слична руска црковна политика во спорот помеѓу СПЦ и МПЦ-ОА.

Уште неколку реченици за Фирмилијан Дражиќ, поточно за неговото доаѓање за митрополит Скопски, а со цел сликата во однос на историската ретроспектива и компарирањето со улогата и дејанијата на вториот Фирмилијан, Јован, да биде појасна.

Токму по наредба на Петроград, рускиот пратеник во Цариград вршел интензивен притисок врз Султанот, но и преговори (пред сè за цената која треба да се плати) за Фирмилијан да биде хиротонисан за митрополит Скопски. На ова силно се спротивставувале Грците, бидејќи „тоа штетело на грчката идеја во Македонија", па така и планираната хиротонија на Фирмилијан за 26-ти мај 1902 година во Солун била одложена, бидејќи не можело да се најде црковно-

училишна општина во градот и околината која ќе прифати во неа да се изврши хиротонијата, иако сè било платено и подготвено за реализација на овој чин. (Подетално за историските собитија во магистерскиот труд на Антонио Петков „Српската црковна пропаганда во Македонија“).

Плаќањето за хиротонија (ракополагање) на свештеник или епископ, поточно плаќањето за добивањето на благодата за слегување на Светиот Дух во Светата Православна Црква е тежок грев и се нарекува Симонија: „А Симон, кога виде дека Духот Свети се дава со полагање раце од апостолите, им донесе пари и им рече: Дајте ми ја и мене таа власт, та над кого и да ги положам рацете, да Го прими Духот Свети! Но, апостол Петар му рече: Среброто твое нека загине заедно со тебе, зашто помисли дека дарот Божји може да се стекне со пари. Ти немаш дел ниту право на таа работа, бидејќи срцето твое не е право пред Бога. Туку покај се за оваа зла намера и помоли му се на Бога за да ти се прости помислата на срцето твое, бидејќи те гледам дека си исполнет со горчлива жолчка и во окови на беззаконие“ (Дела Апостолски 8, 18-24).

Второто правило на четвртиот вселенски собор вели: „Оној епископ кој за пари ќе ракоположи друг епископ и благодатта на Светиот Дух ја претвори во предмет на продавање и со тоа се здобие со материјална корист, поради прекршување на каноните да биде расчинет. Додека лицето кое на овој начин се стекнало со достоинство и епископска служба, од истата да нема никаква полза и корист. Оној, пак, кој учествувал и бил посредник во оваа трговија ако е епископ да се расчини, а доколку е световно лице да биде анатемисано“.

И ете толку за праксата на српската и руската политика од тоа време, која нешто како да потсетува и на денешните собитија, и за Фирмилијан Дражиќ, и за канонite на Светата Православна Црква.

Сега, за она што е компарација на сегашната состојба и прагма во повторно прекршување на канонite и улогата на Фирмилијан Втори, Јован.

Овој Фирмилијан вториот, или современиот, не даде пари за хиротонија. Беше хиротонисан за владика канонски, во редот на епископите на Македонската Православна Црква. По неговото отстапување од заклетвата за верност кон МПЦ-ОА и преминување под закрила на СПЦ, формирајќи ја ПОА, истиот беше расчинет од страна на Синодот на МПЦ-ОА. Но, тоа не им пречеше на епископите на СПЦ, кои едноставно ја игнорираа одлуката на Светиот Архерејски Синод на Македонската Православна Црква, што ја прогласија за неканонска и си го прифатија Фирмилијан Втори како канонски хиротонисан епископ, продолжувајќи да го нарекуваат Митрополит Велески, со додавката

Егзарх Охридски. Потоа го поставија за архиепископ на ПОА и му формираа Синод за да може да функционира човекот.

Еве ја компарацијата. Истото го направија пред точно 100 години, 1902-2002. Некоја чудна случајност, со истите методи да ја повторуваат историјата на секои 100 години. Потоа си ги прифатија крштеннието, монашењето, ракопологањето во ѓакон, јеромонах, епископ и митрополит од страна на МПЦ-ОА и на крајот си го поставија за архиепископ на нивната творба ПОА. И повторно МПЦ-ОА била неканонска. Која шизофренија кај луѓево, ги прифатија сите свети тајни кои врз Јован се свршија во МПЦ-ОА, а самата МПЦ-ОА ја прогласуваат за неканонска.

Па, самите тие, со помош на својата државна политика и поддршка на руската дипломатија, но и со убави пари (30.000 динари во 1901 година на тогашниот последен грчки митрополит во Скопје Амвросиј, 80.000 динари за цариградскиот патријарх Антим VII, 50.000 динари на патријаршискиот логотет, 12.000 динари на патријаршијата во Цариград, по 15 златни наполеони на Хиоскиот, Литискиот и Воденскиот митрополит за извршената хиротонија и по 10 златни наполеони на игуменот и ѓаконите на грчкиот манастир Скалоти), отсекогаш биле подготвени да платат за запоседнување, духовно и физичко, на Македонската земја. Впрочем и Александар I Караѓорѓевиќ дефинитивно плати над еден милион златни франци на Цариград, за да ги „откупи“ епархиите во вардарскиот дел на Македонија, кој Србите го окупираа по Првата светска војна.

Така, пара по пара, динар по динар, златник по златник, од српската државна каса се одвојуваше и за духовно поробување на Македонскиот народ. Кога сето тоа не даде краен плод, последниот српски владика Јосиф, митрополит Скопски, во 1941 година мораше да си замине, бидејќи, нели многу беше возљубен од народот над кој епископуваше, а во исто време и самиот многу го љубеше истиот, и никогаш повеќе не се врати во Скопје. Притоа СПЦ се судри со историската реалност дека Македонскиот народ има право на своја помесна автокефална црква, која е втемелена врз Јустинијана Прима и Охридската Архиепископија, па премина на други механизми за попречување на домородната црковна организација во Македонија.

И, еве го Фирмилијан Втори, Јован, по методите и постапките, по финансирањето од надвор, а не од сопствениот народ, бидејќи на работодавачите треба да им се испорача резултат, да се има сработено. Но, тешко му оди, па сега ајде малку и политика да фатиме, што не е ништо ново, зашто и Фирмилијан Дражиќ беше експонент на великосрпската политика кон Македонија и уште тогаш и самиот констатираше дека во Скопје нема поддршка за србски владика па така

неговата хиротонија беше проследена од неговиот роден брат (свештеник) и 2-3 локални србофили од Скопје, па зошто тогаш Фирмилијан Втори тоа да не биде и не го ползува. Така, дојдоа на ред оние шарените за кои Фирмилијан Втори зборува дека се превреднувачи на вредностите. Убаво од него што има барем за некого позитивно мислење, бидејќи досега слушавме само негативистички изјави, но како токму за нив? Каде ли ги препозна новите квалитетни вредности и превреднувања без Бога?

Сега се фаќа за сламка, сега СПЦ не мора да плати на Цариград, не може да навлезе во епископатот, клирот и монаштвото, а уште помалку во Православниот народ во Македонија и да го дезинтегрира и оттргне од неговата Света Македонска Православна Црква - Охридска Архиепископија. Научена да плаќа и потплатува, СПЦ сега повторно плаќа, само за издршката на Фирмилијан Втори, исто така како што плаќаше и за опстојувањето на Фирмилијан Дражиќ во Скопје. Тоа е очигледно - кој манастир е општежително развиен и во кој Фирмилијан Втори има монаштво, свештенство и верен народ, кој со своите прилози или по пат на треби помага да се одржува и унапредува манастирот или црквата? Дали можеби има во еден манастир десет, петнаесет или триесет монаси и уште десетина искушеници, па тој манастир со своето ракоделие и благодат од Бога е во состојба да биде самоодржлив? Секако дека нема, па затоа мора да опстојува од странски донации, нешто како соросоидиве, само на верска основа, на релација север-југ. Во целата оваа богоборна збрка која во својата основа има за цел да лиши од спасение цел еден народ, или скоро два милиони православни души, преовладуваат личните и геополитичките интереси. Очигледно е дека владиците на СПЦ не ги интересира спасението и вечниот живот во Христа, туку единствено големодржавниот интерес, во кој СПЦ е сериозен инструмент. Во исто време, Фирмилијан Втори, Јован, зборува за превреднување на вредности без Христа, а заедно со ЛГБТ заедницата, социјалисти, анархисти и ултра левичари, кои не Го признаваат Бога, со новинари кои Го мразат Христа и Светата Православна вера. Сето ова е на иста линија и Фирмилијан Втори и однесувањето на СПЦ најдиректно, а посредно и на некои други помесни Православни Цркви. Пред сè, ова е политичка, односно геополитичка борба, бидејќи тука нема ништо оцрковено и вистинито во Христа.

Во исто време, СПЦ си спроведува своја агенда за денационализација на Македонскиот народ, негово духовно поробување и уништување на МПЦ-ОА и во тоа потполно се усогласува со Грците.

На трета страна, исто како и пред нешто повеќе од 100 години во времето на Фирмилијан Дражиќ, со своја црковна политика се вмешува Руската Православна Црква, но според мое длабоко уверување не само како црковна политика туку и како експонент на Руската државна политика и глобална стратегија.

Ова е третиот дел од повтореното историско сценарио на воспоставување на Фирмилијан Втори како српски егзарх во Република Македонија, при жив и слава на Бога здрав, Архиепископ Охридски и Македонски Стефан, функционален Свет Архиерејски Синод на МПЦ-ОА, многубројно свештенство и секако, монаштво со старци и манастири, кои општежително се функционални и во кои може да се почувствува благодатта на Светиот Дух. Овој трет дел се однесува токму на улогата на Руската Православна Црква и нејзината црковна дипломатија. Не сум сигурен дека внатрешните тенденции во РПЦ и нивната „љубов“ кон СПЦ е во потполна поврзаност со званичната руска световна-државна дипломатија, а особено дека таа поврзаност е „љубовна“, туку дека не се работи за употреба на еден од инструментите на руската прагматична политика, но поприлично сум сигурен дека во односите СПЦ-МПЦ имаат перцепција (секако погрешна) дека се работи за ист проблем како во односите на РПЦ со Црквата во Украина. Токму затоа и активностите на Архиепископот Иларион Алфеев беа насочени кон ослободувањето од затвор на осудениот за криминал Јован, а со ветување дека истиот ќе се повлече во Русија (званично на лечење) и ќе се отвори процесот за решавање на оваа рана, која е болка за целото Православие. Но, ништо од тоа. Фирмилијан Втори се врати во Македонија и Србија, и продолжи со своите, пред сѐ национални и политички провокации. Во исто време, мора да кажеме дека се чека и на сеправославниот Собор во Крит, за да се решат напластените прашања во односите на помесните православни Цркви. Клучен дел од ова решавање е и прашањето на автокефалијата. Но, и РПЦ има свои интереси, нешто слично како во врмето на Дражиќ (веројатно заради добивање послушност на СПЦ кон нив), па така и сега во ова време на новиот Фирмилијан, со својот став на „неутралност“ не ги помага српските интереси кон МПЦ-ОА, туку ги штити сопствените во однос на Украинската Православна Црква, која, да напоменеме, никогаш претходно и не била автокефална, за разлика од Охридската Архиепископија, чија наследничка е МПЦ-ОА, па со оглед на овој факт тоа е сосема непотребно и дури и штетно за РПЦ во Македонија и перцепцијата која Македонскиот народ ја има кон Русија. Во контекст на сеправославниот собор на Крит не очекувам ништо спектакуларно во однос на решавањето на проблемите кои ги има Православието, туку очекувам помесните Православни Цркви да се

однесуваат во согласност со државните интереси на земјите од каде што доаѓаат.

Така, бркајќи ги сопствените геополитички интереси, РПЦ ќе чека да мине сеправославниот Собор, на кој ништо нема да се реши по оваа прашање и повторно ќе имаме иста состојба. Дури може да се очекува и обид за заземање на став со кој признавањето на автокефалија не може да се изврши без согласност на сите помесни Православни Цркви. Тогаш ќе има простор за право на вето и ќе имаме состојба на хаос. Ова се типично световни пристапи кон признавањето на автокефалноста на некоја помесна Православна Црква и имаат врска единствено со тривијалните геополитички и регионални државни интереси.

Затоа, сметам дека сега е времето за решавање на отворените прашања помеѓу СПЦ и МПЦ-ОА, но без вмешување на Фирмилијан Втори – Јован, ниту пасивно, а со искрено залагање на РПЦ и некои други помесни Православни Цркви. Не постојат никакви канонски пречки за автокефалноста на МПЦ-ОА, дури и историската пракса е на страната на МПЦ-ОА, затоа уште еднаш повторувам: „Не е христијански и Христољубиво да РПЦ го употребува Фирмилијан втори и состојбата на релацијата на МПЦ-ОА со СПЦ, заради заштита на своите интереси“.

Нема потреба од овој пристап, бидејќи Македонската Православна Црква – Охридска Архиепископија не е исто што и Украинската Православна Црква, за да претставува преседан. Токму улогата на СПЦ, како историска, така и современа, претставува преседан кој негативно влијае врз целото Православие.

А, Фирмилијан Втори, ќе исчезне како и неговиот претходник Дражиќ, бидејќи симонијата и политиката на превреднување на вредностите со предавниците и богоборците во апостасија, не може да го одржи во живот и опстојување на Македонските простори.

Христос Воскресе – Навистина Воскресе!

## 6. Озлобеност на интелектуалното дно или мрачни души - 23.05.2016

Озлобеност како озлобеност и во основа тука нема интелектуалност или неинтелектуалност, тоа е само злоба, омраза, горчина, фрустрираност кон другите и на крајот веројатно огорчувајќи си ја душата и фрустрираност кон самиот себе. Кавга со Бога, со се и секого, кавга со природата, со минатото и со иднината, а најмногу со сегашноста која не ја поднесуваат, бидејќи не е според нивната мерка.

Впрочем, Кумановчани имаат една поговорка за овие луѓе професионални „мразачи“ која вели: „До пладне мрзи цел свет, а попладне и самога себе“.

Оваа појава на омраза на се што не е според идеологијата, ставовите, перцепциите и начините на функционирање во животот (не во политиката, нагласувам ВО ЖИВОТОТ) на овие „маски од личности“ претставува основ за избликнување на нивната злоба како вулкан кој ги разголува нивните мрачни души.

Тој изблик е присутен во секој миг од нивниот живот, во секојдневното обраќање кон околината, во написите кои ги презентираат како таканаречен интелектуален став, во дневните вести, во медиумите кои за вест бараат негативност и во најмала статистичка погрешка или едноставно случување во животот. Се е лошо во државата, сите кои не се со нив се криминалци, а оние кои не ги исполнуваат нивните политичко-мразачки перцепции и цели се исто така никакви и неспособни, светот пропаѓа, сите се глупави и недоветни, се оди во апокалиптична пропаст. Ова се нивните озлобени перцепции и покажува колку се неспособни за создавање на нешто добро. Тоа е болест која треба да се лекува.

Немам дилема околу тоа дали само се озлобени или се мрачни души. За жал на нив, но и на општеството тие се и двете и јас лично сочувствувам со нивната внатрешна болка која длабоко во себе ја носат и од која неможат да се ослободат. Секако, тоа никако нема да го сторат самите, на нив им е потребна психолошка и духовна помош, но под еден услов, сами да ја побараат.

Мојата дилема се однесува на тоа каков ли извитоперен ум, нив (Ордановски, Тричковски и Грчев) ги прогласува за интелектуална големина со прекрасни идеи за демократија и слобода, односно како да се деструира Македонија. Персони кои преку својот „интелектуален“ труд и „творечко“ перо ќе ги просветлат граѓаните на Македонија за тоа како треба да се мрази. Токму тоа, Героски како перјаница на

„демократијата“ го испромовира, повикувајќи се на некаков си капацитет на овие ликови.

Ова е само вовед во она што сакам да го споделам со јавноста како чувство на сожалување кон мрачноста не кон интелектуалното дно на овие луѓе, а сега да кажам за конкретните перцепции. Тоа се перцепции кои секој граѓанин на Македонија, цивилизиран и образован, изграден интелектуално и емотивно ги споделува.

Грст пцовки, навреди, манипулации со зборови, сентенци извадени од туѓи мисли ставени во тенденциозно погрешен контекст за да се добие на значење. Тоа е интелектуалното дно на овие човекомразачи и себељупци.

Но, сите овие навреди не се случајни и не се однесуваат единствено кон структурата на ВМРО-ДПМНЕ или нејзиното раководство. Тие во својата длабока суштина се однесуваат кон Македонскиот народ и кон сите граѓани во Македонија, се однесуваат кон секого кој не е во рамките на нивната озлобена перцепција, па дури и кон сите оние кои не се вклопуваат во нивната рушечка – нихилистичка матрица иако се дел од истиот идеолошки блок. Всушност, очигледно е дека се однесува кон сите и секого, како што впрочем нели тоа би го дефинирале кумановчани во една реченица. И колку тоа да е индикатор на болен ум, некој тоа го промовира, а тие кутрите мислат дека се интелектуална големина која треба да го просветли Македонскиот народ.

Како токму тој народ да не гледа што се случува пред негови очи и како се уништува, погани и навредува националното достоинство за туѓи интереси, па згора на тоа и уште е потребно истиот да биде највулгарно навредуван од овие интелектуални дна. Навредуван директно и тоа само со една единствена цел, постигнување на политички резултат кој треба да го испорачаат на своите наредбодавачи. Типичен Макјавелистички пристап на помрачени умови кои за жал ниту овој принцип на дејствување го разбрале онака на високо интелектуално ниво како што им доликува туку тоа го разбрале сирово и така и го интерпретираат и практикуваат.

При секоја своја вулгарност која Тричковски со полн „интелектуален“ капацитет верификуван од Героски ќе ја употреби, единствено останува гола вулгарност и очигледна фрустрација, дури и од состојбите во СДСМ. Ова отвора едно ново поглавје за политички прагматична анализа која пред се СДСМ треба да ја направи. Таа се однесува на насушната им потреба од силни и длабоки внатрешни реформи, не на шминка на грдото им лице, туку на преформирање на самите себе и тоа ментално и политички во однос на пристапот и целите кои треба да ги остварат во насока на реализацијата на

македонските национални интереси, секако доколку сакаат да бидат релевантен политички фактор, а не инструмент во рацете на група квази интелектуалци кои за големи хонорари спроведуваат антимакедонска идеја. Во таа идеја дури и СДСМ е само дел од калкулацијата, колклу и да се самозалажува Заев. Впрочем неговите шизофренични и недоветни изјави како онаа дека не оди на избори на кој ќе победи затоа што Груевски и Ахмети нема да ги признаат, само ја покажуваат руината на антидржавната опозиција. Во тој недостаток на умствен капацитет и кредибилитет, емпатија и определени цели компатибилни со националниот интерес и прагматичните потреби на граѓаните, сосема е нормално да слушаме глупави изјави, да гледаме злобно однесување, да читаме навреди и пцовки, а се како врвен израз на интелектуално дно на персони самопрогласени за интелектуалци.

Згора на тоа, Тричковски се повикува на една веќе одамна созреана идеја за организирање на Уствотворно Собрание. Оваа идеја одамна е созраена кај многу луѓе, вистински демократи и интелектуалци кои слободоумно гледајќи на состојбите во Македонија бараат уставно-правен излез од оваа апсурдна и полна со преседани ситуација која ја наметна СДСМ поддржан од надворешни фактори и внатрешни платеници, но на која за жал потклекна ВМРО-ДПМНЕ. За причините зошто ВМРО-ДПМНЕ потклекна ориентирајќи се кон зачувувањето на мирот и стабилноста во Македонија во друга прилика.

Уставотворно Собрание на кое ќе присуствувале „тие“. Повторно „тие“ имаат право да прават држава според нивниот озлобен критериум и преку таканаречени револуции во кои не учествува мнозинството граѓани. Затоа се повикува на линч на неистомислениците, на физичка елиминација на секој кој не е во нивната матрица и кој нема мрачна душа. Колегата Калајџиев, покрај промоцијата на украдената идеја, а кој исто така е далеку од демократски профил на универзитетски професор и во овој момент во недостаток на аргументи се обидува да глуми жртва на „режимот“ поради неговите демократски  (читај вандалски) настапи, покажувајќи со личен пример како не треба да се однесуваат идните правници, го повикувам јавно да ја каже неговата „изворна“ идеја како треба да изгледа четвртата Македонска Република по „нивното“ Уставотворно Собрание. Замолувам само за основните – темелни вредности и ставови околу идното уредување на Македонија како држава. Откако ќе се осмели дали лично или преку интелектуалните дна, па дури и со пцовки и навреди или претставување како жртва на „режимот“ да ги изнесе овие постулати и притоа да ни го образложи начинот како во пракса тоа ќе заживее, ќе можеме барем во еден мал дел да ја осознаеме и признаеме нивната шарена квази борба за Македонската држава. Во

исто време ќе добиеме неповторлива можност да им ја разбереме толку присвојуваната „државотворност“ и особено идејата за тоа како тие би ја воделе Македонија, секако кога веќе СДСМ никако да излезе со програма и визија пред македонските граѓани, колегата Калајџиев може да послужи како супститут. Се останато, е само блед обид за политичка манипулација со граѓаните и дрзок плагијат на туѓи разработени идеји, јавно изнесени пред повеќе од една година и досега неколку пати кажани во јавноста.

Ете тоа е „интелектуалниот капацитет“ на „еминентни“ професори и интелектуални дна, само плагијати и бледи манипулации поддржани со вулгарности и омраза на сите и се.

Продолжетокот на оваа мразачка олимпијада во која учествуваат многу ликови и медиуми, но во овој текст нема да се задржувам на ликовите од СДСМ кои до скоро беа технички министри или заменици и кои ништо ниту технички не сработија, туку само опструираа со цел да ги усложнат работите, поигрувајќи си со животите на нашите сограѓани и тоа оние најранливите, како и со негативистичките известувања на некои полни со омраза медиуми, ќе го направам тоа со уште една мрачна душа.

Душата Ордоноски кој некогаш беше директор на МТВ и од таа позиција требаше со сите сили да го засилува македонскиот национален идентитет и државност. Жална приказна која во својот свет на омраза го понижува целиот свој народ, целата наша нација и тоа со историска ретроспектива. Веројатно над неговите изразени интелектуални спсобности влијаеле стиховите од песната на познатиот србски националист (Бора Ѓорѓевиќ) па како појдовна точка за својот потсмев со сопствената нација ги зема токму нив (За идеале гину будале). За да ја имаме денес оваа Македонија на ова парче македонска земја мнозина на разни начини се бореа и го дадоа својот живот. Секако за него и за неговото лагодно позиционирано мразење и подгревање на мрачната душа ништо не се саможртвите на нашите претходници, па дури и на оние кои во нашето современие ги положија своите животи за татковината и тоа како идеал и прагма за создавање на наша сопствена држава Република Македонија.

Разочарани пред се од прагматичната политика на странците, семразачите и нив ги сметаат за виновни што нивните нихилистички идеи не се реализираа во миг, а толку силно чувствуваа дека се близу до својата пирова победа и ликуваа за денот кога ќе можат да се изживуваат врз маките на сопствените сонародници, а од позиција на силници. Впрочем, погледнете го однесувањето на некои истакнати членови на СДСМ кои се однесуваат агресивно како резултат на нивната озлобеност. Крајниот невкус на однесување е силно и отворено

изразената желба за насилство и жед за апсолутна и неконтролирана власт. Над крв се радува само нечестивиот па чија и да е таа. Само тој се радува над човечките страдања и со адско смеење го покажува своето задоволство, бидејќи мрази и има мрачна душа.

Токму овие мразачи и мрачни души, „интелектуалната величина“ на Геровски која истиот ја промовира во движечка сила која треба да донесе нови идеи всушност се тие кои се радуваат над туѓата несреќа. Тоа се оние кои се задоволни од туѓите страдања. Токму тие се оние кои нихилистички го поништуваат туѓиот труд и успех, а во исто време не се способни за ниту едно добро дело. Не се способни за напредок за отворен и светол ум и мирна светла душа која тешко се гради и уште потешко се чува во таа состојба.

Ајде обидете се да се осветлите колку и да ви е тоа мачно и тешко, знам дека сте неверници во Бога и вечниот живот и спасението дадено одХристос, но ајде Геровски како нивен духовен Гуру побарај помош за себе и за својот извитоперен ум, а потоа обиди се да им сугерираш, поради нив самите и поради себеси да се обидете така колективно да си ги исчистите и осветлите душите.

Едноставно поставувам едно реторичко прашање: „Колку ли треба да си со извитоперен ум за да тврдиш дека овие безлични ликови се „интелектуална големина која треба да даде нов импулс во решавањето на политичките збиднувања во Македонија“? Тоа што веќе го понудија и продолжуваат да го нудат е само уништување, омраза, злоба и мрачност. Што уште очекуваш во својот „ум“ или тоа е твое самооправдание за твоите сопствени извитоперени перцепции и нихилистички нагони?

Потоа можеби ќе имате доблест да побарате прошка од граѓаните за навредите кои им ги упативте и им ги упатувате. Тоа е добро пред се за вашето ментално здравје и понатамошниот живот, за да се измиете пред историјата доколку е тоа можно и ретроспективата која некои други и во други времиња ќе ја прават и во која ретроспектива ќе бидеме вклучени сите ние поединечно и колективно, а за што ќе сведочат и нашите јавно пишани или изречени ставови.
А, напишаниот збор останува да продира во совеста и да сведочи во иднината за едно време на мрачни души.

## 7. Неинвентивност - 21.06.2016

Неинвентивноста е карактеристика на луѓето кои се безидејни, кои немаат моќ за имагинација и способност да погледнат барем малку во иднината и проценат што би требале да сторат за да направат барем два позитивни навремени чекори. Ова е исто и со политичките партии, впрочем кај нив е поизразено во однос на перцепцијата за иднината, но не само иднината на нивните раководства туку пред се иднината на сопствените граѓани и овозможување на поквалитетен живот. Всушност, тоа е вложување во јавни добра, инфраструктура, економија, здравство, земјоделие, образование и се она што ќе овозможи колективен просперитет, но и еднакви услови за поединечен напредок на секој човек во државата, а во зависност од неговите лични способности.

Политичките партии по својата суштина, но и според социолошко-политичката дефиниција се социјални групи кои се создаваат врз основ на интерес на своите членови. Во својата програма неминовно покрај политичката-идеолошка платформа имаат и детерминирани цели кои како прагматични општествено-економски активности тежнеат да ги остварат. Токму овие цели ги покажуваат вистинските определби на политичките партии кои во едно демократско општество во својот пристап кон граѓаните се обидуваат да им понудат решенија за подобар и просперитетен живот. Таа понуда покрај програма која ќе ги опфати сите аспекти на живеењето во државата се темели и врз претходното искуство кое самата политичка партија го има во своето децениско битисување на политичката сцена, претходните искуства со нејзиното владеење кои ги имаат граѓаните и на крајот, но секако и најважно тоа е инвентивноста на политичката партија за конкретно препознавање на проблемите кои ги допираат граѓаните и како тие да се решат во актуелниот миг и во иднина.

Ете токму за инвентивноста, политичка и општетствена како матрица на едно идеолошко однесување ќе стане збор во овој текст. Не затоа што нема што да кажеме во однос на досегашното искуство за владеењето на СДСМ, како тоа го перцепираат граѓаните или за неговите конкретни ефекти, туку затоа што во целата своја желба за доаѓање на власт и ништо повеќе, раководството на СДСМ е крајно неинвентивно. Неинвентивно е не само во понудата кон граѓаните и разбирањето на нивните проблеми и конкретните идеи за решавање на истите, туку и кон директната политичка борба која ја водат со сите средства против ВМРО-ДПМНЕ при што најмногу штета и нанесуваат на Република Македонија и нејзините граѓани.

И ете во овие приближно две години наметната политичка криза во Република Македонија, со целосно самопонудување на СДСМ и себеставање на услуга на „странскиот фактор“, видовме една голема неинвентивност. Луѓето од СДСМ кои претендираат да ја водат Република Македонија покажаа едноставна неинвентивност и ништо повеќе. Тоа е крајниот резултат од нивната политичка програма, идеолошка платформа, прагматичен однос кон проблемите на граѓаните, едно големо разоткривање на менталната и внатрешната психолошка и идеолошко-политичка структура. Структура на групата наречена СДСМ (а во основа длабоко комунистичка и тоталитарна) која како основна цел го има доаѓањето на власт. Во основа тоа е крајно легитимна цел, но во нивната неинвентивност тоа е изразен идеолошки концепт подгреан со празни флоскули за „недемократија и режим“ во Република Македонија и ништо повеќе, ниту збор за конкретните решенија за подобар живот на граѓаните и задоволување на нивните потреби. „режим“ кој им дозволува да дивеат и вандализираат, да навредуваат и се закануваат и слободно да говорат секакви лаги и измислици секојдневно во медиумите кои нели се контролирани од „режимот“ во кој тие се жртви. Таа неинвентивност која ја преточуваат во омраза и гнев не само против ВМРО-ДПМНЕ туку и кон секој граѓанин кој од лични причини не се согласува со нивните методи уште повеќе ги втурнува во будаласти и непродуктивни обиди за политичко и морално уривање на раководството на ВМРО-ДПМНЕ, притоа служејки се со куп измислици кои се толку провидни што предизвикуваат смеа и воедно сожалување за затапените и неинвентивни умови на СДСМ. Во нивните жални и темни умови се е ориентирано кон деструкција, а секако дека ниту еден нормален и инвентивен ум неможе да ја претстави деструкцијата како нешто продуктивно.

Според сето она што во пракса го покажуваат во својата неинвентивност, можеме да заклучиме дека СДСМ се заробени во времето. Ги применуваат истите манипулативни, фабрикантски, полувистини и невистини во политичката борба за освојување на власта која толку многу ја љубат како да се во темната ера на Бранко. Основната поента на оваа делување на СДСМ е да бидат во власта по секоја цена па дури и на штета на државата, но тие мора да се на власт дури и без избори. Токму нивната психолошка дезориентација дека се од Бога дадени (или како што верува нивниот лидер „црпнати од Господ“) да владеат со Македонија претставува основ за неинвентивност.

Тешко оди таа психолошка и пред се политичко-идеолошка промена кај СДСМ, а во моментов се чини дека е дури и невозможна.

Колку и да се сервилни кон „странскиот фактор“, колку и да очекуваат надворешна помош, Канваси, некои протестирачи, изгубени анархисти кои се замислуваат левица, маскирани во ликовите кои се далеку од личности, тие ќе останат неинвентивни. Се е попусто, и копирањето на Саревската „шарена револуција“ од 2006, паролите „Валтер брани Сарајево“, „ајмо сви звиждаљке“, измислени прислушувани материјали, гатачки, жалби и поплаки на избирачкиот список како да сме бројни како Кина, обидот за цензурурање на медиумите, парализирање на нормалниот секојдневен живот со блокади од по 50-тина лица, заплашување на граѓаните, закани кон државните институции со нивно палење (впрочем знаеме дека се пиромански настроени од повеќе примери на нивни членови и непосредно палење на народната канцеларија на Претседателот на Република Македонија) и на крајот со некакво преземање на демократијата во нивни раце, веројатно сакајќи да кажат дека ќе продолжат со деструкција и дивеење што го поимаат како демократија.

Е тоа е врв на неинвентивноста, политичко самоубиство. Би сакал неинвентивниве да се обидат да ми објаснат како тоа со насилство, уривање, вандализам и палење на државните институции се зема во свои раце демократијата.

А на избори не сакаат. Не сакаат да ја земат демократијата во свои раце на избори, онака како што доликува на цивилизирана држава и политички изграден народ како што е Македонија и македонските граѓани. Неможат впрочем, бидејќи во својата неинвентивност немаат што да понудат на граѓаните и затоа глумат револуционери.

Затоа сакаат да ја земат државата насила, така ја претставуваат нивната демократија, нивното поимање на демократијата а тоа накратко значи: „Демократија е сите да мислат како мене и кога уривам и уништувам општествено добро тогаш јас сум демократ, а кога полицијата ме приведува поради насилство и вандализам тогаш тоа е режим“. Впрочем тоа изгледа токму онака неинвентивно како кога Заев нивниот ептен неинвентивен Гуру ќе се обиде во стилот на Јосип Броз да каже дека не ја признава судската власт во Република Македонија. Таа иста судска власт за чија независност толку лицимерно се бори истовремено заканувајќи и се. Но, тоа е во неговата природа, манипулации, лаги, политичка некоректност, тоталитаризам, закани, корумпираност, безидејност и над се и пред се, силна неодолива желба за власт измешана со шизофреничност кон реалноста во која се наоѓа. Власт апсолутна преку која би сакал да се освети на „режимот“. На истиот оној „режим“ кој веќе година и половина му дозволува да спроведува деструктивно сценарио, да одработува за туѓи интереси против сопствената држава, му дозволува да се заканува на се и секому

во Република Македонија и да не ги признава институциите на државата во која што претендира да владее.

И еве тргна да ги води протестите во кои некои маски по деструкцијата на зградата на Министерството за правда се обидоа да го уриваат споменикот на Прометеј покажувајќи скотска омраза кон сопствената држава и народ. Навистина очекувам МВР да поднесе кривична пријава против лицето (не личноста, бидејќи човекот не е личност) Зоран Заев кое како организатор на протести (бидејќи СДСМ стои зад организацијата на последните протести, а не некои си „протестирам" како неидентификувана група) во целата своја неинвентивност и црпнатост не преземал мерки за истите да бидат мирни и ненасилни. Потоа соодветни кривични пријави треба да добијат сите оние маски кои да се надеваме по преумувањето ќе успеат да го поминат патот па од маски да станат личности. Во тој момент на очовечување верувам дека длабоко ќе се срамат од својата неинвентивност.

Сите обиди да се предизвика копирање на некои туѓи сценарија во Република Македонија само го отсликуваат очајот на неинвентивноста на СДСМ и сите оние маски кои како бедни имитаации шетаат низ животот, а се обидуваат да го одземат нашиот спокој и животна светлина.

За разлика од нивната неинвентивност која е резултат на помрачените умови и омраза која ја имаат кон сопствениот народ некој е многу трпелив и подготвен да се саможртвува за да спречи поголеми инциденти и ескалации и покрај навредите и ризикот по сопствениот живот. Некој пак други сосема јасно и отворено, со полна политичка одговорност ги претставуваат своите политики, но и практични резултати пред македонските граѓани кои се видливи на секој чекор и очигледно на неинвентивните им бодат очи така што од дното на нивната помрачена душа сакаат да не ги гледаат, да ги избришат ако се може. Трети пак отворено и без маски застануваат пред медиумите и јавноста предводејќи ги граѓаните на мирни протести, а со единствена цел, поддршка на институциите на државата, но во исто време и со втора цел, едукација за демократско однесување во едно цивилизирано општетство.

Токму тоа го фрустрира СДСМ до крајни граници, полудувајќи ја нивната психа која и така изместена и неинвентивна ги внесува во крајна ирационалност. Па зарем мислат дека со деструкција на објекти, уривање на споменици, провокации врз полицијата, навреди кон сите оние кои не ја прифаќаат нивната неинвентивност и додворување на „странскиот фактор", навреда кон сопствениот народ и држава, измислици и лаги ќе им се допаднат на граѓаните и тие ќе гласаат за

нив? Ова реторичко прашање е почетокот и крајот на сета нивна неинвентивност, бидејќи доколку рационално и здраворазумски успеат да го одговорат ќе си дадат шанса самите себеси да го минат за нив тешкиот еволуциски пат од маска до личност. Всушност неопходно е да се вратат на основните етички и морални вредности традиционални за македонските граѓани, без ЛГБТ и анархистичката збирштина и да станат длабоко свесни дека „оној што за нож се фаќа, од нож и умира", доколку можат да ја разберат оваа евангелска метофора во однос на нивниот обид за насилно доаѓање на власт и со тоа каков модел на политика востановуваат во Македонија.

Потоа, се надевам дека СДСМ ќе успее во друг внатрепартиски амбиент да ги измени и своите засега деструктивни цели, секако доколку ја смени својата идеолошко-политичка матрица и ги ослободат своите заробени умови. Но, за да го постигнат тоа најпрво треба да станат личности, личности со интегритет и инвентивност која толку многу им недостига.

## 8. Сеачи на магла или цртачи на веѓи - 27.06.2016

Глупоста е немерлива и безгранична. Секогаш можеме да се изненадиме од тоа колку подлабока глупост некој може да направи и уште згора на тоа да се фали дека направил епохално дело. Но, кога се работи за неинвентивниот лидер на опозицијата и СДСМ, тогаш сериозно се поставува дилемата дали човекот тренира глупост или е ...

Сепак мислам дека во целата своја неинвентивна стратегија СДСМ се класични сеачи на магла. Упорно се обидуваат да го збрлават народот македонски, но тој види го не се дава. И по скоро две години не се дава народот па тоа е, не се дава да му „цртав веѓе“ што би кажале Кумановчани во нивната изворна мудрост за во два збора да објаснат кога некој некого сака да направи будала, слеп при очи и глув при уши. Затоа на СДСМ не му оди никако да го збрлави народот, но чудо како не успеаа досега да го видат тоа и да си го сменат односот кон граѓаните и државата. Да престанат да го потценуваат својот народ, граѓаните, сите едноставни и еднакви македонски граѓани кои само сакаат мирно и достоинствено да живеат.

Но, ете СДСМ не престанува со своите отровни стрели против сопствената држава и народ и понатаму сметајќи дека македонските граѓани се глупави и неможат да ги препознаат нивните „комуњарски“ игри и игранки или цртања на веѓи.

Најпрво им засмета говорот на Претстедателот Иванов. Не ни очекував дека ќе го поздрават, а уште помалку дека такви какви што се ќе се вразумат и ќе извлечат поуки. Се фатија сиротите за една негова реченица која всушност во контекстот во кој ја изрече беше хипотетичка и ја отслика крајната нужда и сериозноста на сета состојба во која Република Македонија ја донесе токму СДСМ со својата неуставна инсталација СЈО, а за туѓи интереси. Истите тие кои во 2001 година ја онеспособуваа АРМ за изведување на борбени дејства преку своите инсталации, ја саботираа мобилизацијата на воените единици, а во меѓувреме се движеа на сигурно во Грција, сега пак имаат нешто да кажат и да искоментираат. Претседателот Иванов не се закани никому со употреба на Армијата, како Врховен командант и човек чија функција е најодговорна за заштита на безбедноста на Македонија, а во ова невреме и кога со министрите на СДСМ во Владата беше парализирано нејзиното функционирање во некои клучни ресори, Претседателот со наједноставни зборови им појасни односно им откри на граѓаните дека постоел толкав ризик врз нашата безбедност што можел во определен момент да ја употреби АРМ. Никаде не кажа дека тоа би го сторил вон Уставот и законите, ниту дека армијата ќе се

употреби против сопствениот народ, туку само за заштита на безбедноста на државата и на сите граѓани пред се од надворешни закани. Својата посветеност кон Република Македонија Иванов ја покажа дури и во реченицата дека подобро е да горат негови слики отколку да изгори Република Македонија.

И ете ја разликата помеѓу Заев и сите протестирачи од СДСМ и компанија и Претседателот Иванов. Таа разлика е видлива дури и во суетата која ги изеде аболицираниот, митаџијата Заев и неговото друштво. Не се подготвени да им се запали ниту фотографија нивна оти тоа е недемократски и им ги повредува чувствата, душички, а државата може да гори и нека изгори доколку тие не се на власт, а и народот нека страда важно е тие да се задоволни. Ете го првото цртање на веѓи.

Второто цртање веѓи е поврзано со онаа фамозно СЈО и Катица Јанева и другарките нејзини. Тоа продолжува со ненамалена жестина да се обидува да конструира случај за кој ќе се фати, односно да најде некоја кодошка исплашена душа која под уцена ќе прифати лажно да сведочи против раководството на ВМРО-ДПМНЕ. Сега во стандардната комбинација со СДСМ кој поднесува кривични пријави против судии, бара нивно изземање замислете поради тоа што судијата во случајот Тврдина наводно бил член на ВМРО-ДПМНЕ. Од каде тие знаат дали е член и на која политичка партија судијата, дали сакаат да му го одземат правото на политичка определба или можеби сакаат во случајот да суди судија кој е член на СДСМ, а можеби луѓето се со кратко паметење па не се сеќаваат чија другарка беше Ленче Софрониевска и плеада судии и обвинители кои во само еден ден 500 на број на една собраниска седница ги именуваа.

За сликата да биде покомплетна, неинвентивниот Заев истрча со изјава дека СДСМ го замрзнува своето учество во работата на Собранието се додека Уставниот суд не се произнесе за барањето на шарените (и нели СДСМ не е нивен ментор и организатор) дали СЈО е уставно.

Што е ова ако не е политички притисок врз Уставниот суд, врз Собранието, врз политичките партии, врз граѓаните. Притисок и отворање на уште еден проблем за продлабочување на кризата во која СДСМ пак ќе плива, ќе се храни со негативност и деструкција ќе има „причини" за дивеење и вандализам на нивните протестирачи, анархисти и шарени.

Нема потреба да сеете магла и цртате веѓи, а ниту да го чекате Уставниот суд за да бидете разголени и во овој свој обид за залажување на граѓаните. Ете јас ќе Ви го дадам одговорот господо од СДСМ и тоа пред јавност во Македонија. Точно СЈО е неуставно, бидејќи според Уставот на Република Македонија постои само едно Јавно

Обвинителство и никаде не е регулирано СЈО. Истото тоа СЈО е формирано на барање на СДСМ со посебен закон врз основ на меѓупартискиот договор и се однесува на истражување на кривични дела кои произлегуваат од нелегално стекнатите прислушувани материјали. Од тука СЈО не е уставно, но каде е измамата која СДСМ сака да ја протне кај македонските граѓани.

Измамата на СДСМ е на неколку нивоа. Прво, СЈО цело време дејствува како неуставна категорија, односно како темпирана бомба која во определен временски тајминг кога налогодавците ќе проценат СДСМ и Заев да ја активираат заради доуривање на правниот систем на Македонија. Второ, сосема е јасно дека Уставниот суд (доколку странците и СДСМ не ги притискаат судиите) ќе утврди дека СЈО е неуставно и со самото тоа ќе треба да се укине, а сите досегашни случаи вклучително и тоа кој и за кого прислушкуваше (Заев, Верушевски и други) ќе треба да преминат во надлежност на Јавното обвинителство, како и сите (непознат број според изјавите на Заев) прислушувани материјали ќе треба да се вратат во Јавното обвинителство и потоа тоа да постапува по истите.

Во оваа варијанта еден, СДСМ ќе добие „алиби“ дека е прекршен кретенскиот Пржински договор и ете можност за протести и кукање кај чадорот за помош против „недемократската власт“. Потоа влегуваме во нова фаза на дестабилизација на Македонија и продолжување на кризата.

Трето, доколку Уставниот суд под разни амбасадорски притисоци и закани од СДСМ заштитен од чадорот, сепак донесе одлука да го прогласи СЈО за уставно, тогаш ќе влеземе во планираната варијанта два.

Варијантата два ќе не воведе во ново барање на СДСМ за формирање на специјален кривичен суд и повторен притисок за потполно уривање на судскиот систем на државата.

Всушност, ова е само дел од лепезата на инструменти кои СДСМ планира да ги употреби за сопствените политички потреби, а преку дерогирање на правниот и судскиот систем на Република Македонија.

За сето ова, убеден сум дека Уставните судии се свесни и го знаат и токму затоа несакаат да ја разгледуваат оваа иницијатива, а се со цел да не ја продлабочат кризата и да не придонесат кон дестабилизирањето на Македонија. Ова е патриотски став и најлогичен да остане СЈО во оваа законски регулирана состојба како привремен орган со што нема да има подлабоки последици врз дерогирање на уставот и судскиот систем на Република Македонија.

Постои уште една можност, а тоа е СЈО со нов закон да влезе во состав на Јавното обвинителство како привремено одделение со истите

ингеренции и цели кои и сега му се ставени во надлежност. Тука би завршиле сите обиди за уривање на уставот и манипулирање со СЈО и создавање на други инструменти и механизми кои СДСМ сака да ги инсталира како паралелна судска власт во Република Македонија.

Ете тоа се основните чекори кои сејачите на магла и цртачите на веѓи сакаат да ги направат и да создадат паралелен систем во државата, систем кој треба само ним да им служи и тоа исклучиво за остварување на нивните политички цели, а за да можат да испорачаат резултати на чадорот.

Затоа и влегуваат во целата оваа операција на замајувања и глумење политичка борба. Притоа да се замајуваат граѓаните на Република Македонија со разни дезинформации, полуинформации и наводна политичка борба, претставува класично сеење на магла. Нема никакво епохално дело кое СДСМ го прави, а се поради демократијата и слободата, тоа е само дело за влез во хаос и понижување на сопствената татковина и народ.

За да ги покријат отворените антидржавни напади неинвентивните од СДСМ на секој начин се обидуваат да го отсликаат македонското општество како неуспешно и пред распад во сите аспекти, а потоа пак да вметнат некој политички бисер се со надеж дека ќе си го подобрат постојано надолниот рејтинг.

Во овие свои неинвентивни обиди СДСМ се обидуваат да направат сензационалност во измислени скандали и вести со кој дополнително треба да ја замајуваат македонската јавност. Една од овие сензационалности беше и обидот за по којзнае кој пат нападот врз здравствениот систем во Македонија да се прикаже како колапс на здравството и притоа ја избраа клиниката за гениколија. Ништо ново за СДСМ, секогаш ги избираат највидливите и најуспешните проекти кои ВМРО-ДПМНЕ ги реализира, па ете таков е случајот и со клиниката за гениколија и тоа на најмонструозен начин дека на оваа клиника последниве шест месеци починале 80 бебиња. Секако на ова невистина реагираше клиниката за гениколегија, и во секој случај многу е провидно кога зад овие информации стојат луѓе на СДСМ кој веќе се под кривичен прогон поради примање мито како вообичаена практика попримена од Заев. Оваа тенденциозна дезинформација и монструозност на инсталираните корумпирани членови на СДСМ во здравството, а насочена кон деградирање на раководството на клиниката, дезориентирање на персоналот, сеење магла помеѓу граѓаните и создавање на недоверба кон здравствениот систем и стручноста и квалитетот на лекарите и на крајот поништување на сите успешни политики и вложувања во здравството.

Како дел од сеењето магла, односно во стилот на сендвич моделирање на хаосот, СДСМ оди со ред правно-политички измами од корпусот на СЈО, потоа со некои егзистенцијални „скандали“, потоа со политички измами и сето тоа зачинето со наводните демократски невладини шарени протестирачи. Овој сендвич ќе треба да го проголтаат македонските граѓани, па така Заев во целата негов неинвентивност и со сиот ум сиромавиот зборува дека СДСМ била единствената политичка партија во Македонија која имала програма и со неа излегла пред граѓаните. Ќе беше смешно да не е трагично или Заев побркал нешто па мисли дека е во ВМРО-ДПМНЕ или можеби мисли на СДСМ да му препорача да се приклучи кон ВМРО-ДПМНЕ. И уште човекот вели дека поради тоа што единствено СДСМ има програма за работа тие ќе победат на избори на кој „сака“ да оди на шести Ноември и ќе ја зграпчел функцијата претседател на владата на Република Македонија. Дека сака да биде премиер не изненадува, впрочем сите од СДСМ сакаат државна функција, но дека ќе оди на избори во Ноември не верувам дека и самиот знае или верува, а згора на се, и самите членови на раководството на опозицијата признаваат дека ВМРО-ДПМНЕ и самиот Груевски во последната деценија воспоставиле такво темпо на работа, што тие и да се случи некое чудо да победат на изборите никогаш нема да можат да го постигнат тоа темпо и тие резултати.

На овој начин самите опозиционери признаваат дека немаат ниту сила ниту идеја ниту капацитет, ниту пак физички се подготвени да се саможртвуваат за подобрување на животот на граѓаните и напредок на Република Македонија. Затоа и нема програма која е видлива и конкретна, туку имаат само еден обичен флаер и памфлет од кој ништо неможе да се разбере освен неколкуте флоскули за „враќање на демократијата“. Очигледно е дека во такви услови Заев и сите околу него едвај чекаат да ги зграпчат државните функции за да можат да продолжат со сеењето магла дека нешто работат во нивната безидејност. Токму затоа и се обидуваат на на секој начин да преку деструкција создадат што поголем хаос и тоа директно на штета на граѓаните како што тоа го направија со ширењето на дезинформациите за девалвацијата на денарот и колапс на банките, но за среќа на краток рок и многу безуспешно.

Во основ, со употреба на сите средства и методи, по макјавелистички принцип на овој начин треба да не збунат и да заборавиме кој ја започна кризата, кој и за кого прислушкуваше и која е крајната цел на целата оваа игра во која краен губитник треба да бидат граѓаните и Република Македонија, односно да бидеме сите со нацртани веѓи во посеаната магла на Заев и компањоните му.

## 9. Злобници - 04.07.2016

Злобата или озлобеноста, зависта, омразата, бесот, тоа е една иста состојба на паднатиот дух и никој не е имун на тоа, особено во состојба кога неможејќи да ги реализира своите цели човекот се чувствува до крајни граници исфрустриран, а кога е во состојба на безидејност и неинвентивност тогаш таа фрустрација кулминира. Во таква состојба, така тешко болниот и паднат човек ги мрази сите, озлобен е до дното на својата душа, огорчен на сите и на се, злобен кон секого, а особено кон оној кој работи инвентивно и со капацитет. Тогаш падната душа не разликува добро од лошо, нема способност за препознавање ниту на најголемите добри дела насочени кон неа лично или кон пошироката заедница, темнината е толку голема, заслепеноста со злоба е до тој степен што во тотална помраченост на умот неможе ништо да согледа, а не пак да донесе здраворазумско и рационално решение за некои проблем. А, проблемите од лична природа се манифестираат и врз пошироката околина и резултираат со истурање на злобата врз целото општество или поедини личности за кои озлобената мрачна душа смета дека се виновни за нејзината состојба. Во таа насока неможе да се препознае сопствениот пад, очај и горчина на злобата, кон што на крајот таа духовна состојба води и кои може да бидат крајните деструирачки состојби пред се по сопственото здравје.

Токму оваа злоба може да се забележи кај поголем дел од ликовите покриени со маски (бидејќи се далеку од личности), кои во последно време интензивно се појавуваат во јавноста, особено преку социјалните мрежи и на настани (протести) режирани од опозицијата која во се сака да види и најде проблем во Македонија. Во тоа свое појавување избликнува злобата на овие злобници и под маските кои веќе до крај се излитени и неможат да го покријат вистинското лице се гледа искривоколченото, темно, спобудалено и избезумено нечовечко лице на овие злобници. Дури и кога ќе се обидат да проговорат од нивните грла не излегува нормален глас, туку извитоперено крештање како животински бесен вик кој го испушта нивната озлобена темна душа (или пак оној кој ја запоседнал).

И така оној јадник несвесен за својата целосна паднатост, телесна и духовна, кој глуми борец за правата на ЛГБТ заедницата, во својата борба за „студентски права“, со демонски неартикулирани крици се обидуваше да го испровоцира момчето од СПУКМ за да предизвика негова насилна реакција или вербален инцидент со кој ќе добие оправдание за неговата спобудалена реакција, но за негова среќа споменатото момче не дозволи да биде испровоцирано. Впрочем во

целата своја измама потребно е пред очите на јавноста да се претставаат како мирни борци за човекови-студентски права за да ја завршат подлата игра која и предолго ја водат против македонските граѓани од сите генерации, религии, националности, професии. Затоа и вриска неартикулираниот обратен, со сиот ум мислејќи дека тој е во улога на заштитник на општеството од недемократија и едноставно неможе човек а да не се запраша, на кој начин тоа и од што тоа овој човек за жалење заштитува. Се прашувам, каде да најдеме поголема недемократија и демонократија во која се западнати овие ликови, од тоа дека промовираат противприродност и целите озлобени испуштаат крици кои потсетуваат на адскиот смев кој тие никако неможат да го слушнат, бидејќи излегува од самите нив, но за жал и себеси неможат да се видат.

Потоа доаѓа на ред онаа што и на мегафон постојано го зборува и се заканува некому дека ќе одговара и тоа вообичаено со зарипнат, крештав глас исполнет со злоба како во секој миг од нејзината уста да ќе излезе троглава аждаја која ќе ги запали и проголта сите кои не мислат како неа. Оваа злоба е особено насочена кон полициските службеници кои по словото на законот мора да обезбедат јавен ред и мир за сите граѓани, а во исто време да избегнат секакви провокации и да не интервенираат на истите. Својата злоба ја истура врз полицијата, како и оној фејсбук лик што го навредува со име прозваниот полициски старешина и му се заканува нему и на неговото семејство со највулгарни изрази. И што е тоа ако не е злоба на злобниците со која не раководат дури ниту тие самите. Во тој брлог на гнасотии полицајците остануваат мирни и покрај личните навреди кои им се упатуваат. Кога ова би се случувало во некоја од државите од Европската унија или во САД, убеден сум дека полицијата би реагирала така демократски што некои од овие злобници долго време би се смирувале во затвори со максимална безбедност. Сепак ова е Македонија ние сме мал народ и колку и да зборуваат за некаков си режим, тој ист „режим“ очигледно е дека не презема репресивни мерки против сопствениот народ. Затоа кога ќе решат да глумат загрозеност од полициска бруталност и да извикуваат „стоп на полициската бруталност“ како излитена флоскула, им советувам да одат малку до Турција и да протестираат еден ден на плоштадот Таксим или малку во Феникс во САД, или до Берлин, колку на еден ден нели за да видат што е тоа полициска бруталност кога откако ќе те претепаат полицајци во униформа и цивил ќе те остават како куче на улица да откако те собере брзата помош потоа те приведат и обвинат за нарушување на јавниот ред и мир. Па нели за демократија се борат дечките „студенти“ и за вредностите токму оние прифатени од нашите партнери и затоа не е лошо малку во пракса да видите како

изгледа тоа кај нив пред воопшто да почнете да зборувате за полициска бруталност. Згора на се, оној фејсбук злобник и покрај јавно изречените пцости и закани врз полицискиот старешина при вршење на должност што се смета за омаловажување на овластено службено лице при вршење должност и е казниво дело, воопшто небеше повикан на одговорност, а не пак според нормалните законски процедури приведен на лице место и обвинет. Толку заради демонстрирање на полициската бруталност или можеби поради злобничката демонократија насочена кон уривање на институциите на државата.

Понатаму следуваат хушкачите кои се малку задоцнети за студенти, но не и за покажување на својата злоба во која очиглкедно се силно утврдени. Најпрвосе појавува една госпоѓа хуманитарно комитетски невладина која никаде ја немаше во времето кога илјадници луѓе останува без работа во Македонија и кога им беше загрозено правото на живот, работа, социјална заштита со еден збор правото на егзистенција, но тогаш некој друг беше на власт односно оној од кого Заев и неговите многу научија како да застанат против сопствениот народ. Тука е и еден пропаднат новинар кој здушно ги помага „слободоумните студенти“, а преку своите колумни кои патем во последно време му проретчија (по се изгледа лицето им здосади и на наредбодавците му), истура грст злоба и богохулност. Секако тука е и онаа „студентка“ чија мајка е дел од удбашките структури од времето на Сина птица и Дувло, а сега дел од локалците вработени во странски амбасади задолжена за контакти со СЈО, а која ете така на „слободоумни“ протести против недемократија и за демонократија изблува грст отров и гнасотии за така кусо време што се запрашувам со што се полни овој лик пред да тргне на тие протести или што толку лошо таа виде од државата Македонија па истура врз сопствената татковина куп навреди и лаги. Човек да се праша што овие луѓе јадат и пијат, што носат во главата, во душата па колку и да е таа потоната во темнина. Ова прашање не е реторичко туку сосема суштинско, бидејќи секој човек доаѓа на земјата со светлина во себе, а како тогаш тие неможат да ја отпретаат светлината што од Бога ја добиле при нивното раѓање. Тоа е сериозен проблем на битисувањето кој го имаат.

Доколку веруваат во тоа дека во Македонија има режим и диктатура, неслобода и тоталитаризам, како „академски“ граѓани се надевам дека слушнале за Ганди и Мандела и дека може да им бидат добар пример. Но, убеден сум дека не е така, и со оглед на тоа им го препорачувам Ноам Чомски како добро четиво за отрезнување. Во втора фаза им препорачувам да се оцрковат и да побараат некој добар духовник заради душеспасителни чекори во борба против озлобеноста, а доколку сметаат дека сум пресилен во овие зборови и им ги

навредувам атеистичките или ЛГБТ, богоборните им чувства, препорачувам добар психијатар пред да завршат во клиника поради пореметувања настанати како резултат на злобата која ги разјадува.

Својата изопаченост, злобниците ја демонстрираат и во односот кон Ректорот на УКИМ. Никако да се запрашаат дали можеби за 15-20 години и тие ќе бидат на местото на тие професори и како ќе се чувствуваат кога ним би им се обраќале на таков начин нивните помлади колеги студенти. Ниту младата логореична госпоѓица која се обиде професорот Стојковски како ректор да го вовлече во ступидна, бесполезна и правно неоснована расправа со цел да направи девалвација на личноста на стариот и новиот ректор на УКИМ и да ја дезавуира и исмее седницата на Сенатот, за да може потоа нејзините ментори да манипулираат со зборовите и состојбите како што и го прават, неможе да ја смени сликата за злобниците и да ги претвори во личности со отворени срца и души, миротворци и племенити академски граѓани.

Тука е и оној портпаролот опозициски што се радува како „ѓавол на штета" кога некаде некој и поради незнам кој причини (читај кодошки претстави) ќе и наштети на Македонија. Човекот како например да живее во Белгија кај неговото другарче со мачките, па не го интересира Македонија, а види чудо зема плата во Македонското собрание и со таа платичка си зема кредитче од цирка 200.000 евра за да си купи два стана. Потоа во Македонија лошо се живеело, а тој како и „секој сиромашен граѓанин" како што милува да каже си зема кредит на дваесет и нешто години за да ги врати 150.000 евра со камата разбира се веројатно во Комерцијална банка со повластувања. Во меѓувреме, онака демократски ја прекинува конференцијата за медиуми на неговиот собраниски колега од ВМРО-ДПМНЕ, професорот д-р Андон Чибишев и во својот скап автомобил си заминува демонстрирајќи и на Македонскта јавност врвна култура, демократија, посветеност кон татковината и уште неколку доблести кои не ги поседува. Покрај радоста што на Македонија од необјаснети причини ЕУ и одзела 27 милиони евра, пари планирани за капитални инвестиции, доблесното озлобено портпаролче никако да даде коментар за тоа што тие изградија во нивните мандати (1992-1998 и 2002-2006) кои комотно ги тераа непопречувани на вака антидржавен начин иако направија многу недемократски упади во Македонското општество и неколку бомбона бизниси на штета на државата. Спротивно, човекот многу љуби да се занимава каде е Груевски дури и кога не е премиер, по се изгледа дека Претседателот на ВМРО-ДПМНЕ им претставува ноќна мора и тоа затоа што и кога не е премиер наметнува темпо на работа кое тие ни во сон неможат да го достигнат, а тоа многу ги

нервира и уште повеќе ги озлобува, бидејќи Груевски им воведе нови стандарди кои граѓаните ги препознаваат и почитуваат, а Заев кутриот неможе да се отплетка од сопствените валканици, но затоа со задоволство би ја зграпчил власта на секој можен начин па дури и на штета на Македонија. Каде не е премиер, Груевски уште и патува како секој нормален човек и замисли разгледувал продавници, а да можеби портпаролчето не мисли дека треба и леб да не купува Груевски или ова е уште еден изблик на исфрустрираност што нивнто СЈО и покрај сите местенки не успеа да му го одземе пасошот, па сега Груевски и приватно и во својство на партиски лидер може да патува и изворно да сведочи и да ја објаснува состојбата во Македонија пред меѓународната јавност и нашите пријатели во светот. Со оглед на тоа колку опозицијата и оние професионалните протестирачи се озлобени не само што би му забраниле да патува макар и приватно, верувам дека би сакале да го уморат со глад и притоа би се веселеле и ликувале како да направиле незнам какво епохално дело што впрочем е нивен стил на деструкција и резултат на нивната злоба. Колку што може да се сетам, никој не прашува каде е тоа Заев или каде кутриот патува за свои приватни или партиско-кодошки потреби или можеби тој илегално ја поминува границата. Впрочем Заев аболицираниот и поддржаниот од СЈО кој сеуште не одговара за сторени кривични дела кои се во постапка и никако да завршат нема ниту срам ниту перде, а за волја на вистината нема ниту капацитет да изроди некоја позитивна идеја, така што со својата безидејност и неинвентивност само ја засилува злобата кај оние што за него протестираат, а верувам дека се подготвени и него да го изедат доколку не ги остварат своите и на својот наредбодавец целите што нивната фрустрација ќе ја претвори во оган што и Заев и СДСМ и портпаролчето ќе ги пеплоса.

Колку и да се озлобени злобниците, како Македонија да не е нивна татковина и да ликуваат врз секоја штета која ќе ја има државата, тие неможат да го скршат духот на мнозинството во Македонија. Македонските граѓани знаат кој е озлобен, го препознаваат тоа по основ на својот природен интелект и искуство, а Македонија ќе најде доволно средства за да ги заврши сите капитални инфраструктурни проекти за срам на сите злобници домашни и странски. Може да се закануваат и со ММФ и со други меѓународни финансиски институции, но токму тоа е нивниот проблем, идејата на ВМРО-ДПМНЕ е во самофинансирањето на Македонија од внатрешните средства и нивно вложување во инфраструктурата. Тоа е добра идеја која јас како лаик за економија неможам да ја детализирам и објаснам, но ги гледам и чувствувам ефектите од таквата економска политика.

Нивен е изборот, дали ќе продолжат да се трујат со злоба, да ја загадуваат непосредната околина, да го замајуваат народот со лаги и измислици и да тонат во сопствената кал се додека потполно не потонат, или пак ќе се преумат за да си олеснат себеси пред се.

Да не бидам погрешно разбран, јас не ги повикувам да ја променат својата политичка идеологија, тоа е нивно право и го почитувам, нивно право е да не се согласуваат со политиките на ВМРО-ДПМНЕ и тоа е добро, едноставно ги повикувам да се обидат да го најдат доброто во себе, да не бидат злобници, мрачни души, да не се закануваат, да престанат да исфрлаат горчина, да застапуваат погрешни вредности кои во македонското општество многу тешко или никако нема да поминат. Тоа се нарекува преумување, тоа го отвора умот, го внесува човековиот ум во смирение, а тоа отвора можност за здраворазумско однесување, инвентивност и идеи кои ќе донесат позитивност.

Злобата, озлобеноста е болест на душата, умот и срцето и колку повеќе се одложува нејзиното лекување, последиците се се потешки, а во краен степен и драматични како врз самата помрачена душа (човек), така и по околината, но најповеќе по самиот човек кој во себе носи злоба и темнина. Тие последици болниот од злоба ќе ги чувствува многу долго дури и целиот свој живот.

Постои лек за озлобеноста, тоа е барањето духивна помош и тоа Светата Православна Црква многу убаво го дефинирала како резултат на Богооткритието и милениумското искуство во нејзината борба против злото на овој свет. Сепак тоа не е насилен пат туку доброволно отворање на срцето, а за мнозина тоа е тешкиот пат, да се спознаат самите себеси, бидејќи борбата против себеси е најтешка и постојана, трае целиот наш живот.

Ви советувам на сите погоре споменати кои ќе се препознаете, како и оние кои сериозно секојдневно се преиспитувате што барате на некакви си протести водени од неидентификувани случајни ликови кои се нарекуваат „левица“, а всушност се анархисти поттикнати од злобници, да размислите за својата состојба и за тоа дека е неопходно што побргу да го побарате лекот против злобата. Впрочем, како што и погоре напишав. Доколку несакате да се потпрете на Божјата помош тогаш Ве замолувам побарајте стручна лекарска помош пред да биде доцна за Вас и вашата околина.

Македонските граѓани низ историјата издржале многу злобници па ќе ги издржат и погоре споменатите, но сепак и тие се наши сограѓани помалку или повеќе изгубени или заблудени. Додека им помине лудилото манифестирано со злоба ги замолувам да побараат помош пред да влезат во фазата на тотална и себедеструкција од која

тешко може да се вратат назад. Прочка и помирување секогаш може да има, само потребно е да остават доволно простор за тоа кај самите себеси, а помош ќе добијат секогаш кога ќе ја побараат, затоа што се работи за човечки битиа, Божји созданија, колку и да тоа несакаат да го гледаат или да си го признаат.

Оној ЛГБТ типот кој урла како божем да е мајмун, а не човечко битие, не е доказ и потврда на еволуционистичката Дарвинова теорија на постанокот, туку ни потврдува дека и тој е човек создаден по ликот Божји, но човек кој длабоко потонал во темнината на овој свет и тоа во многу аспекти. Оваа истото може да го потврдиме и за сите погоре споменати егземплари на злобници со најразлични секвенци од нивното однесување, но за тоа друг пат.

На денот на Св.Наум Охридски Чудотворец, кој лекува демонообземени, со почит и поклон кон неговата светост, по неговите молитви пред Христа Бога за сите нас.

## 10. Пировиот банкет на Орав – 06.07.2016

Мнозина беа претставници на Европската унија во Македонија и сите тие поминаа, кој како, некој достоинствено, некој стекнаа почит и останаа позитивно запаметени во Македонската меморија, некои бледо запаметени по пијанки и забави, а некои ќе останат запаметени по лошо, по деструкција и омаловажувачки однос, па дури и непријателски кон Македонија и нејзините граѓани.

Така беше, се трошеше и изминува мандатот на Аиво Орав како претставник на Европската унија во Македонија. На 26-ти Јули Орав прави банкет во чест на неговото заминување. Веднаш се поставува прашањето, дали неговото заминување ќе биде олеснување за Македонија? Јас лично верувам дека заминувањето на Орав од Македонија ќе има двоен ефект. Прво, ќе донесе олеснување и очекување дека на негово место доаѓа некој кој ќе биде многу коректен кон Македонија и ќе го почитува нејзиното достоинство и суверенитет, а особено достоинството на нејзините граѓани со чии чувства нема да си поигрува. Второ, во иднина можеме да очекуваме проблеми во рамките на лоби групите поддржувачи на Орав и неговата политичка и друга ориентација, а тоа може да има и сериозни последици доколку овој „дипломат“ на ЕУ успее да изгради кариера.

Сепак, како и да е Орав одбележа еден период во Македонија во кој се случуваа и сеуште се случуваат длабоки општествени политички кризи и поделби, а во чии рамки самиот тој беше директен актер и креатор на политики кои најчесто беа против интересите на Македонија и мнозинството нејзини граѓани.

Но, да тргнеме по ред и да видиме што тоа Орав ќе прославува, какви заслуги за подигнување на европското расположение кај македонските граѓани, промоција на европските вреднсоти во нашата држава, но и за да работите околу неговото дипломатско дејствување под заштита на Европската унија станат појасни и да ги расчистиме дилемите кои можеби некој ќе ги има по сите говори и хвалоспеви кои ќе бидат изречени за неговата „успешна мисија“ на пировиот банкет.

Круцијално и единственото нешто по што Орав ќе биде запаметен е блокирањето на Република Македонија на секој можен начин од негова страна, притоа злоупотребувајќи го својот дипломатски статус во земјата домаќин и заштитата која му ја нуди самиот тој статус.

Прво, помина повеќе од една година или година и половина од прогласувањето на мигрантската криза, а ветената и очекуваната помош од ЕУ за Македонија односно за македонската полиција и

безбедносните служби неопходна за справување со мигрантите, сеуште е административно заглавена на релацијата ЕУ мисија во Скопје – Брисел. Не е возможно да една административна процедура преку која ќе се засили безбедноста не само на Макеоднија туку и на ЕУ и која е од интерес на сите во Унијата, а особено на државите кои се наоѓаат на самта рута како и оние кои се крајна дестинација, биде толку сложена за да на неа се чека повеќе од една година. Впрочем Унијата има механизми за брза реакција, проценка на ризиците и рано предупредување како дел од системот за безбедност во кој не се сомневам дека навреме ги има дефинирано и детерминирано ризиците и заканите врз европскиот безбедносен простор и тоа многу пред и да тргне административната процедура. Од овој аспект гледано се поставува дилемата: „Дали ЕУ нема механизам да ја откочи административната процедура што покажува институционална слабост на Унијата за реакција во кризи или пак еден европски дипломат (нема да го употребам погрдниот надимак кој го има за овој вид дипломати) од само нему познати причини ја кочи формалната процедура„? Лично сметам дека се работи за второто и дека неговото свесно закочување на процесот за зајакнување на капацитетите на македонските институции кои се справуваат со неконтролираните бранови на мигранти имаат за цел да ја ослабнат владата во време на политичка криза предизвикана од опозицијата. Ова ослабнување требаше да има поголеми безбедносни последици врз Македонија пред се и да даде поддршка на опозицијата во претставувањето на владата како неспособна да се справи со безбедносните ризици и закани врз државата и да ги заштити сопствените граѓани и територијата. Токму затоа, во мандатот на Орав (само да се потсетиме), безбедносните институции на Република Македонија немаат добиено никаква помош од ЕУ, а воспоставената добра практика на соработка и обуки е нарушена така што обуките на припадниците на бебзедносните сили се сведени на минимум (колку да се каже дека нешто се случува). Во овој контекст да не заборавиме за да може да направиме паралела, дека пред доаѓањето на Орав во Скопје, македонската полиција со помош на Унијата комплетно реновираше десетина полициски станици и доби како помош повеќе од 60 теренски возила и опрема за специјалните единици.

Второ, се сомневам дека последното повлекување на средствата од ИПА програмата поминало без сугестија или „препорака“ од Орав како амбасадор на ЕУ. Тоа е свесно и директно предизвикано од негова страна, иако станува збор за средства со кои се градат инфраструктурни проекти со цел поврзување на земјава со земји членки на ЕУ. Како резултат на неефикасно спроведување на неговите и политиките на неколку други европски амбасадори (за кои сметам дека се лична

определба, а не став на нивните држави), како и целосно потфрлање на опозицијата со резултати на терен, ова претставува логичен чекор и потег на човек кој без грам совест, почит кон државата домаќин, дипломатска култура и во заминување придонесе кон заокружување на сопствената слика која ја градеше во изминатиот период, а тоа е дека отворено поддржува една политичка опција во Македонија. Мотивите за оваа отворена политичка определба на еден амбасадор и прекршување не само на дипломатските конвенции, туку и на основното пристојно однесување пред се ги знае самиот тој. Една мала дигресија во овој контекст. Се сеќавам кога Орав дојде во Македонија, веќе по неколку месеци некои од неговите колеги амбасадори од земји членки на ЕУ веднаш коментираа дека студениот бирократ и опортунист Орав е лошо решение за Македонија, бидејќи македонските граѓани и политичари според својот лежерен менталитет и топлината која ја имаме како народ тешко ќе може да соработуваме со него. За наша жал, се испостави дека ова е точна проценка на некои искусни дипломати, но во исто време се испостави дека човекот најде добри соработници во некои структури на опозицијата.

Трето, токму затоа заеднички именител на сите блокади врз Македонија кои ги предводи Орав, како и во повеќето други амбасади во Скопје се таканаречените локалци или локален персонал. Со должна почит кон некои поединци кои лично ги познавам и кои коректно со својот труд заработуваат како локален персонал вработен во странските амбасади, почитувајќи ја својата татковина, во голем дел овој локален персонал е исклучително негативно настроен кон сопствената влада и држава и тоа како по правило секогаш кога СДСМ е опозиција. Без исклучок, речиси 90% од вработените како локален персонал се лица блиски роднини на актуелни и поранешни функционери на СДСМ кои сопствената неспособност ја покриваат со директен напад врз владата и сопствената држава, а со цел да се прикажат себеси како авангарда. Не треба многу да се истражува за да се види дека како по правило или работна задача истите тие луѓе се секојдневен дел од протестирачите, анархистите, шарените и особено СДСМ. Ваквиот нивен ангажман кој патем кажано чини и по неколку илјади евра месечно дополнителен хонорар, најдиректно и отворено кажано во изминативе 25 години не придонел за подобрување на квалитетот на животот на македонските граѓани. За нив важи истата максима како и за СДСМ: „Колку полошо за народот на Македонија, толку подобро за нив“.

Ете сега да завршам со една логична констатација, сметајќи дека во три кратки црти сосема јасно ја изнесов на виделина идејата и мотивот за опозициското делување и работење на Орав во Македонија. Таа констатација е: „Што тоа Орав ќе прослави на својот пиров банкет

и со што ќе се пофали пред јавноста“? За тоа дали повторно ќе дојде во Македонија и со кој образ, особено како не дипломат несакам да коментирам.

## 11. Игри без граници или немање на мерка – 23.07.2016

Игранката на СДСМ наречена „кредибилни – кристално чисти избори“ или во основа „да дојдеме на власт без мака, понуда за граѓаните и избори“, станува игра без мерка. Немање на државотворен капацитет, немање на идеја, немање на чувство за потребите на граѓаните и немање на политички капацитет го одведе СДСМ на патот на тоталната себедеструкција и хаотичност.

Сакам избори-несакам избори, половина милион „фантоми“ или 40 илјади „фантоми“, сакам нов закон за влада-сакам посебни повластувања за техничкиот министер во МВР, сакам во парламент-несакам во парламент, итн, итн, итн, се до бесвест, до ментален колапс на целото општество на сите граѓани од најмлади до најстари. Да им збоктиса на луѓето и да им се скрши волјата за отпор и да им се поремети здраворазумското размислување и реална перцепција.

Тоа е политичката прагма заснована на хаотична профитерска идеологија на СДСМ и целосна посветеност на личните потреби и визии за улогата и пред се бенефититите од политиката како што ја имаат изградено во раководството на СДСМ, секако мислејќи дека токму тие се избрани сами по себе за да имаат специјален статус и пред се власт во Република Македонија.

Токму затоа два дена по постигнувањето на политичкиот договор за да се спроведат предвремени парламентарни избори и да се стави крај на двегодини долгата и предолга политичка криза креирана од СДСМ, иститe тие се во бунило и повторно не им е јасно што тоа договориле.

Мене ми се чини дека нивното договоарање беше во основа: „ајде да договориме нешто па да одиме на одмор да бидеме дел од шемата, а потоа во Септември ќе му ја мислиме“. И ете толку од нивниот државотворен и политички капацитет, а со се СДСМ толку и од сите соросоидни невладини, анархисти, левици, ЛГБТ и останата шарена збирштина. Време е за одмори, многу мава ова скопското сонце за да отседиме половина Јули и цел Август тука на горештините. Ете толку од нивната и онака лажна борба за демократија, аза патриотизам нема место или што е тоа патриотизам. За да не се потсмевате на оние кои навистина работат, но и на оние кои загинаа низ историјата за слобода и независност на татковината, а во пресрет на Втори Август, само едно реторичко прашање до сите од СДСМ и оние шарените: „Дали мислите дека сонцето помалку грееше и за сите оние на Ножот, на Мечкин камен, во Свети Прохор Пчињски, на Карпалак, Љуботенски бачила“?

Неинвентивноста на СДСМ и нивната стара од Бранкоте научена приказна „пу-пу неважи“, веднаш дојде до израз. Уште не се ни исуши мастилото од договорот кој Рада го потпиша (ако го потпиша?), кога еве ти го Шилегов почна да проблематизира со „евентуални избори“, а веднаш по него и Рада стана пишман Рада. Така повторно си оставаат место за бегање од избори преку стоте теста на Шеќеринска. Но, кога се во вакво бунило заборааат една работа, а тоа е „тетка Вики“. Впрочем, таа дојде во Скопје на нивните тужи-баби оговарања низ светот дека имаме диктаторски режим под кој јадните СДСМ, левичари, анархисти ЛГБТ и останати шаренолики, неможат да се изборат за демократија, да им подпомогне. И дојде „тетка Вики“, виде, им кажа што мисли дека треба да направат и си замина. И замислете ниту збор не кажа за „диктаторската власт“. Напротив добивме конструктивност во преговорите, секако отфрлајќи ги ступидните чопови на соросоидните невладини кои без избори сакаат да владеат, а кои дадоа максималистички вовед во позициите на СДСМ во текот на преговорите. За нивна жал веќе го имаме „Пржинскиот договор“ па овие преговори само требаше да ги усогласат недоразбирањата за поедини прашања со главна цел да дојдеме до датум за избори кој повторно треба да му одговара на СДСМ. Поради овие околности, насоките кои Бејли ги доби од Нуланд, пораките кои беа испратени од американската администрација и пред се поради ступидноста на опозицијата и нејзиното брзање да фати малку релаксација од летната шема по плажите во Грција или на друго место, добивме решение какво што можеме да видиме.

И тука започна повторното препелкање на СДСМ, односно оставање простор да по изживувањето на летната шема во септември повторно ја матата за да не биде бистра. Бидејќи, тие знаат да ловат само во матно, во хаос и безредие.

Како прва веќе проверена карта започнаа да играат на меѓуетничките односи и воедно како последна најрадикална опција според нивното искуство од 2001 година. На овој начин буквално се фаќаат за сламка за да ги проблематизираат договорените работи за излез од кризата се обидуваат да креираат нова криза како продолжување на постојната. Токму играјќи на меѓуетничките односи, СДСМ се заплетка во сопствената неинвентивност и тоа по којзнае кој пат, но во исто време покажа колку се кусогледи и пред се останати во минатото.

Етнополитичкиот конфликт веќе постои и тоа многу долго, а СДСМ придонесе кон негово интензивирање во текот на деведесетите години од минатиот век и тоа претставува емпирија и колективна меморија на македонските граѓани. Денес 15 години подоцна многу

работи се изменети, а најважната е таа дека Али Ахмети и ДУИ не се заинтересирани за дестабилизација на Македонија и по таа аналогија секој обид за ескалација на етнополитичкиот конфликтен процес во насилен е осуден на пропаст, бидејќи нема политички силна поддршка.

Трошејќи се себеси во креирањето на кризи до степенот на ескалација на етнополитичкиот конфликтен процес во Македонија, а се под максимата „само да сме на власт па нека пропадне Македонија", СДСМ си го утврди патот за губење и на овие избори. Милитантноста како последен стадиум на развој на СДСМ – милитантен либерализам како бледа копија која СДСМ се обидува да ја пласира во Македонија, не води во развој на македонското општество, а со тоа и на СДСМ. Во Македонија никогаш не се прифаќала милитантноста па дури ниту како либерализам по угледот на некои современи западни „демократии" кои го применуваат во политичката прагма. Овој однос на политичката прагма и политички настап на внатреполитичката сцена, надополнет со оние во најмала рака неумесни фејсбук коментари за обидот за воен удар во Турција, само ја откриваат длабоката девијација на политичко-идеолошката матрица на СДСМ.

Понекогаш мислам дека СДСМ се длабоко несвесни за својата идеолошка изопаченост и особено немаат јасна перцепција за тоа како се сака и се работи за сопствената татковина и народ, поради што се подготвени да се продадат и себеси и државата и народот само да дојдат на власт. Но, каква е таа власт која нема хуманистичка цел на владеењето, развојна перспектива за сопствените граѓани. За жал оваа матрица трае и премногу долго и во сета своја изопаченост, неинвентивност, политичка слепост, озлобеност и деструктивност го оптеретува македонското општество попречувајќи го нормално и динамично да се развива.

Само за потсетување, СДСМ направи огромен број невработени во Македонија, не вложуваше во инфраструктура, ги нарушуваше меѓуетничките односи (оние издишани балони на Фрчковски подоцна пукнаа), креираше меѓуетнички кризи, депривација на сопствените граѓани, приватизација по сопствен терк и мерка, пирамидални штедилници, фалсификуваа избори и што ли уште не. Со една реченица: „Го пропуштија периодот од 1992-1998 да создадат цврста држава Република Македонија и силно зачекорат кон евроатлантските интеграции". По првиот шок и борба за егзистенција, сега граѓаните се свесни за сето она што им се случи во периодот на владеењето на СДСМ и во исто време можат да видат како ВМРО-ДПМНЕ функционира и работи во интерес на граѓаните. Не е лесно да се крене и заживее урната економија, уште потешко е да се привлечат странски инвеститори, а особено во услови на светска економска криза,

мигрантска криза, нестабилен регион и згора на тоа и креирана политичка криза во државата и тоа од страна на опозицијата. Во сите овие околности Македонија ја зачува и безбедносната и економската стабилност и продолжува да напредува.

Јас ја разбирам фрустрираноста на СДСМ и нивниот страв од губењето на изборите, но како што кажав, ним им е потребна внатрешна реформа на функционирањето на партијата, на организацијата и лидерството, но над се и приоритетно, промена на идеолошко-политичката матрица.

Таа потреба е видлива и во овие последни пишман настапи, покажува крајна дезориентираност и деструктивност која нанесува директни штети на државата.

Игрите без граници со единствена цел доаѓање на власт нема да донесат никаков напредок ниту на СДСМ, а уште помалку на Македонија и нејзините граѓани, бидејќи излегувањето од наметнатата политичка криза е единствено преку избори и тоа што побргу.

## 12. Раскинување на телото на светата Православна црква и ругање на Христа 27.07.2016

Сметам дека оваа јавно обраќање во врска со небулозите и ступидностите на господинот Синадиновски нема да допрат до него и неговиот поматен ум, но сакам да остане забележано дека постои реакција на глупостите и невистините кои еден човек создаден по Божјиот образ, а кој живее во полусветот на богоборството се обидува на крајно тривијален и вулгарен начин да ги употреби во дневно политичките лични цели. Светата Православна Црква како универзална и наднационална не познава и не препознава ваква ступидност, туку расудува со чист ум осветлен од благодатта на Светиот Дух и откриено Богопознание.

Од овој аспект на перцепирање на работите во овој наш паднат свет, јавно искажувам дека ова ќе биде мое последно писмено јавно обраќање до изгубениот во светот, но за жал и во вечноста Синадиновски. Следната полемика господине Синадиновски во врска со Светата Православна Црква, верата во Христа Бога, догмите и канонитe, устројството на Православната Црква и пред се онаа што најповеќе безпричински го потенцирате, прашањето за Православните Албанци во Република Македонија, ќе го водиме на електронски медиум во живо. Секако доколку се согласите да седнете со мене и да зборувате со факти. Ова може да го сметате за јавен повик на телевизиски дуел во која и да сакате телевизија и под водство на кој и да сакате новинар. На овој начин ви давам можност да завршите со вашите ступидарии и бламирања во јавноста, ширење на невистини за Светата Православна вера, но во исто време да престанете со затскриеното антимакедонско делување и тоа на прво место обидувајќи се да ја уривате Македонската Православна Црква-Охридска Архиепископија, а со тоа директно да нанесувате штета на македонскиот народ, граѓаните на Македонија и државата Република Македонија. Да престанете да поттикнувате внатре религиска и национална поделба помеѓу граѓаните на Македонија ширејќи невистини, лаги, полувистини и секакви ступидарности, мислејќи дека извршувате некакво си епохално дело, а всушност сте само еден апостат кој изгубен во сегашноста се бори да се изгуби и во вечноста.

И толку за онаа што би требало да го пренесеме во јавноста благодарение на вашата тривијалност и себепромоција, а затоа што јас несакам да ви бидам промотор на вашите небулози и извртени цели, ќе преминам на онаа што претставува вистина и жива вера во Христа Бога, со надеж дека нешто и ќе научите или барем тоа ќе биде на едно

основно ниво на добро граѓанско однесување кое очигледно ви недостасува.

Тоа што во Светата Православна Црква претставува основ е Символот на верата, универзален за сите на целата земја и непроменлив до крајот на светот и второто и славно Христово доаѓање. Символот на верата е кратка содржина на догмите на верувањето во Бога утврдено во Светата Православна Црква и тука почнува и завршува се, бидејќи е утврден на Првиот вселенски собор и до денес и во вечноста нема измени во неговата содржина.

Се останато поврзано со некои рецидиви од паганството, полителизмот, некои народни верувања и измислени обичаи претставува напуштање на Светата Православна вера и како што кажав „ругање на Христа“.

Сепак вие се обидувате да се ругате на Христа и тоа највулгарно, обесчестувајќи ја неговата спасителна жртва и прикажувајќи ги како православни вашите искривени видувања кои во определен момент се дури и демонски. Токму овие ваши произволни видувања ги имате втемелено и во „толкувањето на верата на Православните Албанци“, притоа земајќи си за право да ги делите верувањата истакнати во Символот на верата на Македонски и Албански. Јас ќе се согласам со вашето право да верувате во што сакате, но тоа ваше верување да не го прикажувате за Православно и да преку него не се ругате на Христа. Тоа што сте си го земале како обврска да го сработите за вашите наредбодатели во исклучиво националистички дух и во крајна мерка Богоборен, можете да го продавате како шарена лага на истите тие кај кои сте се обврзале да сработите, а со оглед на тоа што истите се иноверни и теолошки и пред се Православно неписмени можеби и ќе ви помине. Во православната екумена и во Македонија кај сите верници на Светата Македонска Православна Црква овие лаги и небулози нема да поминат.

Впрочем, јас немам обврска да внимавам на онаа што ќе ви го напишам затоа што ја зборувам вистината во Христа и преку ова пишување го исповедам Христа и Светата Православна вера за вечен живот и спасение. Ние како грешни луѓе ќе паѓаме и стануваме во овој паднат свет и нашата гревовност секогаш е со нас, но и покрај тоа сметам дека најголем грев е апостасијата, ругањето на Христа и хулата на Светиот Дух или ереста на Богоотпадништвото. А, вие како што јавно го втемелувате вашето учење на демонизам и паганизам далеку сте од личниот опит, а не пак да си земате одговорност вовлекувајќи и други во апостасија. Но, тоа е ваша агенда, затоа и сметате дека е во ред да се ругате на Христа и јавно го промовирате вашето незнаење и уште згора на тоа да се служите со фалсификати на историјата и

денешнината и отворено да ја напаѓате МПЦ-ОА и нејзините архиереи. Во оваа ваша борба или како што вие милувате да употребувате метафори „донкихотска борба“ се служите и со алузии и фалсификати, митологија и бајки, но всушност вие „се ритате со трње“, а „со трње кој се ритал избоцкан излегол“. Жалам што вие сте си зеле бреме избоцкани да бидете во вечноста дигајќи рака на Светата Православна вера. Вашата заблуда е дека правите национално дело, а тоа што сте и кој сте според вашата национална припадност е ваша лична работа и избор, тоа е всушност најпогрешниот чекор кој од лични и крајно тривијални причини сте го избрале да го реализирате за туѓи интереси. Но, и таа заблуда неможете да ја оправдате во рамките на Православието, бидејќи Православната вера е света и наднационална, така што повторно докажувате колку сте анти Православен и Богоборен, делејќи го живото тело на Црквата. Во исто време докажувате и колку многу сте Православно и воопшто теолошки неписмени и лажливи во онаа што го претставувате не само пред јавноста, туку и пред вашите наредбодатели.

Сега малку за конкретните ваши анти Православни и Богоборни истапи, а потоа и за крајно фалсификаторските и националистички глупости и невистини кои ги пишувате и пласирате во јавноста.

Вашето ругање на Светата Православна вера втемелено во вашето потполно непознавање на догмите се огледа во тврдењето дека верата на Православните Албанци се темели покрај другите извори и на: „верските влијанија на разните освојувачи ...“, а што укажува на вашиот обид да направите амалгански заснована религија за која се дрзнувате да ја наречете Православна. Одтука и вашите небулози за жртвопринесување, претставување на Скендер бег како светител, славењето на „богот Шурлан“, гребењето лица на млади упокоени жени, капењето во Мавровско езеро како симбол на плодноста и други неповрзани глупости. За сето ова не пишувате во вашите јавни обраќања преку пишаните медиуми во Република Македонија иако тоа се основите на вашето и само ваше и демонско учење кое сакате да го подметнете како Православно. Напротив во вашите клеветења против архиереите на МПЦ-ОА и Неговото Блаженство Архиепископот Стефан, се служите исклучиво со дневно политички образложенија и повторно манипулации.

Но, да кажеме нешто во врска со вашето учење, а што еве отворено ќе допре како информација до македонските граѓани, а се надевам и до надлежните органи кои дозволиле да се регистрирате како верска заедница. Да нема забуни, вие можете да верувате во што и да сакате, но тоа што го проповедате јавно како основ за верување на Верската заедница на Православните Албанци во Република

Македонија нема ништо со Светата Православна Црква, а во определени елементи содржи и основ за кривично дело. Исто така, можете да се регистрирате како незнам какво здружение на граѓани, невладина организација, па дури и верска заедница, но не како Православна, бидејќи во вашето учење немате ништо со Православието, а еве и зошто:

1.Светата Православна вера се темели врз Светото писмо (Стар и Нов завет, Делата Апостолски и Откровението), потоа на Светото предание, а е уредена на вселенските и помесните собори не отстапувајќи од догмите кои се содржани накратко во Символот на верата. Одтука нема место за верски влијанија на разни освојувачи или пак народни обичаи. Ова е универзално втемелено во сите помесни Православни Цркви како правила во целата вселена на Едната Соборна Неразделна Православна Црква возоглавена од Господ Иисус Христос, а што вие ниту го знаете ниту го разбирате. Затоа и си дозволувате да од националистички причини не го признавате Албанскиот Архиепископ кој по род е Грк (нарекувајќи го патријарх, што покажува дека и актуелни вистини и состојби поврзани со уредувањето на помесните цркви не ви се познати).

2.Скендер бег, роден како Православен и повеќепати конвертит е само еден народен јунак, но никако не е светител. Православните светители од кој и да се период на црквата, па дури и старозаветните пророци и патријарси не бараат жртвопринесување. Последната крвна жртва заврши со Господ Иисус Христос кој се жртвуваше себеси за спасение на светот. Неговата спасителна жртва е за секој човек на веков и секое друго жртвопринесување значи ругање и омаловажување на спасителната мисија на Христа, а што вие здушно и упорно го правите.

3.Верувањето во богови на молња и гром како Шурлан претставува полителизам или многубоштво, а тоа е паганизам кој нема никаква врска со Православието. Згора на тоа гребењето на лицата на упокоени млади жени претставува сквернавење на умрени и во денешно време претставува кривично дело, а од духовен аспект е изразит демонизам кој вие го проповедате во вашето учење кое се обидувате од политички причини да го претставите како Православно. Онаа околу зимското капење во Мавровското езеро на неродните жени е врв на „традицијата“, особено знаејќи дека оваа езеро постои некои 60-тина години, при што очигледна е вашата ступидност и тривијална намера за подметнување измислени традиции на „Православните Албанци во Македонија како дел од прикажувањето на „автохтоноста“ на Албанците во Македонските земји.

Толку од кусиот дел за вашите небулози и краткиот курс по веронаука. Топло ви препорачувам да појдете на еден од летните

семинари во манастирот Св.Јован Крстител-Бигорски и откако ќе побарате прошка од игуменот и целото братство и верниот народ за напишаните и изречени ваши невистини, фалсификати и најповеќе за хулата и ереста кон Светата Православна Црква и ругањето на Христа, да ги замолите со длабоко покајание да ве примат на еден од семинарите за да можете барем за една недела живеејќи со монасите и присуствувајќи на богослужбите и веронауката да научите некои основи за нашата Света Православна вера.

Сега малку и за вашите обиди за дисквалификација на архиереите на МПЦ-ОА со политичка тенденција и за историските фалсификати за Бигорскиот манастир иако за ова второто веќе видов дека братството на овој свет манастир ви одговорило со историски факти. Оној дел каде се обидувате да преку слики, особено насловната фотографија на вашата книга да алудирате на етничка Албанска припадност на Бигорскиот манастир претставува само мизерна злоупотреба на фотографија за која се прашувам дали сте имале одобрение од игуменот на манастирот или надлежниот архиереј да ја објавите, а во спротивно претставува кривично дело. Впрочем кога сме кај кривичните дела, очигледно е дека за тоа сте посебно надарени, но околу ова прашање во директниот дуел доколку имате храброст да прифатите (знаење видовме дека немате).

Сосема е јасно дека сето ова што го правите со манипулациите околу „верската заедница на Православни Албанци во Република Македонија“, како и со повремените точно обмислени напади врз Светиот Архиерејски Синод на МПЦ-ОА и особено врз поедини архиереи и на крајот со алузиите за „припадноста“ на Бигорскиот манастир и атакувањето врз игуменот Архимандрит Партениј, претставува координирана политичка активност која вие треба да ја сработите за туѓи цели. И како и секој платеник, одроден и богоборен се служите со измислици, фалсификати, а најлошо е што се служите со злоупотреба на научни авторитети и нивни трудови дозволувајќи си да извлекувате делови од контекст и истите ги толкувате така како што ви одговара вам односно на вашите наредбодатели. Мене, а верувам и на македонската јавност потполно ни е јасно што е тоа што го работите, но во овој текст немам намера и за тоа да ви држам краток курс по политичка манипулација во која човек со вашето искуство и на ваша возраст може да влезе единствено сосема свесно и за определен личен бенефит погазувајќи се самиот себеси и оставајќи неизбришлив траг врз целото свое потомство, а истовремено навредувајќи ги и своите предци. Но, тоа е ваш личен проблем како и на сите оние кои наводно ве поддржуваат, а во основа ве искористуваат или и самите за определен надомест влегле во оваа гнасна игра. Гнасна поради анти

Православното делување и гнасна поради обидот да се урне МПЦ-ОА на крајно перфиден начин и гнасна поради анти националните и анти државните чекори кои против Македонија ги правите во пракса повторно перфидно и крајно подмолно затскривајќи се зад флоскули, а нарекувајќи го Македонскиот народ „заедница“.

Токму поради овој ваш мрачен, нечесен и подземен однос кон сопствениот народ, црква и против Православната вера се појавија реакции на Светиот Архиерејски Синод на МПЦ-ОА, на архиереите и пред се на претстојателот на нашата Света Свети Климентова Црква, Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски Стефан. Архиепископот како претстојател на Црквата и надлежниот Митрополит Тимотеј се должни да реагираат на секој обид за уривање на единството на Светата Православна Црква, да ја заштитуваат Светата Православна вера и чистотата на нејзиното учење во Христа Бога. Одтука нема што повеќе да се расправа, особено не кога се во прашање вашите небулози и анти Православни учења, како и обидот за разбивање на единството на Црквата, делејќи ги Православните верници во Република Македонија врз етничка – национална основа. Затоа немојте да се правите недоветни и зачудени од ваквите реакции, а во исто време да ги злоупотребувате во политички аспект играјќи на картата на меѓуетничките односи на релација Македонци-Албанци. Тоа е во најмала рака нечесен пристап, но јас се прашувам дали вие сте чесни кога си дозволувате да се ругате на Христа, па што тогаш останува за вашиот однос кон луѓето.

Забележливо е дека сакате да бидете актуелни и дури си дозволувате директно да се обраќате кон Архиепископот Стефан, а во исто време преку обид за историски фалсификат се обидувате да полемизирате и со Архимандритот Партениј игуменот на Светата Бигорска обител. Во сите ваши обраќања и обиди за водење полемики со употреба на фалсификати и извадени од контекст или неточни толкувања сакате да постигнете да бидете актуелни. Токму затоа и ви реков дека што се однесува до мене со ова јавно пишување ќе ги завршам полемиките со вас на овој начин и единствено може да полемизираме на електронски медиум во директно соочување за да може граѓаните на Македонија да ги видат фактите, а вие да се засрамите доколку воопшто имате „срам и перде“ како што вели нашиот народ.

Сосема е јасно дека носител на Православното Христијанство во Македонија барем од 10-от век наваму е Словенскиот елемент. Подоцна тој Словенски елемент во 19-от и 20-от век ќе оформи свои национални држави и свои помесни цркви кои поради етнофилетизам во називот

покрај катедрата на претстојателот ќе го вметнат националниот префикс, а што веќе сега носи последици со кои директно се соочуваме.

Сепак токму тој Словенски елемент кој подоцна се изградил во Македонска нација е и носител на создавањето на Охридската Архиепископија и денешната МПЦ-ОА, а со тоа и на многубројните цркви и манастири во Македонија. Помошта која на овие македонски светилишта ги давале и ги даваат сите богобојазни и богољубиви граѓани на Македонија не го менува карактерот на црквите и манастирите и нивната припадност на МПЦ-ОА, а што во основа вие сакате да го оспорите и тоа се со цел заради формирање на вашата квази Православна заедница. Зарем помагајќи го Бигорскиот манастир локалното население кое не е Православно може да го смени карактерот на истиот или недај Боже да помислат дека истиот може да биде Муслимански, или можеби доколку во овој момент уметници-фрескоживописци по родРусисликаат во манастирот тој подоцна ќе биде Руски, или пак реставрирајќи го најстарото Евангелие во манастирот, реставраторот кој е од Грција подоцна ќе даде можност манастирот да се нарече Грчки, или пак имајќи неспорни документи дека на почетокот на 19-от век Бигорскиот манастир барал и добил парична помош од тогашниот србски кнез Милош, денес Србија може да каже дека манастирот е Српски, или пак имајќи документи во кои се споменува дека манастирот Свети Јоаким Осоговски во 18-от век барал и добил финансиска помош од Дубровачката република, денес Хрватска може да полага право на овој манастир? Само уште една паралела поврзана со вашите небулози околу некои населени места за кои кажувате дека се Албански во историски контекст и поврзувајќи ги со карактерот кој сакате да му го дадете на Бигорскиот манастир. Имено, во Елбасан се наоѓа манстирот на Свети Јован Владимир, а неговите мошти се однесени во Тирана, тој манстир кој денес го чуваат Албанци – Муслимани не е Црногорски иако Свети Јован Владимир бил Дукљански кнез и зет на Цар Самуил, никој не му дава Словенски, Црногорски или Македонски карактер, ниту пак СПЦ или МПЦ на некој начин бараат од АПЦ јурисдикција над истиот. Впрочем доколку сте ја слушнале народната песна „Фанче одит на Калишта" ќе ви стане јасно дека се работи за личност викана Фанче Елбасанче кој ги посетува своите роднини во Калишта-Струга со кои комуницира на локалното македонско наречје, а што и не ви оди во прилог за прикажување на албанскиот карактер на населението во Елбасан и околината. Но, движењето на населението е сосема нормална работа во сите епохи и од различни причини, а што исто така не ви дава за право да ги фалсификувате очигледните факти кои не ви се од полза за докажување на вашата квази теорија. Во основа се обидувате со манипулации и

историски игри да создадете митолошка основа за развој и поддршка на вашата идеја втемелена во проектот за создавање на верска заедница на Православните Албанци во Република Македонија како паралелна и псевдо Православна Црква во Република Македонија. Интересно е што забележливо во вашето делување е дека се кај вас е псевдо или анти, така што се прашувам и каде тоа сте избрани во наставно-научно звање или можеби и тоа е една од вашите измислици и всушност сте псевдо професор.

Токму затоа и Архимандритот Партениј реагира на вашите ступидарии кои како грст песок ги истурате во очите на македонските граѓани за да го затскриете вашиот план, вашата зла намера за удар врз МПЦ-ОА. Игуменот на Светата Бигорска обител и отецот на манастирот во Рајчица е должен да ги заштити и братството и сестринството од ваквите волчји напади поттикнати од непријателот на Бога. Но, покрај Неговото високопреподобие Архимандрид Партениј и братството на Светата Бигорска обител, постои и јавност и тоа Православна и верна која не е ниту неука ниту необразована ниту псевдо наука и која со аргументи ви кажува каде ви е местото со вашите лаги и конструкции.

Мислам дека е доволно напишано за сите ваши ступидарии. Тоа значи дека не би ви давал повеќе значение и несакам како што веќе кажав да ве правам актуелен и за сметка на тоа да се крепите и наплатувате кај вашите налогодавачи или работодавачи. Вие сте наемник, а наемникот не ги чува овците и штом волк се појави бега и го остава стадото што и ќе го сторите кон вашите наредбодатели. Но, тоа е нивен проблем, ние ве прозревме и го видовме вашиот некарактер, вашата одроденост, а најповеќе апостасија.

За крај господине Синадиновски ве потсетувам на мојата отворена покана да ги расчистиме прашањата околу Светата Православна Црква во Македонија и нејзините членови како живо тело на Христа, исчистени од вашите новокомпонирани национални чувства и да ставиме крај на вашето ругање на Христа и ширење на паганизам и демонизам, притоа таа ваша активност покажувајќија како врвен дострел на демократија или можеби вие мислевте на „демонократија“.

Сепак, секогаш е вистинско време за покајание и обраќање кон Христа.

14/27 јули 2016 лето Господово
На денот на Св.Апостол Акил (еден од седумдесетте апостоли) и Св.Преподобен Елиј

## 13. Некрофилија – 11.08.2016

Бог да ги прости сите оние што загинаа во страотната природна катастрофа на 6-ти август годинава. Сочувство до нивните семејства и блиски. Жалам за загубите на сите мои сограѓани од погодените реони на Скопје и во неговата околина. Очекувам институциите во Република Македонија да ги преземат сите неопходни мерки за ублажување на долгорочните последици од несреќата. Го молам Господа да ги утеши сите што на било каков начин настрадаа при поплавите, особено оние кои загубија некого од семејството.  Ги повикувам сите граѓани на Република Македонија да се вклучат од секој аспект спрема своите можности да помогнеме на нашите настрадани сограѓани.

Ова се моите најдлабоки човечки и Православни Христијански чувства за трагедијата која ги задеси нашите сограѓани во Скопје и околината по катастрофалните поплави.

Природните несреќи и катастрофи се многу и повторно многу тешко предвидливи. Вообичаено доаѓаат ненадејно без претходни знаци за нивна можна појава, истите се краткотрајни, но до катаклизмички граници рушечки и притоа оставаат долготрајни и тешки последици. Тоа што може да се направи во вакви ситуации е единствено да се обидеме да ги намалиме подоцнежните последици и евентуално со некои мерки да се обидеме да ја намалиме ранливоста на населението, бидејќи човечките животи и опстанокот на населението е приоритет на државата во секој миг, а особено при ваквите катастрофи. Дури потоа е се останато, а на крајот и политиката.

Ете така, токму политиката која во овие за дел од нашите сограѓани страдални мигови требаше да биде последна работа, како по правило се истрча во преден план. И од кого друг ако не од СДСМ. Од мудреците на СДСМ кои со своите пораки на социјалните мрежи и јавни настапи го покажаа и промовираа своето некрофилство.

Нема да споменувам имиња, бидејќи не е во ред да се водат лични пресметки и да се бламираат во јавноста луѓето кои самите себе веќе доволно се изблаамираа и ги покажаа јавно своите и така сомнителни морални капацитети. Напротив, сметам и дури  цврсто сум убеден дека тоа е резултат на една континуирано некрофилиска политика која СДСМ ја спроведува не само врз граѓаните како поединци и личности, туку и врз целата нација, а на крајот и врз државата како меѓународно – правен субјект.

Да појаснам зошто е тоа така.

Прво: Да си полн со „политички триумф“ што загинале твои сограѓани во природна катастрофа и тоа да се обидуваш меѓу редови да го

протнеш како „политички жртви“ на Владата, покажува континуитет на безидејноста со која СДСМ се обидува да се добере до власта па дури и преку несреќата на сопствените граѓани, прикажувајќи ја како политичка борба. Нискост од незапамтен формат. Помраченост и некрофилија до дно.

Второ: Да немаш елементарно чувство дека само ден-два по несреќата погодените граѓани имаат потреба од утешителен збор, добра мисла насочена кон планови за брзо обновување на уништеното и конкретна помош на терен, туку да испраќаш дури од Прилеп забегани политички провокатори со цел да се предизвика инцидент, претставува политичка кусогледост, но и етичка и морална пропаст на оние кои дошле на таа идеја, кој ја организирале и се обиделе да ја спроведат, а нечист ум на самиот извршител. За состојбата на совеста која ќе треба цел живот да ја носите, доколку воопшто ја имате несакам да коментирам.

Трето: Да поттикнуваш граѓани во медиумите и на социјалните мрежи да се претставуваат како жртви од природната катастрофа, а на кои веќе неколку дена не им е пружена елементарна помош во храна и вода, а тие тоа не се, односно немаат никаков допир со погодените населени места, и со тоа се обидуваш да внесеш дефетизам и малодушност меѓу граѓаните, да ги претставиш институциите како неспособни, го омаловажиш напорот на сите оние кои чесно, хумано и совесно се обидуваат да помигнат на настраданите, покажува дека некој за политички цели и недела е подготвен да си поигрува и со самите тие простодушни и изманипулирани луѓе кои учествуваат во оваа опасна игра. Инаку, ширењето паника, дезинформации и дефетизам како недоверба во институциите на државата и на тој начин попречување на функционирањето на системот во воени и вонредни состојби се накажува најтешко. Па сега „камаради“ од СДСМ и Левица размислувајте во што сте подготвени да се впуштите за сопствени интереси, а на штета на државата. Ова е вашата слика како би се однесувале доколку не дај Боже треба да ја браните Македонија, односно дали воопшто помислувате да ја браните сопствената татковина.

Четврто: Кога и во најтешката позиција за Република Македонија во меѓународните односи, повторно креирана и наметната или усложена од страна на СДСМ со нивните антидржавни активности на меѓународен план, државата ќе успее да се наметне како сериозен кандидат за лидер на една регионална организација од областа на безбедноста и во таа меѓународна промоција на отворен конкурс ќе декларира човек кој со своето портфолио е препознаен на меѓународно ниво, а во исто време СДСМ преку СЈО ќе се обиде со измислици и лаги да го урне кредибилитетот на личноста која на највисоко ниво

треба да ја претставува Македонија, тогаш тоа е отворен настап против сопствената држава и некрофилија кон Македонија во меѓународни рамки.

Петто: Да пишуваш писма до меѓународните финансиски институции и банки за да спречиш одвивање на планиран и нормален финансиски пазар на државата, а поврзан со нејзиното функционирање, во исто време претставувајќи ја сопствената држава за криминална и плашејќи ги странските банки и финансиски институции со кривични пријави претставува помрачување на умот и повторно некрофилија кон сопствените граѓани, нивната економска сигурност и кон финансиската стабилност на државата.

Доволни се само овие неколку конкретни примери за да видиме дека СДСМ е втемелена на некрофилски норми. Добро е сите да изумреме за тие да можат да дојдат на власт и да владеат.

По сите манипулации, измислици, обиди за уривање на државата, некакви „шаренковци“, специјалци од обвинители кои се со сомнителен морален и етички кредибилитет, а за професионалниот несакам да коментирам бидејќи претходно доста се пишуваше за тоа прашање на кое никогаш не добивме одговор, брутални притисоци врз луѓе, закани од највулгарен аспект, манипулации на секој начин и кодошење на државата во меѓународните институции, соработки со секакви белосветски разузнавачки служби, групации на актуелни и пропаднати агенти, па и поединци познати како белосветски шпиони кои работат исклучиво за сопствени финансиски интереси, на ред дојде и изживувањето врз сопствениот народ и задоволството од трагедијата која се случи на никој друг, туку токму на наши сограѓани.

Не е нормално човек да ликува на било чија несреќа, а опозицијата ликува над несреќата на сопствените граѓани и тоа час отворено, а час крајно перфидно и тоа се со една цел, остварување на политички поени пред следните избори на кој никакао да се согласат да излезат, а во недостаток на сопствена визија, идејност и програма се хранат со некрофилија.

Очигледно е дека СДСМ е на дно на моралната криза во која се западнати оваа политичка партија и нејзините сателити. Немањето капацитет, пред се човечки и интелектуален, како и безидејноста, резултираа со ова што денес можеме да го видиме на дело.

Всушност, доколку ги следиме јавните настапи и пишувања на луѓето кои се претставуваат како интелектуална елита на СДСМ и воопшто опозицијата, не би требало да бидеме изненадени од сето ова што можевме да го видиме и во последниве неколку дена поврзано со поплавите. Луѓе кои без страв и етичка одговорност хулат на Бога, повикуваат на отворено насилство и уривање на државата, односно

покажуваат слава кон смртта и уништувањето или преку своите постапки се декларираат како некрофили, сигурно нема да најдат место во своите умови (не срца-умови само да би биле рационални не љубовни) за збор на сочувство или утеха кон оние кои настрадаа. Напротив тие гледаат политичка шанса во туѓата несреќа. Можност да се обвини Груевски, ВМРО-ДПМНЕ, Владата, институциите и секој друг во Република Македонија дека се виновни за страданијата на нашите сограѓани.

За жал по којзнае кој пат јавно пишувам и ја повикувам опозицијата да се преуми, да ја смени својата истрошена матрица на негативизам и омраза до злоба и некрофилство. Тоа што го покажуваат нема воопшто да им помогне да се доберат до власта по секоја цена како што посакуваат. Нема да помогне ниту на граѓаните ни сега ниту во иднина. Ниту ќе помогне на оние што настрадаа во некои претходни несреќи како и во оваа последната.

Неопходно е преумување, повеќе хуманост, човечност и емпатичност. Чувство за тоа кога е потребно да се делува политички, а кога тоа е нечовечки-некрофилски, приземно и бесполезно. Природни несреќи и катастрофи имало и ќе има, не постои држава која е имуна на овие појави и која нема да претрпи последици и штети па и за жал човечки жртви во вака обемни и разорни несреќи. Но, потребно е барем малку повеќе човечност и добра мисла и секако позитивна идеја за подобра идна превенција и намалување на ранливоста, а за жал и овој пат можевме да видиме дека на нашата опозиција тоа и недостасува. Луѓето како од дното на душата да ја мразат сопствената држава и граѓани па во своите настапи покажуваат експлицитна некрофилија.

Господ да им е напомош и ним и нам.

## 14. Будење на Франкештајнот со политичка инекција – 22.08.2016

Оваа драмолетка со СЈО и нивните излети на умот и политички ангажмани за потребите на СДСМ и тоа онака божем случајно одвреме-навреме, личи на будење на креацијата на д-р Франкештај со политичка инекција. По секое заспивање заради дополнителна лоботомија на СЈО доаѓа будење со политичката инекција за поттикнување на глупостите кои како општествена штета треба да и се направат на Република Македонија.

Тоа е веќе досадна работа. Ќе отспие Катица еден-два месеци и кога налогодавците ќе проценат ете го будењето, во меѓувреме е извршено дополнително одземање на здравиот разум за расудување и вметнати инструкции за детонација на глупоста. И така СЈО се повеќе го покажува својот лик на Франкештајн во правниот систем на Република Македонија.

Неможејќи да најде основа за кривичен прогон, во својот наплив на мудрости Катица побара осомничените да ја докажат својата невиновност во нејзините измислени кривични дела. Умно, многу умно, со оглед на извршената лоботомија и добиената политичка инекција што друго можеше да се очекува од СЈО. Дури и „дискретната“ закана дека наскоро низ СЈО ќе прошетаат многу лица претставува дел од арсеналот на глупостите. Од каде и од кога тоа обвинителството однапред најавува постапки, истраги, мерки, лица и се околу својата работа. Колку што ми е мене познато ниту едно обвинителство не води јавна истрага. Но, ова е СЈО на Катица Јанева, лоботомирано од здрав разум и правна логика, испразнето од содржина и сведено на политичка формалност и инструмент. Затоа и сите жалопојќи од аспект на одличната стручност на СЈО, а опструкции од институциите на системот се празни обиди за оправдание како се трошат и безмилосно ќе се потрошат парите доделени на Катица и нејзината тајфа и спроведе анти македонскиот план на политичките ментори на СЈО.

Времето ќе ни покаже колку се Катица така лоботомирана и оваа нејзино СЈО опасни за правниот систем во Македонија, за отворање на други преседани, кршења на устав и закони и деструкција на државата, бидејќи с еочигледно политички инструирано тело.

Еден преседан не носи во втор преседан па во трет и така во недоглед, кога всушност и ќе заборавиме како изгледа правна држава во која вакви сподоби од профилот на Катица не би требало да припарат, а не пак да ни водат јавно обвинителски постапки и креираат правда. Доколку СЈО иКатица се огледало на правдата во Република

Макеоднија, тогаш тврдам дека таа и таква правда е со многу грдо дури и страшно лице. Впрочем како Франкештајн што ќе бара нови и нови жртви заради задоволување на сопствената непресушна жед за надополнување на лоботомираниот мозок.

Пропуштањето на правните процедури и компромисот со правото во случајот со „Пуч“ и аболицираниот криминалец Заев не чини неуставно СЈО и лоботомирана Катица. Оставањето да неуставното СЈО и лоботомираната Катица функционираат ќе не чини уривање на правната држава. Уривањето на правната држава ќе доведе криминалци од профилот на Заев на власт. Нивното доаѓање на власт ќе не чини губење на Република Македонија или на државноста и нацијата.

Ништо не е случајно, се е причинско последично поврзано, само прашањето е дали ќе успееме навреме како народ тоа да го видиме и со силата на народот да реагираме и да си ја заштитиме татковината од вакви сподоби. Будењето на Фракнкенштајнот СЈО, но и на другите сподоби со политички инекции од некои дипломати на супер силата ќе продолжи. Во прашање се глобални геополитики и национални или мултикорпорациски интереси, а не интересите на Република Македонија и се додека има црпнати предавници ќе има и кого да лоботомираат и будат со политички инекции.

## 15. Оставка или . . . – 13.01.2017

Има една стра изрека која во Куманово ја применуваат а гласи: „Од обеќање куќа не се растура“. Претпоставувам дека Заев оваа поговорка ја научил од Спасовски и решил да ја применува во неговите дворски политички манипулации кон сопствениот народ. Но, сакам да напоменам, само кон сопствениот Македонски народ, што се однесува кон сите други на кои им ветуваше се и сешто, подготвен е да реализира се. Впрочем и Фрчковски тоа многу добро ни го кажа каква идеја има СДСМ доколку се добере до власта, а тоа е се онаа што Заев јавно го говореше во врска со редефинирањето на Македонија како унитарна држава и уште згора и пресметка со секого и создавање своја администрација и државна структура според мерилата на СДСМ.

Сепак тоа се политички ставови на СДСМ со кои ете јавно излегува пред граѓаните на Република Македонија, па оттука кој сака нека повели, тоа е менито за идната Македонија која според своите политичко идеолошки ставови и веќе познатата матрица ќе ја реализира СДСМ, секако доколку дојде навласт. За среќа Македонскиот народ и граѓаните на Македонија кои ја поддржаа политиката на ВМРО-ДПМНЕ на последните предвремени избори покажаа поголема свесност од Заев и друштвото му растурачи на државата. Токму така, растурачи на државата иако Фрчковски се обидува во јавноста да ги претстави како СДСМ-државотворна комунистичка наследничка што е ноторна лага, но на оваа тема во друга прилика.

Во овој текст, основната тема за која сакам да го изнесам мојот став е токму личната доблест, чувство на одговорност пред другите и самиот себе и исполнување на дадениот збор или ветување, кое уште и јавно е дадено. Контекстот на одговорен политичар и човек кој сака да биде претседател на Владата на Република Македонија започнува со негова лична одговорност за сопствениот даден збор кон граѓаните, во било какви услови тоа претставува морална обврска која всушност длабоко го отсликува неговиот карактер и идеолошко-политичка матрица на однесување.

Токму ветувањето кое Заев го даде, а се однесуваше на тоа дека ќе си поднесе оставка доколку ги изгуби предвремените парламентарни избори на 11-ти Декември 2016 година, ја даваат сликата за неговата личност, човечкиот, етичкиот и моралниот кредибилитет, но и политичко-идеолошката матрица со која сака да владее. Впрочем, како

и за се досега кажав-не кажав, реков-пореков, така и за својата понудена оставка Заев се прави дека не бил разбран. Боже прости божем недоветен е човекот па зборува секакви глупости или можеби е склеротичен па заборава што кажал. Тоа однесување веројатно е нормално за кругот на СДСМ, но убеден сум дека за граѓаните на Македонија, особено за оние кои крајно сериозно ја разбираат државноста и раководењето со државата ова е чисто шарлатанство и кловновско однесување, а на крајот крајно понижувачко и деградирачко однесување кон сопствените граѓани. По се изгледа, Заев ги смета македонските граѓани за недоветни и со кратко паметење и се обидува да си поигрува со нив. Затоа еве, јас сакам да го потсетам и него и Шеќеринска и Спасовски и сите други во СДС-то дека нивниот љубен и никогаш непрежален жален Заев јавно вети дека ќе си даде оставка од сите државни и политички функции, но тоа не го прави. Многу е важно самите вие погоре споменати и сите вие од СДС-то да разберете дека исполнувањето на ветувањето кон македонските граѓани или во конкретниот случај оставката на Заев, бидејќи ги изгуби изборите, ќе ве направат сериозни во очите на сите граѓани и доколку се обидете на следните избори да понудите нешто конкретно што ќе го подобри нивниот живот, а не растурање на државата и спроведување на туѓи цели, можеби и ќе ги добиете изборите. Вака како што стојат сега работите, и со поддршка на еден куп странски претставници, соросови невладини, валкани пари и здружување со непријателите на Македонија и уште згора и прагматична примена на поговорката „Од обеќање куќа не се растура“, тешко дека ќе спечалите доверба и изборна победа.

Кога сме кај „факторот или те чадорот“, на Заев мора да му биде јасно дека и тие нема да му простат. Толку здушно и со сите нелегални средства (притоа прекршувајќи го дури и нормалното дипломатско однесување) поедини „странски фактори“ му помагаа да победи, а тој не успеа да им ги реализира целите и задачите кои му ги поставија. Е затоа нема да му простат. Единствено доколку си замине, односно го оствари ветувањето дека ќе се повелече од сите општествени и политички функции, можеби ќе успее да се нагоди да му простат и да им се мавне од пред очи и ним и на македонските граѓани. Или . . .

Е ова или е проблем. Веројатно Заев знае дека кога ќе си даде оставка и барем на крајот неговата неславна политичка кариера и предавничко однесување кон сопствениот народ ќе го одржи прв и последен пат дадениот збор, самиот тој ќе биде неупотреблив за никого, дури и за својот СДС и на локално ниво. Токму оваа сознание за својата ништожност го држи во состојба на манипулативни игри на сите страни

и пуста надеж дека иако ги изгуби изборите, повторно со помош на некој „чадор“ ќе се обиде да остане политички жив и употреблив.
Што да се каже за ова, освен дека се работи за човек без етика, морал, лична одговрност, манипулант, себељубец, мотивиран од среброљубие и убав живот на туѓ грб.

Но, тоа не го интересира „чадорот и факторот“. Тогаш кога дефинитивно ќе стане јасно (а тоа и практично ќе биде многу бргу, доколку не се случат непринципиелни вратоломии) дека ВМРО-ДПМНЕ ја предводи новата влада и нејзиниот претседател Груевски е повторно Премиер, по природен пат на заклучоци на сите ќе им „светне“, вклучително и на „факторот“ дека Заев заврши со својата недостојна епизодна предавничка улога. Тогаш, претпоставувам дека истиот негов патрон и сите соросоидни невладини ќе му се нафрлат, а кутриот тој нема да има ниту една доблест (остварено ветување на кое ќе се повика). Едноставно видливо е дека човекот сака да си го продолжи политичкиот живот барем за уште еден ден, буквално од денес до утре каква што му е ицелата негова и на неговото СДС политичка концепција и тоа веќе подолг период. Што ќе прави „чадорот“, ќе му прости или како што најави Геровски во својата колумна „ќе ги пушти низ вода“ и Заев и СДС-тго и соросоидите и целата неупотреблива шарена булумента. Добра асоцијација дека ќе пуштат вода за да ги исчисти, а кој каде потоа ќе заврши е веќе друго прашање. Сигурен сум дека Заев во секој случај ќе заврши како безначајна предавничка фигура во секоја од варијантите.

Според мене, прагматично би било Заев да си даде оставка и барем малку да има простор пред македонските граѓани да се повика на некоја минимална доблест дека ете на крајот си го одржа дадениот збор. Се останато што ќе направи е само на штета на државата и одложување на неминовното негово заминување на црните страници на македонската историја. Личното чувство на загрозеност, а поради неоставрените задачи и цели на туѓите интереси или поради сторените криминали за кои со или без Вицето ќе си одговара (па нели законот е еднаков за сите-па и за Зоки од Муртино), е само негов личен проблем. Поради тој проблем неможе две –три години да го држи во заложништво целиот народ и државата. Не постои овој народ и Македонската држава за да му угодуваат на Заев. Тој е само еден граѓанин на Македонија од сите два милиони граѓани и ништо повеќе. Со се она што го стори во изминатиов период ќе остане запаметен како една од најнегативните личности во современата македонска историја и единствено барем малку што може да го „испере“ е покажувањето на доблест со последниот политички чекор – оставка.

Можеби од „обеќање куќа не се растура“, но во случајот на Заев многу други работи може да се изгубат, пред се тој лично, а за што е во потполност свесен. Колку и да изгледа „црпнато“ човекот е манипулатор, лажго и перфиден играч за лични интереси и ништо повеќе од тоа. Со оглед на сите околности останува Заев да одлучи дали последната игра и ветувањето за повлекување од сите општествени и политички функции и активности ќе ги реализира или ќе продолжи со поигрувањата и манипулациите. Знаеме дека неговата кожичка е во прашање, но никој друг не го доведе во оваа состојба, тоа си го направи самиот „со ѓаволот тикви садеше и сега од глава му се кршат“, затоа негова е одлуката.

Е па Заев, ОСТАВКА ИЛИ . . .
Честито ново лето Господово 2017-то

## 16. Тривијалности на болните умови – 20.01.2017

Приземната или тривијалната подлост е одлика на луѓе кои не се личности. Тие се до тој степен обезличени што секој вид на подло однесување за нив е исполнување на нивната бедна и сиромашна душа. Во тие свои подли активности овие лица кои не се личности се чувствуваат големи и исполнети. Со сета тривијалност која блика од нив, особено ги исполнува и се чувствуваат големи кога некого навредуваат. На било кој начин да навредат некој кој за нив е несогледива величина која никогаш нема да можат да ја достигнат претставува нивен врвен успех, па со оглед на неможноста таа реализирана и полна личност да ја достигнат со сите сили се обидуваат да ја сведат на ниво на својата сопствена ништожност и тривијалност. За остварување на овие тривијалности овие ништожни човечки суштества кои се само едни обични лица кои со ништо позитивно неможе да ви привлечат внимание, не бираат ниту место ниту време, ниту околности, туку едноставно со сето нивно безумство ја зграпчуваат шансата што воопшто се нашле во близина на една остварена и полна личност и можат на некој начин да му „наштетат“. Всушност тие се обидуваат преку него да се реализираат себеси (нешто како паразити кои живеат од туѓ организам) и навредувајќи го да предизвикаат било каква негова реакција, по можност негативна за да потоа преку социјалните мрежи ја промовираат својата тривијалност како најголем демократски и цивилизациски дострел на нивните болни умови. На овој начин овие бедни души и болни умови си умислуваат дека се отргнале од тривијалноста преку својата подла игра. Која самоизмама во нивните сиромашни глави.

Претходното кажано како куса психилошка анализа на однесувањето на секакви болни умови, беше инспирирано од веќе подолго време навистина ментално нездравото однесување на група „шаренковци“ таканаречени „демократи“ кои плукаат на најприземен начин против секој кој не е согласен со нивните фашистички ставови на исклучивост. А, нели се за демократија, но под услов да си согласен со нивниот став. Покрај оваа инспирација од конкретно неетичко однесување кон поедини јавни личности во Македонија, тука е и инспирацијата за во секој случај неоправданата, а секојдневна употреба на поимот „режим“ од страна на истите лица од соросоидниот клан.

Сметам дека за глупостите на Тричковски кој спаѓа во групата на злобни и дури би си дозволил да кажам „ѓаволоимани“ лица, не се за коментар. Но, во исто време цврсто сум убеден во тоа дека таквиот

говор на злоба на оваа лице ги поттикнува болните умови на некои други лица да се однесуваат тривијално.

Последниот навредлив однос и онаа идиотштина на јавно глупирање во намера да се навреди претседателот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски во присуство на неговото семејство, претставува добра слика за демократскиот капацитет и демократските манири на соросоидната платеничка булумента. Да се обидуваш да навредуваш човек во присуство на негвото семејство, две малолетни деца кон чии татко се обраќаш и потоа тоа да го објавуваш на социјалните мрежи во обид да се претставиш како борец за човекови права, демократ и незнам колку значајна општествена фаца е навистина чиста креација на болни умови. Тоа да му го направеа на било кој друг човек кој не е од форматот на Груевски, па дури и на секого поединечно од оние букачите кои учествуваа во овој подол театар, верувам дека ќе им одговореше најмалку со иста мерка на нивното вулгарно однесување, ако не и со физичка пресметка. Но, токму тоа е и разликата помеѓу Груевски и нив. Груевски не ги навреди и покрај се што направија како личен, не политички, туку повторувам личен атак кон него и кон неговото семејство.

Од тука почнува и основата за компарација по однос на поимот „режим“. За каков тоа режим зборуваат овие приземни лица со изгубена физиономија на ментален склоп со чисти размислувања? За оној режим кои тие го сакаат, па се обидуваат секојдневно да ни покажат каква убавина сакаат да ни донесат, а доколку не се согласуваме со нив тогаш стануваме нивна мета. Нивната тривијална и подла матрица да можеш да навредуваш секого и секаде и во сите околности. Да може оној самопрогласениот новинар, со самовоздигнат назив „Аналитико“ да зборува за убавината на ликот на некои луѓе и да промовира фашизоидни теории за натурализмот и за тоа дека ликот го определува карактерот на човекот. Само колку да осознае во морето на своето незнаење, Светата Православна Црква многу јасно ги има изобразено ликовите на светителите, но и на самиот Господ Иисус Христос на кој е воочливо дека никој од нив не е според физиономијата на ликот создаден за да го изберат за мис на светот, но затоа нивната убавина е во нивниот ум и срцето во Бога. И за да не звучам теолошки во оваа политичка колумна една кратка порака со една неприкосновена вистина содржана во поговорка: аналитико или како ли се нарекуваш безимен лику, „Убавината е минлива, глупоста е вечна“. Е, па сега повели пронајди се себеси во твојата „убавина“.

Да се вратиме на поимот режим, всушност, лаички појаснувајќи за да не оптеретувам со цитати, властодржецот кој го претставува режимот под никакви услови нема да си дозволи да замине од власт,

односно да се повлече од својата позиција без од неа да биде остранет со негова физичка елиминација. Доказ за оваа мое тврдење има во многу случаеви низ историјата, впрочем во сите случаеви на недемократски, деспотски, тоталитарен режим. Ова не е случај со Македонија и тоа најодговорно го тврдам. Тоа е и првата заблуда на сите оние кои свесно сакаат преку употребата на поимот „режим“ да предизвикаат негативни чувства кај граѓаните кон ВМРО-ДПМНЕ како владеачка партија. Втората заблуда или поточно искривување на сликата за општествено-политичките состојби во Македонија е видлива во тоа што Владата не забрани јавни собири кога „шаренковците и ЛГБТ, соросоидната и друга компанија за поддршка на СДСМ“ правеше протести и притоа однесувајќи се вандалски уништуваше јавен и приватен имот. Дури и во вакви услови полицијата беше прекумерно трпелива и не реагираше, освен во случаеви кога беше нападната таа или објектот кој го обезбедуваше, а притоа не се применуваше тотална сила. Третата заблуда која јасно ни покажува дека во Македонија нема режим и дека ВМРО-ДПМНЕ е легално избрана демократска власт, е тоа што во режимите за кои СДСМ и нивните соросоидни пријатели зборуваат, сите поттикнувачи на протести, учесници во анти владини протести или на било кој начин активно вклучените во „шарената револуција“, ќе беа преку ноќ уапсени и одведени. Така да „Шутка не ќе им гинеше секако“, а потоа ќе продолжеа на подолг „изолиран одмор“. И последната и четврта заблуда која СДСМ и нивните пулени ја пласираат помеѓу македонските граѓани е „слободата на медиумите“. Очигледно е дека СДСМ со сите сили сака да не ослободи од слободни медиуми, а преку тоа и од нормално и здраворазумско размислување и да станеме дел од нивното тривијално, безумно и подло опкружување. Токму тие „неслободните“ медиуми цело време во изминатиот период од две-три години, а и пред тоа со полна сила работеа во лиферувањето на полувистини или невистини како ударни вести на денот. Токму тие беа поддржани од оној мачкарот кој глумеше дипломат, а со единствена цел, замајување на македонските граѓани и претставување на владата на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ како режимска.

Колку што можев да видам, ниту ВМРО-ДПМНЕ ниту ДУИ во изминатиот период не поведе постапка против некои од овие медиуми ниту ги затвори. Режим би го затворил секој медиум кој би направил дури и грешка во читањето која би наштетила на истиот, а не пак да дозволи изнесување на невистини и конструкции и нивно јавно промовирање. Доколку некој сака да спори во врска со случајот на А1 телевизија, само кратко ќе кажам дека во тој случај имаше криминал сторен од страна на сопственикот на телевизијата, а не дека некој презема активности против уредувачката политика на телевизијата. Во

оваа група на медиуми ќе ги ставиме и социјалните мрежи и особено оние таканаречени новинари „аналитиковци“ кои преку портали на кои се пишува се и сешто до ниво на ноторни лаги и измислици се обидуваат да креираат јавно мислење. Да сакаа демократски и навистина слободни медиуми СДСМ ќе побараа донесување на закон за медиуми во кои ќе беа опфатени и порталите. Но, на СДСМ му требаат овие болни тривијални умови за да може на тој начин да шират невистини и да прават смут помеѓу македонските граѓани. Затоа и на Тв21 водителката ме праша „Дали кога влегувала Јанева во просториите на УБК јас сум стоел на вратата со раширени раце и нозе“? Тоа потекнува токму од овие тривијални болни умови и квази новинари. Впрочем тие и немаат мозок за убави нешта, очигледно дека толку им фаќа па цел ден седат и размислуваат како да измислаат некоја гадост и лага за да на подол и приземен начин и наштетат на некоја личност. Токму затоа СДСМ несакаше закон за медиуми во кој ќе бидат опфатени и порталите. Многу им одговара недефинираност во која како во бара полна со жабокречина ќе можат да пливаат и да мамат, а за тоа да нема одговорност. Токму во овој контекст на избегнување на одговорноста е и последната одлука на СЈО во врска со ослободувањето на Заев, а потоа ќе зборуваат за „режим“, но за оваа тема во врска со СЈО и Заев ќе зборувам во друга колумна.

Ете толку во врска со појаснувањето на несоодветноста на поимот „режим“. ВМРО-ДПМНЕ за овие 25-26 години македонска самостојност ниту била ниту е, а верувам дека ниту ќе биде режимска и недемократска партија, а уште помалку режимска власт. Од моето искуство во соработката со раководството на ВМРО-ДПМНЕ од позиција на дополнителен заменик министер за внатрешни работи, тврдам дека таму има многу разумни и умни личности изградени и реализирани, образовани и пред се личности кои се патриоти и си ја сакаат својата татковина и ги почитуваат законите на Република Македонија. Би сакал да можам да кажам такво нешто барем за дел од раководството на СДСМ со кои имав прилика директно и индиректно да имам контакти од истата позиција, а од чии капацитет, демократско однесување и почитување на законите на Република Македонија нема ништо, а за патриотизмот и не станува збор, едноставно тоа е поим кој не постои во нивната идеологија и лична свест.

Токму затоа, тривијалните болни умови како нарачани марионетки за навредување на личностите од ВМРО-ДПМНЕ не успеваат во своите намери. Едноставно, се работи за различни нивоа на перцепција на демократијата и воопшто општественото однесување, а со тоа и најважното, различноста во љубовта кон Макеоднија.

Колку и да се обидуваат да го испровоцираат Груевски преку лични навреди и напади дури и пред неговото семејство, колку и да се обидуваат да зборуваат за некаков си режим очигледно е дека не им успева. Тој неуспех ги води кон поголема омраза кон него, бидејќи на дело им покажа како дотоинствен човек се однесува и во ситуации кога врз него атакуваат вакви недооформени лица. Запрашајте се, кога Груевски така се однесува лично во една таква ситуација и го надминува сето тоа крајно достоинствени, што и како ли бара да се однесуваат оние кои во ВМРО-ДПМНЕ или во државните институции додека беше Премиер соработуваа со него. Како ли мора тие личности да се однесуваат носејќи ја одговорноста за своите постапки пред јавноста и пред него, а тој со сигурност ќе тргне од својот личен пример на однесување кога ќе суди за своите соработници за сите нивоа.

За жал, не очекувам дека до тривијалните-приземни болни умови ќе допре пораката од оваа колумна. Тие одамна се заминати во полусвет каде нема личности туку само лица со илјада маски и со помрачена свест и изгубен морал и етика.

Очекувам моите зборови да допрат до граѓанинот на Република Македонија кој си ја сака оваа држава, оваа своја татковина и ја чувствува како своја како дел од себе и дел од иднината на нашите поколенија, затоа што Македонија не зависи од приземни подлеци и болни умови кои сејат магла и злоба за да може да манипулираат. Мнозинството граѓани на Македонија и на последните избори ја дадоа довербата на ВМРО-ДПМНЕ и Груевски и тоа е неприкосновена вистина која треба да се почитува како израз на политичката волја и врз неа да се гради политиката на нова Влада. Се останато е манипулација, тривијалност, подлост и лага на нереализирани лица кои исполнети со злоба се жедни за туѓа крв.

Бог се јави, навистина се јави!
На денот на Св.Јован Претеча и Крстител

## 17. СЈО и „Пуч“ – 22.01.2017

Многу е пишувано за работата на СЈО, за неправните постапки на СЈО и за неговата против уставна позиција, како и за политичката улога која несомнено сестрано ја игра во поддршка на Заев. Пишувано е и премногу за сите овие работи и веќе се е толку јасно што и последниот чин на ослобидување од обвинението за „Пуч“ на Заев и неговите соработници може да го сметаме како очекувана работа во редоследот на глупости и правни недоследности што од самиот почеток го следат СЈО и неговата божем работа.

Во оваа колумна сакам да се вратам на основите на целата операција против Македонија, а која е започната пред повеќе години, а сега ги гледаме завршните епизоди.

Тврдам дека се работи за класична разузнавачка операција на долг рок, со цел разбивање на Република Македонија и нејзиниот уставен систем преку уривање на легално избраната власт и инсталирање на марионетска влада која „легално и уставно“ (со претходно преземање на парламентарното мнозинство ќе го смени уставот) ќе изврши тотално редефинирање на Република Македонија како унитарна држава и единствена држава на Македонскиот народ.

И верувам дека веќе е јасно, првенствено затоа што многу долго време за крајната цел се зборуваше во македонските медиуми, а покрај се и самиот Заев ги откри крајните цели во предизборната кампања. Сепак, дел од македонските граѓани, особено Македонците не ја разбраа поракатa. Дури не сум сигурен дали и колумната на колешката Каракамишева, насловена како „Сега јасно е или пак не е“,во која многу експлицитно ги објасни последиците од политиката на Заев, двојазичноста на цела територија на Македонија, кантонизацијата и се останато, допре до македонскиот граѓанин и му ја предочи опасноста од најголемиот предавник на Македонија и политиката на СДСМ.

Ете така истиот тој Заев, аболициран криминалец, по којзнае кој пат повторно е ослободен и од најтешки кривични дела против државата. Целта на оваа игра на СЈО е многу едноставна, а тоа на прво место е со цел да му симнат еден голем товар од грбот на Заев пред да се формира политичка влада на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ и целиот случај влезе во судска постапка, а потоа да неможе да се избегне одговорноста. На второ место е да го исчисти Заев пред да со сите сили чадорот и останатите соросоидни играчи го промовираат во премиер па дури и насила. Затоа што спинот и перењето мозок на граѓаните треба да биде комплетно, а како на друг начин човек обвинет за шпионажа и против државни активности кои се очигледни, човек кој ја урива и

разнебитува сопствената татковина со отворено обвинение може да биде премиер на таа иста држава, доколку воопшто успеат да го направат овој анти Македонски политички инжинеринг. Ете тоа е епизодната улога на СЈО со случајот „Пуч“ и тоа како прва задача по која следуваат и други причини зошто СЈО се откажа од кривично гонење на Заев.

Всушност, сакам и да го освежам паметењето на македонските граѓани во врска со целиот овој случај наречен „Пуч“, а кој само ја откри целата разузнавачка операција која се водела против Македонија неколку години station наназад, претпоставувам од некаде 2009 – 2010 година.

Некаде пред две години на самиот почеток на кризата во Македонија, секако предизвикана од СДСМ и надворешните им помагачи дадов една изјава за медиумите во која напоменав дека е нужно да се открие кој е нарачателот на прислушувањето, за кои цели го нарачал тоа, кој го извршил прислушувањето и поради што го направил тоа и на крајот каква е одговорноста на луѓето во безбедносниот систем на Република Македонија, токму по овој редослед за потоа да следуваат и казнени мерки против секого од инволвираните.

Да појаснам дека одговорноста на луѓето од безбедносниот систем на Македонија го сметам за клучен не затоа што се прислушувало во државата, туку затоа што овие службеници носат одговорност пред се професионална и морална кон државата за нејзина заштита, а истите не успеале да ја спречат оваа разузнавачка операција. Верувам дека и во овој контекст има некое оправдување, па дури можеби и наивност дека ние како држава не водиме непријателски активности кон ниту една друга држава, особено не кон државите земји членки на НАТО и ЕУ и сме потполно соработливи, така што не е нормално тие да водат операции против нас. Тоа е во доменот на наивноста и една од лекциите кои како народ треба сите да ја научиме „Нема вечни пријатели постојат само вечни (читај клучни национални) интереси“. За се останаото одговорноста паѓа на нарачателите и извршителите на операцијата во сите нејзини фази.

Уште едно појаснување е неопходно за да се вообличи целата сликата. Имено, ниту една странска разузнавачка служба нема да се обиде да спроведе разузнавачка операција против друга држава, доколку во таа држава нема своја мрежа и особено свои соработници од внатре, помеѓу политичките елити и во безбедносниот систем.

Како сето ова им избегало од вид на службите за безбедност на Македонија, па реагираа веќе во доцната фаза кога се станало толку очигледно преку уцените на Заев, требаше да даде одговор

разрешницата на „Пуч“ како судска завршница отворено пред македонската јавност.

Токму оваа завршница СЈО ја минираше и на тој начин го заштити нарачателот, организаторот, изведувачот, предавникот Заев и целата агентурна мрежа и соросоидни инсталации во Македонија. Зошто ги заштити, па за зло не требало, можеби пак ќе имаат потреба од иста или слична операција, а знаете како се вели „нов бунар копај, во стариот не плукај“, секако ова е првата задача на СЈО, покрај хемиското чистење на Заев докажаниот криминалец кој секогаш го спасуваат од одговорност па затоа е и најподобен за спроведување на секакви гадости против сопствената татковина и народ.

Да се вратиме на разузнавачката операција. Имено, во контекст на ангажманот на лица, организатори, финансиери, групи на корисни глупаци, умоболни и исфрустрирани, богоборни лица од разни општествени групи, не е возможно да се спроведе операцијата само со еден или двајца платени-поткупени службеници во безбедносниот систем на Македонија, конкретно во УБК. Потребна и силна надворешна поддршка во оперативна техника и оперативно работење (особено оној дел познат како врбување). А нели, човечките слабости и падната природа се најпогодни за вакви врбувања. И кога ќе зборуваме за „жолти комбиња“ од кој некои тешко болни и паднати педерастични типови прават пародија, можам да тврдам дека жолто, бело, црвено, сино или незнам какво комбе или подобро кажано возило било во игра, па дури и бубачки и други видови оперативна техника биле применувани и тоа со сигурност го тврдам. Со сигурност тврдам дека за сето тоа во владата на Република Македонија, а за жал и во контраразузнавањето на Макеоднија немале никакви сознанија.

Сепак една вака обемна разузнавачка операција за уривање на држава како што веќе кажав не се спроведува без поддршка од внатре, од самите институции на системот, особено употребувајќи ги спијачите инсталирани во институциите кои на даден знак тргнуваат во акција. Токму тука е основната игра на СЈО и Катица во однос на целата политичка криза во Република Македонија, а посебно во случајот „Пуч“. Од сите досегашни показатели на однесувањето на Катица можам да се сомневам дека токму таа е спијач. Неелоквентен, неинтелегентен, лажлив, без трунка срам, подводлива, но сребројубива и слепо послушна. Токму добар-идеален профил на спијач.

Е затоа драги мој граѓани на Македонија, СЈО и Катето се откажаа од прогон на Заев во случајот „Пуч“, впрочем тоа е втората причина покрај онаа да го исчистат докажаниот и аболициран криминалец и предавник Заев. Втората и можеби за Катето специјалка лично позначајна причина е да се заштити себеси од тотално

разоткривање и потоа потпаѓање под кривичен прогон заради шпионажа и уривање на уставниот поредок на Република Македонија.

Можеби некој од читателите и ќе се запраша како пак сега СЈО (читај на прво место Катица Јанева) има врска со „Пуч“, а тоа не е во правно-обвинителски рамки? Ете така, едноставно има, и можеби звучи фантазмагорично, но верувајте оваа теорија има многу врска со потполна вистина. Токму затоа што при расветлувањето на случајот „Пуч“ на површина во судот и пред македонската јавност ќе излезеа на виделлина имињата на сите инволвирани во соработка со странски служби, соросоидни инсталации и секаква друга збирштина. Убеден сум дека и Катето не е надвор од овој список, туку дека е некаде на врвот од истиот. Доколку не беше така, зошто Катица толку силно се бореше цела година наназад да не почне судењто за овој предмет и секогаш дури и со најприземни образложенија го одложуваше судското рочиште.

Затоа, тврдам дека врската СЈО (Катица) – „Пуч“ (Заев) е многу подлабока, а за нас и многу значајна бидејќи, судската разрешница на случајот ќе ги открие сите игри и актерите.

Што повеќе да се каже, останува да ја гледаме драмата на СЈО во која во иднина Катето со оние две . . . (пиииииииип), ќе глуми независност и посветеност во случаевите против раководството на ВМРО-ДПМНЕ во кои нема да има ниту еден доказ за некакво кривично дело, но за кои со сигурност ќе закажува судски рочишта. И не се сомневајте, и тоа е дел од театарот со кој треба да продолжи заштитата на аболицираниот криминалец Заев, сопствената заштита која си ја намени Катето за себе и најважно заштита на нарачателот и организаторот на оваа разузнавачка операција.

Единствено со што не сметаа во сите анализи кои ги направиле пред отпочнувањето на разузнавачката операција и влегувањето во разузнавачкиот процес, е жилавоста на македонскиот народ и ВМРО-ДПМНЕ како политичка структура и интелегенцијата на неговото раководство (веројатно во овој контекст како урнек во планирањето го имале СДСМ со неговото раководство?). Напоменувам дека никој од нив па ниту Јанева и СЈО не сметаа на тоа дека доказите за анти државната и шпионска активност на Заев ги добија од ОЈО вклучително и целосните снимки на ПИ мерките, така што верувајте ќе се најде јунак во Македонија кој ќе покрене приватна тужба против Заев, а ќе се повика на сите тие докази. Е тогаш ќе видиме кому „Шутка не му бега“.

Да бидеме подготвени за продолжеток на постојната криза и да се мотивираме да издржиме и да се избориме за нашата правдина како граѓани, народ и како Република Македонија да имаме своја држава Македонија. Сите Заевци и Катици ќе поминат, ќе поминат и ќе се

отфрлат и платформите за растурање на Република Макеоднија, а за предавство на сопствениот народ и држава нема простување ниту во историјата, а Бог казнува врз поколенијата на предавниците.

## 18. ДУИ, СЈО и другите против ВМРО-ДПМНЕ – 06.02.2017

Зошто СЈО, ДУИ, СДСМ, ДПА и Беса се против ВМРО-ДПМНЕ и тоа жолчно, отворено и подготвено на создавање на непринципиелни коалиција на краток рок само да го нема ВМРО-ДПМНЕ? Затоа што не ги интересираат Македонските национални и државни интереси, бидејќи овие политички партии (СЈО е анти правно егзекуторско крило на СДСМ) и државен орган се всушност странски инсталации, односно под контрола на туѓи интереси. Во овој политички галиматијас, особено внимание за анализа и компарација привлекува релацијата на ДУИ со СЈО. Оваа љубов е резултат на насоките добиени од исти центар „странски фактор“, но внимание предизвикува однесувањето на раководството на ДУИ кое е на границата на поставувањето на психолошки анамнези.

Односот помеѓу ДУИ и СЈО, а гледано низ призмата на поддршката на ДУИ за СЈО претставува шизофренична приказна на раководството на ДУИ кога се во прашање нивните лични политички кариери и крдибилитет, но во исто време е сосема очекувана состојба во однос на јавните политики. За жал овие јавни политики го водат ДУИ во своите промотивни настапи за СЈО кои всушност се на единствената линија да се наштети на Република Македонија.

Овој вовед на денешната колумна Ве молам гледајте го во контекст на заклучок поврзан со јасниот политички дискурс на ВМРО-ДПМНЕ како единствена автохтона Македонска политичка партија. Ова автохтона не е значи националистичка, туку во овој политички миг во Македонија и во нашата политичка прагма за опстанок на државата, од сите релевантни (носители на коалиции) политички партии во Македонија, единствено ВМРО-ДПМНЕ спроведува про Македонска политика, политика која ги следи националните и државните интереси на Република Македонија. Токму затоа ВМРО-ДПМНЕ е единствената автохтона политичка партија во денешната политчка прагма во Македонија.

Но, да се вратиме на основната поента на колумната, а тоа е „Зошто ДУИ зборува во поддршка на СЈО и на некоректен начин избегна да направи Влада со ВМРО-ДПМНЕ“? Од многу едноставни соображенија:

1.Затоа што исто како и СЈО и ДУИ беше создадено од „странски фактор“, односно и двете се странска инсталација и со нивната политика, односно формално правно или неправно однесување раководат странци.

Одтука, ДУИ несмее да се спротивстави на некои наредби и отворено да тргне во коректен однос со ВМРО-ДПМНЕ правејќи Влада која ќе работи на државните и национални интереси на Република Македонија.
2.Поради првиот факт и ДУИ и СЈО се исклучително горди на оваа свое „педигре", гордо истакнувајќи го.

Во основа се работи за склоп на политички диригирани организации и лица кои раководат со истите и кои наоѓајќи се во својот полусвет се гордеат со тоа што одработуваат за своите создатели и работодавачи и нивните интереси.

Буквално, сите функционери на ДУИ се натпреваруваат кој повеќе и поубедливо ќе истапи во јавните промоции дека ќе ги слуша командите на меѓународната заедница (како што милуваат да ги нарекуваат поедините странски амбасадори и белосветски дипломати, генерализирајќи и поистоветувајќи ги со меѓународната заедница), а токму овие команди се насочени против Македонија и преточени во прагматичната политка „да не се прекине соработката со ВМРО-ДПМНЕ. На тој начин самите тие се промовираат во марионети на туѓи интереси и не само тоа, туку и кој ќе се качи повиско на пиедесталот на поголема марионета, слуга на туѓите интереси и до крајни сили и граници ќе биде поисполнителен за остварување на тие интереси и играње на својата поданичка улога. Замислете, бараат од граѓаните на Македонија да ги гласаат за да може потоа да бидат странски слуги и марионетки. Да не работата на донесување на одлуки во интерес на сопствената држава и граѓаните, туку во интерес на странските ментори кои ги создадоа. Ова е шизофренија на политичката прагма и тука не само што нема ништо автохотоно со интересите на Република Македонија, туку не е од интерес ниту на мнозинството граѓани на државата, вклучително и на Албанците кои се државјани на Македонија.

Потполна сличност во однесувањето постои и кај СЈО. Катица и СЈО едноставно „пукаат" од гордост што најмалку една странска амбасада им  испраќа луѓе два до три пати неделно (ова се нарекува надзор и контрола во командувањето или класично раководење и командување со потчиенти организации и поединци), а со цел „консултации" (но да ги наречеме со вистинско име, давање наредби и упатства за нивно спроведување). Ова е класично и пред се дрско мешање во внатрешните работи на една држава, односно во „државен орган" – обвинителство. На оваа мешање СЈО како странска инсталација е исклучително гордо и не се крие, туку напротив се обидува да го промовира во своите медиумски активности како јавни политики. Токму тоа е шизофренијата и будалаштината или што би

рекле Кумановчани изворно: „од оној од што паметан се срами, будала се фали“. Така и СЈО се фали со својот надзорен странски орган и налогодавачи, а тоа само покажува колку се неспособни и зошто се создадени како странска инсталација. Доколку во текот на неколку дена СЈО го посетат повеќе претставници од неколку амбасади, тогаш тоа е причина за славење и за покажување мускули во стилот: „видете кој се стои зад нас“. Како да граѓаните на Републка Македонија се слепи, глуви, неми или недај Боже недоветни па не гледаат кој за кого и што работи. Затоа, во секоја прилика кога се со странски дипломати СЈО се сликаат и се објавуваат во јавноста, веројатно тоа им ја поткрева самодовербата која ја немаат кога треба да работат во интерес на Македонија или пак кога ќе посетат некоја странска амбасада преку соопштение или на друг начин ја известуваат јавноста раскажувајќи што се им рекле нивните команданти. Ова личи на обид да бидат дел од ланец на пренесување на команди во кои ќе бидат исклучително важни пред Македонските граѓани. Впрочем, лично не ме интересира нивните фрустрации и нереализираности кои им влијаат на нивната лична психолошката состојба и општествена перцепција за себе и другите, како и тоа дали лицата вработени во СЈО и особено оние трите кокони ќе се дружат и дружат со странските им команданти. Мене ме интересира, а мислам како и сите останати граѓани што ги интересира дали во СЈО се свесни дека убавите плати и хонорари, платени станови, возила и се друго го земаат од буџетот на Република Македонија, односно од џебот на сите насСогласно тоа логично е (не политички прагматично од нивна гледна точка) да работат за интересите на граѓаните и државата колку и да се уставен преседан. Свесни или не за овој факт и по закон се должни да не работат за странски интереси и да не примаат никакви сугестии од надвор, а не пак да имаат надзор и да добиваат упатства. Во некој нормални услови, а тие секако ќе дојдат, оваа однесување се нарекува анти државно и се подведува под кривични дела против државата кои не застаруваат.

Што се однесува до СДСМ, па тоа е веќе позната работа. Затоа Заев се надеваше, се надева и ќе се надева на СЈО и Катето која го аболицираше како што тоа го сторија и некои други претходно. Тоа е истата приказна и истиот ментори на кои се надеваат Заев и СДСМ за да неправедно и насила се доберат до власт.

За жал и ДПА не е далеку од „полтронското“ однесување кон странскиот фактор. Токму тој „фактор“ постепено го доведе ДПА на оваа политичко рамниште и моќ на кои сега се наоѓа, а сега како нова инсталација и анти тежа на ДУИ и ДПА ја создаде Беса.

За Беса многу јасно може да се каже дека се целосно и обилно финансирани од исламистички групи од Катар и Турција, па согласно

тоа кој ги дава парите за тој странски фактор и ќе играат, а тоа е пак аналогија дека и тие самите се странска инсталација.

Токму тука е и одговорот зошто се сите против ВМРО-ДПМНЕ. Оваа анализа и компарација на однесувањето на политичките актери на Македонската политичка сцена јасно ни става до знаење дека единствено ВМРО-ДПМНЕ е автохтона политичка партија која се бори за зачувување на Македонските национални и државни интереси.

Сепак, чувствувам потреба да напоменам дека и ВМРО-ДПМНЕ не е амнестирана и носи одоговрност за тоа што ја доведе Република Македонија во состојба во која странски платеници и инсталации во домицилната политика и инсталирање против уставни „институции" добија сила да влијаат врз уставниот поредок и иднината на Македонија. Носи одговорност за погрешното интерпретирање на демократијата и обидот за вразумување и едуцирање кога некој се обидува да ја урива државата и работи за странски интереси, бидејќи тогаш нема простор за едуцирање и демократија туку се преземаат ригорозни законски и казнени мерки против овие групи и поединци. Нема да кажеме дека ВМРО-ДПМНЕ се безгрешни, дека не покажаа слабости и грешки и дека и во иднина нема да се појавуваат слабости и грешки во работењето. Токму така во работењето, бидејќи кој работи и греши. Но, неподмитлив факт е дека ВМРО-ДПМНЕ се единствена од големите политички партии во Македонија која јасно во своите јавни политики кажува дека „Македонија е пред се и над се". Вака функционира ВМРО-ДПМНЕ во последниве петнаесетина години и така ја практицира власта. Некому тоа не му се допаѓа, не му се допаѓа кога во Македонија постои политичка партија и тоа голема која не е странска инсталација и која си ја сака татковината. На мнозина (455.000 граѓани) во Македонија овој политички и државен дискурс на ВМРО-ДПМНЕ им се допаѓа и им значи, а на оние кои тоа не го разбраа или пак ништо не им значи да бидат владеани од странски инсталации и марионети си гласаа за некој друг.

Се надевам дека наскоро ќе имаме можност за поправен изборен испит, се надевам и дека политичката прагма во последниве месеци на предизборието и постизборието разјаснија многу работи, особено околу тоа кој лаже, кој за кого работи и најважно кој работи за Македонија и интересите на нејзините граѓани и Македонскиот народ, а кој работи за странски туѓи интереси и против сопствената таковина.

## 19. Кој ќе му суди на Заев, а кој на Катица?

Ова е формално прашање, бидејќи како што одат работите навистина народот треба да му суди и пресуди на најголемиот предавник во поновата Македонска историја и на неговиот и странски марионет кој лажно и против уставно се претставува како специјален јавен обвинител.

Всушност, ова беше контра прашање или анти теза на упорниот обид на Геровски и останатата неталентирана групација на умислени интелектуалци од редовите на СДСМ да изнајдат начин за оправдување на предавничката политика на Заев, но во исто време и предупредување до Катето дека и таа не е недопирлива и за своите злодела кон Македонскиот народ ќе мора да одговара.

Но, ајде да тргнеме по ред разложувајќи го прашањето од насловот. Најпрво да видиме зошто и кој ќе му суди на Заев кога веќе неговата специјална љубов Катето го „ослободи“ од одговорност за предавство и уривање на сопствената држава.

Оние таканаречени аналитичари кои се обидуваат да изнајдат оправдување за предавствата и веле издајството на Заев кон Република Македонија и нејзините граѓани, се обидуваат дури и регионално да анализираат од политичко-безбедносен аспек и да ги наведат наводните неспорни факти зошто Заев требало да формира влада. Колку и да се обидуваат да анализираат дека регионалните случувања, особено загрозувањата на безбедноста во регионот на релацијата Косово-Србија ќе се рефлектираат врз Македонија и од тоа да се прикажат себеси како умни и политичко-безбедносно релевантни аналитичари, тоа покажува сосема друга перцепција за ниваната „умност“.

Се извинувам на читателите што преку оваа колумна директно ќе се обратам до сите таканаречени интекектуалци и лобисти на СДСМ, но заради појаснување на работите ќе мора тоа да го сторам и само во една реченица: „Геровски, Малевски (професоре), Фрчковски и сите вие останати, престанете да сеете магла со вашите божемно сериозни анализи полни со тенденции и заплашување на Макеоднските граѓани, а во интерес на други анти Македонски цели. Јавно по втор пат Ве поканувам на дуел на која сакате национална телевизија на која ќе ги соочиме фактите во врска со внатрешните политички случувања, меѓународната позиција на Македонија или политичко-безбедносниот дискурс“

Сега може да образложам како се сее магла и се оправдуваат анти државните чекори на Заев и СДСМ, односно како се обидуваат да ги оправдаат чекорите на господинот Минхаузен-Заев.

Да расчистиме една работа веднаш. Ниту Претседателот на државата Иванов, ниту лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Груевски не си поиграа со националните интереси на Република Македонија и не ги „кренаа“ очекувањата на Ахмети. Изродите од СДСМ може да се трудат колку што сакаат да наметнат превртена слика на вистинските случувања во Македонија, но тоа нема да им помогне во оправдувањето. Вистината е сосема видлива и да ја подредиме заради потсетување и пред се заради Макеоднските граѓани.

Ахмети не ги подигна очекувањата на Албанците во Република Македонија ниту ги разбуди апетитите на Албанија и Косово давајќи им реални услови за отцепување на дел од територијата на Република Македонија преку редефинирање на Македонската држава и уставни измени. Тоа го понуди и стори Заев, и повторно Заев заедно со СДСМ и странска поддршка. Заев ги крена очекувањата и им ја даде идејата на Албанските политички партии во Македонија дека може да се оствари нешто што ниту можеле да го сонуваат и пак благодарејќи на политички манипулант „лидер“ на опозицијата „македонец“ и тоа е јасно и вистинито. Да не биде утре да каже Заев дека тоа не го кажал, а оние квази аналитичари не го поддржаа тоа и таквата негова политика.

Стариот проверен трик за заплашување на Македонските граѓани дека доколку не е СДСМ на власт ќе има војна пак е во игра. Мислам дека Заев не е баш блиску до лесно формирање на влада и дека ќе мора да даде многу за да добие 61 потпис за влада, а потоа да испорача уште повеќе и поради оваа состојба му треба оправдување зошто направил политички договор за формирање влада кој е на штета на Република Македонија. Затоа и се прибегнува кон стариот проверен трик за сеење страв од војна, а што е подобро на Балканот и во Македонија од тоа да ги плашиш граѓаните со меѓуетничка војна. За таа работа секогаш се тука Косово и Србија, но воедно се и добри страшила за Македонските граѓани по принципот „видете што ќе ви се случи доколку Заев не формира влада, а вие не ја поддржите“. Зарем Заев е новиот миротворец или сега по сите маски и одела кој ги натна на себе треба да му се натне и оделето на миротворец, човекољубец. Оној исти Заев кој јадеше живи луѓе, од канибал се претвори во миротворец, чудна некоја политичка метамтофоза.

Но, да се вратиме на регионалните случувања во контекст на заплашувањето на граѓаните преку конфликтот помеѓу Србија и Косово. Како Македонија да е клучниот играч во зголемувањето на тензиите помеѓу Србија и Косово. Секако, не е исклучено да бидеме загрозени од Косово и влегување на помали или поголеми терористички и радикални групи, но тоа не е по вина на Македонија. Тврдењето дека доколку Заев не формира влада целата држава е

загрозена безбедносно е ноторна лага. Токму спротивно, доколку Заев недај Боже ја предводи владата, Македонија ќе влезе во голема опасност и неизвесност, бидејќи самиот тој ќе мора да ги исполни предизборните ветувања за двојазичност и федерализација на Македонија и новите ветувања кои веројатно веќе ги дава зад грбот на Македонскиот народ и граѓаните, а кои ќе треба да ги исполни како услов за добивање поддршка да направи влада. Можеби токму во овој контекст на Заев и би му одговоарало да во услови на регионален конфликт под маската на миротворството и спасот на Македонија од војна даде се што вети и за тоа никој да не му суди. Тоа е уште еден перфиден трик кон Македонските граѓани и сосптвената држава. Трик преку кој токму Заев сака да се спаси за да не му судат за предавството откако СЈО го спаси од одговорност за шпионажа. Добро покритие за сите глупости кои ги направи. Патем, ако се може и вината да ја префрли на претседателот Иванов и на Груевски, тогаш би постигнал полн погодок за спас на сопствената кожичка. Колку перфиден обид за избегнување на сопствената вина и одговорност на Заев за злосторството врз сопствениот народ и тоа историско злостроство. Ова само покажува дека Заев, заедно со неговите медиумски поддржувачи и перачи на умови се лица кои се паднати длабоко во кал па се обидуваат сопствената политичка одоговрност за опстанокот на еден народ и продавањето на неговите национални и државни интереси да ја префрлат на други. Навистина „веќе видено“ во опусот на политичко дејствување на СДСМ.

Токму затоа, Геровски повикувајќи го на помош ставот на Малевски со сите сили се обидува да не просветли дека тешко нас ќе биде доколку Заев не формира влада и не ја стабилизира не Македонија, ами регионот. За тоа што се ќе мора со камата да платиме ние, нашите деца и внуци не е важно, важно е Заев да се спаси, а оваа групировка на квази аналитичари добро да се нафатира финансиски. Тоа е нивната матрица.

Затоа на Заев ќе му суди народот и нема да бидам изненаден доколку некој и навистина набрзина му пресуди. Да не бидам разбран погрешно не повикувам на ничија ликвидација, но со оглед на тоа колку врие кај македонските граѓани се може да се очекува, особено по обзнанувањето на политичкиот пазар за продажба на националните и државните интереси во замена за формирање на влада на СДСМ и Заев. Токму затоа народот или поединец од народот ќе му пресуди на Заев. Ова треба да биде вистинската мотивација за анализа на состојбите и позицијата на Македонија за Геровски и неговите „авторитети“, а не сеењето на магла во нарачана медиумска приказна за заплашување на

граѓаните со цел отворање пат и поддршка на Заев во распродавањето на татковината.

Сепак почитувани мој сограѓани, Македонија е единствената наша држава во која сите заедно можеме да се реализираме и индивидуално и етнички и културолошки и колективно како нација. Не подлегнувајте на заплашувања преку медиумските гласноговорници на СДСМ и странски инсталации. Ова е наша земја, наша татковина, Македонија и несмееме да дозволиме да не исплашат и стравот да го употребат за да направат политичка манипулација, редефинирање, кантонизација и поделба на државата, а се со цел Заев и СДСМ да се спасат од историската одговрност пред идните генерации.

Геровски, еве да ти појаснам. На Заев ќе му суди историјата на Македонија и тоа многу лошо во очите и колективната меморија на идните генерации, а можеби некој на крајот навистина ќе му пресуди согласно уставот и законите на Република Македонија за сите негови криминални и анти државни злодела.

Кој ќе и суди на Катица е второто прашање кое е многу суштинско иако звучи реторички.

За своите злодела против Република Македонија, ослободувајќи аболициран криминалец, соработник на странски служби, човек кој отворено ги „крева“ очекувањата на непријателите на Република Македонија и сопствената држава и народ ги нуди на маса за распарчување, само за да се добере до гола власт, а во исто време отворено тргнувајќи против Македонскиот народ во својот „обвинителски“ занес, Катето колку и да се прави недоветно и дека го почитува законот ќе мора да одговара пред македонските судови. Нема прочка за оној кој ќе крене рака врз сопствениот народ и држава, па така убеден сум дека ќе се најде некој обинител кој ќе покрене постапка за испитување на законитоста на работењето на Јанева и СЈО. Сите бледи обиди да се монтира случај против раководството на ВМРО-ДПМНЕ паднаа во вода. Не видовме ниту еден случај за раководството на СДСМ иако се тврдеше дека во материјалите на Заев, монтирани, лепени и незаконски стекнати (напоменувам од сеуште неидентификуван нарачател и неводно за непознати цели), имало и прислушување на опозицијата и други граѓани. Тоа што го видовме е сосема јасно монтиран процес против ВМРО-ДПМНЕ како политичка структура не само како лидерство. Токму затоа последниве денови Катица се обидува да осомничи што повеќе членови и симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ кои донирале во партијата.

Во овој контекст имам едно прашање до Катето и нејзините кокони. Дали сосема случајно не ви текна да испитате од каде и на госпоѓицата независна пратеничка од листата на СДСМ, Ивана

Туфегџиќ пари да донира во СДСМ за кампања? Младата независна и шарена протестантка е помлада од ќерка ми, а веќе се претставува како магистер по правни науки. Ептен се завршила во рок и по брза постапка што се однесува до образованието, и тоа веројатно и го овозможил овој режимски и никаков нели систем за образование (успат да напоменам дека во тој другиот систем на образование јас шест години во редовна постапка морав да завршам додипломски и магистерски студии, а потоа имав рок од три години за подготвка на магистерскиот труд). Но, како успеа младата дама да покрај толку протестирања на улица заработи пари за донирање во СДСМ?

Убеден сум дека СЈО и Катето лично нема да одговори на овие мои прашања. Таа и така единствено знае јавно да лаже и повторувам ЈАВНО ЛАЖЕ. Катица Јанева е непрофесионален „обвинител“ кој ЈАВНО ЛАЖЕ, ја лаже Македонската јавност и покрај тоа работи непрофесионално и против интересите на државата. Доколку истата смета дека ова што го кажувам не е точно нека повели на јавна дебата со мене за да ме убеди во спротивното, ама без плачки. Ветувам дека од една таква дебата нема да има правни последици, единствено ќе треба да докаже дека не е толку голема лажга и дека сепак понекогаш ќе каже и нешто вистинито.

Сепак, останува мијата констатација дека и за Заев и за Јанева ќе се најдат „мажи“ во наша Македонија кои ќе им судат и пресудат.

Со високо кренати глави народе мој Македонски да се спротивставиме на неранимајковците, странските платеници, предавници и лажговци кои сакаат да ни ја одземат татковината, а историјата и некој од нас или меѓу нас ќе им пресуди на овие двајца, според уставот и законите на Република Македонија.

## 20. Лагата на современиот Коте од Руља – 24.02.2017

Пред само две недели госпоѓата Димова (во емисијата Аргументи на ТВ Нова), упорно тврдеше дека Заев и неговата злосторничка оргнизација СДС ќе бидат транспарентни и на Македонската јавност ќе и кажат што понудиле на ДУИ и Албанците за да ги добијат нивните потписи за формирање влада. Ова е непобитен факт за кој постои видео запис. Уште тогаш не и верував на Димова, бидејќи за жал нивната идеолошка матрица и тривијален интерес на Црпнатиот Муртинец и неговата банда е константна во однос на измамите на сопствениот народ и нанесување на штета кон сопствената држава со предавства и лаги.

Тоа е вистината за СДС-то и Црпнатиот кое е една голема лага, лага и измама без ниту еден аргумент. Едноставно безобразна и тривијална лага насочена против националните интереси на Македонскиот народ и државните интереси на Република Македонија. И се тоа со единствена цел по секоја цена да се „добере“ на власт каде селективната правда, која толку е карактеристична за владеењето на СДС-то ќе го амнестира Црпнатиот од сите криминали за кои во нормални услови на демократско владееење ќе треба да одговара и да „лежи. Сите тресења во врска со подобриот им живот и европската перспектива на Македонија е само шарена лага за неинформираните, незаинтересираните и можеби со право од нешто разочараните граѓани на Македонија. Но, кога е во прашање зачувувањето на нацијата, на Македонската нација, која Ве уверувам нема да опстои доколку не постои унитарна и единствена суверена и независна Република Македонија, нема компромис ниту место за незаинтересираност, апатија и разочараност.

Македонија е наша единствена татковина и држава на Македонскиот народ на прво место, а потоа и на сите граѓани кои живеат во неа.

Со кое право сите нации на светот кои имаат создадено држава може да ги унапредуваат истите како национални држави во кои примарно се остварува националниот интерес на нивната нација, а ние Македонците да го немаме тоа право? Или, можеби подобро објаснето, со кое право Црпнатиот Заев го распродава националниот интерес од животоважно значение кој гласи:„Опстаноко на Македонската држава и нација“.

Доколку на некого не му беше јасно што се случува и си мислеше дека е невозможно Заев да се обиде да ги продаде националните интереси и да ја растури Македонската држава, сега

„нејасното“ станува стварност. Црпнатиот отворено тргна да остварува туѓи агенди на штета на сопствениот народ од кого се одроди. И сето ова се случува пред наши очи, пред нас кои носиме одговорност пред идните генерации на кои треба да им оставиме национална држава на Македонскиот народ, Република Македонија за која се бореа претходните генерации, секоја согласно околностите во кои се наоѓаше регионалната и светската геополитика, а пред кои генерации исто така имаме одговорност. На овој начин ние како генерација која живее во оваа историски судбоносно време за Република Македонија и пред се за Македонскиот народ, претставуваме мост помеѓу претходните генерации и нивниот сон за независна Македонија и идните генерации и нивното право да живеат во независна Македонија.

Од тука и како Стерна боботи нашата неподмитлива обврска да ја сочуваме татковината Република Македонија и Македонската нација по цена да го дадеме и својот живот за нејзината независност, унитарност и карактерност како национална држава на Македонскиот народ. Тоа е нашиот долг, историски и свет долг кон минатите и идни генерации Македонци.

Прашањето кое несомнено веќе не е хипотетичко туку е суштествено гласи: „Како понатаму и што треба да сториме за да не дозволиме распад на Република Македонија и уништување на Македонската нација„?

Ова е круцијалното прашање на кое постои само еден одговор. Тоа е: „Да се обединиме сите Македонци и останатите граѓани на Македонија кои ја чувствуваат Република Македонија како своја држава“.

Потоа, од оваа обединување ќе следуваат многу чекори од кои првиот е расчистување со предавниците и тоа во неколку дена, а потоа распишување на нови избори за уставотворно собрание кое ќе ја редефинира Република Македонија како современа национална држава на Македонскиот народ и на националните малцинства кои живеат во неа, со сите човекови и малцински права според меѓународните конвенции и според правилата кои важат секаде во светот.

Но, ете да се обединиме и во тој контекст јавно ги повикувам пред се Македонците пратеници од редовите на СДС-то, најпрво да го прашаат Заев зошто ги доведе во состојба да бидат предавници на сопствената нација и држава, а потоа да формираат национален фронт во СДС-то преку кој ќе дадат поддршка на коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ за распишување на нови избори за уставотворно собрание. Пред тоа ќе дадат поддршка за формирање на Влада за национален спас предводена од легитимниот победник на последните избори ВМРО-

ДПМНЕ, а со две круцијални цели: Прво, правно расчистување со Заев и велепредавничката банда и Второ, организација и спроведување на уставотворно собрание.

Доколку, пратениците на СДС-то кои се чувствуваат Македонци и ја чувствуваат Република Македонија за своја татковина не сакаат да се срамат од самите себе си и од нив да се срамат нивните идни поколенија, со целосна одговорност треба да му откажат послушност на Заев и да бидат предани синови и ќерки на својата татковина Македонија.

Втората клучна алка е народот или Македонскиот народ и сите лојални граѓани на Македонија. За да не го носиме белегот на историјата дека како генерација ништо не направивме за да ја сочуваме татковината, неопходно е да го подигнеме својот глас. Масовно да излеземе и јасно да побараме одоговорност од Црпнатиот за продавањето на Македонија. Да утврдиме какви се штети предизвикал како соработник на странски разузнавачки служби и што се ветил само за да ја спаси својата кожа. Што се однесува до него и оние неколкумина кои се дел од неговата злосторничка банда, треба да знаеме дека од нив ќе се срамат и нивните потомци. Но, на луѓе без совест тоа веројатно и не им е важно.

Затоа нам како на народ многу ни е важно да ја сочуваме Република Македонија како унитарна држава и национална држава на Македонскиот народ. Од оваа цел нема отстапување. Притоа, со целата одоговрност која ја носам како поранешен министер и дополнителен заменик министер во МВР и како универзитетски професор, го повикувам Македонскиот народ и сите граѓани на Република Македонија да се кренат на нозе и со силата на народниот револт и уставното право дека од секого поединечно произлегува суверенитетот на Македонија, му пресудат на Заев. Тој така Црпнат никако да застане пред Македонскиот народ и јасно да каже што тоа испреговара за своите интереси. Секогаш кога има нешто да ни каже тој ни кажува некаде од странство, па така и овој пат предавникот проговори од Сараево каде што беше да си ја подигне платената од народни пари награда за „најдобар градоначалник“. Веројатно следната награда која треба да ја подигне ќе биде НАЈГОЛЕМИОТ ПРЕДАВНИК, а тоа што треба да му биде врачено ќе му го врачат Македонците на непопуларен начин.

Прекршувајќи ги моите принципи на етичко и академско обраќање при пишување на колумните и изнесувањето на моите ставови, јавно ќе се обратам директно до Заев.

„Црпнат еден, иако не заслужуваш воопшто да се разговра со тебе или со некои од твоето непосредно опкружување, ти се обраќам

без нималку политичка умереност и коректност. Убеден сум дека оваа што го правиш кон сопствениот народ ќе го платиш најскапо и тоа во најбрзо време, а притоа нема да те спасат ниту твоите ментори ниту заплашувањата кои твојот советник и соучесник предавник Фрчковски ги пласира во јавноста.

Но, што вреди твојот беден живот и предавнички крик во историјата и иднината на Македонскиот народ и држава? Сме виделе ние многу предавници од твојот сој, непрокопсани ... на сите сме им го виделе крајот па така ќе го видиме и твојот крај. Биди барем еднаш малку над дното, бидејќи си дно и повлечи се од сите свои политички ангажмани и исчезни некаде кај твоите ментори пред да те стигне народниот гнев. Притоа земи ги со себе сите твои соработници, бидејќи за предавниците нема прочка и место во нашата света земја.

Револтот со кој неизбежно ќе се соочиш е исконски поттик на Македонскиот народ за одбрана на сопствената нација и држава, тоа не е твојата платеничка „шарена револуција“ на грст ЛГБТ, соросоиди и отпадници поддржани од твоја Катица кои упорно ги плаќаше за да ја урнеш татковината. Верувам дека сето ова ти е многу јасно и доколку одлучиш да опстоиш по секоја цена на својот предавнички пат, тогаш ќе ги трпиш последиците, но знам дека си плашливец зошто такви се по природа сите бедни души предавнички и затоа ќе бегаш. Но, запомни: од судот на народот никогаш никој не побегнал, па нема ни ти! И затоа, пред некое време јавно ти напишав „кој ќе ти суди“, но, за жал, јас можам само да ти укажам, но не можам да разберам наместо тебе. Сега народот ќе си дојде по своето. Ќе дојде народот кого никој не го плаќа за да одработува валкани туѓи цели. Токму ќе дојде оној народ кого ти го сметаш за грд, а кој си ја сака татковината, бидејќи нема друга татковина освен Република Македонија, а тогаш пресудата ќе ти биде праведно и легитимно изречена. Мислам дека си во потполност свесен за сопствената ти позиција, но кај тебе е прашање на народната дилема „магарето или змијата“, а во таа состојба сам се доведе. Ти препорачувам да избереш твоите ментори да те уништат како нивно Франкештајн создание, така барем малку ќе се измиеш од гнасотилокот кој го направи против сопствениот народ и држава“.

Ова е мојата порака до Црпнатиот, крајно лична порака која од дното на душата му ја пренесувам. Затоа што за оваа Македонска држава се бореа стотици илјади мажи и жени, а страдаа милиони наши сонародници. Затоа оваа земја не сме ја наследиле, туку позајмиле од нашите претци за да им ја пренесеме на нашите потомци единствена и негибната. Не смееме да дозволиме еден Црпнат кретен заради лични интереси да ни го уништи вековниот сон кој го живееме во реалност „НЕЗАВИСНА И СУВЕРЕНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,

НАЦИОНАЛНА ДРЖАВА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД И ДРЖАВА НА СИТЕ ГРАЃАНИ КОИ ЖИВЕАТ ВО НЕА“

Чудно е тоа како само ние Македонците, нашите сонародници во другите земји немаат широки малцински права или барем да им бидат гарантирани осниовните човекови и малцински права според меѓународните стандарди, а во исто време ние самите или некои црпнати кај нас ја делат татковината како да им е лична сосптвеност. Токму затоа не е чудо што сите ни се исчудуваат во светот како е можно да за вакви клучни национални прашања немаме Македонско национално единство преку кое ќе ја зачуваме татковината. Немаме политичко единство на Македонските политички партии поради личните интереси на Црпнатиот и бедниците околу него, но имаме национално единство на сите Македонци. Убеден сум дека мнозина од Македонците кои гласаа за СДС-то прелажани од Црпко, сега длабоко се каат. Еве им одлична можност да се свртат кон единство за Македонија и да ја исправат својата грешка како не би се срамеле од тоа што доведени во заблуда го направија на 11-ти Декември.

Секој од нас треба да го искаже својот револт и да го подигне својот глас, и единствено не разбирам зошто академикот Таки Фити одмолчува заедно со целата МАНУ. Зарем МАНУ не е дел од Македонската држава и народ и не е гласот на Македонската самосвесност и идентитет и не чувствува обврска да се одважи во овие судбоносни мигови на Македонскиот национален опстој, ако ништо друго барем заради името што го носи Македонска.

Очекувам дека и Ахмети ќе биде разумен (политички прагматичен) и ќе помогне да го извадиме каменот кој во бунарот го фрли еден будала. Поради ништо друго, туку само поради тоа што се надевам дека и самиот Ахмети е свесен дека дури и тоа што го нуди Црпко, Албанците нетреба да го прифатат, бидејќи ќе им се врати како бумеранг, па ќе биде според онаа старат народна „тражејќи рогови, остана и без уши“.

Во Недела е Прочка, да се измириме едени со други како Македонци во името на Македонија и да го казниме Црпнатиот. Воедно да се разбудиме од длабокиот сон и да ги воздигнеме нашите заеднички клучни и животоважни национални и државни интереси. Тоа треба да биде водечката идеја на сите граѓани на Република Македонија кои ја сакаат и чувствуваат како своја единствена татковина.

Кога во Недела на Прочка, Заев ќе го одбележува својот паганизам и богоборство во Струмица низ карневалот кој му служи како голема лажачка за народот и ругање на Бога, му советувам да ја натне на себе облеката на Коте од Руља. Ликот нетреба да го

префарбува и така го има истото грдо, предавничко лице како и оној непрокопсаник од Руља. Впрочем предавниците си личат еден на друг и тоа е грдото лице на македончето ПРЕДАВНИК ЗАЕВ.

На денот на Св.Ѓорѓи Кратовски
кои пострада од Агарјаните нечестиви во одбрана на својата света вера и народност.

## 21. Транспарентните лаги и извртени тези на СДСМ

Хаос  и грст невешти лаги и јавни обраќања од Бихаќка по неизмерно големата државничка одлука на Претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорѓе Иванов да не го додели мандатот за формирање на Влада на предавничката групација на Заев. Видлив е хаосот и нервозата, бидејќи повторно се судрија со непремостлива пречка за остварување на својот пеколен предавнички план за уривање на Република Македонија.

Затечени во оваа состојба, разголени пред Македонските граѓани за своите перфидни предавнички намери, веднаш во својот далеку од здраворазумски и човеколик однос кон се што не се согласува и несака да ги спроведе нивните зли цели, тргнаа во транспарентни лаги и изввртување на чесните намери на Македонските граѓани, Претседателот Иванов и лидерот на ВМРО-ДПМНЕ (и патем да се потсетиме победникот на последните парламентарни избори) Никола Груевски.

Во оваа фаза на нивната операција за уништување на Македонија, веќе и самите незнаат каде е лагата, а каде е полувистината кога зборуваат. Велам полувистина, бидејќи Заев и неговата предавничка банда никогаш и не ја зборувале вистината.

И веднаш по обраќањето на Претседателот Иванов дека не го дава мандатот на збир предавници за реализирање на туѓи цели и разнебитување на Република Македонија, се огласи врховниот предавник од Муртино обвинувајќи го Претседателот дека извршил „државен удар“. Тешки квалификации за државнички потег и тоа од еден докажан криминалец и отворен предавник на сопствената држава кој со помош на странски служби во континуитет можеби и една деценија работи против Македонија, а беше ослободен од страна на СЈО за обвинението за Пуч. Истиот тој кој онака демократски фарбаше низ Скопје и под чие раководство се запали канцеларијата на Претседтаелот Иванов. Сега овој политички Франкештајн обвинува некого за државен удар. Ова е првата изввртена теза во која Црпко сака да каже дека Претседателот Иванов е виновен за државен удар кој самиот Црпнат се обиде да го направи врз Македонија и чии последици сеуште ги чувствуваме.

Втората изввртена теза или поточно кажано грст од лаги истури Спасовски во нели „демократската“ Телма телевизија. Една од лагите беше дека „Западна Македонија не е развиена“. Можеби овој предавник не видел како функционираат Тетово, Гостивар, Кичево, Дебар, Струга или неговите нови собраќа и посестрими во растурањето на Македонија

не стигнаа тоа да му го покажат. Што се однесува до Источна и Јужна Македонија тука за него е се во најдобар ред, нели таму живеат Македонци и ним не им треба развој. Всушност оваа лага и извртена теза во основа е многу опасна. Имено Спасовски сака да каже дека барањата за финансиска распределба на буџетот по етнички основ ќе се реализира и дека тоа е договорено, но ете го и оправдувањето, а тоа да ти било во неразвиеноста на Западна Македонија. Притоа, Спасовски изјави дека во владата на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ едните размислувале за Македонците, а другите за Албанците, а сега еве тој ќе размислува само за Албанците или можеби нешто е во грешка. Но, најточно е дека во владата на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ, се мислеше на сите граѓани и на подеднаков развој на државата согласно приоритетите и за тоа постојат многу видливи докази. Во овој контекст на извртени тези мора да ја кажам и тезата на Спасовски дека „Куманово е неразвиено". По чија тоа вина Куманово е неразвиено Спасовски, кој во Куманово е на власт последниве 25 години? На која функција си ти во општина Куманово и колку тоа го развивте градежниот бизнис со другарти Циц и кој е виновен што во Куманово некаде сеуште нема канализација и водовод, а да не зборуваме за асфалтирани улици или безбедно сообраќајно уредување? Ова се прашањата на кои треба да одговориш, а не да сееш магла како и вообичаено. Потребно е заедно со твојот покровител и соучесник Заев да одговорите на прашањето: ДАЛИ ВО ЦЕЛОСТ ЈА ПРИФАТИВТЕ АЛБАНСКАТА (ТИРАНСКАТА) ПЛАТФОРМА ЗА ДА ДОБИЕТЕ ВЛАСТ? Ова е клучното прашање на кое морате да одговорите пред Македонските граѓани, бидејќи во збирот на глупости кои ги кажавте, а всушност ништо не кажавте, споменавте дека „по добивањето на мандатот конечно ќе се договорите". Што договаравте досега? Или и ова е само една од многуте лаги за да го измамите Македонскиот граѓанин за тоа што му скроивте и се заради вашата силна желба за власт?

Многу прашања има Македонскиот граѓанин до Заев и Спасовски и сите предавници, но никаде одговор.

Затоа ќе се осврнам на третата извртена теза од оние многуте кои ги пласираат СДС-то и предавниците, а се со цел да го замајат и дезориентираат Макеоднскиот народ и граѓаните. Имено станува збор за тврдењето на Заев дека нема потреба од повторување на парламентарните избори, со тенденциозно и калкулантско образложение дека тој има мнозинство и дека изборите би довеле до паѓање на ВМРО-ДПМНЕ. Во исто време Заев несакајќи си призна дека успеал да добие на време и да се се одработи така како што се замислило кај неговите наредбодатели. Ете токму тука се небулозите и антитезите на Муртинецот Црпко, дека на следни избори тој пак би

добил и зошто Македонија да губи уште три месеци. Понатаму објаснува дека ВМРО-ДПМНЕ ќе падне во бројот на пратеници, а во исто време и дека оваа Влада неможе да спроведе избори. Да се објасниме по ред:

Прво, да не заборавиме дека за да биде целосно и крајно прецизно спроведена и до максимум реализирана операцијата на странскиот фактор со предавникот Заев и СДС-то и реализација на туѓи цели во Македонија, токму тој Заев и неговите предавници на два пати ги одложуваа изборите со разно-разни изговори и поддржани од чичко Бејли. Дали тогаш Македонија имаше време за твоите зафрканции Заев или тоа беше смислениот план додека не ги подготвите парите и поткупот за изборите, а сега веќе не сте во сосотојба и немате финансиски извори да ја повторите истата операција?

Второ, доколку е сигурен дека повторни парламентарни избори за три месеци би довеле до паѓање на бројот на пратеници за ВМРО-ДПМНЕ, зошто тогаш не прифати брзи повторни парламентарни избори. Според секоја логика тоа би му дало чиста предност да со победа на изборите има право да го добие мандатот и настапи со своја Влада во коалиција со кого сака и за чии интереси сака. Вака останува едноставното спознание дека како и вообичаено Заев манипулира со граѓаните и бега од избори, бидејќи ова е максимумот кој можеше да го добие со лаги и поткуп, а сега е време кога мора да го испорача тоа за што е платен да изработи.

Трето, како сега одеднаш сака тој да формира Влада и таа да спроведува избори, а не оваа и така техничка Влада или можеби некоја нова „Привремена влада за спроведување на избори“ како што бараше тој самиот кога тоа нему му одговараше.Се поставува уште едно логично прашање. Какви тоа преседани би направил Заев доколку повторно оди на избори и тие ги спроведе некоја нова техничка Влада, кога тој досега вметна безброј преседани во нормалното функционирање на Република Македонија.

И последно кое треба Заев да го одговори е: „Дали тоа започнал да се занимава со јавни уцени и политички поткуп, (за тоа дека е уценувач и другиот поткуп сите знаеме) на пратеници од коалицијата За подобра Македонија, штом јавно изјави дека бројот на пратеници кај оваа коалиција ќе падне на 47 и кои се тие 4 пратеници кои се обидува да ги уцени или поткупи и со што ги уценува и со чии пари ги поткупува?

Многу прашања за Заев и неговите предавници од СДС-то, а никаде одговор. Убеден сум дека Македонските граѓани самите наскоро ќе го побараат тој одговор од Заев, потполно толку брзо колку што

нему му се брза да формира нелегитимна предавничка Влада која ќе работи на растурање на Република Македонија.

И да заклучам на крајот. Клучната изввртена теза на Заев е дека упорно се обидува да се претстави како жртва на режим, притоа не се појавува на судењата, СЈО го ослободува од видлива вина, странците го подпомагаат, а тој се заканува на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски и раководството на ВМРО-ДПМНЕ со затвор, нарекувајќи ги криминалци.

Оваа последна и најважна антитеза или пермутација на вината на Заев несмее да помине. Заев мора најпрво да даде одговор на сите прашања кои се најдоа во оваа колумна, но и на многу други прашања кои Македонските граѓани реално имаат да му ги постават, надвор од наместените емисии со оној инфантилен претседател на ЗНМ кој се од нешто е исплашен. Потоа, откако ќе одговори на прашањата на граѓаните, Заев треба да одговара за своите злодела против Македонскиот народ, Македонските граѓани и Република Македонија.

Муртинецу, аболициран криминалецу, ПРЕДАВНИКУ, ти си на ред да дадеш одоговор на сите прашања и тоа јавно, пред граѓаните да дојдат по своето.

**22. Тепачиште – 05.03.2017**

Едноставно и народски кажано, Фрчковски е едно обично тепачиште, насилник, силеџија, поган човек кој е силен над деца и жени. Лик кој е далеку од личност и кој покажува дека нема никаков демократски капацитет, па ниту човечка димензија на однесување. Ете овој лик е универзитетски професор кој образува нови генерации и тоа генерации кои треба да го градат правото во Македонија. Овој лик почитувани граѓани беше министер за внатрешни работи, овој лик го направи фаличен првиот Устав на Република Македонија во 1991 година и овој лик беше дел од создавањето на рамковниот договор од Охрид.

Но, не е во прашање Фрчковски како лице, во прашање е тоа што тој е експонент на една политичка идеологија на СДСМ која на секој чекор го покажува своето грдо лице и фашизоидност, нетрпеливост кон секого кој не ги прифаќа нивните платформи.

Фрчковски како професор на Правниот Факултет во Скопје направи неколку кривични дела. Тој изврши физички напад врз лице, само поради поставено прашање или изразено мислење јавно кажано, потоа упати пцости врз неколку стотици илјади Македонски граѓани кои се дел од ВМРО-ДПМНЕ (членови на оваа политичка партија или поддржувачи). Само по овие два основи Фрчковски треба да одговара пред судовите во Република Македонија. Најпрво му советувам на младото момче кое беше физички нападнато од Фрчковски да му поднесе тужба и случајот официјално го пријава во МВР, а потоа барам ВМРО-ДПМНЕ како политичка партија да поднесе пријава против Фрчковски за јавно изречени навреди и пцости врз членовите и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ. Така ќе имаме правна држава на дело и ќе покажеме дека тепачиштата со идеолошки фашизоиден предзнак и нетрпеливост, како и со сомнителен професорски капацитет ќе бидат осудени и потоа маргинализирани во општеството.

Јавно го повикувам Ректорот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“, почитуваниот професор д-р Јанкуловски да свика седница на Сенат на која официјално ќе се осуди насилничкото и непрофесорско однесување на Фрчковски. Во исто време го повикувам Деканот на Правниот факултет, „Јустинијан први“, да свика наставно-научен совет и да преземе дисциплински мерки за неетичкото и насилно однесување на Фрчковски. Доколку академската заедница ова го премолчи, тогаш тоа ќе значи дека колегите од Правниот факултет се солидарни со тепачиштето и дека го поддржуваат насилството.

Да разјасниме дека Фрчковски не беше физички нападнат, туку само му беше поставено прашање „дали не се срами од предавството врз сопствената татковина“. Очигледно е дека ниту Фрчковски, ниту оној аболицираниот криминалец и лажго без срам и перде не се срамат од своите постапки. Тогаш е разбирливо зошто никако да добиеме одговор на конкретните прашања кои граѓаните им ги поставуваат, а се од животно значение за нашата татковина. Очигледно е дека нивниот одоговор е лаги, манипулации и насилство.

И еве да ја погледнеме вистината со компарации. Кога на колешката Каракамишева инструирана група студенти и шарени револуционери и влегоа во кабинет и ја провоцираа, колешката само им кажа „браво“ и никого не нападна, а „храбрите“ шаренковци избегаа од кабинетот.

Кога оној обратниот Луми со група шаренковци во градскиот парк го навредуваа Груевски во присуство на неговото семејство, тој беше достоинствен и не им одговори ниту со збор ниту со гест, туку само се насмеа, а дури ниту обезбедувањето не реагираше иако можеше тоа да го стори со полно право.

На ова да го додадеме и однесувањето на оној несреќникот Бабамовски (самопрогласен професор по незнам што), кој беше насилен кон полицијата за време на шарените протести пред владата и кој упадна во просториите на Република за да се заканува.

Постои ли еден пример на насилно однесување на оние кои протестираа со ГДОМ и оние кои протестираат изминативе денови против предавството на Црпко и СДС-то?

Сега можеме да направиме споредба и да видиме кој тоа негува демократски капацитет и толеранција кон сите граѓани на Република Македонија и кон секое различно мислење, а кој тоа е исклучив и полн со омраза кон се што не е во согласност со неговите идеолошки определби.

Очигледно е дека во Македонија имаме судир на две тотално спротивставени идеологии. Едната национално цврсто определена, унитаристичка и демократска со полна љубов кон татковината Реублика Македонија и другата предавничка, фашизоидна, тоталитаристичка и насилна. Навистина се прашувам: „Дали Македонските граѓани се подготвени да се соочат со СДС и нивната тоталитаристичка идеологија“?

Ова претставува и јавен повик кој го упатувам до сите Македонски граѓани за одбрана на слободата на мислење и изразување и спротивставување на тоталитаризмот кој СДС-то преку Фрчковски,

Тричковски, Геровски и сите нив ни го презентираат како модел преку кој сакаат да владеат во Македонија.

Од сега па понатаму за мене лично Фрчковски не е повеќе универзитетски професор, тој е само едно обично улично тепачиште и насилник. Навистина незнам како некои медиуми во иднина би си дозволиле од него да побараат мислење и демократски политички став за било кое прашање од општествениот живот во Македонија.

Јавно го повлекувам мојот повик до овој насилен лик за јавна дебата, бидејќи со насилници и идеолошки затруени фашисти несакам воопшто да разговарам. Да не бидам погрешно разбран во овој контекст, ќе појасна дека не се плашам од насилници, туку сметам дека не заслужуваат со нив да се разговара, едноставно на вакви лица местото им е зад решетки, во затвор или во лудница, во зависност од тоа како ќе процени судот и стручните лица која е причината за нивното насилничко однесување. И, само уште нешто да напоменам, повторно во овој контекст, а тоа е дека не се плашам од упатените фацијални и преку говор на телото закани од членови на смемејство на надобудни „министри" на СДС-то, подготвен сум да се соочам и справам со секој нивен насилен акт и соодветно да одоговрам, демократски секако.

Сега го повикувам тепачиштето Фрчковски, јавно да се извини на целата Македонска јавност за тоа што го стори, за онаа што во минатото го стори преку својата нестручност и лошо министерување и да им се извини на нашите сограѓани Албанци за тоа што ги малтретираше и беше насилен кон нив додека беше министер за внатрешни работи. Граѓаните на Македонија можеа да видат кој треба да упати извинувањеза закочување на демократските процеси и зачувување на човековите права на сите наши граѓани. Ете каков лик ја креирал државната политика на Република Македонија и сеуште овој исти лик е советник на аболицираниот Заев. Сега слободно може да констатираме зошто Црпко спроведува предавничка агенда и кој се е во таа булумента предавници и човекомрсци.

Поголем доказ за тоа што не чека како граѓани, како Македонски народ и како држава од оваа однесување на тепачиштето и велепредавникот од оваа екалтантно насилно и нетолерантно однесување исполнето со омраза и црнила нема.

Доколку и ова не не освестува и не ни претставува доказ за тоа како СДС би владееле и која идеологија во пракса би ја спроведувале тогаш навистина незнам што ќе не освести. Веројатно секој од нас ќе

треба да се соочи со тепачиштата на СДС-то и тоа во ликот н нивните врховни идеолози, притоа покажувајќи ни како тие ја разбираат демократијата.

Да направиме споредба за тоа како се однесуваше лидерот на ВМРО-ДПМНЕ Никола Груевски и неговото обезбедување, а како се однесуваше обезбедувањето на Заев, како се однесуваше колешката Каракамишева и како се однесува Фрчковски. Правејќи ја споредбата ќе направиме и разлика за тоа кој сака да биде режим во Македонија.

Се извинувам на Македонските граѓани што му дадов толку простор на еден насилник и тепачиште, но очигледно дека е повеќе од неопходно да се согледаат работите од вистинскиот агол, бидејќи очигледно е дека Господ ги реди за да може да ги видиме за да подоцна неможе да кажеме дека не сме знаеле кога ни беа и ни се пред очи предавствата, насилствата и фашизоидната идеологија на СДС-то.

## 23. Заевата бескрајна приказна од лаги

Спиновите и лагите на Заев и СДСМ се бескрајна приказна. Неможам да се начудам на камелеонството на Заев иако го знам и го гледавме сиве овие години, но оваа трансформација беше навистина брза за неполни 12 часа од последното тресење глупости на Аласат.

Ја следев неговата конференција за печат и неможев да поверувам дека човекот отворено влезе во лага по однос на неговата владина платформа која беше всушност малку скоро неприметно препрочитување на изборната платформа на СДСМ. Овој лик мисли дека сите ние, граѓаните на Република Македонија сме со кратко паметење, па буквално, ама буквално преку ноќ сака да не измами на најперфиден начин.

Заев одглуми демократ и човек кој се бори за демократски права и учество на граѓаните во политиката, а истиот тој ја урна волјата на мнозинството и со тајни и нетранспарентни ветувања за остварување на „Албанската (Тиранската) платформа" успеа да собере потписи од политичките партии на Албанското малцинство во Република Македонија за да може да формира влада.

И замислете, не убедува дека сега ќе отвори дебата за клучните прашања, но откако ќе добие мандат и во која дебата ќе бил длабоко транспарентен.

Сега се поставуваат неколку прашања на кои секако не очекувам Заев да даде одговор, а се однесуваат на следното:

1.Дали ова значи дека досега не беше транспартен и во тој контекст, што тоа нетранспарентно договори?

2.Зошто буквално за се овој лик сака да отвори дебата, па дури и за прашањата за кои не би смеело да се дебатира?

3.Зошто отворено не кажа дека ја отфрла „Албанската платформа", туку за се изнаоѓаше двосмислени формулации и флоскули на кои се повикуваше?

Покрај овие прашања кои едноставно татнат за одговор, ликот од Муртино, индиректно ни најави од каде ќе биде новиот Претседател на Собранието, што укажува на тоа дека повторно лажеше јавно пред сите Македонски граѓани. Всушност мора да знаеме дека Заев веќе се има договорено, но очигледно е дека се исплаши и сеуште се плаши од Македонските граѓани па со оваа свое читање на предизборната програма на СДСМ која ја претстави како владина платформа невешто се обиде да ги релативизира работите и да ги разубеди Македонските

граѓани во нивниот цврст став да не дозволат уништување на Република Македонија. Буквално овој грд лик се обидува сите заедно да не направи будали, недоветни и со кратко паметење и да не пренесе жедни преку вода. Се обидува да биде вешт, само толку колку што му е потребно да се намести на чело на неговата предавничка влада против Република Макеоднија, а потоа во „ДЕБАТА“ се разбира демократска и поддржана од неговите уставни експерти да ги направи сите отстапки и да испорача резултат кон своите налогодатели.

Нескам да бидам разбран како човек кој шири паника и страв или пак недај Боже повикува на насилство, но навистина почитувани граѓани прашајте се: „Како е возможно овој Црпнат само до пред малку да зборува за двојазичност, за кантонизации по швајцарски или незнам каков модел, да дава изјави на странски медиуми во врска со барањата за осуда на геноцид врз Албанците во Република Македонија во периодот од 1912-1956 година и сега одеднаш, токму денес тој се преумил и стана најголемиот демократ и поддржувач на јавни дебати за се и сешто (што го покажа на примерот на Струмица, каде што десет години шири демократија и јавни дебати поради што овој град расцвета од демократија и поубав живот). Да ги прашаме Струмичани да ни раскажат со личен пример како владее Заев на локално ниво цели 10 години и малку повеќе.

Значи ли тоа дека кон него и очигледно само кон него во наша Македонија делува некоја тајна натприродна сила, па по црпнувањето од нивата, сега нешто го дамлосало и одеднаш ги сменил довчерашните антимакедонски ставови и стана олицетворение на демократија и одбрана на Македонскиот национален идентитет и национални и државни интереси на унитарна Република Македонија.

Да не се залажуваме. Овој проколнат лик на чие лице дури и под маската која ја имаше ставено во оваа пригода, придружено со останатите маски кои седеа со него на иста маса, не успеа да го сокрие она што му одблеснуваше во очите. Тоа е само една единствена искра која гласи: „Лажи, лажи и лажи што поуверено преку флоскули и глума затоа што сега е шансата да се доберам до власта“.

Зошто сметам дека се што кажа беше флоскула, празни зборови и немерена лага кон сопствениот народ на кого се повикува?

Затоа што во претходниот период самиот тој и сите негови поддржувачи говореа спротивно од она што денес го прочита, а за што мислам дека некој му го срочи и го поучи и натера да чита од буква до буква од збор до збор за да не убеди во неубедливото.

Затоа што самиот звучеше и изгледаше неуверливо и беше полн со демагогија.

Затоа што токму неговите партнери со кои сака да формира влада и спроведе реформи го тврдат спротивното од онаа што тој се обиде да ни го продаде во убава шарена хартија (послушајте го интервјуто на Ахмети или изјавите на Османи).

Затоа што сите негови „уставни експерти“ токму се залагаа и се залагаат за општ реизбор на судиите и по нивна мерка реформи во судството што ќе значи дека за уставноста на законите кои ќе сака да ни ги подметне ќе треба да одлучуваат негови судии. А што мислите, како тоа ќе одлучи другар му советник и насилник по вокација Фрчковски?

Затоа што сака да отвори дебата за прашања за кои не се дебатира и се во областа на клучни национални и државни интереси (грб, знаме, химна, унитарност, двојазичност, име, идентитет).

Затоа што ниту еднаш децидно и од буква до буква или збор до збор дури и напишано за да може без грешка да го каже не кажа: „Јас Зоран Заев и СДСМ ја отфрламе „Албанската (Тиранската) платформа“ како основ за преговарање и формирање влада“.

Затоа што ништо не кажа за тоа како ќе ги спроведува неговите реформи и во кој обем, кои области и што тоа подразбира.

Затоа што се обиде да се повика на факти, а ниту еднаш не кажа што тоа фактички преговараше со политичките партии на Албанското малцинство во Македонија, за кои странски служби работеше и за кого и сега одработува кога со факти и докази беше изведен пред суд за случајот Пуч, а неговата Кате го ослободи.

Затоа што се повикуваше на владеење на правото, а самиот тој беше против правно ослободен од обвинение и затоа што упорно не се појавува на суд за обвиненија за корупција кои се водат против него, а во исто време зборува за некакви специјални судови.

Затоа што сака да формира специјални судски одделенија со што навестува дека ќе прави сопствен судски систем во Република Македонија, а зборува за владеење на паравото и демократски реформи.

Затоа што зборува за незаконско прислушување кое нетреба никогаш да се повтори, а самиот тој употреби незаконски снимени и монтирани материјали за политичка пресметка и уривање на легално избрана власт, а за кои материјали сеуште јавноста не знае од каде потекнуваат и на кој начин се прибавени, а да не зборуваме за целите поради кои се снимени. Ова веројатно ќе го одговорат некои идни генерации, само се плашам да не биде доцна за Македонија и Македонската нација.

Затоа што најпрво Србите ги обвини за геноцидност врз Албанците во Република Македонија, потоа ги обвини Германските,

Италијанските и Бугарските војски, потоа ги обвини сите војски кои поминувале на овие простори што ги вклучува и борците на НОВ и Македонските антифашисти и партизани кои се бореа против балистичките фашистички формации, а потоа зборуваше за потреба од дебата за оваа прашање помеѓу историчарите и на крајот ги обвини ВМРО-ДПМНЕ за геноцидност. Дали ова значи дека Заев одлучи да излезе од платформата на Албанците па малку да обвинува и други за геноцидност, согласно неговите дневно-политички потреби за манипулација? Сепак ова е само едноставен показател дека Заев безочно лаже и манипулира на штета на сопствениот народ.

Затоа што на изборите на 11-ти Декември победи ВМРО-ДПМНЕ, а Заев лаже дека тој победил. Па кога може да не лаже за вака очигледни нешта, како ли ќе не лаже од позиција на власт имајќи ги сите механизми на власта и што ли се ќе и стори на нашата татковина со лаги и измами.

Затоа што се обиде да излаже за употребата на Албанскиот јазик на целата територија на Република Македонија, зборувајќи двосмислено за тоа дека уставно е определено на банкнотите и на ознаките на полицијата и армијата да се употребува Македонскиот јазик и јазикот на малцинството што е 20% во Република Македонија. За оваа нејасност и двосмисленост во неговиот одговор на новинарско прашање сигурно нема да даде појаснување, туку токму ова ќе биде една од првите „уставни можности“ на неговите експерти.

Овој лик кој по секоја цена од крајно лукративни причини сака да биде власт во Македонија лаже и манипулира на секој чекор.

И на крајот не му верувам на Црпнатиот, затоа што и покрај отвореното прашање од медиумите :„Дали се откажувате од Албанската платформа“, грдиот лик Заев повторно не се откажа од неа, туку и понатаму „останува отворен за дебата“.

Имајќи го сето ова предвид, но и што се зборуваше во минатото Заев и неговата предавничка дружина, да не се однесуваме како да не слушаме и не гледаме, или како да непаметиме што се направи овој лик или сме заборавиле со кого си имаме работа.

Во прашање е иднината на Македонија, нашата, на нашите потомци на идните генерации и најмногу на Македонската нација, но и на сите други граѓани како колективна и лична судбина. Токму затоа несмееме да дозволиме да бидеме прелажани и да му веруваме на шарените лаги на овој измамник и предавник. Затоа што како што и

самите Заев и Спасовски на медиумите пред Македонската јавност кажаа дека не се наивни и „абдали“ па отворено да кажуваат за тоа што преговарале и договриле и што ќе преземат за да дојдат на власт. Токму така кажуваше црпнатиот Муртинец, а сега одеднаш сака да ги вклучи граѓаните во креирањето на политиката во Македонија.

Доколку сака да слушне што народот мисли за него и за неговите идеи и театарски настапи кои ги менува од денес до утре согласно потребите на дневната политика, тогаш нека се согласи на повторни избори веднаш за два до три месеци, така најдобро ќе ги вклучи граѓаните во политиката.

И последното зошто не му верувам на Заев и неговата изјава ја сметам за голема историска измама на која несмееме да се фатиме како на примка, е затоа што на ниту едно прашање Заев немаше ниту пак има конкретен одговор за Македонските граѓани, туку се се сведува на омилениот му нов збор кој го научил за политичка употреба „дебата“ и тоа замислете токму дебата која според Црпко ќе испорача цели и причини кои ќе треба да се реализираат. Само не кажа кој ќе ги зацрта тие цели или тоа се целите од „Албанската платформа“. За составувачите на причините и нови лаги за оправдување на антимакедонското делување знаеме кој ќе бидат ангажирани.

Горе главата Македонски граѓани и цврсто да стоиме на браникот на татковината, да не дозволиме да не прелаже група предавници.

## 24. Медиумската хипокризија на СЈО –23.03.2017

*„Дојде тако неко време кад се фукара обогати, будала проговори, а паметан заќути“*

Големиот писател, нобеловец, Иво Андриќ во една реченица ја опиша сета хипокризија на времињата кои по Божја промисла и допуштение може да дојдат и да ги живееме. Времиња на фукари и будали кои го потиснуваат паметниот. Едноставно нема што да се каже. Навистина што да се каже за хипокризијата на СЈО во однос на медиумите и односот на СЈО кон јавноста која бесрамно ја лаже. Впрочем, Катето одамна нема врска со реалноста, вистината, стручноста и доблеста, а сега може да видиме како на дело одработува за набрзина обогатениот и аболициран митаџија и криминалец Заев. Но, зачудува силината на медиумската хипокризија која преку своите театрални настапи, сложувалки и некакви си досетки заради прикривање на недоносените наводни обвиненија СЈО го практицира.

Лично знаев и јавно можам да го потврдам овој факт дека Катето Смоквичка е лажга. Таа безочно лажеше на „независната“ Телма во културно наместено интервју (патем мислам дека е преснимувано неколку пати за да и ги прикријат гафовите) во врска со нејзиното „влегување“ во УБК во Октомври 2016. Ги извртуваше фактите и јавно говореше ноторни лаги и потполни невистини и измислици. Оваа практика не престана и СЈО измисли нов случај кој воопшто не е наивен, а медиумите на опозицијата, оние истите кои се нели независни веднаш се втурнаа во хипокризија за да одработат. Како да Владата на Република Македонија во еден период на спроведување на општествено корисни медиумски кампањи насочени кон подигање на јавната свест, не даваше буџетски финансиски средства на сите медиуми со национална концесија. Хипокризијата на медиумите оние опозиционите во насока на заштита на последните активности на СЈО, буквално ескалираше. И никој од нив не се сети да праша како тоа толку пари зема Катето, како тоа дели толку високи хонорари за своите советници и експерти кои во исто време се појавуваат на истите „независни“ медиуми за да ги заштитат активностите на СЈО и од кој тоа буџет Катето црпи средства за лична забава (богатење) и поддршка на СДСМ. Покрај сето ова, никако некој да се праша: „а има ли нешто криминално во нелегалните прислушувани разговори што се однесува на криминалните зделки и обогатувањето на Заев и неговото злосторничко здружение“ и доколку има каде се тие разговори? Ете тоа е хипокризија за тоа кој кого финансирал и како кој се обогатил, кога на едната страна

имаме основано сомнение од страна на СЈО, а од другата страна имаме аболициран криминалец. Токму тоа е медиумската хипокризија на СЈО за тоа кој се обогатил во таканаречените провладини медиуми.

Медиумската хипокризија веднаш ги впрегна оние кои во име на обогатените проговорија, а се со цел да се оправдаат за нивните „опозициски" и „во режим" тешко спечалени пари. Така, заради прикривање на вистинските намери на СЈО и отргнување на фокусот на внимание од рушење на Македонската држава се тргна во битка против медиумите кои не се под контрола на Заев и неговите наредбодатели, се удри врз дел од медиумите во Македонија. И повторно прашања: „Кој тоа сака медиумска темнина во Македонија"? „Кој тоа бараше цензура врз медиумите"?

Целта е многу јасна, треба да се замолчат медиумите за да се создаде атмосфера во која граѓаните на Македонија ќе се остават без информирање и ќе може да се пристапи кон перење на мозоците за прифаќање на се што ќе се сервира. Да се прифати без поговор и размислување. Затоа проговорија „независните" новинари од поранешната А1, сега на Телма и во 24 вести. Па дури и отворено ни порачаа дека нема да има локални избори, бидејќи тоа ним не им одговара и не биле „будали". Во исто време со никаква критика не се огласија против „Тиранската платформа", а не пак истата да ја отфрлат и осудат. Едноставно, на секој начин се обидуваат да ја остварат нивната цел, односно перењето на мозоците на граѓаните прикажувајќи ја ВМРО-ДПМНЕ и Владите предводени од ВМРО-ДПМНЕ за криминални со единствена цел, сите ние да заборавиме на заложбите на СДСМ за редефинирање на Македонија, да го заборавиме нивното предавство и да се согласиме на самоукинување.

Токму тоа е и улогата на СЈО кое во последните мигови на своето противуставно опстојување се обидува што повеќе да одработи за Заев. Без трунка срам се повлекоа од подготвен и докажан случај како што беше „Пуч", а се втурнаа во барање вина каде што ја нема и тоа без основни докази. За покривање на своите недокажани и недокажливи „основани сомненија", СЈО ги употреби медиумите покажувајќи целосна хипокризија. Се сомневам, а и нема потреба да се сомневам кога беше видливо дека ниту еден од овие „независни" медиуми не ги одбиваше Владините пари за кампањи, но навистина е хипокризично денес да зборуваат за повластени про Владини медиуми.

Што се однесува до обвинението за набавка на возила за потребите на МВР, чувствувам потреба да појаснам само неколку клучни точки:

1.МВР и покрај набавките и покрај донациите константно има недостиг од доволен број на моторни возила и потреба од нивна континуирана набавка.
2.Оваа набавка на 300 моторни возила за потребите на МВР е прва од овој обем по многу долго време (мислам од 2000 година).
3.МВР има потреба од различни типови, марки и видови на моторни возила поради својата природа на работа на целата територија на Република Македонија.
4.Цената немора секогаш да е најпресудна и за волја на вистината СЈО пак лаже, бидејќи во самата јавна набавка покрај цената постојат уште неколку услови според потребите и проценката на МВР (цена, техничка можност за одржување на возилото, каталошки утврдена вредност за средна потрошувачка и сигурност на возилото според Краш стрес тест), како и што ја лаже јавноста и за други елементи од набавката која ја има извршено осумчлена комисија, а не само едно лице кое го сомничи.

Доколку МВР се потпираше на најниски цени на економските оператори, тогаш можевме да набавиме возила од програмата на Застава-Крагуевац (или Југа), така сигурно ќе бевме со најниски цени на возила, но ги молам „експертите" од драмската дружина СЈО да ни објаснат стручно како тогаш полицијата ќе ги извршуваше комплексните и мултиплицирани оперативни и други задачи. Ве молам кога ќе ги изнесувате Вашите докази да се сетите дека аболицираниот Заев се вози со Ауди А8. Само како споредба, замислете си сцена во која полициска патрола со Југо би требала да следи обогатен криминалец со Ауди А8, или можеби како истата полициска патрола би се искачила со тоа Југо во зимски услови да изврши задача во некое планинско место во Македонија или сосема случајно во комплексот на Заев на Суви Лаки.

По ова, хипокризичните медиуми и лажливото СЈО очекуваа коментар од МВР и другите осомничени, а тие не паднаа на нивните провокации и одмолчаа.

Паметните замолчаа, но народот силно ќе проговори во мигот кој несомнено ќе го почувствува како вистински за да биде добро слушнат и разбран. Тој миг е многу блиску.

П.С.
Секоја сличност на Заев, СДСМ, „независните" медиуми и СЈО со посочените од реченицата на големиот Иво Андриќ се случајни и им се извинувам што се препознаа.

## 25. Негативисти кои создаваат општествена криза – 03.04.2017

Скептицизмот може да биде и позитивен пристап, при што може да се поттикне кон реализација на кажаното оној кој тоа треба да го реализира, а истиот се наоѓа под сомненеие за својот капацитет или искреност за реализација.

Во Македонскиот случај, СДСМ не се скептици, тие се тотални негативисти. Негативисти во секој поглед, дури и злобници за што веќе пишував. Тие не се негативисти само во однос кон сопствениата нација и граѓаните на Република Македонија, туку и во однос на својата изразена антимакедонштина, лаги, доведување на Република Македонија во подредена состојба во однос на други држави.

Тие покажуваат негативизам, па дури и нетрпеливост, омраза и злоба и во однос на предлозите на ВМРО-ДПМНЕ за излез од политичката криза. Всушност, ова однесување беше видливо и кога ВМРО-ДПМНЕ и лично Груевски даваа предлози за излез од политичката криза, но во исто време зачувувајќи ја унитарноста, независноста и целовитоста на Македонија, притоа искажувајќи подготвеност за лична политичка и прред се човечка саможртва.

Истото се случува и сега со последниот проглас „Македонски манифест“ објавен од страна на ВМРО-ДПМНЕ, а кој во основа е повик кон Македонско национално и граѓанско единство за зачувување на Република Македонија.

Како по правило, со грст злоба и негативност се јави кој друг туку токму онаа хронична пијандура Шилегов. Го разбирам јас неговиот тривијален и трибалистички порив за злоба и негативизам (веројатно затоа и е континуирано под дејство на алкохол што веќе е потполно видливо), но никако да ги разберам овие од СДС-то како може да промовираат таква партиска политика полна со злоба и негативизам. Тоа укажува дека тие ликови се во тотална апостасија од секакво барем и човечко себепознание. Од тука и произлегува нивното априори неприфаќање на сите предлози на ВМРО-ДПМНЕ за решение на кризата која во Македонија трае премногу долго и ги надминува границите на политичка криза.

Сето ова, за жал укажува на фактот дека СДСМ во Македонија не инсталираа само едноставна политичка криза, туку водени од својата неконтролирана желба за власт, злоба, негативизам, огорченост и најдолни страсти, не внесоа во една длабока општествена криза. Веќе не се поставува прашањето за тоа дали овде има идеолошки судир на два концепта за Македонија, туку се работи за спротивставеност на два

општествени концепта за перцепција на општеството и неговиот хуманистички лик или потполна апостасија и деградација на животот.

Едниот е оној на ВМРО-ДПМНЕ, подготвен за искрена и конкретна понуда до граѓаните втемелен на богообразност на човекот, љубов кон татковината, хуманизам, развојност во сите полиња на општеството, инклузивност за сите граѓани, отчетност и подготвеност за саможртва за остварување на државните и националните интереси.

Вториот е оној на СДСМ, олицетворен во најпримитивно однесување заради гола власт (или поточно допир до ресурси), втемелено врз лаги, предавство на татковината, но уште пострашно е тоа што овој концепт во својата основа ја има омразата кон човекот, крајниот хедонизам, злоба и негативизам.

Токму судирот на овие два концепти во Република Македонија, секако вториот потпомогнат од истите профили на нелуѓе од странство, ќе треба да даде резултат кој во иднина и тоа за многу долго време ќе ја дефинира или поточно ќе ја редефинира Република Македонија од извор на писменост и култура во извор на обезбоженост, хаос и анархија. И тоа не само Македонија како држава, туку и сите нас како поединечен или колективен (национален, малцински, религиски, индивидуален, семеен, професионален ...) општествен код препознатлив во светски рамки, а со долгорочни историски последици врз Македонскиот народ и држава.

За потполно да се објасни ова потребна е целосна научна студија за која секако во оваа колумна нема доволно простор, но споменувајќи го овој историски судир помеѓу Македонската традиција и богообразното хуманистичко однесување пред се кон сопствената општествена заедница (не национална или религиска), наспроти негативистичкото и полно со злоба тенденциозно нарушување на состојбите со цел втемелување на општествена криза која ќе доведе до потполно обезличување на Македонскиот народ и граѓаните кои живеат во Република Македонија, многу е значајно да знаеме што всушност негативистите од СДС-то се обидуваат да ни направат.

Неопходно е да бидеме свесни за тоа што ни подготвуваат, каква општествена деструкција сакаат да ни направат и со какви несогледливи последици врз општественото и национално поведение на идните генерации ќе биде таа деструкција доколку им успее. Со полно морално право, со целиот национален капацитет, со целиот индивидуален капацитет и со силата на сите институции на државата и верски заедници, индивидуално и колективно неопходно е да се спротивставиме на овој пеколен план. Креаторите не се од тука, но за жал подизведувачите се од нашето поднебје и со нив мораме да се справиме. Мора да им кажеме дека не ги прифаќаме нивните

негативистички планови и дека сме свесни за тоа како ни создаваат долгорочна, а можеби и трајна општествена криза, криза на духот и моралот, покрај веќе создадената државна, политичка, економска и безбедносна.

Заради отворено покажување на патот на неповрат за сите анти државни, анти Македонски и анти општествени елементи, неопходно е сите да бидеме будни. Ние од средната генерација да влијаеме во своите микросредини врз младите, да бидат будни и да не веруваат на секоја шарена лага од оние злобници од „шарената револуција". Дека не е демократија анархизмот и деструкцијата, да не му веруваат на оној хроничен алкохоличар кој во своето алкохолно лудило никогаш нема да препознае што е вистина а што лага, да не му веруваат на аболициран и докажан криминалец и лажго. Тие ликови кои како Јануси се појавуваат пред младите генерации не се пример за тоа како се сака татковината и како се градат општествените вредности. Ликовите од СДС-то се пример на негативизам, изместеност на традиционалните норми и вредности и злоба. Да не е така, досега ќе ги прифатеа предлозите на ВМРО-ДПМНЕ за излез од „политичката криза", а особено „Македонскиот манифест" како цврста национална платформа за заедничка, унитарна, независна и слободна Република Македонија неуценувана од никого со внатрешна стабилност, правда, човекови и малцински права и безбедност за сите граѓани.

Штом СДСМ несака да прифати Македонска платформа, а упорно се држи до онаа туѓата-Тиранска, тогаш предлагам да ние како свесни граѓани и патриоти, луѓе кои се богообразни и немаат проблем со исправноста на светогледот, како граѓани на нашата Македонија да придвижиме една граѓанска иницијатива за собирање потписи и со своите потписи ставиме печат врз „Македонскиот манифест". Со тоа нема да ја одземеме патриотската идеја на ВМРО-ДПМНЕ која ја искажа во целата своја полнота преку овој документ. Напротив, сметам дека на овој начин истиот ќе го претвориме во граѓански, државен и општоприфатен национален проект со што ќе му дадеме поголема сила со идни и историски димензии.

Да престанеме да се прашуваме „...со какви идеи сме...", еве ја идета дадена во „Македонскиот манифест", останува само да ја прифатиме како државна, граѓанска и обединувачка идеја која ќе ја претставиме пред целата меѓународна јавност.

Само така единствени ќе ги победиме негативистите кои веќе децении наназад се обидуваат да ни создадат општествена криза и да ни ја одземат татковината.

## 26. Мизантропија – 12.04.2017

МИЗАНТРОПИЈА, чие семантичко потекло е грчко, а означува омраза кон луѓето, е длабоко прагматично вкоренет поим во политичката и животната филозофија на СДС-то како политичка партија и личен живот на поединци од оваа партија, а директен одраз на потполно замрачената природа на поедини нивни членови или активни поддржувачи кои за жал сакаат мизантропијата која ја имаат во себе да ја пренесат како политика на државата. Всушност, СДС-то и помрачените умови во неа во овој момент се борат за реализација на мизантропијата во секојдневниот однос кон Македонските граѓани.

Зад оваа своја констатација стојам со целиот мој интегритет и интелектуален капацитет и тоа можам да го потврдам во секој миг. Изливот на глупирање кое го покажуваат во јавноста и обидот за манипулација со Македонските граѓани преку нивните непрофесионални медиуми и собраниската говорница е само еден дел од онаа што ја формира нивната мизантропска структура на идеологија и лица без личносен карактер.

Ја разбирам желбата да се дојде на власт, но никако неможам да разберам зошто се обидуваат тоа да го направат со магарешка упорност за уривање на сопствената татковина. Во тој наплив на омраза кон татковината предизвикан од лични фрустрации и нереализираност, овие креатори на нивната колективна мизантропија ги сметаат Македонските граѓани за глупави. Согласно овој нивен став така и се однесуваат, притоа се обидуваат да ни го прикажат црното како бело и обратно, убедувајќи не дека нестабилноста и кризата која тие ја започнаа не е нивно дело, туку токму на граѓаните кои приближно месец и половина протестираат против нивните злодела и мизантропија. Во нивните неинтелегентни обиди за лажење и постојани глупирања во играта со зборови се обидуваат да ни наметнат приказна дека „Тиранската платформа" не постои, а впрочем цели 25 години СДС-то се обидува да ни го избрише колективното паметење и да бидеме корисни идиоти за нивните политички и предавнички цели. Одтука и постојаната флоскула за „мирен трансфер на власта" е само едноставна и тривијална сентенца наменета за посредно поднетнување на наводно насилство и недемократско однесување на ВМРО-ДПМНЕ. Очигледна е намерата за креирање на состојби кои несоодветствуваат со реланоста. Но, затоа што не сме со кратко паметење и не сме идиоти, туку осознаен народ кои си ја сака татковината Република Македонија, да се потсетиме на неколку факти:

1.СДС-то ја започна целата оваа игранка-операција за насилно уривање на ВМРО-ДПМНЕ и Македонија со помош на странски служби и за туѓи интереси. (сето ова, времето го докажа, а нивната методологија за подметнување на невистини и понатаму продолжува).
2.СДС-то и нивниот Заев ги мамеа и сеуште ги мамат Македонските граѓани, недавајќи одговор за кого и што се одработеа (колку уште од нелегално снимените, монтирани и лепени разговори има Заев на располагање и како се мисли да ги употреби).
3.СЈО го ослободи Заев од случајот Пуч, а самиот Заев не се појавува на рочиштата кои против овој докажан аболициран криминалец се водат за поткуп и друг криминал.
4.Заради излез од оваа наметната криза ВМРО-ДПМНЕ поаѓајќи од интересите на Македонија и нејзините граѓани и спроведувајќи ја хуманистичката идеја и демократските принципи се согласи на Пржински преговори, Влада за спроведување на предвремени избори со министри од СДС-то и избори кога тоа им одговараше на СДС-то.
5.СДС-то ги изгуби изборите и покрај сите недемократски постапки, поткупи, заплашувања, предизборен и постизборен инжинеринг.
6.СДС-то прифати туѓа платформа доведувајќи ја Република Македонија во подредена положба во однос на странска држава.
7.ВМРО-ДПМНЕ и Груевски понудија решение за кризата прифаќајќи сопствена саможртва заради заштита на државните и националните интереси.
8.Заев и СДС-то како докажани семразачи не прифатија ништо, туку продолжуваат отворено да работат на уривање на државата. Очигледно е дека единствен излез се повторни ИЗБОРИ.

Оваа тенденција на СДС-то со изразена мизантропија поставена како основа на нивната политичка филозофија ја забележувам секојдневно и тоа во различни форми. Покрај потценувањето на сопствените граѓани кон кои ве уверувам дека имаат неподносливост и омраза која едвај ја затскриваат, таа своја мизантропија особено ја покажуваат кон поединци.

Тоа дека жив би го проголтале Груевски е веќе познато и веројатно и самиот тој е свесен за нивната омраза и покрај тоа се понуди како жртва заради заштита на државните и националните интереси. Но, тоа дека мразат се што не е согласно со нивните ставови е уште пострашно. Токму овој пристап на нивната мизантропска политичка и животна филозофија и во пракса ја отсликува нивната основа како би владееле доколку би биле на власт. Точно може да се оцртаат контурите на умоболното им владеење, полно со лаги и омраза која ќе кулминира со отворени прогони малтретирања и дескредитации на личности кои за нивните ситни души се личности од голем формат

со кои нема да можат да се справат на друг начин освен со нивно општетствено уништување, а можеби и физичка елиминација. Ете тоа не очекува со мизантропската политика на СДС-то спроведена во пракса со целосна злоупотреба на механизмите на државата и институциите кога на нивно чело би дошле ваков профил на луѓе со сомнително психолошко здравје.

За да не биде дека мојата колумна е само теориски осврт на некои минати и актуелни политичко-безбедносни состојби ќе кажам неколку збора и за непосредната мизантропска прагма која ја почувствував лично.

Пред околу еден месец напишав во една моја колумна дека не се плашам од говорот на тело и гестакулациите полни со закани упатени кон мене од некои членови на семејство од поранешни божем министри од СДС-то. Јас и понатаму стојам на тоа, и сега еве по втор пат јавно кажувам и воедно барам СДС-то и членовите на семејството на Ременски да го приберат сопругот на колешката (универзитетски професор) и актуелен пратеник Ременска и доколку е потребно да му пружат помош на човекот, бидејќи хумано е да им се помага на луѓето кои имаат проблеми. Нема да ме заплашат заканите кои ми се упатени лично дека наводно за мене имало дискредитирачки материјали и дека против мене ќе се водела постапка. Ве повикувам слободно да објавите се што имате во врска со мене, се што нелегално сте снимале, истражувале, монтирале. Тоа нема да ме спречи да ја кажувам вистината за вас како ликови опседнати од мизантропија кои од ниски побуди сакате да бидете власт и уште пострашно, вакви типови да бидат раководство на безбедносните служби во Македонија. Ликови кои ќе следат, снимаат и монтираат секого и се, а со единствена цел да може да им се закануваат на луѓето кои не мислат како и тие и да врз основ на монтажи и удбашки местенки креираат државна политика. Ете затоа знам не само што бев уверен во тоа, туку сега и знам дека Заев е најголемиот криминалец, преварант и уценувач во државата и дека на неговиот пример се надоврзуваат мрачните ликови од СДС-то. Затоа знам дека фабриката на Чауш е вистина, дека и понатаму уценува луѓе кои едноставно несакаат да се докажуваат со неговите невистини. Но, еве јас ве повикувам вас од СДС-то и вашата паралелна разузнавачка мрежа, слободно објавувајте се што сте наумиле за мене. Вашите закани кон мене, мојот личен интегритет, но и кон моето семејство, моите соработници, блиски и пријатели нема да ме исплашат. Благодарност до Јовче што вчера на протестот на „за заедничка Македонија“ обидувајќи се да ме заплаши, толку силно ме мотивираше да уште повеќе јавно зборувам за подлостите кои мизантропијата на СДС-то се обидува да ги инсталира како општествена вредност.

Омразата која ја носите во себе ќе ве однесе во погибел, а јас и понатаму ќе продолжам со сиот мој интелектуален капацитет да ве разобличувам во надеж дека барем малку ќе се преумите и ќе започнете да ја сакате нашата татковина Македонија. Кога ова заплашување и обид за замолчување се обидувате да го правите кон мене како кон универзитетски професор и поранешен министер и дополнителен заменик министер за внатрешни работи се прашувам како ли се однесувате кон граѓаните во секојдневниот живот, а верувам дека и тие ќе се запрашаат како ли би се однесувале кон нив доколку сте власт недај Боже.

Почитувани граѓани на Република Македонија, Ве повикувам на свесност и целосна будност, но и да не се плашите во однос на мизантропијата на СДС-то, таа нема граници и завршеток, бидејќи е нивна политичка и животна филозофија која доколку завладее со државата ќе има погубни ефекти врз сите нас, но и врз нашите идни генерации.

На сите граѓани на Република Македонија со Христијанска вероисповед им го честитам претстојниот празник над празниците Воскресението Христово. Христос нашиот Бог се саможртвуваше и го распнаа на крстот и претрпе страдања заради бескрајната љубов кон нас луѓето за да не воведе од смрт кон вечен живот. Ова е конкретниот и безвременскиот одговор на мизантропијата на СДС-то.

ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ, на спасение и живот вечен.

## 27. Пучисти и силеџии – 01.05.2017

Не очекувам да се смират страстите и да се вратиме на политички докажувања во Собранието. Оваа мое тврдење не е последица на негативизам или недај Боже на некаква си лична фрустрација. Тоа е одраз на согледувањето на веќе три години наназад утврденото пучистичко и силеџиско однесување на СДС-то и бандата на Заев.

Заев е еден обичен бандит и докажан криминалец кој смета дека за него не важат законите и Уставот на Република Македонија. Замислете, овој бандит со неговата бандитска структура која се претставува за политичка партија, до власта сака да се добере по изгубени избори, применувајќи постизборен инжинеринг и на крајот кршејќи ги Уставот и законите на државата која сака да ја води. Тоа однесување не е ништо друго туку базично силеџиство и отворен државен удар или пуч.

Добро знаеме и ги паметиме политичките игри за измама на политичките противници и народот кои СДС-то уште од нашето осамостојување ни ги правеше, а се со цел да се доберат до власта. Тоа го направија 1990 година, па потоа 1992 година, па 1994 година ги украдоа изборите и дадоа 150.000 државјанства на Албанци од Косово за да можат да ја завршат криминалната приватизација и да ја уништат еконимијата, па оспоруваа во 1998 година, предизвикуваа политичка криза во 2000 година со таканаречената афера „Големото уво“ (патем кажано за да се потсетиме, со истите актери од УБК кои беа и во аферата со бомбите), не застанаа во одбрана на татковината во 2001 година, имаа празни ветувања и странска поддршка во 2002 година по што ја редефинираа државата, а во 2006 година заминаа од власта оставајќи ја Македонија со 39% невработеност. Се ужас до ужас и тоа на грбот на Македонскиот народ и државата. И сето тоа го прават само тие да можат да бидат на власт. Во 2014 година измислија безброј причини за да не ги признаат изборите и започнаа со спроведувањето на сценариото за уривање на Република Македонија.

Денес сме пред крајот на сценариото кое на оваа анти Македонска банда и го подготви вујко им Бејли злоупотребувајќи ги моќта и позициите на САД, а за потребите на драгиот им чичко Сорос и се за тие пусти пари и желбата за моќ. Но, сето ова е познато и колку и да го прераскажуваме и повторуваме нема многу да имаме полза од тоа, освен да се потсетуваме за тоа што оваа СДС криминална банда и направи на Македонија и сеуште и прави за потполно да го одработи сценариото.

Тоа што мене особено ме загрижува, тоа е свесноста на Македонскиот народ и на сите останати граѓани на Македонија кој се лојални кон државата Македонија, а за идните случувања кои воопшто нема да бидат позитивни и демократски.

Токму затоа сакам да напоменам дека СДС-то по секоја цена ќе се обиде да го „востоличи“ узурпаторот Џафери и да пристапи кон формирање на влада. Оваа сценарио ќе се обидат да го направат брзо за да не се свести народот што му правата, а потоа оние платени од западот „демократи“ да ја признаат фактичката состојба како свршена работа. Потоа аболицираниот криминаклец Заев од новата позиција на „премиер“ узурпатор ќе спинува некакви криминали на Груевски и луѓе од ВМРО-ДПМНЕ, монтирани во некакви нелегални прислушувани разговори. Како резултат на овие спинови следниот чекор на узурпаторите на СДС ќе бидат апсења и театар за борба против „криминалците“ од ВМРО-ДПМНЕ, а се заради забава за народот и создавање на терен за умртвување на реакциите на Македонскиот народ и скратување на видокругот за тоа што всушност се подготвува. Крајниот чин ќе биде Уставно редефинирање на Македонија кое ќе го поништи Македонскиот народ и ќе направи кантони кои подоцна едноставно ќе се одвојат.

Ете, ние Република Македонија и Македонскиот народ можеме да видиме на дело како се урива држава и тоа на сопствен грб. Ние, оваа генерација Македонци ќе бидеме сведоци и воедно запишани во историјата како генерација која ништо не направи за да ја зачува својата држава или тоа што го правеше, го правеше млако и неодлучно со несоодветни чекори.

Колку што можам да видам и претседателот Иванов започнува да го менува својот „цврст“ став во однос на Заев, а тоа значи дека по слабоста на пратениците од ВМРО-ДПМНЕ кои на 27-ми април не го спречија државниот удар во Собранието, ни останува само една опција.

Единствената една опција е: „НАРОДЕ МАКЕДОНСКИ СВЕСТИ СЕ ТИ“. Свестувајќи се и не потпирајќи се на евентуалните одлуки на политичките лидери кои поради својата функција може да бидат притиснати (со санкции кон целата држава, изолација или други црни сценарија вклучително и ескалација на етнополитичкиот конфликтен процес), народот треба самосвесно и масовно да излезе на улица и да покаже дека е единствен во заштитата на сопствената држава. Во оваа ситуација не постои поделба на членови и симпатизери на СДС-то и на ВМРО-ДПМНЕ или на други политички партии. Ова е состојба во која треба да се повикаме само на една единствена цел, а то е МАКЕДОНИЈА ВЕДНАШ НА НОВИ ИЗБОРИ. Секако дека овие собири треба да бидат максимално масовни и старо и младо и машко и

женско, но во исто време и крајно мирни и достоинствени, а со цел да покажеме дека сакаме демократски избори и решавање на кризата и дека не признаваме узурпатори.

Мора да кажам дека се сомневам во тоа дека странскиот „фактор“ ќе не разбере и ќе ги прифати нашите демократски апели, но доколку и по вака самоиницијативно организирани повеќедневни масовни протести нема реакција од страна на Собранието за самораспуштање и прогласување на нови избори, тогаш треба како граѓани да примениме втор план.

Вториот план треба да биде масовна граѓанска непослушност кон сите институции за да се доведат узурпаторите во состојба да бидат парализирани од граѓаните.

Тоа се ненасилните методи кои како граѓани можеме да ги преземеме и на целиот свет да му покажеме дека како современа генерација Македонци знаеме како демократски да си ја одбраниме татковината од криминалната банда на Заев и странскиот „фактор“.

Трето нема, затоа што со насилство ќе ни наместат етнички судир или недај Боже граѓанска војна, а потоа пак бандитот и узурпатор Заев ќе се претставува како демократ и миротворец заедно со истите оние кои онака демократски во 2001 година зедоа оружје, а во 2007-2008 година демократски се тепаа во Собранието се со цел да се доберат до власта.

Доколку не преземем нешто како народ кој се самоорганизира и обединува за одбрана на сопствената држава, нема да ја имаме Македонија како држава на Македонскиот народ, а потоа нема да не има ниту нас како нација. Преземањето мерки за зачувување на државата е наша одгворност како пред минатите генерации кои ги дадоа своите животи за создавање на Македонија, така и како обврска кон идните генерации Македонци кои треба да живеат во нивната татковина Република Македонија.

*Народе Македонски со какви идеи си ти?*

Исконското прашање на кое е време да одговориме во времето во кое ние живееме. За дваесет или за сто години некои други од друг светоглед ќе судат за нас и за тоа што сторивме за да си ја сочуваме државата. Тоа што историјата и идните генерации ќе го осудат бандитот и узурпаторот Заев и неговата бандитско-мизантропска-хушкачка булумента, нема многу да помогне кога нема да имаме сопствена држава.

## 28. Измамник – 05.05.2017

Доколку и му поставам прашање на Заев што е тој, дали е Македонец, Бугарин, Србин, Албанец или Грк, Ви гарантирам дека повторно сите нас ќе не измами што и да одоговори од наведеното. Едноставно човекот е лажго и тоа патолошки лажго. Со своето лажење ги измамува сите, па дури стана и лажго на регионално ниво.

Овој лик кој сака да биде Узурпатор претседател на Владата на Република Македонија во основ ги урива односите на Македонија со соседите и во иднина веројатно тоа ќе го прави и со други држави. Измамникот, еднаш е голем брат Србин, за веднаш потоа да ја нарече Владата на Вучиќ недемократска по што следуваа лавина реакции од Белград. Потоа е Бугарин (нели сме си  исти хора) и го фали на цела уста Борисов отворајќи му простор на несериозниот Димитров Божидар да може да ја минира спогодбата со Република Бугарија која толку макотрпно ја конципиравме изминативе години во соработка со владите на Република Бугарија наоѓајќи соодветни решенија. Потоа се согласува со констатацијата на Хан (иако неговите медиуми не му го поставија тоа прашање, еве јас ќе го прашам: „Дали ти Муртинец сметаш дека сега е виситинско време за промена на името и нема да има втора шанса за тоа“?) со што е навистина Грк и докажан Елин од маштабот на Коте од Руља и всушност ќе ја заврши големата работа за која „демократите од запад“ си најдоа соодветна будала за еднократна употреба. Потоа е Албанец глумејќи лудило и пренебрегнувајќи го отвореното провоцирање од страна на неговиот другар узурпатор Талат со поставувањето на знамето на Албанија во кабинетот на Претседателот на Собранието на Република Македонија, за да ден подоцна се обидува на намесетни фотографии да спинува дека човекот кој се претставува како Претседател на Собранието на Република Македонија на реверот од сакото носел значка со териотријата на Република Македонија. Немаше да се изненадам доколку овој узурпатор беше прикажан како на грбот во сред Брисел докажувајќи ја својата „македонштина“ носи карта со „Голема-етничка Македонија“, а се со цел да се покаже пред Македонскиот народ и граѓаните дека ја гарантира унитарноста на државата.

Сите овие спинови на измамникот и узурпаторот на власта, ликот под маска Заев се со единствена цел, а тоа е да се пасивизира народот да не дава отпор на узурпаторската и предавничка групација која сака да биде власт, а воедно да се намами Претседателот Иванов да му даде мандат за формирање на Влада со што ќе се легализира узурпацијата и пучот кој го направи на 27-ми април во Собранието.

Очигледно е дека овој измамник се обидува најпрво Претседателот Иванов, а потоа и сите нас да не извалка со неговото предавство и узурпаторство за да добие легитимитет, а нас да не направи соучесници. Верувајте ми дека сето ова сум го поминал додека бев во МВР со Спасовски, но не паднав на нивните измами за вовлекување во криминални дејанија.

Кога сме веќе кај криминалните дејанија, најгласно кажувам дека при првата можност узурпаторите да бидат симнати од власт со демократски методи, а сакале тие или не, тоа ќе биде, која и да е власт ќе ги гони за сторените кривични дела против државата и за противуставно и противзаконито доаѓање на власт или едноставно узурпаторство. Некогаш во историјата на оние кои ја узурпирале круната за да ја приграбат власта им ја отсекувале главата. Ова било за поука, за да друг не се обиде истото да го направи во никакви околности. Токму и накажувањето на узурпаторот Заев со сите негови помагачи мора да биде неминовно и најстрого за да никој веќе во иднина не се обиде да направи такво нешто и да ја доведе државата пред граѓанска и тоа братоубиствена војна само поради желбата на еден измамник да биде на власт.

Изманикот ќе продолжи со лагите, со дозвола на окупаторите (политичко-економски, бидејќи војно не сме окупирани барем формално, но како држава сме под притисок и закана од ескалација на етнички судири-веќе видена работа), да ја урива државата и да ја реализира ветената агенда, односно промена на името и реализацијата на Тиранската платформа. Бидете убедени во ова, колку и да се обидува узурпаторот да ве лаже и мами. Многу бргу ќе имаме шанса да се увериме и на дело за тоа што ќе го стори на штета на Македонскиот народ и граѓаните на Македонија со исклучок на Албанското малцинство.

Токму затоа, не му верувам дека со наводното потпишување на писмена изјава дека ќе ја сочува унитарноста на Република Македонија ќе гарантира дека нема да и наштети и да ја кантонизира или деструира државата. Зошто го велам ова:

1.Заев измамникот не треба да потпише писмена гаранција за унитрноста на Македонија, тој едноставно треба да потпише и јавно каже и обзнани дека се откажува од Тиранската платформа.

2.Со оглед на досегашните негови лаги и измами, потребно е да имаме нотарски заверена негова изјава и депонирана на чување кај Претседателот Иванов дека под полна кривична одговорност нема да предлага уставни и законски измени на штета на државата, особено не такви кои се поврзани со промена на името и барањата од Тиранската платформа.

3.Јавно да ја испечати неговата „владина програма“ и тоа во два милиони примероци и да ја достави на секој граѓанин во државата со обврска и негов потпис и гаранција дека ќе ја спроведува истата, а дека нема да го смени името на државата и дека се откажува од Тиранската платформа.
4.Пред воопшто да помисли и да го направи сето ова, јавно да им се извини на граѓаните што со месеци наназад ги провоцираше и дразнеше со неговите изјави за поддршка на Тиранската платформа и сите лаги и измами кои ги направи како и криминалите за кои не се појавуваше на суд и за кои беше аболициран или ослободен од неговото СЈО.
5.Да ја врати процедурата за избор на Престедател на Собранието на Република Македонија назад со цел да се воспотави владеењето на правото и прекине узурпацијата направена од него, а поддржана од ЕУ, САД и некои амбасадори кои се толку загрижени за владеењето на правото и демократијата.

Убеден сум дека измамникот нема да направи ништо од ова. Тој едноставно по стариот проверен рецепт, со подршка на „демократските сили од запад“ ќе направи формално писмо до Претседателот на Република Македонија, дека ќе ја заштитува или почитува унитарноста на државата, но без било какви обврски, одговорност или казнени последици врз измамникот Заев заради непочитување на „гаранцијата“. Потоа онака валкајќи го и Претседателот Иванов како што ја извалка целата држава ќе си продолжи да си прави узурпаторска Влада и да се обидува да владее узурпаторски. Тоа е она што не очекува во времето кое е пред нас.

Како да го спречиме тоа? Ова е прашање чии одговор претставува формула за изнаоѓање на решение и траен или барем долгорочен лек против узурпаторите. Верувам дека народот Мкаедонски и сите граѓани на оваа наша Македонија кои си ја сакаат татковината ќе најдат многу инвентивни решенија: од протести, бојкоти, граѓанска непослушност, игнорирање на настаните кои во име на државата би се обиделе да ги прават узурпаторите, јавно исвиркување и непризнавање на узурпаторската квислиншка власт и лично игнорирање во јавниот и секојдневниот живот на „претставниците“ на истата. Пораката која сакам да ја испратам, а се однесува на начинот на делување е насочена кон пратениците на ВМРО-ДПМНЕ.

Вие, како пратеници на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата сте политички (како политичка партија и идеологија) и морални победници на изборите од декември 2016 година и така да се однесувате во Собранието. Да бидете со кренати глави бидејќи 51 пратеник сплотени заедно претставувате најголема сила во Македонското Собрание, а

воедно и пред меѓународните претставници и во внатрешната и надворешната полтика. Во ниеден миг немате потреба да бидете „конструктивни“ кон узурпаторите и на секој начин тоа да им го покажувате и во обраќањето и во односот кон нив и во вашите официјални и неофицијални обраќања. Вие не сте ниту предавници ниту криминалци ниту насилници како што сакаат да ве претстават токму аболицираниот криминалец и узурпатор Заев со неговата банда, Вие сте патриоти и Македонци-Македончишта (по припадност и државјанство). Запомнете дека на никој начин нетреба да направите акт, гест, чекор или било што друго што би довело до легализација на узурпаторите и недај Боже нешто такво да се обидете да го правдате со политичка прагма или притисок врз Вас. Знајте дека зад Вас стои целиот Македонски народ и најголемиот дел од граѓаните од сите малцинства и дека секој од вас е лично одговорен пред народот да ја брани Република Македонија и сите заедно да ја одбраниме. Бидете горди што сте на страната на праведноста и правдата и на страната на народот и Македонија и во секој миг отворено кажувајте им на узурпаторите дека ќе одговараат. Бидете свесни дека живееме во историски неповторливо време кога имате историска улога како народни претставници да ја браните својата татковине и дека како пратенички состав од ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата за Вашата храброст и пожртвуваност во одбраната на татковината ќе бидете запишани со златни букви во Македонската историја. Немојте ни да помислите да направите спротивно и да си го извалкате името за секогаш, а Вашите потомци да се срамат од Вас и од вашите евентуално сторени недела.

Колку и да се чувствува моќен измамникот и узурпатор аболицираниот криминалец и криминалец фатен во сторување на кривично дело кој се обидува да биде премиер набргу, многу набргу ќе одговара. Нема веќе аболиции, толеранции за измамници, предавници и криминалци. За предавство на државата ќе си лежи измамникот.

Доживотна не ти бега Заев,кога и да е ќе те стигне!

## 29. Лажливост за патот кон НАТО – 12.06.2017

Никогаш во ниедна влада на Република Македонија без разлика дали била со десна или лева политичка провиниенција не постоело дилема дека патот на Република Македонија во однос на ориентацијата во меѓународните односи и позиционирањето е насочен кон членство во НАТО. Оваа е недвосмислен национален интерес и политичко-стратешка определба и на најголемиот број на политички субјекти во Македонија, а особено на ВМРО-ДПМНЕ и СДС. Впрочем, затоа и одработевме толку МАП-ови (рекордери сме во светот-19 цели) и учествуваме во приближно сите мултинационални операции на НАТО (од 2002 година)  и бевме подготвени за влез уште во 2008 година. Токму тука нема никакво прашање кое треба да се поставува, анализира и коментира, но за жал СДС се одлучи токму на оваа карта да игра во однос на наводната затвореност на Македонија во меѓународната заедница за време на владата на ВМРО-ДПМНЕ. Од таа наводна затвореност сега СДС со Заев треба да не извлече и тоа со директен прием во НАТО. Пред 8-9 години токму за оваа ситуација пишував во еден мој научен труд кој го презентирав во Црна Гора на Регионален евроатлантски камп наменет за студенти од регионот и Европа, а во контекст на употребата на етнополитичката мобилизација во Република Македонија, Грчкото вето врз членството на Македонија во НАТО, интересот на Русија согласно нејзината стратегија од 2008 година насочена кон регионот и НАТО и ризикот и штетата кои неприемот на Македонија во НАТО на прво место ќе ги има САД во стратешките влијанија во регионот и Европа, а најповеќе ќе ги доживее Македонија и тоа првенствено поради неконзистентната политика на нашите западни сојузници и стратешки партнери се покажа како точна. Мене исклучително ми е јасно дека никогаш некоја супер сила или голема сила нема да признае дека погрешила или дека не е во право, но вистината е една и очигледно во неа за покривањето на туѓите погрешни политики и стратешки пристапи Македонија ќе биде жртва.
Но, да започнеме со оваа анализа и осврт на лажливоста за наводно новиот импулс кон патот за НАТО.

Имено, Заев во збирот на сопствените лаги и несигурни, несоодветни и конфузни одговори на новинарите на МТВ освен дека за се и сешто ќе отвори дебата (патем да прашам за што тоа ќе одлучува и ќе сноси одговорност или за се ќе дебатира и ќе бара колективна одговорност), кажа дека Македонија во НАТО ќе влезе многу бргу под привремената (25 години веќе привремена) референца FYROM. Го кажа ова и мислеше веројатно дека македонските граѓани се со кратко

паметење. Е па ајде да се потсетиме почитувани сограѓани и сонародници и тоа хронолошки и според меѓународното право:

1.Уште во 2008 година владата на ВМРО-ДПМНЕ и тогашната администрација на САД беа подготвени приемот во НАТО на Република Макеоднија да биде под FYROM.

2.Грција во Букурешт стави вето на одлуката за прием на Македонија и покрај оваа подготвеност на Македонија и сите други земји членки на НАТО.

3.Поради оваа состојба Македонија покрена тужба против Грција пред Меѓународниот суд на правдата во Хаг, а за кршење на времената спогодба помеѓу Македонија и Грција од страна на Грција и противправно попречување Македонија да биде рамноправен член на меѓународни организации и сојузи под референцата FYROM.

4.Македонија ја доби пресудата на Меѓународниот суд на правдата во своја полза, но Грција никогаш не ја испочитува и продолжи да го блокира членството на Македонија во НАТО.

5.Земјите членки на НАТО може да постават вето за секое прашање за кое сметаат дека им ги загрозува националните интереси.

6.Согласно ова и Македонија (под кое и да име биде примена во НАТО) ќе може да стави вето на некои одлуки на алијансата, а Грција ова многу добро го знае и затоа има потреба од некои други гаранции пред Македонија како и да (под кое и да е име) влезе во НАТО.

Знаејќи го сето ова на што се потсетивме, искрено се прашувам на што се должи „оптимизмот“ на Заев за брз влез на Македонија во НАТО макар и под референцата FYROM и сметам за потребно дека тоа треба јавно да го објасни пред Македонските граѓани.

Се сомневам, бидејќи добро знаеме какви се не тајни обврзувачки договори може да се направат и што се ќе треба потоа да испорачаме (како впрочем временото име FYROM). Моите претпоставки одат во насока на обврзување дека со давањето на „ветар во грбот“ на Заев со приемот во НАТО под референцата, треба да му се даде предност во внатрешната политика, што нему многу му е од полза за пресметка сои ВМРО-ДПМНЕ. Односно, дека еве ништо не боли да се влезе под референца, а потоа да се преговара за името. Токму тука, според мене е основната замка, односно јадицата на која ќе треба да се фатиме сите ние. Занесени од „победата“ да ја внесеме Македонија во НАТО, за следниот чекор или влез во ЕУ ќе треба повторно да бидеме „мудри“ (секогаш се повторува историјата со мудрите политики на СДС) и да попуштиме пред Грците, односно да си го смениме името на државата и нацијата. Всушност моето мислење е дека веќе претходно Заев, Димитров и друштвото им имаат попуштено, а целата операција е

насочена кон замајување на Македонскиот народ и граѓаните на Македонија да ја голтнат мамката, а потоа да се чудиме што не снајде.

Втората етапа за дефинитивна промена на името на Македонија и свесно самоуќинување на Македонската нација и прифаќање на последиците од овој чекор нема да биде референдум или некаква си дебата на дебатољубецот Заев. Таа е насочена кон подоготвување на терен за уривање на ВМРО-ДПМНЕ како единствена мобилизаторска и патриотска сила на Македонскта државност и Македонскиот народ. Тоа уривање првенствено е насочено против Груевски, паралелно се одвива на неколку линии (внатре во партијата и со други суптилни методи на притисок, но и отворен притисок), а преку него воедно ќе се покрие и неспособноста на СДС-то за „реформи" како што љубат да кажат, односно да поедноставиме – неспособност за економски напредок и благосостојба на граѓаните. Затоа и СЈО ја интензивира својата работа, паралелно со активностите на Заев и СДС-то да направат „реформи" во судството, започнувајќи од ОЈО кое води постапки токму против Заев. Се мора да биде добро искоординирано за да се заврши работата до крајот на годинава или најмногу за една година, а народот да не сети.
Во меѓувреме СДС-то глумејќи работа и посветеност, грижа за народот ќе зборува за распуштеноста и недомаќинлакот на претходната власт (заборавија кој ја направи приватизацијата) и во меѓувреме суптилно заканувајќи се на секого кој нема да ги премолчи нивните глупости, неработа и најповеќе предавство на сопствената татковина и нација.

Анализата е всушност многу едноставна. Очигледно е дека ВМРО-ДПМНЕ не подлегна на непристојните предлози за предавство на нацијата и затоа не постоеше чудесна формула за влез во НАТО под референцата иако тоа беше можно и според меѓународното право и времената спогодба. Очигледно е дека нешто се крие зад оптимизмот на Заев, а тоа не е наводното престанување со провокации кон Грција од наша страна. Очигледно е дека Заев и неговиот тим од полусвет се добар материјал за реализација на туѓи интереси. Очигледно е дека во Македонија нема да се живее потобро туку дека ќе се „дебатира". Очигледно е дека сите што не се согласуваат со овој концепт на „дебати" ќе бидат прогласени за неподобни со тенденција да бидат прогласени за криминалци и отстранети од јавниот и политичкиот живот.

На крајот од оваа кратка анализа за тоа како преку лажливиот пат кон НАТО очигледно ќе го загубиме националниот Македонски идентитет имам едно прагматично прашање до „реформаторот и дебатирачот" Заев. „Дали си подготвен да дебатираш, да отвориш широка јавна дебата и за прашањата кои се однесуваат за тебе лично и твоето семејство (да не кажам нешто повеќе од ова)"? Веројатно за сите

овие очигледности нема да има реакција и дебата од „не“владините организации, бидејќи тие со својот „лик и недело“ изборија место во владата на Заев. Впрочем како што би рекла госпоѓата Шеќеринска „некои прашања не заслужуваат одговор“, онака очигледно демократски опфатено со широка дебата.
Веројатно затоа нема да дебатираме околу очигледно тајните спогодби за влез во НАТО под референцата или недај Боже некое друго име, а потоа за трајно, да трајно решавање на името на Македонија, а со тоа и на Македонската нација. Токму онака како што очигледно нема да дебатираме и добиеме одговор за узурпаторот Талат кој се претставува како Претседател на Собранието на Република Македонија и неговата законска одговорност за узурпацијата.
Со среќа нека ни е дебатата, онака широка за лажливиот пат кон НАТО, а сетете се на почетокот на оваа колумна за немањето дилема дека стратешки партнер за Македонија и секако за ВМРО-ДПМНЕ се НАТО, САД и ЕУ, се друго е очигледна лажна дебата.

## 30. Повторување на историјата (или кратка ретроспектива и современа регионална геополитичка анализа) – 15.07.2017

Како по некое злокобно правило за Македонија и Македонците во последните 200 години историјата се повторува циклично на периоди од по 30-40 години, а потоа на секои 100-110 години со клучни настани кои оставаат траен белег врз Македонија и врз регионалната геополитика, а особено врз колективната меморија на Македонскиот народ и сите кои живеат на оваа парче земја. Потоа повторно следува период на засилена недоверба кон Европа и соседите и внатрешни пресметки и пак борба одново да се издигнеме.

Секогаш кога требало да се одлучува за Македонија и Македонците тоа го правеле големите европски сили, некоја друга голема сила или соседните држави под патронат на големите сили, но никогаш тоа не го правеле Македонците.

И еве повторно на повидок е повторување на историјата, а само будала три пати се удира од исти камен и неможе да ги препознае законитостите на регионалните геополитички случувања, или пак тоа го прави намерно, односно предавнички. Очигледно е дека владата на СДС-то и Заев постојано се удираат во камен, но болката ќе ја почувствуваме ние како народ.

Повторно се собраа трите соседи (овој пат членки на ЕУ) и со поддршка на високи претставници на ЕУ во Солун разговараат за Македонија. Исто како и пред 105 години кога по овие нивни „разговори" за Македонија и реформите во тогашната Отоманска империја се распарчи кутра Македонија. Се наликува на нов „Балкански сојуз". И повторно Македонија не е на преговарачката маса за рамноправно да членува во тој сојуз. Повторно во следната фаза ќе се вклучи некој четврти или петти регионален играч (тогаш тоа беше Романија, односно Италија или Европа формирајќи ја Албанија). И сега Заев сака да не реформира и редефинира, очигледно по мерка на други, а не според потребите на Македонските граѓани.

Сето ова е легитимно во меѓународните односи, бидејќи државите се меѓународно правни субјекти и политичко-општествени организации кои со сите средства се борат за остварување на своите национални интереси. Но, основното прашање кое се поставува и кое всушност бара отворено, чиста и без ракавици регионална геополитичка наализа е: „Каде е тука Македонија и што нејзината власт прави за да се зачуваат националните интереси на Македонија и Македонскиот народ"?

Оваа анализа може да се направи само со компарација на конкретни активности и случувања кој претставуваат индикатори на состојбите во Републикиа Македонија, а што има влијание врз поведението на регионалните актери, глобалните актери и особено ЕУ.

Во времето на ВМРО-ДПМНЕ и Груевски како Премиер на никого во соседството не му паѓаше напамет да организира средба на највисоко ниво на која ќе се расправа за Република Македонија и уште згора средба поддржана од претставници на ЕУ, а да на неа нема претставници од Македонија. Тоа беше така од две причини, прво - што Груевски и владата на ВМРО-ДПМНЕ имаа изградено цврст став и однос во меѓународната заедница, особено во регионот и беа респектирани како политичка сила и личност со став и национална цврста определба и патриотизам и второ – затоа што сите од надвор (особено соседите) беа свесни дека државата Македонија на чело со коалицијата „за подобра Македонија“ ги обединуваше најголемиот дел од граѓаните околу основните и клучни државни и национални ин тереси. Поаѓајќи од овие причини, на соседите пред се, им беше јасно дека нема да им успее ваква политичка авантура и дека во очите на ЕУ и големите сили ќе испаднат анахрони и смешни.

За жал, сега имаме поинаква ситуација. За оваа состојба многу говорев и јас лично, но доколку се вратите наназад само десетина месеци, пред изборите во Декември 2016 ќе се потсетите на зборовите на Груевски и јавно декларираната во сите аспекти национално определена политика на ВМРО-ДПМНЕ за тоа што може да ни се случи доколку Заев формира влада.

Ете, Заев како што го дал Господ „Црпнат“ формираше влада и само месец и половина подоцна можеме да ги видиме неговите реформски резултати. Очигледно е според однесувањето на нашите соседи и ЕУ дека со тоа што го виделе во неговиот ум (дали воопшто има ум и разум???) и гледајќи го неговиот непатриотизам (нели впрочем и самиот кажа дека ним од СДС не им личи да бидат патриоти), неговата неконзистентна трчи-лажи удварачка меѓународна политика и внатрешна политика заснована врз идејата за лично богатење, истите тие соседи се решиле да тргнат во повторување на историјата, а со единствена цел: „Еднаш засекогаш да го затворат и според нивни мерила да го решат Македонското прашање“, отворено поради нивната грабачка политика и никако да се затвори дури и во услови кога постои меѓународно правен субјект Република Македонија. Во реализацијата на идејата за нов „Трилатерален Балкански сојуз“ на кој на свој начин активно ќе се приклучи и Албанија (всушност веќе ја имамае Тиранската платформа како искажување на целите на Албанија)

сесрдно помага нашиот Црпко кој лажно се претставува за Премиер, поддржан од узурпаторите од ДУИ.

За разлика од Груевски и владата на ВМРО-ДПМНЕ која имаше цврста национална политика и економски развојно ориентирана, СДС-то со Заев на чело на државата се однесуваат како колективно да се Црпнати (видете го настапот на Тевдовски во Собранието, „шармирањето“ во меѓународните односи на Димитров или огромните успеси на МВР кои за еден месец успејаа да го извадат фазмозниот мерцедес од гаража или на оној Рашковски кој бара тајни дописи во рамки на секретаријатот на Владата со кој самиот раководи и многу други „успеси“ и претставување на државата). Токму поради овие показатели ни се случува трилатерална средба на највисоко ниво на соседите на Македонија со поддршка на високи претставници на ЕУ. Треба да ни биде јасно дека службите на сите наши соседи, на сите регионални и глобани актери не се занимаваат само со формирање на резидентури и агентури во Македонија, туку секојдневно ги следат јавните политики и конкретните активности на Владата во целост, а особено на поедини нејзини членови, притоа народски кажано мерејќи им го умот и детерминирајќи ги нивните интереси, лични пред се. Очигледно е дека многу бргу од страна на нашите соседи (веројатно уште пред неколку години)е измерен умот и капацитетот на оваа влада на СДС со Заев. Затоа и побрзаа по Трст да се сретнат во Солун и да си се договорат како понатаму да го прејдат Македонскиот народ и на среден рок со здружени сили да ја деструираат Република Македонија и на тој начин да го решат „Македонското прашање“. Во оваа намера или поточно кажано нивна стратешка национална цел сесрдно им помага Заев со колективот на анти патриоти и црпнати од СДС-то.

Тоа што за жал не очекува во иднина е нестабилност, неизвесност и посилни негаторски изјави од трите соседи, а внатрешен притисок за редефинирање на државата мотивиран од четвртиот и петтиот сосед. Сите тие имаат свои клучни национални интереси и ќе покажат максимална тенденција за нивно остварување. Национални интереси има и Република Македонија и Македонскиот народ, но нив ниту ги знае, ниту ги препознава, ниту пак го интересираат СДС и Заев, а не пак да ги остваруваат. Нивниот интерес е како да заработат од државата, а на грбот на народот некој тендер повеќе. За нив тоа е највисок интерес. Се потврдува моето тврдење дека СДС не си ја сака државата и таа за нив претставува само гол финансиски интерес и се друго што зборуваа се само флоскули и збир на празни ветувања.

Токму оваа го имаат препознаено и анализирано и соседните ни држави и регионални и глобални актери и затоа преземаат мерки за брза реализација на нивните интереси. Кога нема кој од позиција на

власт да ја заштитува државата и внатрешниот раздор е постигнат по повеќе нивоа тогаш е најдоброто време за уривање на државата. Уште згора на тоа и ако имаме безидеен Заев и СДС поддржан од разни асоцијални групи со чија поддршка долгорочно може да се урне традиционалното Македонско општество и перцепција за држава и утврдени конзервативни базични човекови и Христијански вредности, тогаш патот кон решавање на „Македонското прашање“според нивниот терк е отворен и тоа не на долг период, туку за многу брзо време, односно додека може да го одржуваат Заев на власт тоа треба да го сработат.

Оваа кратка анализа на влијанието на внатреполитичките случувања и владеењето на СДС-то врз однесувањето на регионалните актери и креирањето на регионалната политика само ја покажува насушната потреба од етнополитичка мобилизација на сите граѓани на Република Македонија втемелена врз Македонската нација (бидејќи сите ние сме Македонци без разлика на етничкото потекло и треба да се обединиме околу Македонската нација) кои си ја сакаат татковината и на кои им е животно важно Република Македонија да опстои. Потребата е видлива, бидејќи тие кои по функција треба да ја штитат државата и да се грижат за зачувување на националните интереси и со тоа и за безбедноста на граѓаните тоа не го прават. Луѓето на Заев и тој лично се зафатени со други лични и персонално-политички прашања, немаат време да се погрижат за државата и нацијата, па тоа го оставаат на нашите соседи и бирократите на ЕУ, а тие очигледно знаат што треба да работат и добро ги читаат знаците на времињата и знаејќи со каква власт во Македонија си имаат работа брзаат да ја зграбчат шансата.

## 31. Дебатите на Заев – 31.07.2017

На еден ден пред Заев да го потпише штетниот договор за Република Македонија со Бугарија, а се под изговор за наводно отварање на евро-атлантските процеси, сакам уште еднаш да апелирам до Македонските граѓани за тоа што значи една ваква грешка и како по неа ќе се отворат вратите за многу други последователни постапки на Црпко, а кои ќе имаат далекусежни последици врз Македонија, Македонскиот народ и сите Македонски граѓани.

Да се потсетиме на мигот кога само неколку дена по узурпацијата на законодавната и извршната власт, Заев со маската на демократ седна на „дебата" со неколку новинари, пренесувано на националната МТВ. Во тој свој лажовен настап, узурпаторот зборуваше и ветуваше дека ќе отвори дебата по секое прашање.

И толку од дебатите на Заев. Како што можеме да видиме тој нема намера не да дебатира, туку ниту да го послуша гласот на Македонските граѓани, а пак за националните интереси воопшто не размислува. Тој мора да испорача и започнува со политичките испораки кои ќе ги плати татковината и Макеоднците во бесценетост. Но, сметката ќе пристигне многу побргу отколку што воопшто и се надеваме драги мои сонародници.

Но, еве да не ги опишувам маската и неделото на Заев што на сите ни е познато, туку да се обидам накратко во предвечерието на неговото прво големо предавство на Македонија да го анализирам и појаснам догвоорот за добрососедство со Бугарија.

Најпрво мора да ја кажам констатацијата: „Подобро да не потпишуваме никаков договор, отколку ваков каков што Заев со СДС-то го прифатија".

Еве и зошто и врз што ја темелам оваа моја констатација.

1.Договорот започнува со поширока преамбула која ги опфаќа сите меѓународни договори за добрососедски односи и билатерални односи помеѓу државите, а кои Република Македонија ги има ратификувано и со самото тоа прифатено како основ за градење на односите со сите држави во светот, особено со соседите.

2.Како основа на догвоорот се зема „Декларацијата од 1999 година", а всушност нема никакво суштинско поместување во однос на истата што би било значајно за поместување со нов договор.

3.Гледано од Македонска страна нов импулс и поместување во овој Договор би било точно искажаното признавање на Македонската нација, јазик и култура од страна на Република Бугарија, но во целиот текст на договорот тоа го нема.

4.Во самиот догвоор од член 1 до член 7 нема некои ексклузивности, бидејќи се работи за прераскажување на меѓународно утврдените и прифатени акти и за двете страни, како и безброј пати досега искажаната намера за поголема соработка на државните органи и институции како и развој на туризмот и економската, културната и друга соработка и развој на транспортната инфраструктура. За волја на вистината ова ни недостасуваше, а особено добра патна инфраструктура.
5.Двосмисленостите почнуваат во член 8 од договорот, а во врска со една реченица од преамбулата која гласи: „Имајќи ја предвид заедничката историја, која ги поврзува двете држави и нивните народи“. Во членот 8 во став 2 се вели: „Во рок најдоцна до три месеци од влегувањето во сила на овој договор, со цел продлабочување на заемната доверба, двете Договорни страни ќе формираат Заедничка мултидисциплинарна експертска комисија за историски и образовни прашања, на паритетна основа, за да придонесе за објективно и засновано на автентични и на докази засновани историски извори, научно толкување на историските настани. Комисијата ќе поднесува едногодишен извештај за својата работа пред владите на Договорните страни.“

Гледано површно ова може да се толкува како соработка во рамките на образованието, но никаде во светот не постои ситуација во која една држава комисиски се меша во образовниот систем на друга држава, а особено во содржината на учебниците. Тоа значи дека ние доброволно прифаќаме некои одстрана да ни ја креира учебната програма и содржината на учебниците, а преку тоа и да влијае врз обликувањето на идните млади генерации. Ова е всушност навлегување во еден долгорочен процес на преумување на македонските идни генерации и доколку се сетите на интервјуто на Божидар Димитров во кое меѓудругото вели: ... дојде времето за ребугаризација на Македонија..., тогаш е сосема јасна целта на оваа одредба од договорот. Остварувањето на оваа цел ќе има долгорочни последици врз Македонската нација, но и со самото започнување на оваа активност во образованието се отвара можност Грција или други соседи да можаат да ја докажуваат нивната вистина. Тоа е вовед во нов политички прагматизам и контекст за денационализација и асимилација на Македонскиот народ. Настрана прашањето кои се личности како докажани експерти ќе треба да се докажуваат меѓусебе во текот на работата на самата комисија и со какви не „факти и историски засновани докази“ ќе се манипулира и во кој контекст ќе бидат претставувани истите.

Во продолжение на оваа тенденција е и ставот 3 од истиот член за заеднички историски прослави на значајни настани и личности од историјата. (за подобро објаснување на „научниот“, историскиот и политичкиот поглед на долг стратешки период од страна на Република Бугарија кон односите со Република Македонија ви препорачувам да ја процитате кратката книга или памфлет од Љубомир Иванов „Бугарската политика спрема Република Македонија“ во издание на Фондацијата Манфред Вернер во Софија 2008 година). Ова го препорачувам со цел да подлабоко ја согледате крајната стратешка цел и препораки за однесување кон Македонија и во тој контекст ќе ви стане појасно зошто имаме ваков текст на договор со Република Бугарија кој ги потенцира историските прашања и заедничката историја.

Токму затоа претпоставувам и се избегнуваа дебатите на спротивставените ставови на експертите на Заев и научната и академска јавност од Институтот за Национална историја и Институтот за Историја, а целиот договор се држеше во тајност.

6.Потоа доаѓаме до политичките и национални точки опфатени во членот 11 став 5 каде се вели:„ Република Македонија потврдува дека ништо од нејзиниот Устав не може и не треба да се толкува дека претставува или некогаш ќе претставува основа за мешање во внатрешните работи на Република Бугарија, со цел заштита на статусот и правата на лица, кои не се државјани на Република Македонија.“ Ова всушност претставува откажување од Македонците во Бугарија, а кои се Бугарски државјани. Иако негрижата за Македонското малцинство во соседните држави е веќе потврдена политика на СДС, се отвора и прашање за придвижување на процес за промена на Уставот на Република Македонија доколку во иднина Република Бугарија (некоја нејзина Влада) смета дека некоја уставна одредба претставува директно или индиректно мешање на Македонија во внатрешните работи на Бугарија во однос на заштитата на лица кои не се државјани на Република Македонија. На овој начин Заев ни ја наметнува бесилката околу вратот да пред меѓународните институции не можеме да реагираме кога Бугарија ќе ги крши основните човекови и политички права на Македонците во Бугарија.

7.На крајот доаѓаме до чл.14 каде се вели дека договорот се потпишува: „... на официјалните јазици на Договорните страни – македонски јазик, согласно Уставот на Република Македонија и бугарски јазик, согласно Уставот на Република Бугарија...“. Ништо ново од Декларацијата во 1999 година, со една значајна забелешка. Имено, што ќе се случи кога Заев ќе ја воведе двојазичноста на целата територија на Република Македонија и како што има ветено ќе имаме втор официјалн јазик според Уставот? Ова е јасен показател дека нема признавање на

Македонскиот јазик како јазик кој ја идентификува Македонската нација. Некој ќе праша, а што е со Бугарскиот јазик кои со иста формула е опишан во договорот? Одговорот е многу едноставен. Во Бугарија не е премиер Заев и во Бугарија никој не зборува за двојазичност во Уставот како штго е тоа случај кај нас во Македонија.

За да биде уште појасно, а за што во овој текст нема доволно простор за елаборирање на сите скриени замки во договорот, ве замолувам да го прочитате во целост интегрално и да размислите за последиците од секој збор во договорот. Всушност потребата од ваков договор со Бугарија и содржината на истиот во една реченица најдобро ја објасни поранешниот министер за надворешни работи Никола Поповски во интервју за 24 вести. Направете и споредба со стратешките насоки во памфлетот кои ви го препорачав и секако со моите ставови и анализа. Кога веже дебатите на Заев претставуваат негова шарена лага за сите нас, ајде да размислуваме индивидуално па ние да направиме дебата за ова што СДС-то ни го прави како на држава и нација. Да дебатираме на секое место и во секое време и да ја разбудиме свеста за опасностите пред кој стоиме сите заедно, а кои со оваа влада на СДС се наближуваат многу бргу со реална опасност од нивно катастрофално влијание врз Република Македонија и сите нејзини граѓани.

Дали сега драги мои сонародници гледате што и се подготвува на Македонија и тоа од СДС и Заев? Дали сега гледате како чекор по чекор се доведува Македонија во подредена положба за што зборуваше и Претседателот Иванов, а што е казниво според кривичниот закон на РМ? Дали сега е нешто појасно и им верувате на предизборните зборови на Груевски за плановите на Заев? Дали сега е јасно колку ќе биде тешко сето ова да се врати назад и да се исправи? Дали сега е јасно зошто Заев глуми демократ и отвореност за дебати, а од дебата за оваа и другите клучни нациопнални прашања и интереси нема ништо, туку се се држи во тајност?

Доколку и понатаму си молчиме овој најлесен пробен балон на Заев ќе му помине, а потоа ќе следува двојазичноста, промена на името, и којзнае што уште според онаа што Заев го ветил да го испорача. Еден ден ќе се разбудиме од сонот во кој сега сме и ќе се запрашаме каде отиде нашата Македонија и во која тоа држава ние живееме. Но, кога ќе се разбудиме, раководството на СДС-то и Муртинецот ќе ги нема тука, тие веќе имаат подготвено каде ќе заминат.

Во предвечерието на најсветлиот и најголем ден
за Македонија и Македонскиот народ – честит Илинден и вековита да ни е татковината!

## 32. План за потполна деструкција на Македонија во девет чекори – 06.08.2017

Кога претседателот на ВМРО-ДПМНЕ, Никола Груевски зборуваше за пеколниот план на Заев и ги предупредуваше Македонските граѓани, дел од нив не му веруваа иако пред нивни очи Заев најавуваше па одрекуваше дека токму ова што сега го прави со Македонија и планира и понатаму да го прави.

Можам да ги разберам Македонските граѓани дека едноставно не поверуваа, бидејќи беа под силен (цели три години) добро испланиран и координиран притисок за перење на мозоците. Тоа подразбираше спинови, наместени ситуации, невистини, дезинформации и активности од страна на таканаречени граѓански активисти платени од Сорос и странски служби. Граѓаните беа замајани со „бомбите“ на црпнатиот, монтирани, нелегално прислушувани материјали кои се користеа за уривање на угледот и кредибилитетот на Груевски, раководството на ВМРО-ДПМНЕ и целата политичка структура на партијата на власт.

За разлика од тогаш, денес имаме малку поразлична состојба која неможе да биде по очигледна, но за која сепак „кој има очи ќе види и кој има уши ќе слушне“. Токму оваа состојба покажува како Црпко со неговата предавничка булумента сака според планот му 3-6-9 во само девет чекори да ја деструира нашата татковина Македонија.

Она што се обидува да ни го продаде како шарена лага и лижавче е дека во рамките на 3-6-9 ќе ја врател Македонија на евро-атлантскиот пат. Како да Македонија се откажа од членството во НАТО и ЕУ и сега додјде предавникот да со велепредавство не „врати на европскиот пат“.

Во збирот на лаги и конкретни постпки се обидов да ги детерминирам деветте чекори кои за девет месеци или една година ќе ја деструираат Македонија и како што напишав во мојата претходна колумна ќе се разбудиме за една година од сонот на „животот во Македонија со СДС“ и ќе се запрашаме каде тоа живееме ние и каде ни замина нашата татковина.

Но, да преминеме на анализата и описот на деветте црпнати и предавнички чекори од кои некои веќе се реализираа, некои се во тек, а некои се најавени или се препознаваат во однос на конкретните дејствувања на предавничката банда на СДС.

1.Договорот со Бугарија – договор на штета на Македонскиот народ, Македонскиот јазик и Република Македонија. Црпнатиот ја отвори вратата да може Бугарија односно секоја бугарска влада да не уценува

во однос на идното членство во ЕУ и НАТО, но особено да не понижува и да манипулира во меѓународните односи и тоа да манипулира си поимот Македонска нација и Македонски јазик. Последиците од овој понижувачки договор ќе ги почувствуваме во иднина и тоа со генерации во билатералните односи со секој од соседите поодделно, а особено со Република Бугарија. Овој договор е само пробен чекор за да се види реакцијата на македонските граѓани, особено на Македонскиот народ. Искрено се надевам дека многу бргу ќе има таква реакција со демократски постапки, сепак наскоро ќе има локални избори.

2.Двојазичноста во Република Македонија – ова е вовед во бинационална држава, повторно преку посреден пристап, односно преку воведување на противуставен закон за јазици и фаворизација на Албанскиот јазик. Целта на оваа операција која Црпко со узурпаторот Џафери и недостојниот Аљи треба да ја спроведат е да веднаш по локалните избори се усвои овој закон и отвори пат за ново преуредување на Македонија, односно до дефинитивната кантонизација да се подготви состојбата на терен практично да се воспостави оваа состојба на почетокот преку целосна употреба на Албанскиот јазик на униформите на полицијата, војската и на парите. Тоа е всушност реализација на ветувањата кои Црпко Веле Предавнички ги даде во Швајцарија на албанската дијаспора, а е одработување на Тиранската Великоалбанска платформа. Резултатите од оваа операција ќе ги видиме некаде на почетокот на 2018, а крајните резултати за 2-3 години.

3.Подготовка за „добивање“ на локалната власт во градот Скопје – претставува една од ургентните цели на СДС предавничка. Свесни се тие дека тоа е неостварливо за нив без да ги мобилизираат на своја страна гласовите на Албанското малцинство и тоа до последен глас. Токму затоа и побрзаа со законот за јазици за да имаат аргумент за мобилизација на Албанското малцинство како гласачка машина. Резултатот треба да биде добивање на главниот град под нивна управа, а сметката ќе се плати, колку и да чини не е важно, нема Црпко и предавничко СДС да ја плата ќе ја платиме сите ние, само да се оневозможи ВМРО-ДПМНЕ да покаже сила, бидејќи тогаш ќе се види силата на Македонските граѓани. Впрочем ние сме на потег, ајде да излеземе на локални избори и да гласаме за ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „За подобра Макеоднија“ и нивниот кандидат за градоначалник и нивната советничка листа што би било јасно покажување на волјата на граѓаните на Скопје во однос на политиката на СДС.

4.Организиран грабеж на Република Македонија – ова е паралелна цел која СДС криминалната банда сака да ја оствари под мотото „отиде државата и така, ајде кога ја распродаваме да заработиме некоја пара за нас и така ќе си одиме од тука“. Тука како непосредни реализатори треба да ги гледаме нивните СДС „експерти“ кои кумот Костиќ се обидува насилно и вон правните процедури да ги инсталира во државните претпријатија и да ја партизираат државата (сите кои ги поставија на функција се претседатели на општински организации на СДС или членови на највисоки партиски тела на СДС, но нема збор за нивната професионалност и искуство во областите, како ни за соодветноста во образованието). Резултатите од овие операции треба интензивно да се реализираат во текот на предизборието за да се залаже јавноста преокупирана со локалните избори и да не забележи како ќе се врши грабеж на државата.

5.Либерализација на пазарот на електрична енергија – за да се задоволат интересите на Анѓушев, да се направи повторно „бомбона бизнис за Рада“ и демократски да се краде од граѓаните преку скапи енергенси со медиумска поддршка на Драган Антоновски и бизнис – медиумска поддршка на Љупчо Зиков (сите овие беа експерти, независни де). Резултатите од овој чекор на СДС ќе ги почувствуваме сите и тоа набргу  по локалните избори. И да не се залажуваме ќе бидат бескомпромисни, неетични и нечовечни за сите нас, бидејќи ќе ги интересира само личниот профит.

6.Партиско Јавно обвинителство – ова започна со менувањето на Зврлевски и со искористување на нивниот  непартиски кадар кои се дел од Советот на јавни обвинители (нели партизиран од ВМРО-ДПМНЕ, а сега стануваат директори на МЕПСО под владата на СДС Предавничка) да инсталираат предавничко Јавно обвинителство кое во спрега со СЈО на Катица ќе треба да продолжи со прогон на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ и раководството и членството на партијата. Оваа операција е во тек и по смената на Зврлевски многу брзу ќе ги видиме резултатите, а јавните обвинители кои не се по мерка на Црпко тоа ќе го почувствуваат на своја кожа. Дури тогаш ќе видиме што е тоа партизација на јавното обвинителство и партиски од СДС нарачани прогони.

7.Реизбор на судството – како продолжение на подготовките за прогон на ВМРО-ДПМНЕ и монтирани судски процеси. Штом Фрчковски ќе раководи со судските реформи тогаш се е јасно. Допрва граѓаните ќе се соочат со корупцијата и партиското влијание во судството, а тоа ќе биде видливо и во Уставниот суд кој ќе треба да го аминува противуставното и противзаконитото растурање на државата и нејзино претворање во бинационална и кантонална држава.

8.Прогон на Никола Груевски и ВМРО-ДПМНЕ – видливо е противуставното делување на Апелација со прифаќањето на лажни, монтирани и нелегално стекнати прислушувани материјали кои треба да се употребат во процес како доказ. Ова е вовед во можноста за воведување на судска пракса која е девијантна и тоталитарна и во која во иднина секој ќе може да поднесе како доказ нелегално стекнати прислушувани или тајно снимани материјали, а што е основ за отворање на можноста за креирање монтирани процеси насочени кон сите политички противници на СДС и на сите чесни Македонски граѓани кои не се согласуваат со предавството на Црпко и СДС и кои си ја сакаат татковината. Резултатите од овој чекор се двострани: Прво, дисциплинирање на граѓанството со втерување страв од прогони формално судски поткрепени и Второ, обезглавување на ВМРО-ДПМНЕ како единствена и кохезирачка сила преточена во Груевски со целиот негов авторитет, со цел да се спречи политички организирана борба на Македонските граѓани против Црпко Предавнички и СДС Предавничка.
9.Промена на името на државата – крајна цел во следните девет месеци до една година. Преку узурпација на државната власт и кражба на државата и уште очекуваниот обид да се украдат локалните избори СДС предавничка многу бргу ќе може да го реализира и овој последен чекор, а преку употреба на механизмите на власта на сите нивоа и притисок врз граѓаните. Резултатот е јасен, уставно ќе станеме безимена аморфна маса на збир од неидентификуван народ во безимена држава која ќе има Бугарска историја и мнозинство од 20% хомогенизирано малцинство Албанци и некакво си описно име со географска одредница што никако нема да асоцира, а не пак директно да укажува на национална држава на Македонскиот народ. Впрочем погледнете го однесувањето и на Љубчо Георгиевски и од оваа временска дистанца ќе ни стане јасно и неговото однесување во 2001 и наводното лутење на потпишувањето на Охридскиот договор и тоа поврзете го со однесувањето на Љубчо, Љубе и Стојанче на изборите 2016 и нивната улога за одвлекување на 20 илјади гласови потенцијални за ВМРО-ДПМНЕ. Нема да ме изненади доколку и Слободан Богоевски и Павле добијат некое место како отплата на наградата за уништување на Македонија.

По реализацијата на овие девет чекори за девет месеци до една година, Црпко ќе може комотно да ја кантонизира државата и потоа да исчезне.

Да не заборавиме, ние тоа му го овозможивме неверувајќи во зборовите на Груевски во предизборието, неверувајќи му на претседателот Иванов, неверувајќи на сите научно и прагматично

докажани ставови кои ги изнесував и јас и моите колеги колумнисти и доколку продолжиме да се однесуваме „космополитски“ и амбивалентно како да не се работи за наша татковина и наша иднина потполно ќе му го отвориме патот.

Последната шанса за демократски расплет и враќање на Македонија во рацете на нејзинте граѓани и на мнозинскиот народ кој си ја сакаат својата татковина како унитарна и демократска држава се ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ НА 15-ТИ ОКТОМВРИ. Преку гласањето за ВМРО-ДПМНЕ на овие избори и одлучна победа на коалицијата „За подобра Македонија“, ќе се покрене иницијатива за предвремени Парламентрни избори и ќе се сопрат деветте разурнувачки чекори на предавничката СДС.

Сакам да напоменам дека по предвремените Парламентарни избори и победата на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „За подобра Македонија“, ќе биде тешко, но во оваа фаза и не е неизводливо да се вратат работите наназад, односно да се врати достоинството на Македонија на меѓународната сцена и да се сочува државата. Предавниците и сите нивни слуги кои ја предадоа татковината и кои ги прекршија уставот и законите ќе одговараат по закон. Тоа не им бега.

Да не ја испуштиме последната шанса за Македонија и за сите нас на 15-ти Октомври, бидејќи вакви шанси не се секојдневие за потоа да не велиме дека некој не ни кажал.

## 33. Ѓон – 09.08.2017

Кога луѓето велат дека некој има образ ѓон, секогаш мислев дека се работи за чист синоним, едноставно неможев да поимам дека во пракса или во животот може да постојат такви луѓе кои немаат никаква етичност и личен интегритет и достоинство, луѓе кои немаат образ туку на своите маски кои им го покриваат грдото лице носат ѓон, бидејќи немаат лик, едноставно затоа што не се личности.

За жал, се уверив дека токму вакви луѓе не само што постојат, туку истите во овој момент ги водат институциите (Владата, владините институции и Собранието) на Република Македонија. Тоа е трагедија која ја задеси денес Македонија и чии последици се видливи, а доколку продолжи оваа состојба последиците ќе бидат долготрајни и катаклизмични по иднината на државата и идните генерации.

Зачудувачки е како со образ ѓон, без трунка срам од сопствените граѓани, на одбележувањето на 16 години од жртвата на десеттемината македонски бранители од Прилеп, кои загинаа кај Карпалак се појавија Сугаревски - мрзливиот министер на СДС Предавничка и пратеникот Локвенец, како и целото раководство на СДС Предавничка од Прилеп. Не само што е зачудувачки, туку истите овие поддржувачи на Тиранската платформа и други туѓи и анти Македонски договори застанаа пред споменикот на бранителите, пред нивните семејства и пред целата Македонска јавност, лицемерно поклонувајќи се додека во исто време плукаат и ја поганат жртвата на бранители и се исмеваат врз болката на семејствата и сите чесни патриоти на нашата напатена татковина.

Впрочем, ова веќе го извежбаа за Илинден. И кога јас во предвечерието на Илинден и потпишувањето на „договорот“ со Бугарија во емисија на Тв Нова кажав дека ова што се случува со овогодишната прослава на Илинден, договорот со Бугарија и особено со говорот на узурпаторот Џафери на Мечкин камен, претставува исмевање на СДС со најсветиот и најголем национален Макеоднски празник, токму тоа и го отсликав. Исмевањето на СДС со се што е свето за Македонецот станува практика и не само практика на исмевање и понижување на сопствениот народ, туку тоа е одлика на немање никакво чувство, етичност или што би рекол нашиот народ „се нема ни срам ни перде“.

За волја на вистината, оној Сугаревски имаше видлива нервоза додека се интонираше Македонската државна химна, па стоејќи сам пред споменикот на бранителите од Прилеп се тресеше како вејка на ветер. Веројатно очекуваше дека ќе биде исмеан, навредеуван или дури

и нападнат. Но, очигледно дека овој грд лик под маска воопшто не го познава Македонскиот народ, а особено своите сограѓани, дека во мигови на болно чествување никој нема намера да се занимава со неговиот образ ѓон. Тоа што тој има образ ѓон е негов проблем, не е проблем на Прилепчани, но за жал последиците од неговиот образ ѓон се рефлектираат врз цела Македонија, бидејжи ѓон Сугаре е министер дури и неработлив тој е министер. Доколку самите официјални претставници на СДС не се свесни за тоа што прават и мислат дека и на овој начин ќе добијат некои политички поен, тогаш навистина покажуваат дека не само што се водени од Црпнат, туку и дека и тиа самите почнале да забегуваат, па согласно тоа и статусот на нивниот водач, во иднина може да зборуваме за ѓон СДС Предавничко-Црпната.

Ова околу однесувањето со образ ѓон за СДС Предвничко-Црпната е јасно како бел ден, но време е да се позанимаваме малку со ѓоновите и на некои други кои немаат личност туку маска под која се крие ужасно лице.

Видете ја само трансформацијата на Љубчо Георгиевски кои денес е коалиционен партнер на ѓон СДС Предавничко-Црпната. Овој човек кој беше Премиер на Македонија и претседател на ВМРО-ДПМНЕ, дојде во состојба отворено да одработува токму против сопствената држава од која живее и која треба со живот да ја брани. Секако тоа не го прави директно, но вклучувањето на Ден Дончев во поделбата на власта и директорските позиции, како и вклучувањето на неговите коалициони партнери баба Љубе ѓон и стрина Стојанче ѓон во колаборација со СДС Предавничка и нивниот придонес за растурање на државата и отворено коалицирање со ѓон Црпнатиот и на претстојните локални избори кажува се.

Доколку сега направиме анализа за случувањата во 2001 година и кој се всушност командуваше тогаш со Македонските оружени сили на највисоко ниво, кој беше генерал на полициските сили, се е јасно. Јасно е зошто го доживеавме Охридскиот договор и уште појасно е што сега истата оваа предавничка групација доработува за туѓи агенди и платформи.

Нема да се изненадам доколку до почетокот на Септември годинава по посетата на Козијас на Македонија како резултат на неговите „пријателски“ разговори со ѓон Никола Димитров, не известат дека и проблемот со името е решен. Веќе започнаа да не подготвуваат за некакво „решение“ преку француските медиуми. Потоа, Црпко – ѓон со другите ѓонови од неговото СДС Предавничко ќе излезат и со образ ѓон, без ронка срам ќе ни кажат дека извојувале победа и дека така безимени ќе не носат во Европа и НАТО.

Следен чекор во пракса ќе преземе Царовска-ѓон Мила, која ќе не просветли со Стратегијата за мигранти и населување на 200.000 неидентификувани лица во Македонија како хуманитарен проект, а потоа ќе ни објаснува дека лага е дека ќе се населуваат мигранти и дека ќе се градат станови за нив. Доколку е тоа лага, јавно ја прашувам ѓон Мила, зошто не ја објави во целост Стратегијата заедно со Акцискиот план за да може Макеоднските граѓани да видат кој нема срам и лаже па суши. Впрочем ЕУ ги враќа бегалците во Грција, но прашање е дали Грција сака да ги прими, па верувам дека СДС Предавничка се согласила Македонија да биде бегалскиот камп, па сега ѓон Мила и ѓон Црпко треба да одработат и да не убедат да прифатиме демографско-економска бомба во сопствената држава за да тие можат да испорачаат тоа што ветиле за да добијат „демократска" поддршка за членство во ЕУ и НАТО. Како мислат дека некој ќе не сака во НАТО и ЕУ со недефинирано население кое по крајно либерални пристапи ќе има Македонско државјанство без безбедносна профилација? Тоа прашање веројатно не заслужува одговор што би рекла ѓон Рада.

Како тоа ѓон СДС Предавничка ни објаснуваат дека судството е ослободено сега, а во исто време ни збор за докажаните со посебни истражни мерки и постапки коруптивни зделки на Заев познат како ѓон Црпко од Муртино во случајот „едно евро за Вицто, едно евро за црквата", додека незаконски стекнати и монтирани материјали во недостаток на фактички докази, лажни докази се прифаќаат како доказ, а во исто време Управниот суд се прогласува за ненадлежен во фактички очигледни прекршувања на законите од страна на Владата на СДС Предавничка во управните постапки преземени во сите институции на Македонија. Врв на образ ѓон е кога за спроведување на овие управни постапки крајно нестручно е ангажирано адвокатско друштво Костиќ, Велкоски, Цветаноска, формирано набрзина за да се покријат претходните глупости на кумот Костиќ ангажиран од Рашковски ѓон Драги. Толку многу безобразие или ѓонови на едно место претставува сериозен проблем за опстанок на државата во повеќе аспекти, а особено во однос на зачувување на здравата критична маса која треба да се пресмета со ѓоновите на демократски начин и тоа многу бргу. Толку многу неетичност и хипокризија е директно загрозување на менталната хигиена на идните генерации. На кого тоа ѓон СДС Предавничка ќе даде пример за тоа како се сака татковината и како треба да се бори секој поединечно за неа кога се што е национален интерес понудија на продажба и тоа го прават како џамбази со образ ѓон, бидејќи не се заинтересирани за Македонија и Македонските граѓани.

Можеби нервозата на ѓон Сугаре е резултат на свесноста за погледите упатени од неговите сограѓани, погледи кои му кажуваа дека казната бргу ќе ги стигне, а кои Локвенец веројатно неможеше да ги види од очилата за сонце кои ги носеше.

За разлика од ѓон СДС Предавничка, на политичката сцена во Македонија како победничка партија од последните парламентарни избори е ВМРО-ДПМНЕ и таму има луѓе со интегритет, достоинство и силно изразена етика. Луѓе кои си стојат на зборот и за чии дела постојат видливи докази. Еден од нив е арената Филип Втори и како резулата на тоа и на проектот Скопје 2014, во Македонија се случи спортски настан од планетарни размери. Нели ѓон Црпко ги отстрани „недостатоците", па ете се друго не е важно. Но, колку и да се труди ѓон Црпко да го сокрие своето невидено велепредавство, Македонските граѓани се грамотни и умни луѓе кои имаат образ, чест и достоинство и ќе побараат нашата татковина Македонија да ја водат чесни и достоинствени луѓе со лик, а не со маска и ѓон образ.

Времето истекува за ѓон Црпко и ѓон СДС Предавничка, за два месеци е денот кога треба да им го дадеме одговорот и да ги испратиме во заборав ѓон СДС Предавничка, а нашата татковина Македонија да ја воздигнеме високо чувајќи ја со чист образ и светол лик.

## 34. Беззаконици – 18.08.2017

Се започна со противзаконитите снимки на Заев ѓон Црпко Муртински, неговите уцени врз највисоките државни функционери, објавување на монтирани, снимани и незаконски стекнати материјали во „бомбите“ на ѓон Црпко, обидот за ескалирање во насилство на етнополитичкиот конфликтен процес помеѓу Македонците и Албанците преку настаните во Куманово во 2015 година, Пржино 1, противуставното инсталирање на СЈО и Катето, па продолжи со сакам-несакам избори, па со Пржино 2 и амалгам Влада за спроведување на избори за пратеници, потоа следуваа противуставните и противзаконити ветувања на ѓон Црпко Муртински во предизборието, потоа следуваше изборниот и постизборниот инжинеринг, Тиранската платформа и нејзиното прифаќање од ѓон Црпко па насилното и узурпаторско поставување на ѓон Талат за псевдо претседател на Собранието, изборот на ѓон Црпко од истото тоа Собрание за противзаконит Премиер и еве во континуитет продолжува со противзаконитото разрешување на државниот јавен обвинител Марко Зврлевски, и не само него туку и стотина раководители на државни или јавни претпријатија или вршители на функции, а сето тоа со здушна странска помош или гласно амбасадорско молчење за противзаконитите смени.

Сето ова во изминативе три години ни го приреди бандата од ѓон СДС. Нели, тој ѓон Црпко беше за спроведување на закон и владеење на правото, нели законот да важи за сите подеднакво. Кога одеднаш ѓон Црпко со другарчето му ѓон Талат Узурпаторски први не го почитуваат уставот и ги кршат законите.

Народе мој Македонски, најпрво, еве ја правдата на СДС-то и нивната почит кон државата и кон сопствениот народ – граѓаните. Знам дека ова го гледате, но и дека сеуште не ви е јасно што се случува, пред се затоа што сеуште не сте ја почувствувале „правдата“ ѓон СДС на своја кожа. Второ, сеуште нема изразени реперкусии по економијата на државата и се самозалажуваме дека барем ќе има 500 евра најмала плата во Македонија, но според неделата и задолжувањата од ѓон СДС, тешко тоа дека ќе го видиме со оваа влада на ѓон Црпко. Впрочем, сеуште се движиме по инерција на економското забрзување од Владата на ВМРО-ДПМНЕ, така што економските последици ќе почнеме да ги чувствуваме во Окгомври и Ноември, а први ќе ги почувствуваат пензионерите, дотогаш Тевдо по инструкциите на ѓон Црпко ќе продолжи да не задолжува за да не им падне „рејтингот“ на ѓон СДС на -20%, па покрај политичко-националното предавство на Македонија да

се соголат и со економската неспособност токму пред локалните избори.

Во овој период, на ѓон Црпко и бандата од ѓон СДС им се брза да испорачаат се она што им ветиле на нивните странски ментори, а тоа според нивниот пеколен план 3-6-9 на прво место се: договорот со Бугарија како најлесен залак кој треба да го голтнеме, Тиранската платформа за почеток преку двојазичноста која се надеваат дека во име на „сожителството“ ќе треба да ја голтнеме и договорената промена на името на државата, која ќе мора да ја одработат до крај и да не замајат за да не однародат. Зошто инаку на крајот на Август во Македонија ќе се појави така набрзина Коѕијас, доколку нема чист терен за дејствување. Отиде Димитров кај него на поклонение во Јуни и доби лекција, потоа дојде Нимиц и направи „успешна“ турнеја во Атина и Скопје и сега како резултат на овие јавни и повеќа тајни и затскриени дипломатски активности доаѓа Коѕијас да на чист терен одигра победа во гости. Само како напомена, секој од овие три клучни чекори во пеколниот план на ѓон СДС се противзаконити и противуставни, но тоа за беззакониците од узурпаторската власт нема никакво значение, сметката мора да се плати. За жал оваа сметка ја плаќаме сите ние и тоа историски долгорочно со огромни и несогледиви последици по Македонскиот идентитет и државност, нема да ја плати сега ѓон Црпко, тој допрва ќе треба да плати пред народот и тоа скапо да плати и пред оваа и пред идните генерации.

Интересен е обидот на беззакониците да ја дефокусираат јавноста од клучните национални и економски интереси на Македонија. Повторно тоа го прават со стариот играч, Катето и СЈО и пак со кршење на законот. Од кога тоа нелегално стекнати, снимени, монтирани или незнам какви аудио и видео материјали станаа доказ во судска постапка? Како тоа прибрани видео и аудио материјали преку посебни истражни мерки одобрени од јавен обвинител како составен дел од истрага за сторен криминал станаа анти доказ во судска постапка? Да се потсетиме и во иднина постојано ќе ве потсетувам драги мои сограѓани кој прв почна и кој ја воведе Македонија во криза со единствена цел – да се добере до власт по пат на беззаконие. Тоа е ѓон Црпко Муртински (кој се претставува како Зоран Заев Премиер на Република Македонија) по природа беззаконик и докажан аболициран криминалец.

Ете така, намерно „професионалците“ од ѓон СДС кога нема да им успеат овие беззакони дејанија ќе започнат со потпикување во свеста на граѓаните на нивната „философската“ мисла: „сите се исти, сите крадат, та едните та другите“. И така на најбезобразен начин се обидуваат да стават знак на равенство помеѓу Груевски и ѓон Црпко (а нема споредба, бидејќи Груевски беше и остана патриот и Премиер

легално избран во неколку изборни циклуси, човек кој се бореше и се избори за економски напредок и национално достоинство на Македонија и тоа го прави и денес не виткајќи ја кичмата, и ѓон Црпко опишан во самото име, аболициран криминалец, уценувач, предавник, митаџија и беззаконик), тука нема простор ниту за обид за споредба, а не пак за еднаквост помеѓу личноста Груевски и измамникот ѓон Црпко со маска на некакво НН лице. Се обидуваат да постават знак на еднаквост помешу ВМРО-ДПМНЕ и ѓон СДС (а може ли да се изедначи посветеноста на ВМРО-ДПМНЕ кон татковината и работата во институциите на државата на сите нивоа и полтронството, предавството, незаинтересираноста, неинвентивноста и неработењето на функционерите на ѓон СДС во нивната беззакона влада, видливо во само неполни три месеци откако узурпаторски ја грабнаа власта во Македонија). Токму овие обиди како и противзаконитото делување треба потполно да го разорат патриотскиот дух на Македонецот (тука мислам на сите граѓани на Македонија кои си ја сакаат татковината). Така разрушувајќи ја вербата во државата, ѓон СДС ќе може полесно да си ги протне работите кои ги има ветено на странскиот ментор, а за тоа да нема реакција во јавноста, односно да ги голтнеме сите горчливи залаци кои со пеколниот план 3-6-9 ѓон Црпко и бандата од ѓон СДС ни ги наменија.

Впрочем, на беззакониците тоа и најповеќе им одговара. Да се направи народот апатичен кон сопствената држава и да не ја брани од беззакониците, а тие да си тераат беззаконо како што си наумиле.

Дури тогаш, во така создадената атмосфера на апатичност и помирување и рамнодушност, односно пацифицираност на нацијата и „дисциплинирање на непослушните или непацифизираните“, беззакониците од ѓон СДС со сите анти Македонски сили потполно до беспознание ќе ја деструираат Македонија. Дури тогаш ќе видиме тотално непочитување на личните права и слободи. Дури тогаш ќе видиме одземање на личен имот (конфискација по теркот на ѓон Црпко и бандата на ѓон СДС) и економска беда. И ќе се жалиме и тужиме по судовите, но ќе ја видиме во пракса политичката философија на Фрчко: „се тоа да се разреши, да се урне, ние да тераме, а тие нека се жалат по судови“, која философија здушно ја воведува ѓон СДС. Уште згора на тоа кога „реформите“ во судството ќе ги спроведе тепачиштето Фрчко, ќе видиме како било во „пусто Турско“ кога Кадија те тужи – Кадија те суди. Дури тогаш ќе треба да се бара тешко чаре како државата да си ја вратиме во нормала како демократска Република Македонија со владеење на правото, правдата и законитоста.

За жал во сето ова уривање на државата и пасивизација на граѓаните интензивно учествуваа и во иднина ќе учествуваат странски

служби и нивни претставници во Македонија, но ќе спроведуваат пред се нашите колаборационисти или квислинзи од ѓон СДС. Затоа да гледаме добро и да расудуваме со чист ум, да не подлегнуваме на празни зборови на ѓон СДС со политички флоксули дека „сите се исти“ за да ве натераат да ги оправдате. Не се сите исти и тоа го покажуваат делата на ВМРО-ДПМНЕ на Груевски и неделата на ѓон СДС и ѓон Црпко. Немафлоскули кои може да ја оправдаат нивната омраза кон се што е Македонско кон сопствениот народ и сопствените граѓани и држава, нема прошка за предавниците и оние кои не ја сакаат сопствената татковина. Да се запрашаме, каде тоа сме Македонци ако не во Македонија? Дали можеби летово кога одевте или одите сеуште во Грција на одмор ве дочекаа со раширени раце или се однесуваа кон вас како кон луѓе од пониска класа на кои треба само да им се земат парите? Дали ја видовте надменоста од веќе започнатото остварување на Тиранската платформа кај гастербајтерите кои доаѓаа летово во Македонија да направат некоја свадба и да многу повеќе пукаат бидејќи со ѓон СДС нема закон па може да се пука со огнено оружје до бесвест? Дали и понатаму ќе се залажуваме со договорот со Бугарија дека е добрососедски и дека нема замки кои скапо ќе ги платиме како нација пред се и тоа во културолошки и образовен аспект? Дали мислите (особено Македонците и сите граѓани на Македонија од Источниот дел) дека двојазичноста нема да ве допре? Само за појаснување, според Законот за внатрешни работи и Законот за полиција, Полицијата ја извршува својата работа на целата територија на Република Македонија, така што полицаец од Тетово ги применува истите овластувања и во Крива Паланка и во Берово без разлика какви ознаки има на униформата, а централните полициски служби се на државно ниво без разлика каде се наоѓаат во која и да е надворешна канцеларија за криминалистички работи или Сектор за внатрешни работи ќе мора да се применува двојазичноста. Така, кога во Кратово, Пробиштип, Штип, Кочани, Делчево, Берово, Виница, Радовиш, Струмица, Крива Паланка, Велес, Гевгелија, Кавадарци, Неготино, Прилеп, Битола, Дојран и на други места каде што нема Албанци ќе добиете документ од Полицијата на Македонски и Албански да не се чудите. Тоа ни го овозможи ѓон Црпко, а ни го даде нашата неборба за Македонија и подлегнувањето на пропагандата и спиновите на ѓоа космополитите, шарените, ЛГБТ, независните медиуми и најповеќе на работата на бандата на ѓон СДС против сопствениот народ и држава.

Затоа кога ќе треба на 15ти Октомври да заокружите за градоначалник и членови на совети во локалната самоуправа, не само што ќе треба да направите компарација за тоа кој што конкретно направил со факти и видливо за вашата општина, туку пред самите

себеси запрашајте се „на која тоа политика и давам доверба“? Дали и давам доверба на Македонската политика за опстанок на Македонската национална држава или и давам доверба на беззаконата политика за растурање на татковината“? Дали ќе дадам доверба за спроведување на Стратегија за бегалци која е демографска, економска, безбедносна и културолошка бомба во креација на беззакониците од ѓон СДС и нивните ментори?

Кога сме кај фактите и конкретните дела, мора да ве потсетам дека според она што можеме да го видиме од „работењето“ на СДС Владата, може слободно да заклучиме дека овие беззаконици и узурпатори се застанати во времето од пред 10 години. Нема никаков развој на нивната политичка мисла и потполна безидејност за напредок на државата. Дојдовме до таму што дури и електронските здравствени картички ги укинуваат и ги враќаат сините картончиња и притоа нивните медиуми тоа го прогласуваат како врвен успех (да незнае човек дал да плаче или да се смее). Наместо да го усовршуваат здравствениот систем и да го модернизираат тие го уриваат и она што е достигнато од Владата на ВМРО-ДПМНЕ, а на директорски позиции во здравството поставуваат докажани и правосилно осудени митаџии, впрочем криминалец на криминалец се потпира (погледнете кој е премиер во владата на ѓон СДС и друштвото узурпатори и се ќе ви биде јасно во однос на моралните принципи и криминалот на дело).

Згора на се, убедени се дека нема да одговараат за своето криминално владеење, беззаконие и уривање на Македонската држава. Тоа убедување го темелат на сигурноста дека оние кои ги донесоа да бидат марионетска власт и ќе ги заштитат. Која ли заблуда на беззакониците, зарем мислат дека откако ќе испорачаат тоа што ветиле на нивните газди и газдите им ќе си ги остварат своите интереси ќе бидат заинтересирани за збирштина беззакони и неморални продадени души. Секако дека нивните времени газди се свесни дека овие предавници на сопствениот народ ќе ги предадат и нив доколку имаат „подобра“ понуда за задоволување на личните болни амбиции. Што и друго да се очекува од апатрити и непатриоти кои се срамат од сопствената држава и истата таа држава и својот народ ги перципираат како средство за лично богатење. Токму затоа по завршувањето на испораките ѓон Црпко заедно со ѓон СДС и узурпаторската дружина ќе бидат оставени да се снаоѓаат самите. Затоа тие толку грчевито се обидуваат да го деструираат ВМРО-ДПМНЕ за да се заштитат себеси и да нема организирана политичка сила која е про Македонска и на која граѓаните ќе можат да се потпрат во обновата на Македонската држава. Но, да не бидат убедени дека нема да одговараат за беззаконието што во сите облици и на сите нивоа го прават, или да мислат дека некој од

нивните пратеници, советници, градоначалници или партиски функционери ќе биде амнестиран од одговорност. Македонија и нејзиниот народ , Македонскиот народ ќе опстојат и ќе воспостават правен поредок и правна држава, а во владеењето на правото секој ќе треба да одговара за сторените беззаконија и злоупотреби. Ова не се празни зборови, бидејќи не се зборовите на ѓон Црпко Муртински со неговите шарени пајташи, зборови полни со лага и лицемерие на ѓон СДС, туку зборови од универзитетски професор кој својата кариера не ја изградил врз беззаконие, лаги и плагиати, туку со труд и посветеност во образованието и професионалната кариера цели 28 години наназад. Со оглед на тоа, без разлика на околностите, при доаѓањето на следната нормална, патриотска, законита, чесна и работлива влада, ќе инсистирам на правда и праведност кон сите беззаконици и оние поттикнувачите од профилот на Фрчко и оние спроведувачите во дело од типот на ѓон Талат и многу други на сите нивоа и во сите области, па се до оние буцкачите и бесчесниците кои се обидуваат да го деморализираат и зашеметат Македонскиот народ и сите граѓани со цел да им ја одземат татковината Македонија.

Да се вратам на почетокот од колумната. Не е проблем некого да разрешат од функција, тоа е нормален след на работите, никој не е вечен на функција и нормално е да има смени. Но, тие смени мора да бидат законски, во рамки на утврдени процедури не навредувајќи го личното и професионално достоинство на луѓето кои се тргаат од функција, а тоа се нарекува владеење на правото и законитоста во државата што всушност дава сила на институциите и верба на граѓаните во државата.

И сосема за крај, дали некој слушна збор од амбасадорите во врска со противзаконитото делување на беззакониците и смената на Зврлевски? Сигурно не. Доволно уште еднаш да ни стане јасно под чии диктат и со чија согласност се спроведува беззаконието во Македонија, а во име на демократијата и евро-атлантските перспективи на државата. Народе Македонски, дали сакаме ваква беззакона држава водена од беззаконици од маштабот на ѓон Црпко Муртински судски докажан криминалец и предавник и узурпаторот ѓон Талат? Верувам во мудроста на граѓаните на Македонија и нивниот избор да живеат во правна држава. Затоа и очекувам да на 15-ти Октомври масовно да излезат на локалните избори и да дадат поддршка на кандидатите за градоначалници и совети од редовите на коалицијата „За Македонија заедно“.

Можеби некој ќе коментира дека во оваа моја колумна сум политички некоректен кон ѓон СДС и другарите им узурпатори. Јас не сум должен да покажувам политичка коректност, особено кон

узурпаторите, беззакониците и уривачите на мојата и вашата или поточно нашата заедничка татковина Македонија. Како универзитетски професор имам неприкосновено право на слобода на политичката и научната мисла во јавното искажување и во мојата наставно-научна дејност, а што во иднина и со научни факти преку истражувања и компаративни анализи ќе го докажам во однос на беззаконието на узурпаторската власт на ѓон СДС, колку тоа ним да не им се допаѓа и колку и да се обидуваат да ме „дисциплинираат“.

Од овие причини се извинувам доколку некој од читателите смета дека сум некоректен политички и воедно давам одговор на евентуалните вакви забелешки. За мене политичката коректност заврши во моментот кога беззакониците ја узурпираа власта. Во продолжение ќе може на дело да видиме како узурпаторите беззаконо владеат со Македонија и да носиме лични судови за нивните недела. Врз основ на тие недела и нашите лични судови ќе треба во иднина и да изградиме личен став и однос кон узурпаторската власт, но и одговорност за нашите постапки во рамките на демократските институции или избори како наша лична одговорност пред идните генерации, а тој став ќе можеме да го искажеме веќе на изборите на 15-ти Октомври 2017 година со што ќе им испратиме силна порака на ѓон Црпко и бандата од ѓон СДС заедно со другарчињата им узурпатори.

Да не се срамиме од самите себе пред судот на идните генерации и да не велиме дека „не знаевме“, дека „не ни беше јасно“, дека „не измамија“. Како луѓе сме словесни битиа и Господ не надарил со разум за размислување, очи и уши за гледање и слушање и со расудување. Ние во Македонија сме во 90% грамотни луѓе со најмалку завршено основно образование, а тоа ни овозможува предуслови да читаме, следиме информации, случувања, дела и недела, да правиме споредби и да расудуваме, а што ни е оставено на нашата совест.

Во предвечерието на Преображение Господово
Господ да ни е напомош и да ни даде чист разум и широко отворени очи и уши
за да ја познаеме вистината за татковината Македонија и да ни даде преобразено
и храбро срце и смирена душа да се избориме против беззакониците

### 35. Безбедносни кирации – 25.08.2017

Да видиш па да не поверуваш. Вака во една проста реченица може да се даде целиот коментар на глупавата колумна на Геровски насловена како „Алиби за пучистите“ објавена на 24.08.2017 година во плус Инфо. Незнаев дека Геровски станал експерт за безбедносни прашања и не толку за безбедносни ами дури и за разузнавачки односни шпиунски операции. Бравос за првото перо на ѓон СДС и неговата „длабока“ (црпната) промисла.

Доколку сакаме да зборуваме на професионално, а не на политичко ниво, тогаш да зборуваме со неспорни факти, а потоа да судиме кој тоа лаже и за чии цели. Нели според ѓон Црпко сите наши соседи се во право, а само ние не сме. Сообразно со тоа кај нас е вината. Водејќи се од овој црпнат заклучок и Геровски кажа (тресна) голема мисла во јавноста па остана жив. Замислете Живаљевиќ нè лажел! Ајдеее! Кој е тој Живаљевиќ и што всушност работи цел живот или што му е основната животна дејност? За голема жал и разочарување на Геровски, јас Живаљевиќ го познавам лично, од некои други времиња и ситуации. Човекот е професионален разузнувач (безбедњак) на српските служби (без разлика во која од нив работи во моментов официјално). За што би бил испратен тој во Македонија, ако тоа не е вршењето на основната му професионална дејност, а веројатно и животна определба? Дали можеби Геровски повеќе му верува на странски разузнавач или на нашите служби? Дали можеби Геровски добил задача од некого од службите (незнам чии или кој) да продолжи со обвинување на нашите служби, конкретно на Агенцијата за разузнавање? Заклучокот од неговата колумна кажува се, бидејќи Живаљевиќ беше кирација во еден од становите на Геровски. Веројатно од тогаш датира безбедносната кирациска експертиза на Геровски.

Но, да се вратиме на фактите и професионалноста. Не мислам дека незнае и дека не е информиран Геровски, туку мислам дека зорле се прави будала по оваа прашање. Сепак ќе појаснам. Сите разузнавачки служби во својата оперативна работа во странство се служат со измислици (лаги), легенди, подметнувања, фалсификувања (добро познат спорт на ѓон СДС), манипулирања или кршења на законот (исто така омилен спорт на ѓон СДС) и други помошни неморални и неетични активности. Покрај овие активности разузнавачките служби, особено на територија на друга држава (тука не постојат пријателски и непријателски служби и држави, туку секој работи за свои интерес и за своја сметка, а „соработува“ со другиот повторно од сопствен интерес) работат и користат разни субверзивни и

превратнички, пропагандистички и други методи кои ќе донесат полза или ќе предизвикаат промена на политичката, економската и воопшто општествената ситуација во полза на остварување на интересите на нивната држава (и ова е практично или оперативно делување на терен е многу добро познато на ѓон СДС и Геро, така што нетреба да се прави недоветен). Токму затоа сметам дека Живаљевиќ лаже. Лаже како крадец или измамник фатен на дело во недело. Впрочем, кој воопшто може на странски разузнувач или поточно резидент, па дури и скриен зад дипломатскиот статус во амбасадата да му одобри присуство во Собранието или друга институција, а во исто време и да му забрани. Тоа е вечна игра на мачка и глушец помеѓу домашната контраразузнавачка служба и странската разузнавачка служба која сака да направи продор. Затоа тука нема барање дозвола, а понајмалку Живаљевиќ ќе ги најави своите субверзивни и разузнавачки дејствувања на нашите служби. Ова е да плаче човек над глупоста на Геро и неговите наредбодавци, а што има сосема друга и поопасна цел која е политичка и безбедносна. Таа цел Геровски ја најави на крајот на колумната.

Наоѓањето „рачка“ за да се укине Агенцијата за Разузнавање на Република Макеоднија како институција под Претседателот на државата и институција за офанзивно-дефанзивна работа надвор од Македонија за заштита и остварување на нашите национални интереси, е всушност тенденција на ѓон СДС за ставање на сите безбедносни служби во Македонија под ингеренција на ѓон Црпко и со тоа воспоставување потполна еднострана или поточно еднопартиска политичко-безбедносна контрола врз државата.

Ова е идеја која ѓон СДС како идеолошко деформирана партија одамна ја има. Затоа ги интересираат „реформите“ на Прибе како и ланскиот снег. Ги интересира како се да стават под контрола во државата за да можат да ги спроведуваат беззаконијата и да не бидат казнети за тоа. И еве им се најде можност да ја обвинат Агенцијата за разузнавање и кабинетот на Претседателот Иванов. Во тоа им помогна српскиот разузнавач Живаљевиќ кој со еден удар оствари неколку цели:

1.Се „оправда“ себеси за тоа што беше жив фатен во субверзивно – разузнавачко дејствување на територијата на друга држава.

2.Обвини поединци од разузнавачката служба на Република Македонија дека соработуваат со него, а на тој начин и со србските разузнавачки служби со што ги дескредитира и по автоматизам ги става вон функција.

3.Помага на ѓон СДС да ја растури безбедносната заедница на Македонија со укинување на Агенцијата за Разузнавање и притоа (во рамки на евентуалното префрлање-преземање на оперативци)

искористи можност за повторна инсталација или реинсталација на соработници на србските служби во Македонскиот безбедносен систем.
4.На посреден анчин да го дискредитира кабинетот на Претседателот на Р.Македонија и лично Претседателот Иванов.

Веќе видена приказна на старите пријатели ѓон СДС и УДБА (преточена во структурите на србските служби и остатоците во Македонија), а целата активност координирана од Калето ќе биде сработена од Верушевски, Зечевиќ и Аврамовски, проверени оперативци на ѓон СДС.

Добре дојдовме назад, среќна нова 49-та!

## 36. Демографска бомба 29.08.2017

Лажачките на СДС или нивната безобразност во односот кон сопствената татковина и граѓаните немаат крај. Уште една од збирот на „наивности“ и „хуманости“ со кои треба да се урнат темелите на Македонската држава и „изработат“ граѓаните е приказната за бегалците. Наизглед многу бенигно прашање со оглед на претходното искуство кога низ државата поминаа што легално што илегално неколку стотици илјади мигранти, а за што поголемиот дел од граѓаните дознаваа преку медиумите. Да така беше, бенигно за поголемиот дел од населението и на поголемиот дел од територијата на Македонија, но благодарение на ангажманот на тогашната влада и безбедносните сили. И само луѓето од МВР и АРМ, како и оној дел од граѓаните и локалните самоуправи кои имаа директна средба со бегалците и кризата која ја предизвикаа знаат како во пракса изгледа тоа, а тогашната влада на ВМРО-ДПМНЕ знае колку ресурси и напор се вложи за да се зачува безбедноста на државата и граѓаните, вклучително и економската и здравствената и социјалната безбедност.

Тврдам дека и тогаш, како и сега имаше „добри понуди за Македонија“ од типот да примиме 30 илјади – 40 илјади бегалци и да ги вдомиме во Македонија, а за возврат „хуманите“ луѓе од странство ќе давале по 20 евра за бегалец дневно и што ќе било многу добро за македонската економија, односно нема да почувствуваме оптоварување. Да ама оптоварувањето ќе го почувствувавме подоцна. Бидејќи, во тоа време имавме свесна за овие опасности и одговорна влада на чело со Груевски и државни политики насочени кон заштита на националните интереси на Македонија и нејзините граѓани кои ги спроведуваше владата на ВМРО-ДПМНЕ, оваа „убава“ непристојна понуда беше одбиена и се пристапи кон заштита на територијата на Република Македонија со сите можни механизми и методи на дејствување на безбедносните сили и државата во целост. Секако, притоа не беа заборавени и хуманиот однос кон сите оние кои како бегалци транзитираа низ териоторијата на Република Македонија.

За жал и тогаш како и сега, СДС го користеше моментот на криза во сопствена полза не водејќи сметка за националните интереси на земјата и граѓаните. Сега СДС-то се обидува повторно на мала врата да ни ја протне нивната „Стратегија за бегалци“ за периодот 2017-2027. Ова е план за прифаќање на 200.000 бегалци од Блискиот Исток и незнам се од каде во период од 10 години. Тоа е план за создавање на демографска бомба во Република Македонија која е на штета на Македонските граѓани, а која токму сите ние иако е на наша штета ќе

треба да ја финансираме со наши пари. Притоа, како впрочем и секогаш и секаде кога се во прашање уништувачките политики на СДС тие се обидуваат да ни фрлат прав во очите и да не дефокусираат од вистинскиот проблем. Затоа СДС никако да каже јавно дека оваа стратегија постои и е официјален документ на владата на Заев, подготвен од Царовска и збирштината на нивни таканаречени НВО. Истата е „образложена“ на 57 страни текст и Акционен план на уште 30-тина страници. Доколку вака обемната стратегија за која СДС вели дека час постои час не постои, а час е всушност стратегија предложена од ВМРО-ДПМНЕ (да се утепа човек од смеење да не е жалосно и трагично), а која изобилува со детали и е доставена до Собранието на Р.Македонија за комисиско разгледување е непостоечки документ, тогаш сите ние кои го видовме документот изворно и учествувавме на јавна расправа за истиот (тука ги вклучувам и пратениците на СДС, заменик министерот за Труд и социјална политика, претставниците на министерството, локалната самоуправа и особено невладините на СДС-то), живееме во илузија дека сме гледале, читале, расправале и слушале за нешто што не постои. Бравос за Заев (алијас Црпко) и целото СДС со се нивните саботерски невладини. Успеаа да не внесат во имагинарен свет или да не замајуваат во целост сите во Македонија. И повторно да се запрашаме: „Каква е оваа влада на СДС која си ги мами и замајува сопствените граѓани и за чии интереси таа работи“?

Сепак, и покрај обидот на една арогантна и невоспитана госпоѓица од таканаречените невладини на СДС, со поддршка на „свезнајката“ Шехпаска-пратеничка од СДС-то и „независната“ Туфегџиќ која постојано е загрозена од некого и „нешто“, да ја дезавуираат јавната расправа во Собранието, таа се одржа во неколку продолженија и ги испрати алармантните пораки до Македонските граѓани дека нашата држава се насочува кон самоуништување преку демографски дисбаланс со силни економски, социјални и безбедносни импликации што ќе предизвика несогледиви штети.

Покрај тие пораки неопходно е во интерес на согледување на ризиците и заканите кои ни ги носи оваа антидржавна стратегија на СДС-то со се Акциониот план што претставува оперативна активност за нејзино спроведување, а во кој нема ниту збор за финансиските импликации од оваа антидржавна авантура на СДС-то, потребно е да го знаеме и следново:

1.Државите од Европската унија вршат репатриација (враќање) на бегалците во Грција, бидејќи Турција не сака да ги прими.

2.Грција е земја членка на ЕУ и останатите држави од Унијата имаат обврска да и помогнат, во спротивно Грција преку механизмите во Унијата ќе блокира многу клучни прашања.

3.Во оваа игра на политика и се останато, очигледно е дека решението е пронајдено да голем дел (200.000) од бегалците се вратат преку Грција во Македонија, за што владата на СДС се согласила.
4.Ова населување веќе во 2027 година, а и порано ќе ја измени демографската слика во Македонија и мнозинството Македонци ќе стане малцинство во сопствената држава.
5.Оваа демографска промена нема да го засили чувството на припадност и инклузивност на бегалците кон Македонија, колку и да се обидува тоа да ни го објасни Царовска во нејзината црпната стратегија. Искуствата и научните истражувања покажуваат дека оваа категорија луѓе поради многу социјални, економски, религиски и други аспекти остануваат гетоизирани.
6.Ќе се зголемат безбедносните ризици и закани и ќе се отежни, а некаде и потполно оневозможи контролата на територијата и лицата кои влегуваат и се населуваат во Македонија.
7.Кон реализација на сето ова ќе придонесат плановите на СДС-то предвидени во оваа Стратегија за потполна либерализација на законите за добивање државјанство и статус на бегалец и азилант, како за поединци така и за нивните семејства (по принципот „еден оди – десет води").

На крајот сакам да ги прашам овие од СДС-то. Кога мислите да им ја кажете вистината на Македонските граѓани за оваа погубна Стратегија и колку тоа ќе не чини во секој поглед економски, социјален, безбедносен, политички – сега и во иднина? Дали повторно како и многупати ќе излажете со надеж дека ќе ве заштитат вашите таканаречени „демократски ем хумани" пријатели бидејќи вие сте ИН и им угодувате на своите ментори? Каде мислите да ви раснат и живеат вашите деца или тоа ви е веќе решена работа, ќе заминете во некоја друга држава, бидејќи самите си кажавте дека не ви личи да сте патриоти, а по се изгледа дека сте и апатриди?
Дојде животот нели. Дали сега е јасно почитувани граѓани на Македонија со кого си имаме работа и каков живот ни носи црпнатата влада на СДС и Заев (познат како Црпко)?

## 37. Северни ветришта од Јужната земја – 31.08.2017

Пристигна човекот од јужната земја кај човекот во северната земја и човекот од северната земја му се понуди на чичкото од јужната земја бидејќи тоа е модерно. Па нели живееме во 21-от век, како што кажа човекот од северната земја.

Се е како во бајка, приказна во која не постојат личности, институции, држави, нации, со свои територии и уставни имиња. Но, очигледно дека во оваа приказна на крајот само оние од северната земја ќе останат безимени, а оние од јужната земја во договор со оние од источната земја, од западната земја и од посеверната земја ќе бидат победници во глупавата и крајно перфидна „недипломатска“ игра на оние црпнатите од северната земја. А, кутрите тие црпнати од северната земја што ли имаат во главата наместо мозок, а нели нивниот ѓон Црпко се фалеше дека се државотворна партија на која не и приличи патриотизам (каква државотворност со анационалност).

Е па да расчистиме со конкретни факти по кознае кој пат, за да на Македонскиот народ и на сите граѓани на Македонија односно како што по се изгледа во иднина ќе треба да гласи: „за да на народецот од северната земја“, му стане јасно каде тоа ѓон СДС предавничка на чело со ѓон Црпко и северново човече со помош и за сметка на јужната земја ја дуваат Македонија и целата нација.

*Прво,* нацијата не се создава ниту менува или укинува по волја на некаков си надуван чичко од јужната земја, таа е создавана низ децении station наназад, а во Македонскиот случај цели два века и продолжува и во трето столетие како резултат токму на ваквите негаторски политики и пропаганди на ветровитиот Балкан и црпнатите, издувани, извеани и анационални трупови од ергелата на ѓон СДС.

*Второ,* создавањето на нацијата поминувало низ многу фази низ историјата, позтивни или негативни, односи геополитички наклонети или не помеѓу регионалните и големите сили, но најважно е тоа дека е сочувана идејата за формирање на Македонска нација и држава како историска и колективна меморија и цел на Македонскиот народ и граѓаните кои Македонија ја сметаат за своја татковина и како таква ја сакаат, а истата ја оствариме во оваа време.

*Трето,* опасностите по развојот на нацијата и државата, ризиците и заканите врз националната, а во исто време и личната и јавната безбедност на граѓаните на Република Македонија насочени кон уривање на државата никогаш нема да престанат и против нив државата со своите институции треба да се бори континуирано и на внатрешан и

на меѓународен план, бидејќи државата е за векови, а не за еден црпнат мандат.

*Четврто,* оформената со судни маки Македонска држава и нација, должни сме сите ние поединечно да ја сочуваме и како таква предадеме на нашите идни генерации во исправна состојба, со јасно самосознание како Македонци во Република Макеоднија – меѓународно правен субјект, признаен од над 100 држави во светот. Држави кои не ги засега грчката искомплексираност, кој знаат какви геноциди се извршени врз Македонското население во балканските и првата светска војна и во граѓанската војна во Грција, а кои се чудат и смеат на црпнатата политика на ѓон СДС, бидејќи такво нешто кај нив едноставно е невозможно да се случи, затоа што народот и институциите веднаш демократски ќе и пресудат на предавничката банда колку и да е црпната.

Ова е она што сите го гледаме на дело, го знаеме и верувам длабоко во себе чувствуваме, она од чија загуба ни се тресе душата како да одиме на страшниот Христов суд, суд на кој покрај другото ќе бидеме судени и за предавство (не преземање мерки за одбрана) на сопствената татковина и со тоа и однародувањето (или губењето на душите) на ближните свои (идните генерации). А, впрочем и каде тоа ние самите, а во иднина и нашите деца (особено по спроведувањето на политиките на оваа предавничка влада) ќе можеме да се наречеме Македонци, од Република Македонија, со нација Македонска и Македонски јазик, култура, историја, црква и сето она што не обележува и прави различни од другите како дел од едно општо светско цивилизациско наследство во кое сме дале свој историски придонес, а кој придонес сакаат да ни го одземат, одземајќи ни ја историјата, јазикот и однародувајќи не се додека не ни ја одземат и државата или земјата на нашите татковци.

Дали по овие северни ветришта од јужната земја народе мој Македонски ви стана јасно што ѓон Црпко ви подготвува на вас, на сите нас и на вашите, на нашите идни генерации и на нашата татковина? Доколку уште се прашувате дали тоа е можно, тогаш свртетет се наназад и не бидете со кратко паметење, а еве и јас ќе ве потсетам што направи ѓон Црпко со неговото ѓон СДС за само три месеци одкакао ја формираа нивната марионетска влада:

1.Потпишаа договор за добрососедство со Бугарија, а кој договор е на штета на Македонија, бидејќи на крајно вулгарен начин и става меѓународни обврски на товар на Македонија, ја доведува во потчинета состојба и зависност во однос на добрата волја на Бугарија, врши интервенција во историјата и образованието во Македонија како политичка алатка на Бугарија во сегашните и идни релации и влијанија

во ЕУ, на билатерален и меѓународен план. Притоа, никаде не е наведено признавање на Македонската нација и јазик (или барем de facto прифаќање на прагмата дека Македонската нација и јазик суштествуваат во живот и во светот) од страна на Република Бугарија.
2.Тресеше глупости дека нема никаква Тиранска платформа, не правеше слепи при очи и глуви при уши, не правеше дека сме глупави и недоветни, ветуваше дека нема ништо такво да спроведе, даваше „гаранции“ кај Претседателот Иванов (за што и тогаш реков и пак ќе кажам и се извинувам на вулгарноста „куче кажало-куче излажало“), кога „оп“ еве ти ја платформата на виделина. За 10-15 дена ќе имаме прилика да видиме како по скратена постапка во европски дух секако во Собранието на Република Македонија ќе се укине Македонскиот јазик како единствен официјален јазик во Република Македонија и ќе се донесе законот за двојазичност. Наздравје нека ние лекомисленоста кога ѓон Црпко успеа да не превесла сите. На овој начин наместо да се афирмира и зголемува употребата на Македонскиот јазик, тој се повеќе се ограничува и му се стеснува просторот за употреба во државата во која е домицилен. Јазикот е еден од клучните столбови кој ја обележува и обединува нацијата, оставајќи за во иднина жив и пишан збор. Тоа е само почеток на остварувањето на платформата, потоа ќе следува отворањето на границите кон Косово и Албанија и се така додека ѓон Црпко не оствари се што му е кажано и што си ветил за пуста власт.
3.Јавно кажа дека ќе ја витка кичмата. Не ја свитка својата кичма, ја нема кутриот. Тој ја крши кичмата на нацијата, на Македонската нација и држава, а тврди дека е државотворна партија. Дали да плачеме или да се смееме на неговите небулози, но според се мислам дека горко ќе заплачеме (како Израилот на реките Вавилонски), а нашите идни генерации ќе не проколнуваат. Тргна човечево од северната земја да се нуди на чичкото од јужната земја, а си знаеме каков глас ги бие оние од јужната земја, па човечето од северната земја мислеше дека лесно ќе помине, но пак тешко помина. Само будала двапати се мава од исти камен, не му дојде ум кога веќе еднаш онака им се понуди кај нив во јужната земја. Но, тоа е карактеристика на безкичмењаци, него не го боли ниту за Македонија ниту за Македонскиот народ, штом така убаво си прифати се што во неговата северна земја му испорача чичкото од јужната земја, најповеќе промена на уставното име на државата, а со тоа и на името на нацијата, јазикот и сите атрибути кои ја обележуваат една современа нација, а потоа под изговор за „убав“ и „современ“ живот во 21-ви век прифати и бришење на историјата. Машала, вакви „космополити“, анационални типови и очебијни амеби немам видено. Обидете се да пронајдете ваков пример на Премиер или министри во

било која држава на Балканот или во ЕУ или пак тие не се современи типчиња како нашиве амеби и ги нема во други држави.

Со оглед на се погоре кажано, повторно апелирам до самосвеста на Македонецот, на Македонскиот граѓанин од секоја националност кој си ја сака оваа татковина како Македонија, да си ги разбистрат умовите, да си погледнат во самите себе си и да ја осознаат сериозноста на овој животоважен историски миг за себеси, за своите деца, за татковината наша Македонија и за нацијата. Да не дозволиме да бидеме недефинирана толпа, аморфна маса на безкичмењаци кои ги води еден црпнат криминален и анационален лик со куп црпнати амеби. Доколку го дозволиме ова тогаш, шансата за создавање на сопствена нација и држава можеби повторно ќе дојде за едно 1000 години или никогаш со оглед на тоа дека оние од јужната земја, но и од другите земји тешко повторно ќе се удрат од ист камен и во незнам какви геополитички околности во иднина ќе дозволат повторно формирање на Македонска нација и држава Македонија, како што беше АСНОМ во 1944 година и чии тогашни создатели немаат ама токму никаква врска со ѓон СДС и црпнативе самонаречени државотворци и кои АСНОМ-ци се превртуваат во гроб гледајќи што прават овие црпнати непрокопсаници со Македонија.

По се ова, ѓон Црпко ќе си замине од Македонија штом ја заврши покварената му мисија и како анационална амеба или безкичмењак со крвавите пари заработени врз Македонската трагедија ќе живее во некоја дупка белосветска. Бидејќи нема ниту страв од Бога, ниту образ, ниту етика и морал, ниту пак му работи совеста, ќе живее во својот свет замаен дека успешно за свој грош наседнал, прелагал и избришал еден цел народ, воопшто не потресувајќи се дека тоа е неговиот народ. Впрочем се добива впечаток дека ѓон Црпко го мрази овој народ. Па зарем некој нормален кој потекнува од овој народ и оваа држава и има љубов кон нив и чувство за државотворност би направил вакво илјадулетно предавство на сопствената татковина и нација?

Токму затоа, да се обединиме сите во борбата со оваа зло кое не тера во самоуништување, секој ден, месец или недај Боже година на владеење на ѓон СДС и ѓон Црпко со амебите на власт, ќе значи неповратна штета врз Македонија и нацијата. Решението е јасно видливо пред нас. Тоа е на 15-ти октомври преку масовно излегување на локалните избори и поддршка на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „за подобра Македонија“.

Нема време за размислување, пеколниот план за Македонија спроведуван од ѓон Црпко и ѓон СДС се реализира пред наши очи, време е за НАЦИОНАЛНО БУДЕЊЕ, во спротивно ќе паднеме во национална кома од која нема никогаш да се разбудиме. Потоа лесно ќе

не оддуваат северните ветришта од јужната земја, но и од сите четири страни.

## 38. Кутри Ѓорѓи и жален Борјан - 05.09.2017

Ова не е наслов на епска народна песна, ова е реалноста во Македонија преточена во еден наслов. Ова е класична новинарско – удбашка едночинка по нарачка на ѓон СДС предавничка во режија на Верушевски и Богоевски, а во изведба на жален Бојан и кутри Ѓорѓи, секако наменета за сензационализам кон граѓаните и предизборно плакнење на ѓон Црпко од предавството кое го прави врз Македонија.

Во недостиг на конкретни економски, социјални, образовни, комуникациски, финансиски и секаков вид на други корисни општествени достигнувања, ѓон СДС се фаќа за „бомбите", но сега од друг агол обидувајќи се да ги пласира во јавноста преку познатите методи на пропагандистичко делување и збунување на граѓаните, за да не се сетат да прашаат: „Кој тоа почна, за чии цели, како и кога да ја урива нашата татковина Македонија"?

Но, еве јас ќе ги поставам тие прашања во името на сите вас кој како поединци, личности, граѓани на Македонија и дел од Македонската нација треба да ги поставите на ѓон Црпко и ѓон СДС, а во исто време и да инсистирате да добиете одговор на истите, за да не дозволиме да преку кутри човечиња со „наивни" маски врз грдите лица се обидуваат да се прикажат како жртви.

Најпрво да се вратиме на основното прашање на кое никако да добиеме одговор, а благодарение на ѓон Катица лажовска од противуставното СЈО, бидејќи таа се откажа од обвинението за „Пуч". Доколку не го стореше тоа ќе имавме можност во јавноста да излезат сите информации (затоа што судењето е јавно) за тоа кој нарачал, со какви цели, кој спровел, кој доставил, на кого му ги дал информациите и кој и како и по чии совет ги употребил нелегално снимените материјали. Бидејќи, ѓон Катица лажовска не лиши од овие информации, а со чие откривање во текот на судскиот процес од кој се откажа со сигурност ќе излезеше на виделина вистината, ќе испливаше чадорот, но ќе си ги видевме и слабостите на бебзедносниот систем на државата или поточно ќе ги видевме кртовите, двојните агенти, резиденти и други протуви и мешетари кои од почетокот на самостојноста на Македонија работат на нејзино уништување, ред е самите да им ги побараме одговорите. Не вака во лажливи едночинки, туку директно да дадат одговор на многу прашања поврзани со „Пуч".

Откако ги дефиниравме прашањата за ѓон Катица лажлива ќе му поставам директни прашања на кутриот Ѓорѓи (кој се претставува како демократски разузнувач и жртва на „режим", а всушност е обично

шпиуниште на своите шефови Богоевски и Верушевски), а кои прашања се поврзани единствено со професионалната разузнавачка и контраразузнавачка логика на делување не со политиката.

Кутри Ѓорѓи, ти себеси се сметаш за „херој“, а всушност си само еден обичен предавник (шпиунче). Како тоа не те интересира што тоа газдата на А1 сторил како кривично дело и во колкав обем направил криминал, со што тргувал и што произведувал нелегално? Во исто време дали си бил мотивиран илегално и противзаконито да работиш за својот поранешен шеф Верушевски, затоа што си бил сменет од началничката позиција? Каков морал и професионална етика имаш кон своите колеги кои ги нарекуваш „полициски хорди“ или тоа сакаш да му се додвориш на жален Бојан?

Зошто лажеш дека од 2008 година знаеш за прислушувањето? Зошто не кажеш дека службата и Петта управа прислушуваа и во твое време кога ти беше началник на оваа управа? Како тоа само податоците или прислушуваните разговори од 2010 година наваму излегуваат во јавност? Дали тоа значи дека ти и Костовски во тој период започнавте да вршите нелегално прислушување како резултат на добиената задача од Верушевски и започнатата операција за нелегално уривање на власта во Македонија и Македонија како држава?

Според кои закон и овластување извршуваше нелегално прислушување и доставување на разузнавачки материјали за потребите на Верушевски кој во тоа време немаше никаква допирна точка со УБК? Со кои лични мотиви го правеше тоа?

Зошто кутар човеку сознанијата за нелегално прислушување на Министерот Јанкуловска од страна на нејзини потчинети (доколку тоа било така) не и ги достави нејзе лично? Барем во разузнавачката практика многу добро знаеме како и на кои се начини може да се достави и сочува разузнавачки материјал, а особено доколку истиот е компромитирачки или од стратешко значение. Наместо да ја информираш самата министерка па дури и со анонимно известување и како доказ да го приложиш нелегално снимениот материјал, ти се реши да влезеш во шпиунската мрежа на Верушевски, а нели немаш врска со политика и шпиунажа. Не се влегува во ваква мрежа случајно, а не особено од позицијата на која си бил. Очигледно е дека тоа си го направил свесно со пресметка дека ќе добиеш нешто повеќе за себе. Во исто време си ја злоупотребил довербата да работиш на овие системи и си ги злоупотребил системите, бидејќи никаде нема доказ дека постои наредба ти или некој друг да врши нелегално прислушување. Во овој контекст да те прашам и како тоа ти „појма немаш“ за аферата „Големото уво“ кога и во тоа време си бил на истата позиција и во истата управа како и со последните случувања, а потоа од 2002 година

стана началник на оваа управа додека директор на УБК беше Верушевски? Претпоставувам дека Богоевски те има предадено на Верушевски како добар внатрешен соработник, бидејќи како „многу млад“ во 1987 година добро те одработиле, секако како инжинер во оперативна техника, помалку привлекуваш внимание отколку како оперативец, па искусните и „нималку наивни“ Богоевски и Верушевски си нашле добар внатрешен соработник кој ќе изгледа како да ќе удри во бандера, а всушност ќе одработи за нивни интереси. Бравос за нив, а дали на нас драги мој сограѓани сега ни е јасно зошто никако да мрднеме и напреднеме по повеќе од четврт век самостојност. Со оглед на тоа кој се се инсталирал и кого се инсталирал во безбедносниот систем на државата не е чудо што ѓон Црпко го донесоа да ја спроведе последната фаза на уништување на Македонија.

Како може да во целата своја патетика тврдиш дека некој ги уништил траговите од прислушувањето, Дури и најобичен компјутерџија знае дека од хардот неможат да се избришат траговите на комуникација и дека истите покрај МВР може да ги пронајде и секој оператор. Затоа објасни и на јавноста како тоа хард дисковите со комплетните материјали останаа во архивата на УБК, а другото (кутиите, мартичните плочи, ЦД приклучоците и куќиштата кои немаат меморија) се уништи? Доколку некој сакал нешто да прикрие ќе ги уништел хард дисковите.

Лично, многу ме интересира еден детал. Каква ви беше организацијата да нелегално снимените материјали ги изнесете од УБК во електронска форма? Каде затаи внатрешната безбедност на УБК и Петтата управа за што всушност и треба да носи одговорност Горан Груевски, а не за измислени работи како што сега го обвинуваат? Ова ме интересира од едноставна причина што како универзитетски професор ќе можам со конкретен пример на студентите (идни службеници во безбедносниот сектор на Македонија) им објаснам како се спроведува една успешна разузнавачка операција до најситен детал. А ви беше успешна бидејќи успеавте да ја доведете Македонија сопствената татковина во состојба во која денес ја гледаме, а која ќе биде уште полоша. Претпоставувам дека за „недај Боже“ имате уште неколку прикриени „професионалци“ во службата.

Мене ми е јасно, убеден сум дека и на Македонските граѓани им е јасно, но останува ти кутар Ѓорѓи барем во камерата на овој жален Бојан да му дадеш одговор на претходните прашања, а за тоа како ќе бидеш запаметен како „херој“ на ѓон Црпко или како ПРЕДАВНИК на Македонија или пак како потполно безначајно кутро човече кое ќе биде заборавено и од неговото семејство, ќе имаме можност да видиме.

Единствено можам да ти кажам дека кој и да кажал (Мијалков, Андоновски, Атанасовски или било кој друг директор вклучително и овој актуелниот Николовски) дека: „отсекогаш имало и ќе има некој кој ќе го оцрни образот на службата“, ја кажал вистината. Не мораш ти толку да се жалостиш поради тоа, бидејќи кутро човече, твој беше изборот и ти прифати да оцрнуваш и да ја зацрнуваш Македонија. Колку и да се обидуваш да се прикажеш како наивен и жртва во оваа едночинка на жален Бојан, видливо е дека се што си сторил си сторил намерно, пресметано и со лична тривијална цел.

Има уште многу прашања кои треба да им ги поставиме на овие кутри и жални човечиња, за жал не очекувам никаков одговор од нив (па нели ѓон Рада вели:„некои прашања не заслужуваат одговор“), но сепак еден ден ќе се даде одговорот.

Се надевам дека одговорот на граѓаните ќе стигне на 15-ти Октомври . . .

## 39. Лаги, спинови и ругање врз Македонецот – 17.09.2017

Следејќи ги грстот лаги, спинови и ругање на Заев, дојдов до еден клучен заклучок, дека не е виновна ПР службата на Заев (тие и така незнаат каде се, каде отишле или накаде одат), туку преголема е желбата на ѓон Црпко во сиот свој очај да се додвори и со тоа да добие поддршка од убијци, терористи и осуденици за тешки кривични дела.

Лажеш Заев, лажеш како Заев!

Како на друг начин да се продолжи колумна во која покрај скандалот со посетата на затворот Идризово и „ветувањето" за амнестија сакам директно да укажам и на лагите и спиновите кои Заев ги кажа-тресна јавно на Тв 24 вести во емисијата Отворено на 12-ти Септември. И да биде трагедијата уште поголема, истиот ден овој бесрамник се изруга над секој чесен Македонец (тука мислам на сите Македонски граѓани). Се изруга бесчесникот црпнат и око не му трепна. Кога веќе подолго време велам дека овој лик под маска е ѓон Црпко, навистина е тоа така. Ништо не ме демантира во неговото однесување кое докажано е предавничко, измамничко и лажливо, а под маската на наивност и „чесност". По се изгледа дека имаме сосема дијаметрални вредносни системи и перцепции за чесност со ѓон Црпко. Каква е таа чесност да на убијци и терористи им се нуди амнестија само поради добивањето на политички поени? Дали тоа е чесно кон нивните жртви и кон семејствата на тие жртви? Дали е чесно кон полициските службеници кои се намачиле, го ризикувале животот, а некои го дадоа својот живот за да ги спречат последиците од делувањето на овие убијци и криминалци? Дали е чесно кон сите граѓани на Македонија да се оправдуваат осудени злосторници од политички тривијални причини? Впрочем незамерувајќи му на ПР-от, се прашувам само дали Црпнатиот е толку ниско паднат што и од позицијата на која се наоѓа онака узурпаторски несака да ги согледа последиците кои ги предизвикува врз државата Македонија со своето однесување.

Овој лик под маска на наивност од позицијата премиер влегува во затвор и се поздравува со затвореници, разговарајќи со нив пред нивните ќелии. По кој тоа закон или правилник на казнено-поправна установа во Македонија лица кои не се вработени во установата влегуваат на разговор во просториите кај правосилно осудени лица кои издржуваат затворска казна или пак тие (осудените за тешки кривични дела) излегуваат од ќелиите кога сакаат за да се поздрават со Црпко. Згора на тоа како Дедо Мраз лицето кое се претставува како премиер на Р.Македонија на докажани терористи им дели мобилни телефони

(информација која ја пренесоа некои од медиумите), за да можат да ги искажат своите политички и терористички ставови против Македонија и нејзините граѓани јавно на ФБ. Веројатно и за ова ПР-от имаше подготвен концепт, само малку им избега од контрола, бидејќи главниот актер е забеган и под туѓа контрола и тоа одамна.

Секако дека избеганиот од контрола ѓон Црпко се обидува да манипулира и спинува. Како тоа тој се срами што е премиер на држава во која има лоши услови за живот во затворите, а во исто време неможе да види толкави нови објекти изградени во последниве 5-6 години во истиот затворски круг во кој се поздравуваше со убијците и терористите. Веројатно неможеше да види, бидејќи од се што изгради ВМРО-ДПМНЕ во последниве десет години му паѓа темнина на очи свесен дека тој и сто години да е премиер со безидејноста и лагите нема да може ниту да му се приближи на Груевски по успешноста, работливоста и резултатите постигнати за Македонија, за Македонскиот граѓанин.

Токму затоа, ѓон Црпко лажеше и во емисијата на неговата ТВ 24 Вести. И овие демократски и слободни новинари му направија убаво срочено шоу, но толку му е дадено, и во вакви наместени услови овој ѓон лик лажеше. Мислам дека скоро за се излажа. За се сакаше да се прикаже на граѓаните како чесен и уште и наивен, а притоа излажа дека појма нема како неговото семејство купува акции во фабрики во Струмица, како партнерот му Анѓушев прави „бомбона“ бизниси преку мрсни тендери со фирма на која е сопственик, но нели не е управител и „појма нема“ што се случува во истата, спинуваше за „приоротетот“ на автопатот Скопје – Блаце, а не кажа дека претходната влада на ВМРО-ДПМНЕ веќе имаше подготвено документација и проценка за чинењето на овој проект, лажеше како тој е за дијалог и пиење кафе со секого, а бега од Груевски на повеќе од два бришани домети за случајно да не го сретне, режира дочеци од „одушевени“ граѓани, а жив е исплашен да не го отепа некој поради тоа што е предавник, се гушка и поздравува со убијци и терористи, а лаже дека е за правда и правичност и во исто време и самиот е судски муштерија за кривични дела од корупцијата, па потоа Зврлевски не му чини, се крсти во „независно“ судство, а несака да зборува за тоа кој му ги води неговите судски реформи и така да набројувам до бескрај што се и како лаже, подлажнува, спинува, манипулира и сите сака да не направи глупави и недоветни со неговата божем наивност и „чесност. Човекот си лаже бесрамно и си се вози на поддршката на „странскиот фактор“ свесен дека ја имаа таа поддршка затоа што тие го избраа да ги оствари нивните, а не Македонските национални интереси.

Водејќи се од бескрајно големата му потреба да по секоја цена обезбеди опстанок на власт која ја узурпираше Црпнатиот ни приредува секојдневна забава и пир на глупоста, притоа очекувајќи дури и поддршка од осудени убијци, теористи и тешки криминалци, ветувајќи им амнестија. Онаа што не му помина преку неговите Мери и Павле пред две години, сега тој сака да го реализира и тоа од тривијални и лукративни побуди и тоа поради:

*Прво*, за да добие некој глас повеќе, па нека е и од криминални структури на кои никогаш СДС не биле имуни, особено во избори и

*Второ*, да се додвори на својот коалиционен партнер ДУИ преку ослободување на докажани терористи и крвници на Македонските граѓани од чија рака само во 2015 година загинаа осуммина полицајци.

Оваа состојба со ветувањето на амнестија не е воопшто наивна. Ѓон Црпко лаже, мами и спинува се за да биде на власт, а во исто време се поистоветува со бандитите кои сака да ги амнестира, само да се добере до власт па макар и со еден или стотина криминални гласови.

Ова однесување покажува многу за лицето па под каква и сака нека е маска на невиност, наивност и чесност сокриен. Колку сака пати може да повторува во емисијата на ТВ 24 Вести дека „...чесно е...“, „...да бидеме чесни...“ итн. Тоа покажува само дека има нешто многу нечесно и скриено во него. Впрочем оние кои биле во војска знаат за старат поговорка, кој за што ако не „заставник за унапредување и к.... за чесност“.

Заев лаже, а тоа барем во случајот со Јасен и наводно изгубениот судски спор кој никгаш не се водел можам еклатантно да го докажам. Но, само треба да имаме очи и уши и добро да гледаме и да слушаме и да употребиме разум да размислуваме и ќе забележиме и тоа многу лесно дека овој лик под маски постојано манипулира.

Црпнатиот ги лаже сите, но најповеќе Македонските граѓани загрозувајќи им ја иднината и безбедноста преку општата амнестија за која си бара изговори како да ја спроведе, а граѓаните да не се сетат дека се работи за тривијалност од политички причини. Нетреба да се прави амнестија, туку треба да се продолжи со вложување на средства од буџетот за изградба на хумани и опремени затвори како што тоа го правеше ВМРО-ДПМНЕ. Нетреба да се амнестира криминалот во политички цели како што тоа се обидува да го прави Црпко, туку треба да се санкционира истиот, но во насока на рехабилитација и социјализација на извршителите на кривични дела во корисни граѓани.

Тоа е разликата помеѓу лагите на ѓон Црпко и реалните дејанија на ВМРО-ДПМНЕ, а што граѓаните го препознаваат како дела, а не како тривијалната црпната политика која не загрозува сите нас.

## 40. Замаглениот историски поглед на (не)интересниот човек – 04.10.2017

Се прашувам дали овој интересен човек кој се претставува за прв дипломат на Македонија има било какви сознанија од историјата на Македонскиот народ, историјата на Балканот и најповеќе од историјата на дипломатијата на Европа?

Гарантирано одговорот е НЕ, овој човек може да биде интересен само за другарчето му од јужната земја и уште повеќе да си играат мајтап со него и со неговата северна земја, а поради неговиот дилетантски однос кон дипломатијата на Македонија. Како и не би се мајтапеле со него кога кутриот тој се радува дека се сликал со амбасадорот на Кралството Холандија во Македонија како што мало дете се радува на фотографија и пакетче од Дедо Мраз. Овој интересен човек се подмочува од радост на фотографирање со амбасадор на друга држава и уште замислете, вели дека Холандија му е втора татковина. Кога можеме да го видиме овој „став“ ептен дипломатски и патриотски и секако став од формат за еден министер и потпикувањето на еден министер за надворешни работи, тогаш може да замислиме каква е перцепцијата за овој интересен човек кај неговите колеги од соседните и Европските држави, тогаш навистина ним им е интересен (незнам можеби го сметаат за кловн), но со сигурност велам дека перцепцијата за Македонија како држава и за нејзините институции особено МНР е страшно понижувачка.

И толку за перцепциите на другите кон (не)интересниот човек и неговата северна земја која ја претставува како министер за надворешни работи (како да е тука на привремена работа, а можеби и е). Сега малку дипломатска, историска, прагматична и професорска поука за тоа што се националните интереси кои тој треба да ги штити, промовира и реализира во неговата работа (па дури и да ја разбрал како привремена на определено време од неколку месеци), бидејќи во спротивно како што можеме да видиме последиците ќе бидат многу тешки и историски.

Интересен човеку, твојот замаглен историски поглед кој сакаш да ни го инсталираш како европска вредност на отвореност, обиди се да го продадеш во твојата втора татковина Холандија на нивна кожа, па да видиш како ќе поминеш и каде ќе завршиш. Не сум убеден дека си толкав аналфабет и дека не ги знаеш историските факти за Мегала идеја на Ванизелос, за Начертание на Гарашанин, за Сан Стефанскиот мировен договор и идејата на Батемберг, а подоцна и Кобург, за Призренската лига (или лиги) и воено-дипломатските игри на Русија,

Австро-Унгарија, Германија, Италија и самата Турција како и на сите наши соседи во минатото кога се создаваа Балканските монархии. Каква беше судбината на Македонија и кој со каква идеја настапи во 19-от век и таа големодржавна идеја ја пренесе и во 20-от век, а како што можеме да видиме и во 21-от век истата не застарува. Зарем ти не знаеш за дипломатските договори за размена на население помеѓу Турција и Грција, Бугарија и Грција или пак историските вистини не те интересираат, тебе те интересира замагленета иднина без корен.

Неможе никој да не убеди дека Грците сега по Бугарија ќе имаат коректен однос кон историјата и дека ќе признаат дека се окупатори на Егејска Македонија, дека извршиле геноцид врз Македонскиот народ и дека ги одземаа имотите од Македонците кои ги протераа, а топонимите ги преименуваа (гледај што се случуваше во Албанија и што се случува во некој делови на Македонија со топонимите, а тоа многу покажува како се правела историјата и кој е фалсификатор). Токму затоа и не не признаваат како нација, бидејќи тогаш ќе треба да ни се извинат за сите злодела кои ни ги направија во минатото и кои сеуште на современ начин ни ги прават. Тоа ги боли Грците и затоа замаглениот поглед на интересниот човек Николаос од северната земја и отворањето на вакви глупави и непродуктивни дебати на штета на Македонија се во полза на Грците. Но, тоа ќе биде од полза и на Бугарија, бидејќи ова е заеднички настап. Верувајте дека на Грците секое историско прашање кое ќе се отвори ќе им одговара да заврши со констатација дека на крајот не се работи за Македонци туку за Бугари, Егзархисти, Патријаршисти, неосознаени Грци и слично. Како ли во оваа отвоарање на историските „погледи и различности“ ќе се толкува масакрот во Загоричани кога од страна на озлобените грчки андарти беа убивани бремени Македонки и децата неродени им беа вадени од утробата. Верувам дека овој варваризам на почетокот на 20-от век кој Европа го одмолча и одмолчува во името на демократијата, воопште не го допира, а не пак накострешува и исполнува со емоции интересниот човек. Секој нормален човек за ова не би сакал да зборува туку немушто ќе одаде почит врз овие Македонски невини жртви и би барал потомците на зверовите да се извинат доколку и малку нешто човечко имаат во себе. Треба ли да потсетиме на запалениот и до темел уништен Серес или Кукуш, Гевгелија и многу села во Втората Балканска војна, или на бегалците од Егејска Македонија протерани по граѓанската војна 1949 година. А, тоа и не е толку далеку, сеуште има живи кои живо се сеќаваат на злосторствата кои треба сега историски да се преправаат. Ами да, тази дупка не е дупка. Ама дупката во главата ќе ви остане, како и петното на предавници кое го носите, а ќе го носат и вашите поколенија.

Ете затоа врз историските факти, особено оние во кои се сторени злосторства против човештвото врз Македонската нација треба да бидат основ за внимателно креирање на современата дипломатија, а заснована врз заштитата на националните интереси.

Основниот, базичен национален интерес на Македонскиот народ е зачувување на Македонецот и Македонија, а преку историската магла врз очите на интересниот човек тешко дека ова ќе може да го согледа и оствари како жизнодавен национален интерес. За остварување на овој интерес во меѓународните односи задолжена е дипломатијата на прво место, потпомогната со безбедносниот систем, економската промоција на Македонија и културната презентација на нацијата и државата. Ниту една од овие алатки нема да може да се употреби доколку се реализира историската деформација која за цел ја имаат Грција и Бугарија, а особено Грција. Доколку ова неможе да го согледа интересниот Николаос, професорски му препорачувам да се обрати кај колегите на Правниот факултет „Јустинијан I“ и кај колегите од Институтот за Историја на Филозофскиот факултет во Скопје, белким ќе успеат да го реобразуваат пред да успее со неговиот заматен историски поглед да не втурне во нарачана „реелинизација“ или „ребугаризација“.

Народе Македонски свести се свести ти, кој слепци те водат во провалија.

## 41. Регионални лажговци и манипуланти – 24.11.2017

Можеби звучам вулгарно и неетички кога вака насловената колумна ќе ја потврдам уште еднаш. Да лажговци и манипуланти се лицата под маски од ѓон СДС предавничка и тоа лажговци и манипуланти кои се обидуваат да лажат и манипулираат и на регионално ниво.

За да бидам појасен ќе се обидам накусо да го објаснам тоа. Всушност оваа колумна и токму тоа има за цел, да потсети, да отвори очи на Македонците за тоа колку ѓон Црпко и ѓон СДС предавничка излажаа и како се обидува ѓон Црпко да лаже и на регионално ниво и во билатералните односи со соседите и тоа е наменето за нас Македонците. Со мака и притисоци држаеа до локалните избори да не им излетаат лагите и манипулациите, бидејќи од демократските земји им беше ветено дека што и да направат ќе им ги признаат нерегуларностите како регуларности, а со тоа ќе им обезбедат наводен „легитимитет“. Минаа изборите и започнаа да течат лагите и манипулациите од сите страни и се поочебијно, а се прелеаа и на регионално ниво. Се надевам дека Македонскиот народ и сите граѓани на Република Македонија веќе прогледаа и пред се дека нема да негуваат илузии и лажни надежи дека од ѓон СДС предавничка ќе излезе нешто добро, туку дека само уште повеќе ќе ја заплеткаат работата и усложнат за Македонија. Тука може да има само продолжени лаги и манипулации, правење на будала за некои прашања кои секако според старата добра формула на ѓон Рада „не заслужуваат одговор“, крадење на туѓи идеи и претставување како свои и пред се правење на „случаи“ таму каде што ги нема кршејќи ги законите и уставот со противуставното СЈО, а се поради крајно тривијални политичи цели, односно правење забава за народ за да не се види вистината. Впрочем да се забавува народецот со измислици додека ѓон СДС предавничка на чело со ѓон Црпко ја сврши работата со името, нацијата, црквата и се она што е Македонско, а додека да ја свршат да се изнакрадат, да изрекетираат, да направат некој мрсен противзаконски бизнис, бидејќи додека да си ја завршат работата што ја ветиле, нивните другарчиња од демократските земји нема да ги критикуваат за ништо. Сега одеднаш безбедносната состојба ни е одлична во Република Македонија, а убиства и насилства, рекети и пукања остануваат неразрешени како и изборните нерегуларности и насилства како да сме во 1994, а ѓон Спасовски и МВР со сите нивни ѓонови „мува не ги лази“ за безбедноста на граѓаните, онаа де лична и јавна, за државната или националната безбедност одамна не се

заинтересирани. Во земјава сега владее демократска слобода, имаме слобода на медиумите, а никаде нема да видите некого од ВМРО-ДПМНЕ да дебатира со некој од борците за човекови права од булументата на СДС. Се дефокусира јавноста со измислени предистражни постапки на СЈО кои се противзаконити за од нив да може да се креира политика за наводна уценетост на Груевски и врши притисок врз ВМРО-ДПМНЕ за внатрепартиски судири. Во меѓувреме се подготвува терен да се одработи името, а во тоа да се вклучи ако може некако и испогани и ВМРО-ДПМНЕ, а за да се постигне тоа се ангажираат некакви си бледи новинарски ликови кои покрај промената на маската што ја носат покажуваат базична неетичност и незнаење, глумат високо информирани и истражувачки типови, а всушност се безочни лажговци и манипуланти по теркот на нивниот налогодавец.

Ве замолувам почитувани сонародници, подобро да се потсетите на сите лаги на ѓон Црпко (алијас Заев кој се претставува како премиер на Македонија), да се потсетите за ветувањата за просечна плата од 500 евра, за 100 илјади денари плата на лекарите, за тоа дека „двојазичноста е само во главата на Груевски", но по се изгледа таа двојазичност за која Груевски со докази и сериозно зборуваше пред изборите на 11-ти декември 2016 била смислена во главата на ѓон Црпко, а ќе ни дојде на сите нас до глава односно до држава. Ете така не лажеше ѓон Црпко и дури потпишуваше гаранции кај Претседателот на Република Македонија.

Сепак овој лик под маската која драстично избледе и го откри неговото грдо лице (а тврдеше дека Македонецот е со грдо лице) во потполен недостиг на идеи и инвентивност за конкретна општествено полезна работа на неговата узурпаторска влада и проекти од интерес на граѓаните (нели имаше некаква програма на СДС владата, или тоа беше фикција на недореченостите на плиткиот ум и безумие), можеме да видиме секојдневно крадење (впрочем тоа најдобро и знаат да го прават) на идеи и проекти на ВМРО-ДПМНЕ кои ги претставуваат како свои. Се растрча ѓон Црпко низ регионот во намера да прави заеднички седници со владите на соседните држави и тоа да го претстави како негова лична идеја и влог за унапредување на регионалната соработка. Заборави црпнатиот дека ова веќе беше пракса воспоставена од владата на ВМРО-ДПМНЕ и тоа за многу поважни прашања и на принципот на рамноправен однос, а не на поданичко однесување и награда за ѓон Црпко за тоа што добро ја сработе работата за спроведување на националните интереси на тие-туѓи влади. Очекувам дека можеби ќе добие и орден од тие држави секако по урнек на уметничкиот впечаток на Грчев, за сите да бидат задоволни во ѓон СДС предавничка.

По сите овие купишта манипулации, дојде и последната јавно изречена лага и манипулација на ѓон Црпко и тоа во Србија, со која договори заедничка владина седница во февруари, како врв на неговиот дипломатски успех. Само незнам со кое име ќе излезе со својот предавнички тим на таа седница и на кој јазик ќе се води заедничкиот записник. Сакам онака добронамерно да го предупредам дека Србите се алергични на албанскиот јазик, а кутар ѓон Црпко ќе мора да го задоволи законот за двојазичност кој самиот нели велеше дека не постои. Сега нека смисла да прави нешто што нели не постои (тази дупка не е дупка), па ќе треба да и објасни на Брнабиќ, а во исто време и на Османи, кој од јазиците ќе биде отстранет. Познавајќи ги тенденциите и карактерите на страните веројатно од употреба ќе биде исфрлен Македонскиот јазик, тука штетата за манипулантот и развивачот на добрососедски односи ѓон Црпко би била најмала.

Кон ова се придружи и втората манипулација наменета за српската и македонската јавност, односно за лажење на сосптвените граѓани Македонците. Типот ѓон Црпко за само неколку минути направи две клучни манипулации и лаги наменети за Македонската јавност, а од дневно политичка мотивација. Имено во насока на добрососедските односи, ѓон Црпко кажа дека за сите спорни прашања имало решение (секако дека има, па дури и неповолно за некоја од страните, а тоа се вели вештина на преговарање и употреба на аргументи). За него кутриот, решение е и што Србија го повлече од нејзината амбасада во Македонија разузнавачот Живаљевиќ, а како реципроцитет Македонија го повлече својот безбедносен претставник од амбасадата во Белград. Компромис од епохални размери.

Дозволете ми да објасна и да бидам директен. Најпрво ќе прашам. Колкумина во Македонија го познаваат нашиот безбедносен аташе во Белгра и дали сте чуле некогаш дека тој човек влегол во српското собрание во ек на демонстрации? Сигурно не, бидејќи и јас никогаш не сум се интересирал за тој човек (иако сум можел и по службена должност), бидејќи убеден сум дека бил крајно дискретен, коректен кон земјата домаќин и дисциплиниран во извршувањето на своите обврски во нашата амбасада во Белград, секако ненанесувајќи срам на Република Македонија. Спротивно на тоа, Живаљевиќ беше агресивен експонент на српската БИА и без разлика дали работел по насоки на својата влада или самоиницијативно (за што не бил санкциониран од неговата влада) тој агресивно настапуваше не во насока на соработка со македонските безбедносни служби и размена на информации поврзани со организиран криминал, прекуграничен кримина, тероризам и радикализам, туку кон создавање на агентурна мрежа и резидентура во Македонија, како и кон обиди за

компромитација на високи државни претставници од власта или членови на кабинети и други државни службеници, а кои се трудеше да ги употребува како покритие за својата разузнавачко-субверзивна дејност под закрила на дипломатскиот статус. Токму поради ова тој и беше предмет на обработка на нашите служби за безбедност, но очигледно е дека нешто има во ѓон СДС предавничка што му овозможи да се извлече сосема елегантно. Тоа што го има се нарекува предавничка или соработничка улога на некого во ѓон СДС со странски служби, па дури да е тоа и на „пријателска“ или љубовна основа (овде мислам на платонска-братска љубов).

Токму затоа не е исто ѓон Црпко кога велиш дека имало реципроцитет и тоа ни го соопштуваш „из Београда“ на течен и чист српски јазик, за подобро да те разбереме нели.

Да не се надеваме дека ќе престанат манипулациите на ѓон Црпко и ѓон СДС предавничка, како што нема да престане и манипулативната заштитничка функција на ѓон Спасовски за потребите на шефот му.

Ние треба да се освестиме што дозволивме и на кого му дадовме да ја води државата, а најповеќе каде ја води. Не е се во рацете на ВМРО-ДПМНЕ, силата е во граѓаните во нивната храброст, отворениот ум и определеноста кон татковината. Затоа и повикувам на освестување, бидејќи времето истече, дванаест и пет е часот. Доколку ВМРО-ДПМНЕ организира било какви собири или пасивен граѓански отпор, тоа ќе биде окарактеризирано од ѓон СДС предавничка како партиска активност на ВМРО-ДПМНЕ и повторно ќе се употребуваат лагите и манипулациите за наводна криминална вина на раководството на ВМРО-ДПМНЕ, за организирана криминална група и незнам уште што не, а како шлаг на торта ќе се употребат некои „патриотски здруженија“ за предизвикување на насилство и за тоа да се обвини ВМРО-ДПМНЕ. Тоа е дел од сценариото и лагите и манипулациите на ѓон СДС предавничка и не се сомневајте ѓон Спасовски тоа добро би го искористил за да ја одбрани тешко и „демократски“ стекнатата власт и би ги употребил сите „демократски“ инструменти на репресија за нејзина заштита поддржан од демократските му пријатели за справување со „режимот“. Во тоа сигурно ќе му помогнат и ќе го оправдуваат на слободните му медиуми владините шарени галамџии и ЛГБТ демократи.

Се надевам дека по оваа колумна се потсетивте на лагите и манипулациите на ѓон Црпко, но дека ви стана појасна и состојбата во однос на тенденцијата на политиката на ѓон СДС предавничка кон сопствената држава и народ и заложбите им за демократија.

## 42. Државен и завршен удар против Македонците и Македонија - 28.11.2017

На денот на Св маченик Мина

Очигледно е дека денес ѓон СДС предавничка со употреба на својата полициска хунта тргна во завршна политичка пресметка со Македонците. Од утрово противзаконито, а преку измислени обвиненија се апсат пратеници, лекари, режисери, оперски пеачи, актери. Се апсат луѓе патриоти, Македонци преку наводно обвинение за тероризам. Се апсат луѓе кои на 27-ми Април 2017 година покажаа дека ја сакаат својата татковина Република Македонија, дека не се согласуваат со предавничката политика на ѓон Црпко (алијас Заев кој се претставува за Премиер на Република Македонија), дека не се согласуваат со узурпацијата на волјата на граѓаните по изборите на 11-ти Декември 2016. Се апсат Македонци патриоти, се апсат наши браќа и сестри со цел да се обвинат за наводно противуставно делување и тероризм.

Во исто време узурпаторот Талат заедно со неговиот аболициран митаџија, криминалец и предавник ѓон Црпко седат во македонските институции и токму Спасовски на ѓон Црпко е тој што го наредува и извршува апсењето на Македонските патриоти. Вршат противправни дејствија апсејќи пратеници, вршат терор и се обидуваат да сеат страв кај секој Македонец кој не се согласува со нивната предавничка политика.

Но, нема да не уплашат, напротив, како што веќе повеќепати велам, ќе одговараат за сите свои противзаконити, узурпаторски и над се и пред се велепредавнички дела. Македонскиот народ минал низ многу премрежија па ке го помине и ова искушение. Ќе излеземе поцврсти, обединети и убедени дека само Република Македонија е вистинската можност да бидеме свои на своето.

За сторените кривични дела поврзани со противправно лишување од слобода и злоупотреба на службените овластувања Спасовски, а по него и сите одговорни во МВР ќе сносат одговорност. Овој удар врз сопствениот народ никогаш несмее да биде заборавен, бидејќи не се работи за удар врз политичка партија или политичка структура, туку се работи за удар врз државата, врз демократското владеење и врз волјата и психата на граѓаните на Република Македонија. Можеме на дело да го видиме практикувањето на демократијата во режија на СДС, да видиме на дело како се воспоставува полициска држава со предавничка и лукративна

идеолошка матрица. Макеоднскиот народ, Македонецот ова не го заслужи. Не го заслужи оваа насилство, демонстрација на сила и политичко замолчување, бидејќи има демократски капацитет. Но, во исто време и сите ние ја заслуживме оваа анационална и предавничка, узурпаторска и насилничка власт, пред се затоа што не поверувавме на тоа што пред очи ни се случуваше и што самиот ѓон Црпко и ѓон СДС предавничка ни го кажуваа. Едноставно не верувавме дека некој толку многу нема да си ја сака државата.

Дали сега веруваме? Можеби повторно ќе се замајуваме со глупости, ќе „пукаме сеир", а додека го гледаме овој театар на уништување на демократијата и воспоставување на насилничко валдеење и инсталација на полициска држава, зад кулисите ќе ни се распродава нацијата и државата.

Време е да се разбудиме од длабокиот сон и да излеземе на улица и покажеме што е демократија и што мисли Макеоднецот за власта на ѓон Црпко и ѓон СДС предавничка. На крајот, треба да покажеме достоинствен и мирен револт, не поради нас самите бидејќи секој е креатор на својот живот (а нели животот дојде), туку поради одговорноста и тоа историската, етичката и патриотската одговорност што ја имаме пред минатите и идните генерации Македонци.

Ве повикувам масовно да излезете на мирен протест против анти Македонската власт, да ги блокираме улиците и патиштата низ цела Македонија, пратениците (оние пратеници кои си ја сакаат Макеоднија и кои се патриоти) да го блокираат Собранието. Македонија треба да се разбранува и да застане, Македонскиот народ треба да го сопре атакот, државниот удар против сопствената држава и нација. Да не дозволиме нашата Македонија да се претвори во полициска држава. Да го кренеме гласот, затоа што утре ќе дојдат и по секој од нас за да не уапсат за искажување на патриотизам, заради љубовта кон нашата нација и држава.

Луѓето кои денес ги апсат не се криминалци, а најмалку од се терористи. Запаметет драги мои Македонци, терористи и криминалци ја узурпираа државата на 27-ми Април и сега викаат на цел глас „држете го крадецот" затоа што и по 7-8 месеци од трошењето на узурпираната власт не видовме ништо добро од нив. Видовме криминални избори, уривање на економијата и задолжување на државата, мафијаѓки пресметки, бандитски грабежи, убиства и загрозување на личната и јавната безбедност на сите нас.

Наместо да се апсат убијци и криминалци, уценувачи и митации, се апсат Макеоднски патриоти под измислени обвиненија, а со цел сите

нас да не исплашат и да се откажеме од борбата за Македонската нација и Република Македонија.

Горе главата и смерно напред, со кураж, мирно и демократски да излеземе и да ја одбраниме нашата татковина Република Македонија и Македонското име од завршниот удар кој со помош на полициската хунта ни го прави ѓон Црпко со ѓон СДС предавничка.

## 43. Стратегии во една стратегија или каде одиш Македонче -quo vadis macedoniense? (Есеј – анализа на една збирна стратегија со регионални влијанија)

*Овој есеј е напишан кон крајот на 2017 година и претставува анализа на еден стратешки пристап кој во себе ги содржи стратегиите на повеќето соседи на Република Македонија кон нашата татковина. Наменет е да како комбинација на научен (анализа на документи) и политичко-стручен (преку изнесени политичко-аналитички ставови) есеј допре до Македонскиот народ и до националната свест и совеста на секој Македонец поодделно, а да притоа ја разбуди колективната национална свест и од бесполезен индивидуализам кој ни е наметнат се вратиме кон традиционалните колективни вредности кои како Македонска нација не карактеризираат и обединуваат. Се надевам дека кај Вас кои ќе го прочитате овој есеј-анализа, ќе разбуди или поттикне размислување за тоа што ни се случуваше, што ни се случува и што ќе ни се случи како на нација и држава, доколку не се разбудиме и национално обединиме, препознавајќи ги и отфрлајќи ги националните предавници. Во исто време, се надевам дека ќе се разбуди длабокомислечкиот капацитет на Македонскиот народ, дека ќе се разбудат внатрешните сили и дека Македонецот со нова енергија од својата интелектуална и академска јавност ќе создаде нов и современ стратешки пристап кој ќе го гарантира опстанокот на Макеоднската држава и Макеоднската нација преку обединета национално-политичка самосвест на Македонците како носечки народ во Република Македонија.*

### Вовед, како лична импресија

Доколку нешто во животот никогаш не сум поднесувал, тоа било нарекувањето на нас лично и на нашата нација во деноминатив или „Македонче – Македончиња“. Отсекогаш сум имал чувство дека на тој начин сакале да не потценат да не омаловажат како нешто минорно, безначајно, невредно, неупотребливо, ништожно. За жал денес по цели 27 години независна држава Република Македонија, по десет години обиди на ВМРО-ДПМНЕ да ја зацврсти нацијата, самодовербата и да не освести сите нас за сопствената Македонска припадност, Македонска нација, историја и традиција, за вековната борба за сопствена држава, нација и црква, по овие локални избори доживеав огромно разочарување. Колку и да беа изборите украдени и фасификувани,

колку и да имаше притисок, закани и уцени, недопустливо е да се помине прагот на националната самосвест, личното чувство на патриотизам, подготвеноста за саможртва за да се зачува татковината, нацијата и државноста која генерации пред нас со мака ја спечалиле, а која ние треба да ја предадеме во наследство на идните генерации. Разочарување од изгубениот национален карактер на некои млади генерации, промоција на ненормалното во нормално, а во исто време пред наши очи се случува национален подем на Албанската нација која како и да функционира во своите внатрешни односи (како племенска заедница, качачка банда или незнам како уште ги нарекуваат), покажаа поголема политичка свесност и цврста национална определба за остварување на националните цели и клучни интереси. Овие интереси ги реализираат на териотријата на друга држава, но тоа само ја потврдува теоријата и праксата во меѓународните односи дека секоја држава е меѓународно правен субјект кој се бори за остварување на своите национални интереси, а во меѓународните односи нема вечни пријатели и сојузници постојат само вечни интереси на нацијата и државата. Токму ова Македонецот неможеше да го разбере и да постапува согласно сопствените национални интереси кои во основа се:
1.Опстанок на Македонската нација и
2.Опстанок на Република Македонија и зачувување на нејзиниот териотријален интегритет и суверенитет.

Не го разбра „Македончето“ ова, бидејќи при очи е слеп, при уши глув и веројатно дел од оваа нација во себе носи и некоја генетска грешка поради што се однесува како замајан, исплакнат и подложен на манипулации.

Мислам дека токму тоа го виделе кај нас нашите соседи и токму затоа не нарекуваа со потсмев Македонче, понижувајќи не на секој чекор. Кога тоа Македончето загрозило некого друг? Покажало револт кон нешто, недај Боже запалило знаме на соседна или трета држава во знак на несогласување со некои нивни негативни политики кои ја допираат Македонија? Очигледно е дека како народ треба многу да учиме од соседите како се искажува национализам, односно како треба да се сака сопствената држава и нација. Искажувањето на национализам, на националната припадност, на карактерот на Република Македонија како Македонска национална држава (и во теорија и во пракса), претставува позитивистички пристап кој не е спротивен на тенденциите за членство во НАТО и Европската Унија, туку токму согласен со Европските традиционални вредности и согласен со вреднсотите на ЕУ или „обединети во различноста на нациите на Европа“, а претставено како Европски безбедносен идентитет со високи безбедносни критериуми за заштита на Европскиот безбедносен простор на кој отсекогаш

Македонија припаѓала, колку и да не била справедлива европската политика кон нас како кон нација.

Токму спротивно од тоа што треба да значи Македонскиот национализам и европските традиционални демократско-христијански или конзервативни вредности во Република Макеоднија се случува дезинтегративен процес на веќе оформената нација. Кај нас во Македонија, нашата служба за безбедност води оперативни акции за „Македонски национализам и радикализам“. Ова е апсурд и надвор од умот и здравиот разум, но на службата некој и дал наредба, а тоа може да го стори само политичкиот естаблишмент или актуелната политичка гарнитура на власт. Таа ги проценува своите приоритети и ја употребува службата во насока на остварување на своите политички интереси кои секако преку медиумите ќе сака да ни ги претстави како „државни интереси“. Но, против кого ја употребува, против сопствениот народ и држава со која владее и чии интереси треба да ги штити, бидејќи постојат национални интереси како основ на државноста, а тие се втемелени во носечката нација на државата чија базична држава-територија е токму таа на која суштествува (Република Македонија). Тоа е срамно и просто кажано надвор од здравиот ум, впрочем, како да се води борба за самоуништување, тоа е манија на суцидност на едно политичко водство кое се добрело до власт. Наместо да се инсистира на национално единство во врска со клучните национални интереси се урива и разорува македонското национално ткиво и државното уредување, односно се урива државата Република Македонија.

Спротивно на оваа психичка, духовна и фактичка состојба на „Македончето“, нашите соседи, колку и да сакаме да ги гледаме со потценување, а тоа неосновано многу често го правиме и поради тоа подоцна и страдаме и остануваме зачудени, сите тие имаат свои национални стратегии кои многу често меѓусебно им се противречни до степен на остра спротивставеност, но секогаш кога ќе почувствуваат дури и краткорочен заеднички интерес ги спојуваат истите тие спротивставени интереси во надеж дека ќе искористат нешто преку интересот на другиот, а кој не е директно против нивниот национален интерес, да остварат подобра геополитичка позиција за идните меѓусебни борби. Е тоа е практично на дело спроведување на политичката прагма во регионалните геополитички интереси.

Најинтересно во овој контекст на нивните национални стратегии е тоа што, доколку во 19-от и 20-от век нивните национални стратегии насочени кон Македонија беа остро спротивставени, до степен на меѓусебно војување, во 21-от век успеаа поради разни причини и

прагматични потреби да ги усогласат националните стратегии барем што се однесува на целите кон Македонија и „Македонското прашање“.

Оваа своја тајна усогласеност поголемиот дел од соседите на Македонија, успеаа да ја преточат во делувањето на двата основни чинители или фактори кои најдиректно и најуспешно можат да влијаат врз Македонија и решавањето на прашањето. Тие два чинители се Бугарија и Албанија. Овде има и историски и економски и емпириски и религиски и национален елемент на влијание во актуелниот политички миг во кој Србија самата себеси се исфрли како клучен играч, Грција предизвикува контраефекти и бурни реакции кај Македонскиот народ, но Албанија има бројно малцинство во Македонија кое е хомогенизирано, а Бугарија има долгорочна политика на „ребугаризација“ на Македонија која во современи евро-атлантски услови лесно (пред се од економски причини) може да се оствари, барем во апсолутни бројки на издадени двојни државјанства употребливи за меѓународна политичка математика и употреба.

Така и започна делувањето, стратешки на долг период, а идејата на ВМРО-ДПМНЕ за потпора во Македонскиот народ и неговата сила се покажа како невозможна, бидејќи „Македончето“ одбра да нема држава, но во исто време повторно да свитка кичма. Всушност го послуша непрокопсаникот и предавник Заев дека треба да ја свиткаме кичмата. Виткањето на кичмата нема да застане само на името на државата и географски одредници како што не залажуваат, туку ќе има за цел целосно однародување и расчистување и тоа историско расчистување со „македонизмот“.

Затоа Бугарија всушност е носечката стратешка и планирачка сила во расчистувањето со македонизмот, а се со цел остварување на нејзините стратешки интереси за многу долг период.

Оживеаа сенките од Сан Стефано, но ние како Македонци или барем голем дел од Македонците тоа не го видоа ниту препознаа, а не поверуваа ниту на зборовите и предупредувањата кои им беа упатени токму од ВМРО-ДПМНЕ, од Груевски како Претседател на ВМРО-ДПМНЕ и дел од академската и интелектуална јавност во Македонија. Како и вообичаено „Македончето“ беше концентрирано (или намерно дефокусирано) не на државата и нацијата туку на лагите за наводен криминал, нелегално прибавените снимани и монтирани разговори, на работата, театралноста и егзибиционизмот на СЈО, и секако на двете сијалици од уличното осветлување кои не биле сменети од некој градоначалник. Но, најповеќе и воедно најтрагично е тоа што „Македончето“ се исплаши од силеџиите и партиската полиција на Заев и се поддаде на поткуп, не размислувајќи за штетата која ја направи

оваа генерации на идните генерации (како да нема утре, како да нема иднина).

Во овој подолг есеј ќе го образложам токму стартешкиот пристап на соседните земји, а кој пристап и не доведе во оваа состојба во која сме сега, но благодарение на јавно покажаната наша незаинтересираност за сопствената држава Република Македонија и сопствената Македонска нација. Стратегијата која ја анализирам, а која во себе ги содржи елементите на стратегиите на дел од соседните држави ан Македонија ни беше достапна station наназад скоро 10 години. Зошто не ја видовме немам одговор? Можеби одговорот е дека сметавме како да е невозможно така јавно напишана работа да се оствари. Да, стратегијата може да се напише јавно и обелодени како патоказ-тенденција сублимирана на 15-20 страници, претставена преку концизни идеи, мисли и намери, но пристапите и методите на практично делување се секогаш тајни и за жал станува очигледно дека беа потпомогнати, а и сега се помагаат од внатре, од Република Македонија, од оние кои би треале најповеќе да ги застапуваат националните интереси на сопствената држава и нација.

Основата на стратегијата се гледа од книгата на група автори предводени од Љубомир Иванов, а наречена „Бугарската политика спрема Република Македонија“, издадена под покровителство на фондацијата Манфред Вернер во Софија во 2008 година.

**Стретешки појдовни основи**

Македонската нација и држава се формирани во процесот на реализација и еволуција на српската политичка конструкција, објавена за прв пат во 1889 година, поддржана со едно решение на Комунистичката интернационала во Москва во 1934 година и остварена помеѓу 1944 и 1991 година во делот на историско-географскиот регион Македонија познат како Вардарска Македонија ...

Ова е воведот на поглавјето 1.1. на стр.33 во споменатата стратегија на Иванов и другите, насловено како Република Македонија.

Ова е стратешката основа или: *„Македонската нација е измислена и македонистичката доктрина е производ на Србија и нејзината геополитичка стратегија во регионот“,* претставува појдовна точка за оспорување на нацијата и државноста на Македонците и Македонија. Истата е во основа идентична и со Грчката и со Српската концепција на делување, а прифатена е и од Албанската. Обвинувањата дека Македонската нација е српска концепција се флоскула за пресметка со српските интереси во Македонија, бидејќи факт е дека кога дел од Македонија (денешна Република Македонија

беше под управа на Кралството Србија , на Кралстовото СХС и на Кралството Југославија каде доминираше српскиот хегемонизам, Македонската нација не беше признаена, а камо ли промовирана. Дури и денес во современи услови однесувањето на Српската Православна Црква или на дел од нејзиниот клер и воопшто кон Македонската Православна Црква, е рецидив од оваа големосрпска политика. Токму затоа и во овој аспект Бугарија сака да го преземе приматот врз Србија, односно прашањето на давањето на автокефалија на Македонската Православна Црква претставува стратешки интерес за Бугарија, но преку признавањето на статусот дека Бугарската Православна Црква е мајка црква на Македонската Православна Црква (доколку БПЦ се соочи со фактот дека во случај на давање на афтокефалија на МПЦ ќе треба да поведе отворена битка со СПЦ и Атинската архиепископија во прв план). Секако дека на овој начин Србија би се истиснала потполно од геополитичката игра на Балканот како фактор, а Бугарија ќе ги заземе нејзините црковни позиции во Македонија. Да не бидеме во заблуда, ова не е добра волја на Бугарија и „љубов“ кон своите „браќа или братучеди“ во Македонија, туку чист интерес, прагматичен геополитички интерес со долгорочни цели. Всушност ист е пристапот и од страна на Србија која нели го признава постоењето на Македонската нација и државата Република Македонија, но не дозволува признавање на афтокефалноста на МПЦ пред Православната Екумена. Во овој контекст сакам само да напоменам дека сите измислени, недоносени, намерно пласирани, конструирани или нецелосни информации во врска со црковните односи и политика кои поедини „наши“ новинари ги изнесуваат во јавност може да нанесат штета на Македонското црковно дело (ова дело е воедно и национално дело-да не заборавиме дека на Балканот нациите во основа се религиски конструирани и препознатливи), а да бидат од полза токму на оние против кои „чесните новинари“ наводно се борат.

Секоја анализа на овој дел од поглавјето, како и целиот дел посветен на анализата на Република Македонија во стратегијата која е претставена како „бугарска“, но во основ е многу поширока, има за цел читателот или аналитичарот да го одведе кон заклучок дека Македонската нација е вештачки создадена и дека е дел од Бугарската нација, поради што *„македонизмот“ треба да биде уништен.* Токму ова е објаснето во делот 1.1.3. (стр.37) каде се воспоставуваат основите на теориско-прагматичниот пристап (како научен пристап на стратегијата) за поистоветување на Македонците со Бугарите, поставувајќи ја тезата дека „денешните етнички Македонци (дали сега е јасно поаѓајќи од употребата на овој темин зошто во Република Македонија од 2001 година не сме веќе Македонска нација и

малцинства туку станавме етнички заедници или етнички македонци и етнички албанци и други?) небугари и етничките бугари во Република Македонија се *исти*, дека меѓу нив нема разлика, при што тоа се разбира во сосема спротивна смисла и под *вкупно* едни разбираат дека сите се Македонци или небугари, додека други имаат предвид дека сите се Бугари во некоја смисла или најмалку во процес на *ребугаризација*." Во насока на остварување на целите од ова теориско-прагматично дејствување, барањата на бугарската политика кон Република Македонија се насочени кон признавање на бугарското малцинство и негово внесување во Уставот на Македонија, преку која активност би се „зајакнало, а не ослабело и бугарското кај оние кои се самоопределуваат истовремено како бугари и како македонци" (стр.39)

Се надевам дека од овие цитати ни станува појасно зошто во „договорот за добрососедство" е толку изразена потребата за грижата за бугарското малцинство во Република Македонија, а грижата за македонското малцинство во Бугарија не се ниту споменува.

Во точката 1.1.4. (стр.39) се вели: „Престанување на образованието по историја со учебници кои целосно ја фалсификуваат историјата и содржат навредливи квалификации за бугарската држава и нација, кои граничат со отворен расизам. На бугарско барање, во учебниците, официјално одобрени од надлежните органи на Република Македонија изричито да биде истакната бугарската народносна припадност (утврдена од светската историска наука) на истакнати фигури од нашата општа историја како Св.Климент Охридски, Цар Самуил, браќа Миладиновци, Гоце Делчев."

Еве ги всушност на дело спорните точки 8 и 11 од Договорот со Бугарија кои Заев го потпиша, а последиците ќе бидат несогледиви врз понатамошното опстојување на Македонската нација и држава.

Како продолжување на анализата интересно е да се согледа во делот 1.2. тенденцијата за делување во Косово и Албанија (стр.40) каде се вели: „Немаловажен дел од обидите за ретроспективно санирање на српско-југословенскиот проект за создавање на македонска нација се напорите на Скопје за припојување кон тој проект на потомците на македонските бугари во Грчка Македонија и некои области на Албанија и Косово". Одовде и произлегува поврзаноста на делувањето на Албанците кога не нарекуваат „вештачка нација" и повторно се зборува за создавање на македонска нација како да таа не е реално присутна и постои.

Во овој контекст на употреба на поимот „Грчка Македонија" во поглавјето 1.3. (стр.41) се зборува за значението на Грција во спроведувањето на политиката на Балканот преку „релевантноста на политиката и поведението на Грција кон добрососедските односи

помеѓу Бугарија и Република Македонија...“. „...грчката територија вклучува преку половина од географскиот регион Македонија, како што истиот се разбира од XIX век наваму и се разбира, благодарение на нивното историско паметење Грците – исто како и Албанците – се свесни за бугарскиот етнички карактер на Вардарска Македонија во минатото и неговата еволуција во последните децении“ (стр.41). Како да немало Македонија и историја пред XIX век, како да не постоела Охридската Архиепископија скоро до крајот на XVIII –от век или всушност сето ова е еден поширок концепт за уривање на државноста и Македонската нација?

Со оглед на заедничките интереси на Бугарија и Грција, а преку подготовка на Република Македонија за зачленување во ЕУ и НАТО што е секако добар изговор пред европската јавност и во рамки на прагматичната меѓународна политика, а заради остварување на сопствените национални интереси во споменатат стратегија на Иванов и другите во точката 1.3.1. (стр.41) се предлага: „Бугарија и Грција би можеле да иницираат во рамките на ЕУ разработка и прифаќање на соодветно acquis communautaireta на образованието, кое да овозможи одреден општ стандард на објективност во школското и академското образование по историја“.

Ова претставува во потполност усогласеност на актуелната политика на Грција и Бугарија кон Македонија и на нивните барања. Нивното членство во ЕУ има за основ дека активно ќе ги употребат сите можности (инструменти и механизми) за остварување на нивните национални цели кои како барања ги поставија пред Македонија, а Заев веќе ги прифати, со што само им ја олесни постапката пред меѓународната заедница за да можат да делуваат.

Оваа последна констатација ја потврдува и „Планот за дејствување“ во наведената стратегија, каде во точка 2.2.1. (стр.43) се вели: „На прво место, неопходна е солидна внатрешно-бугарска подготовка на еден пакет од историски, културни, политички, географски, економски и други аргументи во корист на горенаведените тези, пакет кој би станал база за надворепнополитичката позиција на земјата“. Особено интересна е следнава констатација: „Водечко во пакетот следува да биде позитивниот однос кон Република Македонија, основан на разбирање дека една млада држава има перспектива за развиток стапувајќи на конструктивни активности и достигнувања по своето создавање, **без да бара поткрепа во некакво измислено минато**“. Сето ова е всушност основната замисла преточена во Договорот за добрососедство со Бугарија. Знам дека многумина од вас ќе се запрашаат, а што е тука спорно кога зборуваат за „позитивен однос“ и „имање на перспектива за развиток“. Многу е важно да се

осознае контекстот и целите на овој пристап. Едноставно, погледнете околу нас и видете дали постои барем една држава во регионот, во Европа во светот која нема своја национална историја. Националната историја не е збир на случајни настани, туку слика на историското создавање на нацијата и државата, борбите и жртвите дадени од еден народ за своја самобитност во разни историски периоди и геополитички и економско-социјални околности. Токму таа историја и тие жртви и напори ја создале нацијата и и даваат сериозност и перспектива за опстојување. Во спротивно ние како Македонци ќе бидеме „тиква без корен", аморфна маса на „раја" и потоа (како што би рекол Гебелс „одземи му ја историјата и традицијата на еден народ и тој ќе биде маса, а следната генерација ќе биде руља која лесно ќе се управува"), токму ова ќе ги чека нашите следни генерации. И да не се залажуваме, нема тука никаква перспектива за развиток, а уште помалку „љубов или доборососедство" од други држави и нации. Развитокот на државата се темели врз националните интереси на државата во секој аспект гледајќи. Доколку не постои носечка нација во државата ( а тоа е Македонската нација) тогаш и националните интереси нема да доминираат, а тоа ќе значи забавување на економскиот развој на државата што е еден од најважните делови на националните интереси, а во исто време има одлучувачко влијание врз развојот на државата. Токму затоа нашето минато не е измислено, колку и да е блиско, двојно или понекогаш конфузно во однос на заедничката историја или историската поврзаност со Бугарија, тоа минато претставува континуирана борба на Македонскиот народ за создавање на сопствената нација токму во истиот временски период кога се создавале сите околни современи нации, но во значително потешки околности за нас Македонците, делумно и поради нашата неорганизираност или неосвестеност.

Особено треба да се обрне внимание на примката која ни се подготвува, а се однесува на дијаметралната спротивност во оваа стратегија на Иванов Љубомир и другите претставена како бугарска стратегија, а за што веќе реков и според нејзината содржина и спонзорорање тврдам дека не е само бугарска. Имено, авторите велат дека треба да се сопре „Македонизмот" или Македонската доктрина за која велат дека е производ на српската политика, а во исто време зборуваат за позитивен однос и перспектива за развој. Улогата на српската политика во создавањето на Македонската нација и македонизмот веќе ја објаснивме погоре. Ова е врв на лицемерие кое го содржи стратегијата во билатералните и регионалните геополитички односи, но јас би го оправдал оваа лицемерие од едноставни политичко-прагматични причини, бидејќи националните интереси на Бугарија и

Грција, како и на Албанија и Србија и секако на Косово не се компатибилни на оние национални интереси кои ги има Република Македонија и Макеоднскиот народ. Колку и да се обидуваат полуписмените и недоучени пратеници од СДС да ни објаснуваат дека нема национални интереси туку „државни“ толку повеќе ги засилуваат националните интереси на соседните држави, а кои интереси и уште како имаат цели кон Македонија и Македонската нација, уште повеќе доколку гледаат дека за нивно остварување имаат поддршка внатре во Македонија. Очигледно е дека навистина еден дел од Македонското национално ткиво кое во моментов има и политичка сила за донесување на стратешки одлуки за Македонија под итно треба **„да се свести и да не спие“**, секако доколку лукративните причини на нив самите и на нивниот Заев и СДС не ги заспиваат како тежок анестетик.

## План за дејствување или акционен план на стратегијата-стратегиите

Во стратегијата која е и цел на анализа во овој есеј, посебно се издвојува таканречениот План за дејствување кој го споменавме погоре каде во точката 2.2.2. (стр.43) која привлекува особено внимание и за што Ве молам почитувани читатели внимателно да ја прочитате и секој збор да го одмерите, а која гласи: *„Овој бугарски пакет треба да биде* ***добро балансиран со конзистентна политика на Атина за заштита на грчките интереси од недобрососедската политика на Република Македонија,*** *така што општото применување да биде кооперативно спрема Скопје, а по можност - кумулативно и координирано“.*

Што повеќе да се каже, кога Бугарија прави стратегија кон Република Македонија која треба да биде балансирана, кооперативна и кумулативно координирана со Грција. За појаснување и анализа, тоа значи дека ниту една држава на светот нема да поддржи стратешки национални интереси на друга држава доколку нејзините сопствени национални интереси не се позначајни и не зависат од остварувањето и на интересите на таа држава, а се однесуваат на трета држава. Едноставно правило во меѓународните односи.

Во овој контекст имам едно хипотетичко прашање: Дали Заев како премиер и целото СДС се изгубени, неграмотни, исплакнати, црпнати или незнам какви кога ова неможат да го прочитаат, анализираат, разберат и врз основ на тие сознанија да изградат конзистентна политика на национални интереси за Македонија и Македонската нација, а кои ќе беа поддржани и од ВМРО-ДПМНЕ и тоа според мене безрезервно (што всушност Груевски и го понуди како вовед во Македонското национално обединување, а што Заев и

неговото СДС несакаа да го прифатат), или пак тие се ништо повеќе од обични малоумни предавници на сопствената нација и држава?

Одговорот на ова прашање ќе Ви даде и одговор на прашањето: „Како треба Македонскиот народ да се однесува во вакви околности и дали треба да подлегнува на различни притисоци од една ваква збирштина на луѓе кои во моментот за жал се на чело на Македонија и работат против неа“?

Но, да се вратиме на анализата на последната точка 2.2.2. Конкретните чекори на Грција кон Република Македонија, односно политичко-прагматичните дејствија во билатералните односи (колку и да сака Димитров да го шармира Коsијас) укажуваат дека Грција се движи по линијата која и остава многу простор за максималистички барања од Македонија, а согласно утврдениот „капацитет и волја“ на владата на Заев по потпишувањето на Договорот за добрососедство со Бугарија. Всушност се работи на создавање теренски и политичко-економски услови за потполно уривање на Македонската нација, нејзино укинување и укинување на самсовеста на Македонецот трансформирајќи го низ процесот на „ребугаризација“ во историски времеплов за едно 150 години station назад во аморфна маса која допрва ќе се реосознава како дел од бугарската нација, а што е клучен интерес не само на Бугарија туку исто толку многу и на Грција, бидејќи така ќе си ја врати својата „сопственост“ врз „античкиот дух на Македонија“, а што е во контекст со нивната перцепција за демократија или најстарата Европска демократија, лулката на европската демократија и цивилизација, митот создаден од Европа во 19-от век сега во пракса ќе оживее врз гробот на нас Макеоднците и уништувањето на Македонската нација, здушно потпомогнато одвнатре. Нонсенс за европската демократија да се забранува и не само забранува туку и активно работи од страна на две земји членки на ЕУ против правото на самоопределување и национална самосвесност, да се работи на уништувањето на една нација само за да се зачуваат митоманските амбиции и фрустрации на Грција, во што Бугарија најде простор за остварување на своите национални интереси во геополитиката на Балканот на долг период.

Ова ќе овозможи и полесен пристап на Грција во решавањето на конфликтот со името, односно покрај промена на името на државата ќе нема ниту нација ниту јазик. Токму затоа СДС тргна кон воведување на двојазичноста и во овој контекст како бенефит од стратегијата за која реков дека не е само Бугарска, но е исклучително антимакедонска ќе има Албанија преку Албанското малцинство во Република Македонија. Основата на една нација и опстанокот на народот е јазикот, културата, традицијата и религијата и сето тоа споено со територијата ја прават

нацијата. Губењето на јазикот на Македонскиот јазик кој е носител на македонскиот карактер на државата и културата, а кој државата треба да го промовира, а не ограничува, претставува долгорочен процес на губење на традицијата, културата, религијата и тивка но сигурна асимилација на Македонците (особено оние со Исламска вероисповед) и тоа во следните две генерации или за едно 50-тина година.
Во точката 2.2.4. (стр.44) ќе го видите редоследно развојот на целите и достигнување на клучната цел во стратегијата, односно во планот. Имено во оваа точка се вели: *„Клучната дипломатска концепција треба да биде интегрирањето на Западен Балкан во ЕУ и НАТО како повод за приопштување кон бугарската нација на Бугарите од Република Македонија, Србија, Албанија и Косово, со достигање на барaниот стандард за национални и етнички малцинства во рамките на ЕУ“*. Кон ова се надоврзува и точката 2.2.5. (стр.44) каде се вели: „...Во крајна сметка, за секоја држава со која имаме дипломатски односи е неопходно разработување на специфичен приод за нејзино присоединиување кон бугарската теза“.

И двете точки кои ги цитиравме, ги кажаа и Бојко Борисов и Божидар Димитров во парафразирачка форма преку терминот „ребугаризација“. Всушност, Бугарија по дипломатски канали користејќи го членството во НАТО и ЕУ ќе врши ребугаризација на населението на Балканот за кое смета дека е Бугарско, а кое денес „сеуште“ е самосвесно како Македонци. Се прави критичка анализа на Декларацијата од 1999 година за што повторно зборуваа Борисов и Димитров Б., а за што Заев директно помогна преку Договорот за добрососедство да се отвори патот за „бугарската теза“. Оваа теза поедноставено гласи или во иднина ќе гласи: **„На Балканот најголема нација е Бугарската и нејзино малцинство има и во Албанија и во Косово, а Македонија е со најбројно Бугарско население“**. Ова е неопходно да се поткрепи со историски факти и потоа да се пренесе во образовниот систем на Република Македонија на кој начин идните генерации Македонци ќе се ребугаризираат. Тоа е воспоставувањето на бугарската теза на терен во пракса и уништување на македонизмот. Ваквата доктрина и стратегија и одговара и на Грција како трајно решение на нејзиниот психолошко-историски проблем со признавањето на геноцидот врз Македонците. Покрај директните бенефити за „обединување на Бугарската нација“ на Балканот и директното влијание врз Република Македонија, ќе се отвори простор за создавање ново бугарско малцинство во Албанија и Косово, но и притисок врз Грција по прашањето на малцинските права согласно стандардите на ЕУ, односно правата на „бугарското малцинство“ во овие држави вклучително и Грција, иако тоа експлицитно не е нагласено во

стратегијата, но е логичен заклучок кој редоследно ќе следи заради остварување на доминација во геополитиката на Балканот, бидејќи современите влијанија врз државите во регионот, а во рамките на ЕУ и НАТО ќе се остваруваат преку малцинствата и нивната вклученост во политиката на домицилните држави и државите каде што се малцинство или таканаречени „малцински прашања и политики“ со силен регионален геополитички импакт. Сите досегашни непризнавања на македонското малцинство во соседните држави во нововнастанатите услови на регионалната геополитика, како бугарско малцинство ќе бидат лост во рацете на бугарската дипломатска игра. Во основа ова може да се гледа како долгорочна цел на Бугарија во чии рамки нема да ги засегаат ниту добрососедските односи со Грција на кои сега се повикуваат, а за прашањето на Албанија и Косово воопшто нема да биде проблем бидејќи користејќи ги инструментите како членка на ЕУ секогаш ќе може да врши притисок за признавање, хомогенизација и поголеми етнички, малцински и политички права на „бугарите“ во овие држави, односно политичка организираност и делување во тие држави за сметка на остварувањето на бугарските регионални национални интереси. Впрочем, погледнете што и се случува на Република Македонија со албанското малцинство во последниве 27 години, каква трансформација се предизвика и до каде дојдовме со нашата „мудра, миролубива, и политика на еквидистанца“ и незнам уште каква политика, особено во времето на владеењето на СДС. Така во овој пример на бугарската стратегија и особено планот на Иванов Љубомир и другите, изгледа стратешки приод на националните интереси на долг период дури и на регионално ниво на геополитика. Во овој контекст Бугарија е за пофалба и секоја почит во однос на стратешките политички пристапи, долгорочното планирање и умешноста во геополитиката во регионот и остварувањто на националните интереси, како и способноста да најдат доволно црпнат политичар и доволен број негови следбеници за реализација на стратегијата и спроведување на планот во живот. Македонија би требало да научи некоја лекција од Бугарија по прашање на оздавањето на национална стратегија и нејзино планско спроведување на долг рок, но за тоа во друга прилика. За жал Заев и воопшто СДС како изгубена и недоносена политичка матрица тоа ниту сакаат да да го знаат ниту ги интересира, така што свесно од крајно лукративни причини ја водат Македонија по патот на „монета за поткусурување“ во регионалната геополитика. Преку реализацијата на оваа политика се отвора уште една далекусежна цел на Бугарија која е затскриена во овој миг и многу тешко се гледа, но во иднина ќе биде од стратешка полза наБугарија. Тоа е создавањето на „Втора Бугарска држава“ на Балканот, а како резултат на

„ребугаризацијата“ на Македонците, некои идни генерации (за 30-40 години) ќе имаат „доволно аргументи“ да како Бугари – Македонски Бугари, Македонија или дел од неа или како и да ќе се вика тој дел (збир на кантони) може да ја прогласи за „Втора Бугарска држава“ која директно и отворено ќе биде поддржана од Бугарија. На тој начин Бугарија ќе оствари стратешка предност над соседните држави во регионот, бидејќи Грција го има Кипар, Албанија го има Косово, Србија ја има Република Србска (со основен план и пристап да во иднина ја одвои од Босна и Херцеговина), а Романија ја има Молдавија. Тогаш и Бугарија ќе ја има Македонија без разлика на името на државата или барем делот во кои Македонците (Македонските Бугари ќе бидат апсолутно мнозинство), но со обединета нација и силни малцинства во соседните држави, вклучително и Грција. Без разлика што во овој момент Бугарија има компромис на заеднички интереси со Грција, но против Република Македонија, да не заборавиме дека Бугарија истото го направи и во Првата и Втората Балканска војна кога де факто имаше контрола на околу 67% од населението на територијата на етничка Македонија, преку Егзархијата, Бугарските училишта и гимназии, но и во општествениот и економско-социјалниот и образовниот живот, а особено во политичкиот дискурс на ВМРО, за да направи катастрофална грешка и всушност одработи на своја штета. На мислење сум дека доколку внимателно се чита Стратегијата и Планот на Иванов и другите, длабоко во истата се проникнува дека постои силна желба за избегнување на повторување на овие грешки. Притоа, пристапот зад кои може да се затскријат и остварат плановите се НАТО, ЕУ и интересите на САД, барем во оваа фаза, а потоа се би било „полесно“. Од ова треба да учат Заев и предавниците во СДС, бидејќи државата не е заради нив, таа е за векови, за идните поколенија и ние во овој миг треба да размислуваме за следните 100 или 200 години и така да ги втемелуваме националните интереси и развојот на Македонија. Да, да размислуваме, доколку некој има со што да размислува и не е оптеретен од лукративни интереси како актуелната влада на СДС.

Но, да продолжиме со анализта. Заради остварување на овие цели неопходно е Бугарија да има оправдание прифатено во меѓународната заедница, а тоа е кажано во Планот во точките 2.2.6 и 2.2.9. со употреба на медиумите и претставување на македонизмот како негативизам.

Една од клучните ролји ја има и Бугарската Православна Црква, и тоа е забележано во оваа стратегија во точката 2.2.18. повкувајќи се на историските традиции, односно враќањето кон корените на Егзархијата. Во односите кон Македонската Православна Црква ова е во најмала рака некоректно и од историска ретроспектива, доколку

имаме предвид дека најголемиот број на епископи кој ја возобновиле Бугарската Егзархија во 1870 година се Македонци, а патрон на возобновувањето била Руската Православна Црква, односно Царот Александар III, што се поклопува со стратешките интереси на Русија за продор на Блаканот и подоцнежната Руско-Турска војна во 1878 година и создавањето на Бугарското кнежевство по Сан Стефано и Берлин, а учеството на Македонците во возобновувањето на Егзархијата најповеќе можеме да го препишеме на фактот дека од 1767 година до 1870 година се водела борба за возобновување на Охридската Архиепископија, а против Фанариотите (Цариградската Патријаршија). Овде всушност, основниот современ прагматично-политички план е да се одземе и последниот аргумент или подобро кажано инструмент за влијание на Србија во Македонија и конечно таа да се елимира во регионалната геополитика кон Македонија. За ова веќе пишував погоре во есејот-анализата, така што нема потреба да се повторуваме.

Во контекст на пристапот на стратешки план потребно е да обрнеме внимание на точката 2.2.20. во која се обрнува внимание на локалното делување преку локални фактори за креирање на јавното мислење за формирање на ставови кон соседот, а понекогаш да применуваат и политичко влијание, со широк одзвук во медиумите, по сите спорни културно-историски теми. Ова е многу интересен посреден приод кој може да има стратешко значение да преку „дебати“ и „форуми“ се влијае во локалните заедници врз формирање на јавното мислење, односно буквално преведено или вулгаризирано на геополитички стратешки пристап би гласело: „ребугаризација со делување локално, а со глобални резултати“. Токму одовде е и идејата на Заев за постојано наводно дебатирање без конкретни заклучоци или елиминирање на спротивставените ставови кои би пречеле на неговата лична и анационална, лукративна политичка цел, но со последици кои ќе бидат стратешки негативни по Република Македонија и Македонската нација. Ова го тврдам пред се, затоа што овде е потполно објаснета стратегијата за анимирање на јавноста и тоа не само во Бугарија, таму работата е завршена, туку и во Македонија и пред меѓународната заедница и јавност во што смислено помага Заев и тоа интензивно преку своите изјави за кои ние мислиме дека се смешни, но верувајте тие се токму добро подготвени и планирани и временски темпирани и по место определени. Додека ние се смееме и шега ни се чини работата, Заев и СДС активно (глумејќи будалетинки) работат на уривање на Македонската држава и Македонската нација. Дека ние се смееме тоа е факт, но уште поголем факт е што нему му се смеат и во регионот, но го сметаат за корисен шут кој може да ги реши прашањата

на Балканот, особено Македонското прашање, на начин на кој ниеден нормален и свесен политичар тоа не би го направил.

**Заклучни претпоставки за крајните цели и развојот на „Македонското прашање“**

За жал Македонија повторно е исправена пред непопуларното „Македонско прашање“, повторно сме прашање и проблем за регионот, а „решението“ е сублимирано во една стратегија која во себе ги опфаќа стратегиите на сите соседни држави и нации, а основната поддршка за спроведување или решавање на „Македонското прашање“ за жал доаѓа од внатре, од анационалните и одродени Макеоднци. Токму поради тоа што е изнесено во точката 2.2.20. од Планот за спроведување на стратегијата, мислам дека Заев и СДС воопшто не ги прави „црпнати“ и наивни (туку напротив, многу ги потценивме, а тие се крајно перфидни и неморални, анационални лица под маска со добро режирана ролја и глума), кога некој ги вовел во скриените коцки на мозаикот за редефинирање на Република Македонија и тоа по теркот на бугарската стартегија добро координирана со Грција, а финансирана од германска фондација. Останатото заклучете го самите.

После се, очигледно е дека врз поведението на Заев и неговиот антимакедонски политички дискурс не влијаела Грција како што изгледаше во јавноста (или аналогијата на работата на грчките разузнавачки служби), туку дека тоа била Бугарија. Секако, во овој контекст нема место за сомнеж дека Грција не е длабоко инволвирана (па сепак таа ќе има првичен и најдобар бенефит на долг стратешки период) и очигледно е дека се работи за „посреден приод“ (типична Византиска политика) на грчката политика во однос на решавањето на нивниот конфликт со Македонија, а кој за нив е историски, психолошки и меѓународно многу значаен, бидејќи во спротивно ќе го урнат митот за „демократија“, а ќе исплива вистината за историска геноцидност. Вратете се на погоре дадената констатација дека спротивставеноста на националните интереси на Грција и Бугарија во случајот и односоткон Македонија ги зближува, секако секој од свој интерес да најде простор за соработка, а потоа пак ќе се вратат на своите стари позиции, но во друго геополитичко опкружување со еден „проблематичен“ играч помалку (Македонија редефинирана и изменета и потполно немоќна веќе непроблематична), Србија исфрлена од игра и Албанија задоволена по прашањето на интересите на Косово и во Македонија и ориентирана кон Грција и остварување на „правата на Албанското малцинство“ во Грција, а Бугарија засилена и прерасната во регионален лидер. Интересот на Бугарија е „ребугаризација“ на Македонија и

Македонците за да може подоцна оваа состојба да се искористи во полза на Бугарија како главен регионален геополитички чинител со што ќе ги зајакне своите позиции и пошироко, особено во рамките на ЕУ и во релациите со САД и Русија. Не треба да заборавиме дека во Бугарија стратешки се игра и понатаму на добри односи со Русија, но во моментов постои потполна политичка свесност за доминацијата на САД и нивните стратешки интереси на Балканот. Следејќи ги тие стратешки интереси Бугарија тежнее кон остварување на сопствените стратешки национални интереси, но во исто време не затворајќи ја вратата за Русија.

Мислев дека ова им е јасно на некои „професори“ кои со воодушевување и стравопочит зборуваат за Грција и нејзината моќ, но поради нивната идеолошки затупена матрица на прокомуњарско размислување и лукративно-тривијално однесување во таборот на СДС, неможат да видат подалеку од онаа што Заев им го прикажува.

На ова се надоврзува и контекстот на интересот на Албанија и Албанците во Република Македонија е содржан во потполна контрола над дел од територијата на Македонија за кои целат како кон дел од Голема Албанија и што во некои следни фази би претставувало стратешка основа за реализација на оваа идеја во пракса како една држава, па нека тоа биде и за 100 или 200 години при некои нови геополитички разместувања, но при кои разместувања Албанија би имала стратешка предност во контролата над дел од териотријата на Македонија во оваа фаза преку јазичната, културната и верската асимилација на дел од Македонската нација. Впрочем да не заборавиме дека и Првата Призренска или Албанска лига започна во Истанбул во 1878 година па еве ја живее до денес поминувајќи многу епохи скоро два века турболентни историски збиднувања и неколку големи војни и прекројувања на границите, државите и империите.

Србија е исклучок во овој контекст и затоа се обидува да се наметне преку прашањето за МПЦ, но тој пот Бугарија се обидува да и го избие од раце преку точката 2.2.18. од планот за дејствување, што не значи дека Србија ќе се откаже од играта, напротив таа има добра разузнавачка база во Македонија останата од Југословенско време која има поткрепа и во СДС-то што укажува дека може да биде активирана, односно за волја на вистината веќе е активна на терен, што го покажаа и случувањата од 27-ми Април и присуството на српски разузнувач во Собранието на Република Македонија, како и неговиот тривијален обид да во тоа ги вмеша македонските служби или поедини припадници на македонските безбедносни служби и луѓе од кабинетот на Претседателот на Република Македонија Иванов, а што МВР на СДС на најтривијален начин го искористи токму во пресметка со Македонците

во безбедносните служби. Одтука се поставува прашањето за кого тоа работи ова и вакво МВР и какви се конекциите на Спасовски и со тоа на СДС со српските безбедносни служби и секако да не заборавиме на случајот со началникот на СВР Куманово кој е човек на Спасовски и кој случај исто така како и Пуч се заташка. Покрај тоа прашањето со МПЦ и признавањето на нејзината афтокефалност од Православната Екумена секогаш ќе биде во игра не само за Србите, туку уште повеќе за Бугарија и Грција. Тоа е од едноставна причина јасно затоа што непризнавањето на Македонската Православна Црква не е врзано со каноните, туку со геополитичките интереси во регионот и непризнавањето на Македонската нација и Македонската држава. Барањето на Синодот на МПЦ, БПЦ да биде мајка црква, а по долгогодишни преговори со СПЦ, не е само наменето за потребите на бугарската и грчката стратегија, тоа има поголема улога за внатрешна употреба во Македонија. Имено, со овој потег се компромитира Македонскиот карактер на МПЦ и се урива авторитетот на епископите на МПЦ за да можат МПЦ да ја употребат како обединувачки фактор на Македонската нација. Ова е дел од сценариото за потполно уништување на Македонската нација и отстранување на сите обединувачки елементи кои би можеле да ги попречат остварувањата на стратегиите.

Внатрешнополитичките сили во Република Македонија се доста јасни. Имаме предавничка групација собрана околу СДС на чело со Заев, политички блок на политички партии на Албанците во Република Македонија кои се вложени во остварувањето на идејата за Голема Албанија (современо и кон Македонија дефинирана преку таканаречената Тиранска платформа) па макар и преку кантонизација или бинационална држава Македонија за нив како преодно решение (или како ќе се вика по сугестија на Нимиц, а по волја на Грција, а која на Албанците воопшто нема да им пречи), збирштина на некакви си космополити, анационални, слободоумни невладини, шарени, ЛГБТ и незнам какви безвредни неетични типови кој служат за дигање врева и глумење демократија, **и најголемата политичка сила на Македонскиот народ и поткрепа на националните интереси и национална Македонска политичка ориентација и државност, а тоа е ВМРО-ДПМНЕ.** Токму ВМРО-ДПМНЕ е клучен политички фактор и политиката која ќе ја води внатре и надвор од Република Македонија, а во насока на опстојување на државата без редефинирање (спакувано во шарена хартија како „реформски процеси за членство во НАТО и ЕУ“) ќе има животоважно значение за опстанокот на Република Македонија и Македонската нација. Буквално сме во време кога водиме борба за национално опстојување во современи услови и против многу

непријатели со примена на безброј модерни инструменти и механизми на војување за однародување на Македонецот и исчезнување на Македонија, а ВМРО-ДПМНЕ е единствената Македонска национална политичка опција.

Основна пречка во целосното остварување на стратешките планови на соседите е токму ВМРО-ДПМНЕ кое покажа жилавост и политичка вештина, но непредвиде дека е возможна таква игра каква што беше на 27-ми Април 2017 година кога настана и пресвртницата за да може да се инсталира Заев и да се „сработат“ локалните избори со цел да му се даде некаков легитимитет за узурпацијата и за понатамошното дезинтегрирање на државата и уништување на Македонската нација.

Во овој контекст главната мета на делување е Груевски кон кого е насочено дејствувањето за негово симнување од челото на ВМРО-ДПМНЕ. Токму затоа и се засилува делувањето на СЈО и надвор од неговиот мандат што претставува кршење на законите, а што не е никаков проблем за Заев, а ниту за демократската меѓународна заедница. Целта е да се прогласи раководството на ВМРО-ДПМНЕ за криминално и да се урне структурата на партијата за да неможе Македонскиот народ национално осознаен и освестен да пружи организиран отпор, а преку дискредитација на раководството на ВМРО-ДПМНЕ да се отстранат пречките за уништување на Македонската нација и држава. Кон ова помагаат и таканаречените реформатори или душегрижници внатре од партијата кои во основа се иста идеолошка и карактерна фигура како и СДС-то ориентирана кон лукративни цели и со плитко ниво на размислување.

Токму притисоците за „оставка“ на Груевски водат кон отварање на вратата за инсталирање на внатрепартиски судири и внатрешно ослабнување на ВМРО-ДПМНЕ, односно ослабнување на хомогеноста на македонскиот патриотски дух, политички артикулиран и организиран преку ВМРО-ДПМНЕ. Во овој контекст и Груевски лично (бидејќи носи лична огромна историска одговорност) и ВМРО-ДПМНЕ треба да пристапуваат многу внимателно и смирено и да ги игнорираат внатрепартиските и надворешните притисоци, бидејќи секое избрзување може да ја насочи партијата и со тоа и Македонија во неповратно погрешна насока со историски последици.

Сите коцки на мозаикот се на место, недостасува само една, а тоа е активната и свесна улога на Македонскиот народ. Македонскиот народ кој ова треба да го препознае, а не да се занимава и забавува со тривијалности на СЈО и глумата на СДС.

Времињата се судбоносни за Македонија и Македонската нација и треба да се свестиме и **обединиме околу основниот национален**

**интерес:„Опстанок на целовита и суверена Република Македонија и на Македонската нација“.**

Затоа решението за „Македонското прашање“ е во самите нас Македонците, обединети, хомогенизирани околу националната кауза доколку сакаме да си ја заштитиме државата и да ја одржиме нацијата. Времињата и невремињата се менливи и минуваат така што и оваа предавничко невреме ќе мине. Останува да имаме, односно да го сочуваме здравиот биолошки и национален Македонски и државен – територијален супстрат за да ја воздигнеме нацијата, а за тоа сеуште имаме и капацитет и внатрешни национални Македонски сили. Тоа е долг кон претходните генерации кои ги положија своите животи за да имаме сопствена држава, и одговорност пред идните генерации кои ќе не прашуваат проколнувајќине зошто сме ја изгубиле државата.

За решенијата, оние конкретните и плановите за нивна реализација ќе стане зборво некој следенесеј, за кој очекувам да биде резултат на пошироко научно и експертско мислење на искрените Македонски патриотски кругови во академската, експертската и политичката јавност.

Време е да бидеме храбри Македонци, Македончишта.

**Поговор**

Тежината, но и честа да се живее во едно исклучително време, а секако такви времиња ретко недостасуваат во Македонија, барем последниве 150 години, претставува привилегија за луѓето кои знаат како да ги обележат овие времиња.

Последниве три години за Македонија беа судбоносни и пресудни со влијание од можеби најмалку 50-тина години во иднината, а веројатно и повеќе. Овие времиња ги одбележаа две групи луѓе:**едната група**, патриотска и национално самосвесна предводена од ВМРО-ДПМНЕ и Груевски и **втората група**, аморфна маса на лица под маски збрани околу Заев и СДС мотивирани од исклучиво лукративни цели.

Во моментот кога ова збирка на политички статии и ставови се завршува како белег на едно невреме за Македонската нација и држава, се упатува кон тоа дека втората група на анационални и лукративни политичари во Македонија ја доби битката. Тоа е можеби во овој миг така, тие се на власт (барем формално како и да ја стекнале, насилно, узурпаторски и сл.), тие ја трошат власта со насилство врз сопствениот народ и со намера да ја одземат државноста на Република Македонија и да ја уништат Македонската нација. Можеби сега се изгледа и упатува на тоа дека овој пеколен план им успева, но да не заборавиме дека силата е во народот, кој под каков и да е јарем еден ден ќе се освести и ќе ги турне овие предавници во историската бездна на срамот и заборавот.

Убеден сум дека потомците на овие предавници ќе се срамат да кажат кој им бил предок и што и сторил на Македонија и Македонскиот народ, поради што ќе сакаат и името да им го заборават, а презимето да си го сменат и секоја врска со овие непрокопсаници да ја прекинат, за да можат колку-толку да си го измијат срамот од себеси. Срамот на овие анационални лица под маска никој и никогаш нема да може да им го избрише, барем не од колективната меморија на Македонскиот народ. Колку и да се обидуваат да ја менуваат историјата, колективната меморија на Македонскиот народ, како и јавно кажаните и напишани зборови како од мене, така и од многу мои современици од академската

и интелектуалната јавност, но и секако усно пренесениот збор од постарите кон помладите генерации за животот и збиднувањата во оваа невреме ќе одекнува пред иднината и во иднината како громогласен екот на Македонската нација. Екот кој е повик за будење, за самосвесност, за саможртва за возобновување на Македонската нација.

Парите, оние крвави и апашки пари земени од маката на народот и цената за непроценливото, за предавството на својата нација, држава, црква, вера, историја, култура и традиција ќе се потрошат во празно, како впрочем што се трошат арам парите. Ќе остане само споменот на онаа што е создадено за народот, за татковината, за идните генерации, а како дела на архитектура, сликарство, пишан збор како уметност или политичка мисла од полза на Македонската нација и држава, научните и технолошки и развојни достигнувања кои ќе остават белег кај младите генерации. Тие млади генерации кои кога ќе ги читаат овие статии и ставови ќе имаат доволно материјал, но и искуство пред се прагматично, да ја разберат тежината на судбоносните и историски премрежија на едно време, но и да разберат како изгледа да се нема сопствен идентитет, да ти биде одземен, да бидеш граѓанин од втор ред или недефинирана аморфна маса во сопствената држава и тоа само затоа што некоја генерација пред тебе од крајно себични и лукративни причини се дрзнала да го урне сонот. А, сонот на секоја нација е да има своја држава. Ние Македонците по столетија борба и големи страданија како народ успеавме да го добиеме тоа и да го живееме сонот за независна Република Македонија и Македонска нација. За жал тој сон го урнаа некои лицемери во оваа генерација Македонци, а ние останатите помалку или повеќе свесни за тоа, конформистички расположени, исплашени или поткупени, дозволивме тие предавниците да ја реализираат нивната цел. Токму затоа, за никој од нас, дури ни за нас кои апелиравме на свеста и националното будење за зачувување на државата и нацијата, нема прошка пред историскиот суд на идните генерации. Ова го кажувам пред се од самокритички поглед, бидејќи мислам дека не бевме доволно добри во нашите појаснувања упатени кон народот Македонски за тоа што всушност се случува и кои се последиците кои ќе следуваат, а ќе имаат историско влијание.

Тоа што не очекува во иднина, за жал ќе мора да биде привремено и повторувам, привремено прилагодување кон новонастанатите геополитички состојби, а со цел да ја зачуваме државноста на Македонија и Македонската нација. За тоа ќе ни треба многу политички сенз, мудрост, национално единство и политичка прагматичност, но пред се расчистување со предавничката клика која и не доведе во оваа состојба. Бидејќи, да не се согласеа оние од СДС со плановите и стратегиите на други држави и тоа исклучиво поради

лични лукративни цели, Македонската држава и нација немаше да бидат доведени во животозначајна опасност да бидат укинати (самоукинати) како нација и поделени како држава.

Доколку е за самоутеха или за утеха на Македонскиот народ, убеден сум и знам дека ќе продолжиме да се бориме за **да ја вратиме Македонија на Македонците, да ја ревитализираме Македонската нација и држава**. Секако дека нема илузии дека тоа ќе биде макотрпен труд кој веројатно ќе го оставиме во наследство на идните генерации, а кои ќе треба да ги исправаат нашите грешки. Но, се надевам дека пред се барем од самосвесната академска и интелектуална јавност на оваа генерација Македонци ќе произлезе научно-прагматично-емпириско сознание за понатамошните чекори на идните генерации во враќањето на Македонската државност и Македонската нација на светската политичка сцена. Таа порака мора да биде многу силна, содржана во силна и современа, но врз традициите на Македонскиот народ втемелена *Македонска национална стратегија*.

**Македонска национална стратегија** втмелена на идеите на ВМРО, а преточена низ политичкото национално обединување и практичен политички активизам на Македонскиот народ во ВМРО-ДПМНЕ. Невозможно е да се затне Стерна, ниту да се направи историски дисконтинуитет на Македонската борба за национална и државна самобитност, таа борба е втемелена во идеалите на ВМРО, а осовременета во ВМРО-ДПМНЕ како одек на Божјата правда за Македонскиот народ.

Главата горе, гордо и храбро Македонски народе!

Македонија е вечна!